ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА

**Павел Шатев**

# ЗАПИСИ
# ЗА НАЦИЈАТА И ДРЖАВАТА

**ТОМ 5**

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

Министерство за култура

***Оваа публикација е објавена со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***

---

© Павел Шатев (Милка Шатева), 2013
© Државен архив на Република Македонија и Македоника литера, за ова издание.
Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот или на преведувачот на ова издание.

**Павел Шатев**

# ЗАПИСИ
# ЗА НАЦИЈАТА И ДРЖАВАТА

**ТОМ 5**

***Избор и превод***
**Предраг Димитровски**

***Предговор и редакција***
**Проф. д-р Зоран Тодоровски**

МАКЕДОНИКА
литера
**Скопје, 2013**
**МАКЕДОНИЈА**

# ПРЕДГОВОР

Павел Шатев спаѓа меѓу ретките македонски револуционери, политичари и државници од постарата генерација, кој ги преживеа сите премрежиња на македонската ослободителна борба. Неговиот животен сон се оствари со ослободувањето на Македонија и создавањето на македонска држава, давајќи и свој печат во нејзината изградба. Но, токму во слободната татковина, трагично го заврши својот живот, со апсење, затворање, сослушување и интернирање во домашен притвор.

Павел Шатев е непосреден учесник и активен сведок речиси на сите етапи на македонското револуционерно минато: во солунските атентати во 1903 година; во редовите на македонската емиграција во Бугарија и член на раководството на Македонската емигрантска федеративна организација и на ВМРО (Обединета); во државниот и политичкиот живот на новата македонска власт по ослободувањето на Македонија, со членувањето во АСНОМ и како член на првата влада на Федерална Македонија[8].

Тука завршува последната етапа од богатата револуционерна дејност на Павел Шатев. Во април 1945 година бил избран за член на првата влада на Федерална Македонија и за министер на правосудството, а во мај 1946 година за потпретседател на Президиумот на АСНОМ и за сојузен пратеник во Уставотворното собрание на Југославија. Веќе како македонски државник

---

* Повеќе за биографијата на Павел Шатев види во неговиот труд „Въ Македония подъ ропство“, София, 1934; Панче Михајлов, Павел Шатев. Живот и дело, Скопје, 1991; Панче Михајлов, Револуционер, родољуб, разузнавач. Прилог кон биографијата на Павел Шатев, Кратово, 1996; Павел Шатев, Историја на Македонија (Материјали), Том 1. Избор и превод Предраг Димитровски, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2012.

започнува неговата нова голгота. Во 1948 година Павел Шатев бил сменет од сите политички функции и поставен за советник, а при крајот на истата година пензиониран. На 16 јуни 1949 година, како сојузен пратеник, бил уапсен во Загреб, кога по седницата на Народното собрание во Белград отишол кај своето семејство, кое тогаш живеело во овој град. Веднаш потоа Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија на 27 јуни 1949 година донело решение за одземање на пратеничкиот имунитет и предлог за „покренување на кривична постапка“. Потоа, 11 месеци бил држен во истражен затвор во Скопје, обвинет од раководството на македонската политичка и партиска власт како „потенцијален непријател“ заради соработката со Советскиот Сојуз и за контактите што ги имал со бугарската амбасада во Белград.

По престојот во истражниот затвор во Скопје, Павел Шатев бил интерниран во Битола и сместен во зградата на поранешниот италијански конзулат, во руиниран објект, без струја и прозорци и нередовна храна.

Во нечовечки и неподносливи услови за живеење во руинирана зграда, Павел Шатев се разболел и умрел во затворската болница во Битола на 29 јануари 1951 година. Бил погребан на гробиштата кај црквата Св. Недела во Битола, во организација на Службата за државна безбедност, во присуство на неговата сопруга, која дошла од Загреб, и неколкумина негови пријатели.

* * *

Павел Шатев е еден од ретките македонски национални дејци кој се одликува со широки европски демократски погледи, доктор на правни науки од 1911 година во Брисел. На македонската политичка сцена тој се јавува не само како искусен револуционер, туку и теоретски изграден за проблемите на македонското национално прашање. Целосно национално определен и со зацврстено самосознание за посебноста на македонскиот народ и на македонското национално-ослободително дело, Шатев јасно и гласно го пропагира правото на Македонија да се конституира во независна национална и слободна држава на Балканот.

За македонската политичка и културна историја особено е значајно публицистичкото творештво на Павел Шатев. Тој се јавува и како плоден новинар и публицист и со мошне богат

творечки опус за историското минато на македонскиот народ*. Покрај тоа, Шатев е автор на повеќе необјавени ракописи (студии, монографии и статии) од историјата на Македонија, во кои се осврнува на бројни настани, процеси и личности од историското минато на Македонија и од македонското революционерно движење од најстарите времиња до Втората светска војна. Со ваквиот творечки опус, објавен и необјавен, Шатев се легитимира како прв македонски историограф, кој своите историски опсервации и констатации ги темели на научна основа, повикувајќи се на верифицираните историски факти.

Во првиот дел на зборникот се содржани необјавените ракописни материјали на Павел Шатев што ги пишувал веднаш по ослободувањето на Македонија, односно во последните години од неговиот живот**.

Неговите ракописи можат да се поделат на неколку теми: историски (од историјата на Македонија и на југословенските народи и за актуелните придобивки на Федеративна Југославија), културни (од македонските културни настани и личности), политичко-теоретски (за теоријата на „ленинизмот“), економски (од актуелните економски состојби и за природните богатства на Федерална Македонија).

Во ракописот „Новата историја“, Шатев историјата на „Македонското прашање“ ја дели на три периоди: до Балканската војна 1912/13 година; периодот на Првата светска војна 1914/18 година и периодот по Првата светска војна до 1944 година, сметајќи дека по Втората светска војна македонското прашање е решено. Во ракописот „Две прашања“, Шатев македонското прашање го смета за „најголема важност за националното достоинство“ што ги „надминува сите други прашања од кој било друг карактер“.

Во двата ракописа „Илинденското востание во историјата“, овој настан од историјата на Македонија Шатев го смета за „најголемата револуционерна акција во историјата на македонското национал-ослободително движење. Истакнувајќи ги

* Павел Шатев е автор на мемоарските и историографските дела: „Заточението въ Сахара-Фезанъ“, София, 1910, „Въ Македония подъ ропство“, София 1934, „Националнитѣ малцинства и самоопредѣлението на народитѣ“, София, 1936, „Колониалния впросъ и сегашната война, София“, 1939; и „Балканската проблема и Македония“, София, 1945.

** Државен архив на РепубликаМакедонија, Фонд: РСВР, Пописник бр. 1.

значењето на Илинденското востание за македонскиот народ, тој во ракописот ќе подвлече дека „Илинден и денес си останува живото евангелие на македонската револуција. Илинден го покажа најправилниот пат кон слободата, патот на масовното востание, на народната револуција. Тој нè научи дека без револуционерно востание и без масовни организации на македонскиот народ, нема слобода и востание е незамисливо“.

Во ракописот „Великото дело на браќата Кирил и Методиј“, Шатев ќе истакне дека долго време „великото словенско дело на Кирил и Методиј беше предмет на фалсификување од страна на официјалната бугарска и српска политика и пропаганда“ и дека „македонските Словени, браќата Кирил и Методиј, им дадоа азбука не само на македонскиот словенски народ, туку и на многу словенски народи“.

Во ракописите „Војната на Хитлер и соработката на словенските народи„ и „Почеток на германското освојување на западните Словени“, Шатев ќе ја истакне „големата улога на словенските народи во борбата за мир и демократија“ и нивниот „придонес во светскиот прогрес, без оглед на неблагопријатните историски услови на нивното суштествување“. Истакнувајќи ја „победата на Словените во вековната борба со германските освојувачи“, тој ќе ја подвлече „историската задача на Советскиот Сојуз во ослободувањето на поробените народи во Европа“, особено на словенските народи. Исто така, тој во овие ракописи ќе го истакне и „придонесот на словенските народи во светската култура“, како и придонесот на советската наука и култура во светот, величејќи ја, меѓудругото, улогата на советските раководители, Ленин и Сталин.

Во ракописот „Нација и националната свест“, Шатев теоретски ги разработува прашањата за нацијата, националното чувство и националната свест.

Во ракописот „Македонија и нејзините природни богатства“, која е една од првите студии во Федерална Македонија за природните богатства во географските и етничките граници на Македонија, Шатев прави анализа за богатството и спецификите на планините, хидрографијата, климата, флората, фауната, рудните и минералните богатства, минералните извори, комуникациите (патните, водните и железничките).

Во вториот дел на зборникот се содржани објавените статии и написи на Павел Шатев во весниците на македонската

емиграција во Бугарија, „Независна Македонија“, во органот на Илинденската организација, „Илустрација Илинден“, во органот на ВМРО (Обединета), „Македонско дело“, и во весникот „Нова Македонија“, веднаш по ослободувањето на Македонија.

Неговите објавени статии можат да се поделат на два дела. Првите пишувани од 1923 година до 1939, за време на неговото дејствување во редовите на македонските легални револуционерни организации во Софија и во Виена. Во нив, Шатев, главно, ја третира темата: Македонија и решавање на македонското прашање. Во рамките на оваа главна тема, Шатев ги разработува и афирмира прашањата за обединување на македонската емиграција во Бугарија; за историјата на македонското националноослободително движење; за политиката на балканските влади кон Македонија, посебно за политиката на бугарската влада кон македонското револуционерно движење; за шовинизмот на белградската влада и за насилствата на грчките власти; за феноменот на четништвото во македонското револуционерно движење; за македонските бегалци; за потребата на заеднички фронт на македонското ослободително движење со сите угнетени народи и национални малцинства на Балканот; за меѓусебните убиства во редовите на михајловистичката и протогеровистичката ВМРО; како и повеќе теми за македонското националното прашање и за решавањето на националното прашање во Советскиот Сојуз.

Во вторите, помал број, статии пишувани во Скопје во 1944-1945 година, веднаш по ослободувањето на Македонија, Шатев, меѓу првите македонски револуционерни и политички дејци, го разработува прашањето за „македонската држава, нација и култура“, а пишува и пригодни статии за Гоце Делчев и за Кирил и Методиј.

* * *

Преку ракописната оставнина и објавените статии на Павел Шатев читателите ќе се запознаат со неговите погледи, опсервации, констатации и размислувања во однос на историските настани, процеси и личности од македонската, југословенската и руската историја. Во овие материјали го гледаме Шатев како плоден историограф, со широки познавања на светската, европската, балканската и југословенската историја и култура.

Ракописите, пишувани веднаш по Втората светска војна се на некодифициран македонски јазик, и се изворно пренесени. Написите и статиите пишувани на бугарски јазик, се преведени на македонски јазик. Текстовите се изворно пренесени, а интервениравме со белешки (фусноти), таму каде што сметавме дека е потребно соодветно прецизирање и објаснување.

Скопје, октомври 2013 год.

д-р Зоран Тодоровски

# ПРВ ДЕЛ

# НОВАТА ИСТОРИЈА

Границите на Македонија се: на исток – реката Места, на југ – Солунскиот Залив и реката Бистрица, на запад – Црн Дрим, на север цела стара Србија со Новопазарскиот санџак. Во почетокот на средниот век, Македонија била изложена на напади од разни словенски и турско-словенски племиња, кои го потиснале грчкото население од горните погранични области и потоа долги векови преминувала од раце во раце – Бугари (царство на Симеон), од кои е прифатено христијанството, Грци, Латинската Империја[1], повторно Бугари и Грци и најпосле, во 14 век, Србите (во времето на Душан). Секој од тие освојувачи оставал свој печат врз составот на населението, неговата религија, битие и политички традиции, што ја условувало неговата исклучителна шареноликост – основата на идните национални расправии и кавги. Во 14-15 век, кога била освоена од Турците, Македонија била преименувана во Румелија и поделена на вилаети (провинции): Битолски (Битола), Косовски (Скопје) и Солунски (Солун).

Точна статистика за Македонија немало. Се смета дека таа имала 2,5 до 3 милиони жители: Бугари, Грци, Срби, Романци[2], Турци, Евреи и др. Основен факт, што ја определува нивната положба – особено на словенските народи, кои во мнозинство биле селани – бил дека Турците во земјата се населиле во функција на феудални претставници, чии огромни земји („чифлизите“) биле обработувани од тие селани и врз тие начела произлегоа и други феудални форми – крепосничкиот систем. Тоа била основната противречност меѓу освојувачите и победените, што испре-

[1] Се мисли на Римската Империја.

[2] Веројатно, П. Шатев мисли на Власи.

плетена со политичкото угнетување и со разликите од расен и религиозен карактер го принудило населението во Македонија на борба за негово национално ослободување од турскиот јарем.

Откако со Берлинскиот конгрес во 1878 година бил поништен Сан-Стефанскиот мировен договор и Македонија била напуштена од Бугарија, која се оформи во автономно кнежевство и повторно остана под власта на Турција, националната борба во Македонија против Турција доби особено остра форма, со што се усложнија и меѓунационалните ривалства. Во 1885 година дојде до обединување на Бугарија со Источна Румелија, која, исто така, во 1878 година беше одделена од неа. Бугарија пројави претензии врз Македонија, што се базираше врз преовладувачкиот бугарски карактер на нејзиното население. Исто така, и Србите го насочија своето внимание спрема Македонија. Откако беа лишени од секаква експанзија на запад, по заземањето на Босна и Херцеговина од страна на Австрија, тие изразија претензии спрема Македонија, подигајќи цркви и училишта и нагласувајќи дека мнозинството во Македонија им припаѓа ним. Истовремено и Грците, исто така, ги најавија своите права врз Македонија, темелејќи ги врз наследството од Византиската империја и владејачката улога на нивната црковна религија. Така, Македонија стана јаболко на раздорот меѓу балканските држави и арена на борби помеѓу нивните приврзаници и клиенти во самата Македонија, кои тие ги снабдуваа со пари, со агитатори, попови, учители, оружје и на крајот, со чети, што се бореа како меѓусебе, така и со приврзаниците од спротивната страна – видни личности и цели села. А, султанската влада токму тоа и го чекаше. Таквата ситуација ѝ даваше две можности. Прво, согласно принципот „прво смирување, па потоа реформи“, да ги избегне обврските наложени од „Европа“ во 1878 година (чл. 23 од Берлинскиот договор) за спроведување „реформи“ во интерес на останатото под нејзина власт христијанско население. И второ, да продолжи со свирепите репресии против „сплеткарите“, со подбуцнување на муслиманите против христијаните или на една христијанска народност против друга, како и со погроми, мачења и поизразени самоволија на локалната администрација и полиција за уште поголемо зацврстување на својот јарем.

Македонското прашање се закануваше да предизвика отворен судир помеѓу балканските држави, а со тоа да се разгори

и Источното прашање зад што се криеше опасност и со европска војна. Големите држави не сакаа Македонија да се воздигне во самостојна држава. Русија сакаше да ја ослабне Турција одземајќи ѝ ја Македонија, се разбира, не само во интерес на заштитуваната од неа Бугарија. А, пак, Австрија (а со неа и Германија) не сакаше слабеење на Турција, зашто тоа би значело засилување на политичките интереси на Русија и на (русофилска) Бугарија, а со тоа и слабеење на австрофилска Србија. Англија, најпосле, долго се колебаше помеѓу „руската" политика на своите либерали и „австриската" политика на конзервативците, спроведувајќи ја фактички втората сè до 20 век кога делумно премина на руската позиција. Како резултат на тие противречности, Европа можеше само платонски да го изразува своето сочувство кон угнетените националности во Македонија и да испраќа протести и проекти за реформи до Високата порта. Меѓутоа, од друга страна, тие акти на мешање доведоа до создавање на скапи илузии меѓу македонската народност, ја скршнуваше од вистински и одлучни революционерни активности, но и ја поттикнуваше на одделни и предвремени востанија.

„Сè додека може, 'либерална' Европа на Балканот не му носи ништо освен поддршка на гнилоста и застој, освен бирократско потсмевање на слободата... Имено, 'Европа' го попречува формирањето и на федеративна балканска република" (Ленин, том 14, стр. 154).

Така беше одредена суштината на политиката на империјалистичките држави на Балканот, вклучувајќи ја тука и Македонија.

Историјата на „македонското прашање" може да се подели на три периоди:

1) до Балканската војна 1912/13 година;

2) периодот на Првата империјалистичка војна 1914/18 година и

3) периодот што следуваше.

Повикувајќи се на споменатиот чл. 23 од Берлинскиот договор, европските држави во 1880 година ѝ предложиле на Турција „проект на законот за вилаети во Европска Турција", што предвидувал воведување на функцијата помошници, и тоа по двајца на тројцата губернатори (валии). Притоа, едниот од нив задолжително требало да биде христијанин. Покрај тоа, се предвидувало и постоење на совет на валиите, чии членови

би биле избрани од населението. Турската влада, меѓутоа, се ограничила само на прифаќање на проектот „за информирање". Во 1885/86 година, како резултат на победата во војната со Србија, Бугарија објавува дека на прашањето за Македонија треба да се гледа како на внатрешно бугарско прашање во кое останатите држави нема зошто да се мешаат. Во 1895 година, во Софија ќе биде основан Врховниот македонски комитет под раководство на Тр[ајко] Китанчев, со претставништва во некои градови во Бугарија и во Македонија. Во 1902 година, Комитетот се распали врз надворешната и внатрешната Македонска организација: во тоа време кога на чело на првата беше Ст[ојан] Михајловски, поддржан од бугарската влада (а, исто така, и од руските панслависти), пропагираа, пред сè, присоединување на Македонија кон Бугарија, вторите на чело со Борис Сарафов и Јане Сандански, поддржувани главно од англиските либерали (од „Балканскиот комитет"), се спротивставуваа на таа идеја, барајќи независност на Македонија. Исклучително заострена, таа борба доведе до крвави судири меѓу Бугарите, Грците и Србите во цела Македонија. Надворешната организација на Б. Сарафов во 1902/903[3] година успеа да крене востание во Македонија против турската власт. Востаниците, 30 илјади души на број, извесно време успешно се бореа против турската војска, но на крајот беа разбиени и победени. Како што им ветуваа од надвор, востаниците сметаа на вмешување и интервенција на Европа. Но, Русија, тогаш зафатена на Далечниот Исток, не сакаше да се усложни ситуацијата на Балканот и предлагаше да интервенираат заедно со Австро-Унгарија. Двете држави, на 20.IX 1903 година, во Мирцштек изработија програма за реформи околу македонското прашање, што во форма на инструкции ја понудија преку нивните постојани претставници во Цариград. Согласно чл. 1, се предвидуваше турскиот главен инспектор во румелиските вилаети да добие двајца цивилни контролори со посебни овластувања од Австро-Унгарија и Русија, кои ќе се грижат за потребите на христијанското население. Членот 5, пак, предвидуваше во главните градови на вилаетите да се формираат мешовити комисии, што ќе ги разгледуваат прашањата поврзани со политички или друг вид престапи извршени за време на востанието.

[3] Се однесува на Мелничкото востание во 1902 година.

Ете, светските чувари не ја согледале правилно ситуацијата во Македонија. Царските држави различно ја толкуваа улогата и назначувањето на својот претставник при главниот началник на жандармеријата, италијанскиот генерал Де Џорџи, согласно своите интереси го поделија меѓусебно округот и заборавија на едногласноста. Искористувајќи ги разногласијата, турската влада одолговлекувала со реализирањето во пракса на бараните реформи и едвај во 1905 година, по демонстрацијата на сила на меѓународните ескадри и окупирањето на островите Митилин и Лемнос, таа започнала со примената на Мирцштетската програма. Но, бидејќи таа програма не го опфаќала основниот проблем (економски и политички) на Македонија, судирите меѓу различните национални и религиозни заедници во Македонија, како и интригите меѓу балканските земји продолжуваа. Во 1906 година, во границите на Македонија била пренесена активноста на младотурската партија „Единство и прогрес". Населението во Македонија, измачено од грабежите и насилствата, како на султанската власт, така и на различните партизански одреди – „чети", испратени од Грција, Бугарија и Србија, јасно ги прифаќ аше револуционерните идеи и борбата со воено-феудалниот режим на Абдул Хамид. Но, бидејќи токму во тоа време Русија расчисти на Далечниот Исток, таа одново се сврте кон балканските работи и откако се зближи со Англија (Конвенцијата од 30.8.1907 година), започна божем соработка и со Австрија. Во 1908 година меѓу неа и Англија (Ревелската средба) се постигна согласност за смирување на состојбата во Македонија, што во суштина се сведуваше на конечно издвојување на Македонија од Турција.

Како против тие постапки ќе реагираа приврзаниците на статус кво – Австрија и Германија – не е познато, зашто наместо тоа започна револуција, чија првична арена беше Македонија. Како резултат на неа, прокламирањето на конституционална Турција со восхит беше прифатено од целото население во Македонија, без разлика на народност и религија. Тоа, пак, во Македонија донесе прегрупирање на внатрешно-политичките сили и појавување на движењето за осамостојување на Македонија во автономна провинција во деловите на конституционална Турција, кое беше против нејзино (на Македонија) присоединување кон една или друга соседна балканска држава, како и против поделбата меѓу нив. Приврзаниците на бившата Внатрешна организација

ја формираа „Бугарската народно-федеративна партија во Македонија“ и подготвија „реална“ програма, врз основа на која произлезе привремениот сојуз меѓу автономистите, како што тие сега се нарекуваа, и младотурците. На тој сојуз му се спротивставија приврзаниците за присоединувањето на Македонија кон Бугарија и така започна една крвава борба, проследена со редица терористички акти.

Соочени со таа валкана борба, во чија заднина, не без основа, ги препознаа рацете на Бугарија зад кои стоеше руското покровителство, и соочени со опасноста од контрареволуција, младотурците, наместо да ја смират состојбата, на што инсистираа авторите на Ревелскиот договор, смело тргнале во судир со противниците. Така, тие ги ставиле настрана основните неопходни реформи во економското и политичкото уредување, што сепак довело и до нивно закрепнување. За среќа, сочувствувајќи и поддржувајќи го народот, застанале на патот на репресијата и повеле централизирана, но и шовинистичка политика. Националните организации биле забранети, а националните клубови затворени. По анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија во 1908 година, младотурската влада почна во Македонија да населува бегалци-муслимани за да ја „потурчат“ Македонија. Тоа од своја страна предизвика силна возбуда во Бугарија и во Царска Русија, која стоеше зад неа, и на 20.XII 1909 година, бугарофилската „Македоно-одринска организација“[4] на протестниот митинг во Софија се свртела кон европските држави кои сакаа нивно вмешување.

***

Младотурската влада, плашејќи се од вооружени акции, решила да се разоружи населението во Македонија, главно Бугарите, кои масовно почнале да бегаат во Бугарија, зашто таму го засилувале воинственото расположение. Офанзивата на Италија во есента 1911 година создаде поволни услови за акција. Благодарение, пред сè, на старателството на Русија, се пружи можност за склучување сојуз меѓу Бугарија и Србија (13.III 1912 г.), а малку потоа, на 29.V 1912 година и со Грција, со цел

[4] Се мисли на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација.

заедничко дејствување против Турција. Кон нив се приклучи и Црна Гора (5.X 1912 г.) и започна Балканската војна, што заврши со пораз на Турција и со склучувањето на мировниот договор во Лондон (30.V 1913 г.), според кој целата турска територија на запад од Енос-Мидија, без Албанија, им се отстапуваше на сојузниците. Планот за поделба на турската територија, главно на самата Македонија, беше основа и за Втората балканска војна, но сега меѓу самите сојузници на кои им се приклучи и Романија, што заврши со пораз на Бугарија. На 10.VIII 1913 година, во Букурешт беше потпишан мировен договор меѓу завојуваните страни, според кој Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија и Бугарија, така што последната доби најмал дел, а Грција најважниот, крајбрежјето со Солун.

Ленин во својата статија „Социјалното значење на српско-бугарската победа“ дава една исцрпна анализа за економско-политичката ситуација во Македонија, што се создаде како резултат на тие војни. Осврнувајќи се на претходната општествено-економска заостанатост на Македонија и на зачувувањето на крепосничките односи во македонското село за време на турското владеење, Ленин подвлекува дека тука „класните се усложнуваат и со религиозните и националните противречности, зашто селанството во Македонија, главно словенски христијани, е зависно од – Турците муслимани. Така што, вели Ленин, постоењето на Срби и Бугари значи... поголема или помала слободна класа селани земјовладетели, значи обезбедување на целокупен општествен развој на балканските држави, досега забавуван од апсолутизмот и крепосничките односи“. Ленин понатаму посебно подвлекува дека наспроти кревањето на балканските војници, главна придобивка е не „националното“, туку „економското“ ослободување. Но, ослободувањето на Македонија, вели Ленин, ќе беше со стопати помалку човечки жртви, ако беше остварено не по пат на војна, туку по пат на револуција на бугарските, српските и турските селани, како против институциите на сите националности, така и против институциите на балканските влади. Гледајќи ги Балканските војни како настани, кои го отежнуваат реалното и вистинско ослободување на балканските народи, зашто ги задржуваат привилегиите, политичката и економска зависност и националниот гнет, Ленин јасно вели: „Само конечното и целосно економско и политичко ослободување на

селаните кај сите балкански народности може да ја елиминира секоја можност за какво и да е национално угнетување“ (Ленин, Сталин, том 16, стр. 187).

Првата империјалистичка војна (1914-1918 г.) покажа дека македонското прашање е далеку од свое разрешување. Обединети по цената на Македонија, Бугарија се закануваше дека ќе се приклучи кон германската коалиција, ако сојузниците не ги принудат Србија и Грција да го ревидираат Букурешкиот договор и да ѝ дадат на Бугарија поголем дел од македонската територија. Меѓутоа, сите настојувања на сојузниците останаа без резултат и паднаа во вода пред спротивставувањето на Србија и на Грција. Бугарија му се приклучи на австро-германскиот блок и заедно со него беше поразена. Мировните договори во Неј – 27.XI 1919 и во Севр – 10.VIII 1920 година, ја потврдија поделбата на Македонија, главно меѓу Грција и Србија, оставајќи ѝ го на Бугарија стариот дел, без никакво зголемување. Истовремено со тие договори, како и со договорот меѓу Турција и Грција, склучен во Лозана на 24.VII 1923 година, утврден е начинот на размена на населението со Турција, како резултат на што, Грците бегалци од Турција беа населени во јужна Македонија.

Елиминирањето на главните иницијатори на македонското прашање, Австро-Унгарија и Русија, значеше и спроведување на самостојна политика на заинтересираните балкански држави во Македонија, како и создавање нови извори за недоразбирања, спорови и кавги. Интензивната елинизација на грчкиот, најбогат и културно најразвиен дел на Македонија, предизвика сериозен немир кај Југославија, која ги немаше истите средства за да се зацврсти во својот дел, а, се разбира, Бугарија сè уште мечтаеше за македонската територија. Освен тоа, со договорот од 17.III 1929 година, Грција се обврза на Југославија да ѝ овозможи излез на море. Бугарската тактика беше дека враќање назад нема, па оттука и ризикот националистичко-либералните бугарски партии отворено да пропагираат идеи за повторно разгорување на македонското прашање, со цел да се прошират границите на Бугарија на сметка на Македонија и други соседни територии. Од друга страна, во оној дел од Македонија, кој остана под Југославија, се појави муслиманската партија „Џемиет“ и преку своите претставници во Парламентот бараше права за своите сонародници. Истовремено со тоа, во Македонија започна големо движење на таканаречените автономисти, кои сакаа да ја

воспостават Македонија во истите граници од пред Балканските војни од 1912/13 година, но тие не се потпираа врз народните маси внатре во Македонија, туку врз ревизионистички настроените национал-фашистички кругови во Бугарија, Унгарија, Италија и Германија. Таквите околности спречија во Македонија да се создаде едно демократско ослободително движење. Од друга страна, пропаднаа и обидите за обединување на сите групи во Македонија врз основа на тоа дека сите тие се Словени, исто како што не успеа и обидот да се создаде „македонска нација“ врз некоја наткласна основа. Македонија ќе може да се создаде по пат на формирање на општобалканска федерација на народни републики како резултат на сеопшта револуција на пролетаријатот и на сиромашното селанство на Балканот.

# ДВЕ ПРАШАЊА

**В зори од 25. III**[5]

Македонското прашање

Македонското прашање е од најголема важност. Тоа е прашање за националното достоинство и ги надминува сите други прашања од кој било друг карактер.

Вардарската долина ѝ отвора пат на Југославија кон Егејското Море. Во Бугарија сите се помирени со српската теза дека владеењето на Вардарската долина е излез за Југославија. Уште повеќе, дури и дека Македонската револуционерна организација не го негира тоа.

Ако Македонија е излез за Југославија, македонското население не е српско. Тоа си има своја индивидуалност и свој национален карактер, како што имаат и Србите, и Словенците, и...

Народот кој живее во Македонија се диференцира како нов самостоен народ – Македонци (како и Украинците и Белорусите – Руси, Белоруси и Малоруси), кој ги има сите политички, економски и културни карактеристики на еден народ (Украинци).

Сеопштата војна[6], која на многу народи им донесе слобода и независност, ги има тие резултати и за Македонците, кои беа поделени на три дела – во Бугарија, Грција и Србија, а милиони емигрираа во Бугарија, Америка и Европа. Уште во текот на 19 век, македонскиот народ ја почна својата преродба. Таа почна во турската држава низ силното религиозно и културно движење, а со тоа се поставија основите на македонскиот народ.

---

[5] Напишаното упатува дека П. Шатев текстот го пишувал „в зори“ на 25 март, но не ја навел годината. Според содржината на текстот, сметаме дека П. Шатев го пишувал по 1945 г., по создавањето на Југославија и Федерална Македонија.

[6] Се мисли на Втората светска војна.

Македонското народноослободително движење почна да добива политичка форма и Македонците се согласија со заеднички напори да влезат во една федеративна држава, со автономна област во која Македонците ќе се одвојат во посебна политичка единица. По Младотурската револуција, одново заживеа македонското национално ослободително движење. Првите конгреси не се задоволија само со територијална автономија во една федеративна турска држава, туку бараа независна држава. Оттогаш почнува енергичното организирање на Македонците за посебна независност.

Грција и Југославија си потпишаа договор за заштита на малцинствата и тоа остана само на хартија. Нема ниту државни, ниту приватни училишта. Нема одлука за приватни македонски училишта. Самоуправувањето во општините и во областите, исто е само на хартија. Сите чиновници дојдоа од Србија и Грција. Македонија се натовари исклучиво со туѓи институции. Војната заврши и ја опустоши Македонија, уништувајќи ѝ многу материјални блага. Аграрните реформи, меѓутоа, обезбедија земја само за колонистите, воените инвалиди и бегалците.

Македонија не чека чуда, туку секојдневно се бори за подобра иднина по примерот на други народи, кои се повикуваат да живеат нов живот. Затоа, македонскиот народ, кој се стреми кон нов живот, верува дека не постои сила, што може да ги спречи неговите напори. Против таков отпор на еден народ, секој терор останува бесмислен.

Второто прашање е тенденцијата, прашањето за народните малцинства да не се решава врз база на меѓународните договори и во духот на ОН[7], туку како прашање кое може да се реши од заинтересираните влади врз основа на реципроцитет во стопанските односи и социјална диференцијација на народот. Тоа значи и нова распределба на народните маси и нова организација, што има за цел, народот да се реорганизира врз база било на сталешки, било на економски основи. Тој процес се јавува во сите национални држави, па и во Словенија и во Македонија. Новите групирања ќе станат опасни за старите традиционални организации, што ќе биде само придобивка за новиот политички живот.

---

[7] Обединетите нации.

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Во античкиот свет

Јазикот на древните Македонци не добил писмена форма (во писменоста Македонците се користеле со стариот елински јазик) и затоа се состоел во вид на немногубројни глоси на грчките (елинските) писатели. Тие зборови што ја покажуваат блискоста меѓу македонскиот јазик и грчкиот, се сосема случајни и не даваат можност да се определи дали македонскиот јазик бил дел од елинските дијалекти или посебен јазик на население по потекло од индоевропските народи.

2. Во ново време

Во ново време македонскиот јазик е јазик на јужните Словени, кои живеат во современа Македонија. Наспроти големото разнообразие во дијалектите, македонските говори претставуваат едно единство и значително се разликуваат од народните говори во Тракија, Родопите, Мизија и на Балканот.

Од општомакедонските јазични особености ќе ги одбележиме:

1. изменетите силни ъ во о, силниот ь во е (сон, ден); таа црта се одразува дури и во паметниците на старобугарскиот јазик;

2. промена на я во ь со натамошни дијалекти изменети во а или о (д,б, доб, даб);

3. промена на ъ во сите македонски говори во е (место, лето); ь

4. губењето на падежните флексии и аналитичкото изразување (виреење, опстојување) на падежните основи;

5. развојот на постпозитивната членска форма во имињата и имињата на местата;

6. различните типови на фиксно акцентирање (ист тип);

7. наставката во прво лице еднина во сите глаголски форми – ат;

8. воопштувањето на в (во замена на ъ) во основата на имперфектот;

9. пренесувањето на идното време преку честичката ќе и формата на сегашното време;

10. наставката за глаголската придавка (партицип) за минато време за сите родови во множина – че.

Цела Македонија во однос на дијалектите се дели на две групи: областа кон запад од реката Вардар и југоисточните реони на Македонија. Кон таа втора група спаѓаат и костурските говори (наречја).

Западната група се карактеризира со следните особености во однос на дијалектот:

1. членските форми од трајна форма ОТ (машки род), ТА (женски род) и ТО (среден род); ОВ, ВА, ВО, ОН, НА, НО;

2. наставката на третото лице еднина во сегашно време – Т;

3. акцент на третиот слог од крајот на зборот;

4. фразеолошки карактер на акцентите.

Западномакедонските говори се делат на неколку дијалектни групи: дебарска, охридска, централна, тиквешко-мариовска, велешко-скопска, горнополошка и долнополошка.

За југоисточна Македонија се карактеристични: имињата на местата ОН, ОНА, ОНО, ОНИ; предлогот СОС и други.

Тешките историски услови во кои живееле Македонците оставиле и свој белег во нивната култура. По сеопштата војна, Македонија ќе биде распокината на три дела: една половина Југославија, една десетина Бугарија и остатокот на Грција.

# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ИСТОРИЈАТА[8]

Илинденското востание во 1903 година е најголемата революционерна акција во историјата на македонското национал-ослободително движење. Тоа и да не беше општо востание – а подготовката на такво беше главната задача на Внатрешната револуционерна организација – но, таму каде што се случи, беше масовно и организирано и раководено од револуционерната организација. Тоа беше вистинско народно востание, зашто во него земаа учество македонските маси, кои опфатени од еден голем револуционерен ентузијазам, пројавија ретко херојство и самопожртвуваност како дело на самата Револуционерна организација.

По тоа, имено, се разликува од сите други партизански борби на револуционерните чети, што се случија во цела Македонија пред и по тоа востание, често потпомогнати и од вооружената селска милиција, но кои никогаш не беа масовни. Се разликува и од народните востанија во 1878 година во Кресненско, Разловечко, а две години подоцна и во Охридско, кои беа стихијни и неорганизирани. Тоа се разликува и од другите востанија (1895 и 1902 година), зашто во тие востанија населението не земаше масовно учество, бидејќи тие востанија се правеа повеќе против

---

[8] Со овој ракпис на П. Шатев, редакторот на томот настапи на Меѓународниот научен собир по повод 100 години од Илинденското востание во организација на МАНУ. Види: Зоран Тодоровски, Илинденското востание во публицистичката мисла и во ракописната оставнина на Павел Шатев. 100 години Илинден 1903-2003. Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, Том II, Скопје, 2005, 187-203.

Револуционерната организација, со цел да го намалат нејзиниот престиж или да ја дезорганизираат.

Фактот дека Илинденското востание не успеа и не му донесе слобода на македонскиот народ, не го намалува неговото значење. Се случија грешки, но тоа се грешки на водачите, а не на македонскиот народ, кој го исполни својот долг.

Ете зошто Илинденското востание е еден голем, величенствен револуционерен настан, што останува единствено во историјата на македонското националноослободително движење. Еден епохален настан од големо значење, една пресвртна точка, што го предодреди и натамошниот развој на македонското ослободително движење. Илинденското востание ја изнесе во јаве целата сложеност, комплицираност на македонскиот проблем и неговиот општобалкански карактер. Илинденското востание ги има своите објективни причини во социјал-економската и политичката положба на македонскиот народ во полуфеудалната и апсолутистичка Турција. Се разбира, има и субјективни елементи, зашто инаку не може да се објасни фактот дека тоа беше локално, а не општо и главно распространето какво што сакаше Внатрешната македонска револуционерна организација.

Како се развиваа востаничките дејствија? Какви беа жртвите? Според Мемоарите на Револуционерната организација од 1904 година, ситуацијата била следна:

I. Во Битолскиот револуционерен округ востанието се случи во седум реони:

1. Во реонот „Буф-колу" (на Баба Планина со врвот Пелистер) на 1 август, востаниците имаа долг судир меѓу селата Буф и Раково против 3.000 турски војници. До 16 август, востаниците беа господари на ситуацијата во тој реон;

2. Во реонот на Битолско Поле, востаниците се бореа кај с. Паралево, на Селечка Планина. Од 7 до 13 август цело западно Мариовско беше во целосно владение на востаниците;

3. Во Ѓаватскиот реон, со центар во с. Смилево, на 20 јули вечерта, востаниците го протераа гарнизонот во Смилево и убија 60 души аскер. На 21 истиот месец, востаниците го одбиле нападот на 400 војници. На 22-ри, турската војска навлезе во Смилево и запали 34 куќи. Тие бргу беа повторно прогонети. На 23 јули, востаниците одбија нова атака на војската и башибозукот. На 31 јули, одбиле и друг напад. Попладнето од Битола доаѓа голема

војска и селото беше гранатирано и изгорено, а востаниците отстапија. На 15 август, 8.000 души пешадија, со помош на артилерија, ги напаѓа востаниците кај с. Смилево. Востаниците се повлекле кон Демирхисарско, а целото село беше изгорено. Востаниците го држеа тој реон до 15 август;

4. Во Крушевскиот реон, со центар во Крушево, востанието почна на 20 јули. Најважниот момент е преземањето на градот Крушево и 13-дневното задржување од востаниците. На 20 јули вечерта, околу 750 востаници го опколиле Крушево, навлегле во него и го уништиле гарнизонот. На 21 јули, околу 300 Турци го нападнале Крушево, но биле одбиени. Во градот беше формирано привремено управувачко тело (одбор), нешто како привремена влада од 6 души – по двајца од секоја народност. До 24. истиот месец, биле одбиени неколку турски напади. До 28 јули Крушево празнува. На 30 истиот месец било опколено од четири страни, со 10.000-на армија командувана од Бахтијар паша. Востаниците заземале позиции околу градот, подготвени да се борат на живот или смрт. На емисарот на Бахтијар паша, кој ги повикал да се предадат, тие му одговориле дека додека робот не се добере до слобода, нема да го предаде своето оружје. Почнува голема битка. Артилеријата и митралезите сипуваат оган против востаниците. По силен отпор, востаниците отстапуваат. Кај Биринскиот пункт, каде се случи најголемиот судир, падна убиен македонскиот херој Питу Гули. Артилеријата разурнала 159 куќи. Востаниците се повлекле во планините од каде ги напаѓале Турците;

5. Во Демирхисарскиот реон востаниците ги држат позициите од 20 јули до 15 август. Во тие денови во реонот пристигнале 20.000 војници и на разни места се судриле со востаниците. Од Крушевско и Ѓаватско многу од востаниците се префрлиле во тој реон, заедно со Главниот штаб. Турците дознале за тоа, па на 17 септември 12.000 пешадија, 14 топа и 4 ескадрони коњаница се појавиле во реонот. На едно растојание од 15 километри имало 970 востаници на чело со Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ. Борбата започнала рано и завршила до мракот. Востаниците со нож си го пробиле патот и се префрлиле во непристапниот Демир Хисар. Оставаат убиени 17 души востаници и 70 Турци. Овој реон ја зачува својата слобода до последниот момент на востанието. Таму востанието продолжи до 20 октомври;

6. Во Ресенскиот реон, на 5 август, во с. Ехла дојде до голем судир меѓу 250 востаници и 2.000 аскер. До 11 август, востаниците беа господари на ситуацијата. Меѓу 5 и 11 август се случија неколку судири, а и подоцна, до 30 август уште осум;

7. Во реонот Долна Преспа поглавни настани се: демонстрацијата на 20 јули вечерта на 200 востаници пред гратчето Наколец и судирот на 27 август во Штрбаковската планина меѓу 150 души востаници и 6.000 војска. Реонот беше заземен на 11 август по неколку борби.

II. Во Леринската каза (околија) движењето се јави на два пункта:

1. Во Старонередскиот реон, 200 востаници, на 20 јули, ја нападнаа станицата Екши. Од Суровичево пристигнала војска, се случува голем судир и востаниците се повлекле во планината. Меѓу судирите, најважен е тој кај „Езерцата", меѓу 300 востаници и 2.000 души војска. Нападите на војската биле одбивани шест пати. Во една 10-часовна борба, паднаа 6 востаници и 32 војника.

Востаниците во тој реон го преземаа с. Невеска, го поразиле целиот гарнизон, а потоа отстапиле кон Емборската планина. Војувањата тука продолжија до октомври;

2. Во Ниџенскиот реон најголемата борба се случи кај с. Горничево, со 800 души аскер од кои 60 души беа убиени. Реонот беше задржан до 15 август.

III. Во Костурската каза востанието се случи главно на четири пункта:

1. Во реонот Пополе се случија два судира: на 21 јули кај с. Вишени и на 26 јули во с. Шестово. Војвода беше Митре Влаот;

2. Во реонот Корешта, на 23 јули, 400 востаници го запалија турското село Жервени, на 26 истиот месец 600 души го нападнале гратчето Биглишта, на 28, 500 востаници пресретнале 800 души аскер, кој го беше запалил с. Дмбени, и целиот аскер беше распрснат. До 30 јули востаниците беа господари на целиот северен дел на Костурската околија и тоа продолжи до 13 август. На 14 август, околијата беше завладеана од 20.000 војска, која насекаде сееше смрт и разорувања. До 27-ми, таа ја исчисти околијата од востаници и замина да опустошува други реони. Востаниците се соземаа, но брзо пристигна друга војска. Дејствата

стивнаа, бидејќи настапил студ. Околу 1 октомври, востаниците почнале да се прибираат по селата и куќите. Пред тоа, се беа одделиле два востанички одреди. Едниот под војводство на Лазар Поп Трајков, во Мариовско, имаше неколку судири и таму и самиот загина[9]. Другиот, на чело со Васил Чакаларов, тргна југозападно од Костурско и направи една голема диверзија во албанските села;

2. Во Клисурскиот реон востаниците го преземаа гратчето Клисура. На 22 и 25 јули имаше големи борби меѓу 800 востаници и [турска] војска. До 15 август, Клисура беше во рацете на востаниците. Имаше и локална народна власт. На 16 истиот месец востаниците беа разбиени и го предадоа градот.

IV. Во Охридската каза востанието се пројави во четири реони:

1. Во реонот Малесија имаше борби на 21, 22 и 23 јули кај „Црн Камен“, „Умишта“ и с. Ташмаруништа. Востанието продолжи до крајот на септември;

2. Во реонот на Горна и Долна Дебарца најважната борба се случи кај Издеглавје на 21 јули меѓу 1.000 души аскер и 200 востаници. На 22, 25, 26, 28 и 29 јули имаше борби на повеќе места. Од 1 до 6 август беше мирно. На 6 истиот месец, околу 4.500 Турци со артилерија навлегле во реонот, запалиле многу села и ги принудија востаниците да се приберат во нивните планински бази. Потоа, војската замина да пустоши други реони, па така до крајот на септември господари на ситуацијата таму повторно беа востаниците;

3. Во реонот Орта-кол, на 30 јули кај Плаке се судираат 50 востаници со 500 души аскер, на 6 август кај Куратица 300 востаници со 1.000 души аскер, на 7 истиот месец 26 востаници со 9.000 аскер. Последниот судир кај Марково долче е најголемиот во казата. Убиени паднале 32 востаници. Од аскерот биле измачувани и 40 жени и деца. Целиот реон бил држен од востаниците до 30 август.

---

[9] Всушност, Лазар Поп Трајков бил ранет во борбите со турската војска и заминал на лечење во Костурско, каде предавникот Коте Христов за 50 турски лири, добиени од грчкиот костурски владика Германос Каравангелис, му ја пресекол главата.

V. Во Кичевската каза, на 29 јули вечерта, пред градот се собрале околу 600 востаници. Движењето било на два пункта:

1. Во Рабетин дол кај врвот Песјак, на 29 јули, имало судир меѓу 180 души востаници и една огромна армија од 16.000 души аскер. На 22 август кај с. Рабетино дошло до нова голема борба меѓу 80 востаници и 6.000 души аскер;

2. Во реонот Копачка поважни судири се случија: на 21 јули кај Кулата до с. Извор меѓу 120 востаници и 600 души аскер и истиот ден кај с. Карбуница меѓу 150 востаници и 800 души аскер. По 15-часовна борба кај Песјак, војската го ограбила реонот и си заминала. Востаниците биле господари на ситуацијата до 27 август, но сепак востанието не сопре до 10 октомври.

Вкупно, во Битолско се случија 150 судири. Се судрија 19.852 востаници со 292.735 души аскер. Односот на силите бил 1:15. Убиени и ранети биле 746 востаници и 3.087 војници. Најмногу судири имало во Битолската каза – 70!

Во Солунскиот вилает, според донесената одлука, требало да се засилат четничките дејства и да се почне со напади. Во околиите околу Солун такви акции се случија порано.

Во Кукушката околија имало борби на 16 и 18 јули меѓу 300 четници и 3.000 души аскер. Во Воденска – на 28 и 30 јули, 4, 8, 12 и 14 август во кои учествувале не повеќе од 100 четници против 300 души аскер. Во Гевгелиско, на 24 август и 25 септември меѓу 150 востаници и 550 души аскер. Во Енице-Вардарско, на 28 август и 9, 12 и 14 септември меѓу 300 востаници и 1.200 души аскер.

Значително подоцна се случија дејствија во Серскиот револуционерен округ. Според одлуката од собирот на Пирин, за ден за почеток на дејствата бил определен 14 септември, Крстовден. Тука се случиле следните борби:

Во Мелничко на 31 август и 1 и 4 септември, во Демир-хисарско на 28 август, 9 и 12 септември, во Серско на 3 октомври меѓу 20 четници и 250 души аскер, во Неврокопско на 14, 15, 16 и 25 септември и на 25 октомври меѓу 200 востаници и 400 души аскер, потоа во Горноџумајско на 28 септември и 8 октомври меѓу 90 души четници и 300 души аскер.

Во целиот Солунски вилает се случиле 38 борби меѓу 3.550 четници и 20.000 аскер. Убиени и ранети биле 109 четници и 1.182 аскер. Судирите траеле 472 часа.

Во Скопскиот вилает дејствата беа најслаби. Таму се случија следните судири: во Скопската околија на 1 и 4 август, во Мале-

шевската на 1 септември, во Велешката на 2 август, 17 и 23 октомври и 6 ноември, во Штипската на 15 август, во Кратовската на 25 и 26 август, во Кочанската на 5, 6, 7 и 20 септември. Општо, во тие околии се судриле 200 четници со повеќе од 1.000 души аскер, со две диверзии на железничката патна линија. Во Скопско вкупно 14 судири меѓу 1.50 востаници и 27.500 души аскер. Убиени и ранети биле 95 четници и 395 души аскер!

Задушувањето на востанието во цела Македонија, особено во Битолско беше извршено со голема жестокост. Турските војски и башибозуци го запалија секое село, што зеде учество во востанието. Жителите во селата – жени, деца и старци, беа принудени да избегаат по планините, каде живееја во логори. Останатите по куќите беа исклани, имотите беа разграбани, а куќите изгорени. Турското население од селата се даде на грабежи. Цели коли и товари со покуќнина и храна се испраќаа кон турските села. Оставеното жито беше собрано или запалено. Војските земаа дел од пленот и грабежите. Особено во Битолскиот вилает сликата беше страшна. Каде што минуваа Албанците оставаа само пеплишта. Населението немаше од никаде помош. Дојдоа и гладни денови. Храната беше разграбана или уништена. Паднаа и студови. Есента беше многу лута и не можеше да се седи по планините. Преку зимата гладот беше уште поголем. Куќите изгорени, никакви прекривки, неопислива слика на страдања и смрт. Тоа предизвика да се повикаат на помош добротворните друштва од Европа и Америка, кои испратија свои мисии за помош на населението. Кон крајот на ноември сè се стиши.

Еве ги последиците:

Во Битолскиот вилает – од 20 јули до 20 ноември 1903 година беа изгорени 8.650 куќи. Истепано мирно население – 1.780 души. Обесчестени жени и мажи – 2.151, заробени и однесени – 37. Без покрив останаа 60.000 луѓе. Од 492 христијански села во вилаетот, 91 беа срамнети со земја, 12 на половина и 19 запалени. Во Одринскиот вилает – од 6 август до 18 септември изгорени 2.610 куќи, убиени 2.565 невини луѓе, 920 обесчестени жени и мажи и 35 заробени, а обездомени 13.000 души. Во Солунскиот вилает – изгорени куќи – 1.090, претепани 290 невини луѓе, обесчестени 50 мажи и жени, заробени 4 и обездомени 5.800 души. Во Скопскиот вилает – 94 изгорени куќи, претепани 60 невини луѓе, без покрив 577.

За цела Македонија сликата е: од 20 јули до крајот на ноември 1903 година, се случиле 240 судири меѓу 26.500 востаници и 351.000 души аскер, убиени и ранети 1.000 востаници и 5.330 души аскер. Изгорени 12.450 куќи, претепани и заклани 4.700 невини луѓе, обесчестени 3.122 жени и мажи и заробени – 76, останати без покрив над 70.000 души. Уапсени над 4.000 души од кои 1.000 осудени на маченички затвор.

Тоа е билансот на таа нечуена, според својот подем, херојство и слава, македонска народна епопеја.

Четириесет и две години поминаа од тој значаен историски датум[10], кога еден херојски и слободољубив народ – македонскиот – гласно пред целиот свет го објави своето право на постоење. Народ сум јас, а не збирштина од обесправено робје и го сакам моето место на земјата, под сонцето!

Ние сакаме леб и слобода, земја и самоопределување!

Одеднаш, како еден човек се кренаа македонските селани, се крена целиот македонски народ, мажи и жени, старци и деца, со оружје и без оружје, за да извикнат: Не, не сме повеќе покорна раја!

Поцрнеа македонските планини и чуки од востанатиот народ. Гори од знамиња, од црвени, крвави знамиња, како одненадеж се размавтаа над натопената со солзи и крв македонска земја. Ечеа долините од ехото на свечената парола, што цел еден народ ја извикуваше:

Слобода или смрт!

Еден поробен народ беше востанал. Еден народ беше решил да изгине за извојување на својата слобода.

Згрмеа пушки, бомби и топови. Села и градови паѓаа. Робот станураше господар на сопствената земја. Тој ја имаше веќе првата своја – Крушевска република!

Борбата беше нерамноправна. Еден против петнаесет. Кримки против маузери и топови. Не сакаат пашите и беговите да се простат од нивните вековни робовладетелски права. Полк, табор по табор, армија по армија, се фрлаат како шепа врз востанатиот народ. Пешадија, артилерија и коњаница се на линијата на фронтот. Но, востанатиот народ не отстапува. Тој херојски ги одбива ударите и со последни сили ја брани освоената слобода!

---

[10] Според изнесената констатација, П. Шатев текстот го напишал во 1946 г.

Македонскиот народ опкружен од секаде со непријатели, од внатре и од надвор, оставен сам, без поддршка и сочувство, востанатиот шака херојски народ беше скршен во нерамноправна борба. Македонската револуција беше победена. Востанието жестоко и крваво задушено. Жртвите беа безбројни. Илјадници херојски ги оставија коските во таа епска борба и илјадници станаа жртви на бесот и одмаздата на султанските орди. Пожари, опустошувања, глад и смрт, беспримерно беснееја по востанатата земја.

Наспроти сè, македонскиот народ не беше уништен. Со стиснати заби и нечуена ладнокрвност, тој ја преживеа страшната трагедија. Духот на слободата не беше скршен. Народот не падна во очај, туку се крена во нови борби и таков народ не умира, ами го доживува остварувањето на својот идеал. И тој мисли на нови борби, за нов Илинден!

Навистина, во востанието се направија големи грешки. Имаше грешки во изборот на моментот, во неговата подготовка. Но, тоа беа грешки на водачите, а не на народот. И тоа на оние водачи кои имаа малку заедничко со револуционерната идеологија и практиката на Револуционерната организација и на нејзините апостоли и верни вождови Г. Делчев, Груев, П. Тошев, Ѓорче Петров, Сандански, Димо Хаџи Димов и други. Водачи кои повеќе или помалку дејствуваа под надворешно влијание и за туѓи интереси...

Но, што нè научи Илинден? Што ни остави во наследство првата наша народна револуција? Ни остави огромно идејно и морално наследство. За македонскиот народ Илинден не е и не бива да остане само еден величествен спомен за најголемиот настан во неговата револуционерна историја. Илинден не е и не може да биде само едно, оставено во музејот на македонската историја, велико и грандиозно остварување за кое секогаш ќе се прикажува со восхит и воодушевување. Не. Илинден за македонскиот народ претставува нешто многу, неспоредбено поголемо и поважно. Тоа е: Илинден и денес си останува животното евангелие на македонската револуција. Илинден го покажа најправилниот пат кон слободата, патот на масовното востание, на народната револуција. Тој нè научи дека без револуционерно востание и без масовни организации на македонскиот народ, нема слобода и востание е незамисливо. Тој е тој што ни покажа дека без една авангарда, без една верна, дисциплинирана и стег-

ната револуционерна организација, која во борбата ќе ги води македонските народни маси, не може да има слобода и прогрес, револуција. Денеска водач, раководител на таа борба е македонската комунистичка партија, која го има сето право и заслуга да стои на чело на заедничката народноослободителна борба. Таа на дело го покажа тоа во најтешките моменти, ќе го покаже своето умеење, такт и во иднина, за да може македонскиот народ да го оствари својот идеал – целоста и обединувањето на Македонија, а следствено и среќата и благосостојбата на целиот македонски народ, без разлика на вера, националност, пол и возраст. Илинден ни ја даде големата поука дека за да ја оствари победата, македонскиот народ треба да ги пронајде своите револуционерни сојузници внатре и сочувство и симпатии на револуционерниот и прогресивен свет внатре и надвор во заедничката ни татковина Д[емократска] Р[епублика] Југославија. Ни требаат симпатиите на силните општествени движења на селско-работничката класа во целиот свет, чија задача е да ги помогнат сите стремежи на поробените за слобода, како и да се пронајдат тие...

А има и државни работничко-селски организации, какви што се во СССР, кои веќе одамна ги решиле своите национални спорови, давајќи им широко право на самоопределување на сите нации, заштитувајќи ги и застапувајќи се, исто така, за истите права на многу поробени народи или делови од нив, кои живеат во други држави и територии...

И така, по Илинден, дојдоа разорувачките војни. Македонија и македонскиот народ ги почувствуваа на свои плеќи сите ужаси и разорувања, глад и смрт. Поуките од Илинден останаа во свеста на вистинските синови на Македонија и по долги подготовки, идеолошки и во практиката, дојде моментот по окупацијата на Македонија и македонскиот народ да се крене на востание, но не веќе сам, изолирано, туку во соработка со сите национално поробени и социјалреволуционерни организации и партии, во соработка со сите народи во Југославија и слободољубиви народи на Балканот и во Европа, и во целиот свет на чело со СССР и неговата славна Црвена армија, ослободител на сите поробени народи и социјално угнетувани класи во Европа и во целиот свет.

Започнаа да се формираат партизански групи, чети, кои постепено прераснаа во бригади и корпуси. Во тоа славно време

на борба, реален израз на македонската борба за слобода и рамноправност се пронаоѓа во историското собрание одржано на 2 август 1944 година, во прославениот манастир Св. Прохор Пчински, каде на еден свечен собир на најдобрите синови на Македонија, на сите борци-революционери, се прокламира слободата и рамноправноста во Македонија, и со тоа се поставуваат темелите на македонската држава како слободна, рамноправна политичка единица во Ф[едеративна] Д[емократска] Југославија. Така, Илинден од 1903 година се оплоди во новиот Илинден од 1944 година. Ете зошто датумот 2 август – Илинден, остана и ќе остане како најславен, најзначаен во новата историја на Македонија.

Но, браќа, има многу нешта за кои секој Македонец треба сериозно да се замисли, има многу факти од минатото, што треба сериозно да ги оцени, а, исто така, има и услови денешни и утрешни, на кои треба сериозно да се прилагоди. Без тоа, неговиот висок идеализам и беспримерно херојство ќе останат залудни, како што останаа оние во 1903 година.

Да дадеме збор дека ќе одиме по строго определениот пат, осветлен од долгогодишното револуционерно искуство, од долгата горчлива и тешка македонска историја, дека нема да скршнеме од досегашните народноослободителни борби и нема да го измениме идеалот на најзаслужните.

Оние од нас, кои веќе побелуваат или се побелени, нека внимаваат над останатите и нека секогаш им напоменуваат дека каде и да се тие, тука или на друго место, со перо или со оружје в рака, тие се должни да не го заборават Илинденското востание, кое ги направи бесмртни, но истовремено да не ги заборават и големите поуки од едно славно, но трагично минато ако сакаат да бидат вистински творци на една славна и само славна иднина на Македонија и на целиот Балкан.

Поклон на илинденските херои – маченици, поздрав на младите, нови македонски борци револуционери!

Илинденското востание ги имаше своите корени и намери, своите животни сокови, во социјал-економските и политичките услови во кои се наоѓаше македонското население. Востанието на Илинден беше, пред сè, востание на чифлигарските полуробови, на обезземјените македонски селани во беговска и феудална Турција. Тоа беше една вооружена борба со голем социјален мотив, борба за укинување не само на прангите на политичката,

туку и тие на економската тиранија на беговите и чорбаџиите. Тоа, имено, му дава карактер и содржина на Илинденското востание како на една вистинска национална револуција.

Големината на Илинденското востание не може и не бива да се мери само со тоа што тоа беше и во што тоа се пројави. Неговото значење го надминува своето време поради големиот капитал, поради огромното идејно и морално наследство, што тоа ни го остави. Неговото значење и заслуга е и во тоа што тоа ја предодреди иднината, карактерот и перспективите на македонското ослободително движење. Тоа ги трасираше неговите линии, неговите цели и задачи, неговата тактика. Тоа ги искова главните принципи на македонското движење: со масовна организација и масовна борба кон слободна Македонија. Тоа ни ги остави и главната поука и предупредувањето дека борбата на македонскиот народ не може да остане изолирана, дека тој треба да ги пронајде своите револуционерни сојузници во борбата внатре и надвор. Со тоа Илинден ни ја покажа и борбата за Балканска федерација и врската меѓу борбата за слободна Македонија и заедничката борба за самоопределување и ослободување на сите поробени и потиснати на Балканот.

# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ИСТОРИЈАТА

За да го оцениме историското значење на Илинденското востание, ние неопходно треба да го поврземе со економските услови на населението во Македонија до револуцијата, да ја проучиме таа област, како и улогата на таа револуција, така и постигнатите резултати.

Реков и порано дека револуцијата во Македонија се потпре исклучиво врз бугарскиот елемент, со извесна соработка на влашкиот и сосема делумно на такви Грци, Евреи и Албанци. Секоја револуција наоѓа подлога во попотиснатите класи и како таква, таа не можеше да наиде на прием кај грчкиот и еврејскиот трговец, така како што не наиде на прием и кај бугарскиот чорбаџија. Селанската маса во Македонија беше доведена во ситуација на целосно заробување од турските чифлик-сајбии, а еснафската класа во градовите преживуваше тешка криза на капитулација пред конкуренцијата на индустријата, па сето тоа бавно, но сигурно го цицаше сокот на тоа население, кое колку до вчера го живееше подносливиот живот на патријархалните времиња. Македонскиот селанец постојано се задолжуваше кај турските лихвари-аги и тој процес на задолжување, некаде придружен со брутално заграбување, постепено ги групираше недвижните имоти во рацете на чифлик-сајбиите, според чија волја и благонаклоност живееја веќе несреќните селани, особено оние од полските села. Така, во Охридско, Дебарско, Кичевско имаше села, што целосно претставуваа ратајска свита на чифлик-сајбиите. Турската власт постепено се истиснуваше од тие, според својот род, македонски феудалци, кои почнаа на своите потчинети да им делат и правосудство, и закони, и милост, и казни. Последна утеха на македонските селани им беше или крчмата или пушката. За пушка се фатија оние во лицето на

многуте ајдути, кои се појавуваа за да посеат страв и трепет меѓу турските сатрапи и сиромашните дерикожи, но тоа ајдутство, што се projaви во Охридско, Кичевско, Битолско и др., не беше така канализирано за да ги повлече масите со еден јасно определен идеал. За таа цел беше неопходен друг фактор, кој и се појави во лицето на Организацијата. Таа одново го прекрсти селанецот и таа таинственост навистина му ја преподи неговата душа. Тој ја напушти крчмата, зашто веќе го поеше нектарот на идејата во која го гледаше економското ослободување. Појавените први реонски чети беа пречекувани и испраќани како ангели хранители, зашто на крајот на краиштата задолжениот до гуша селанец во нив гледаше едно прибежиште.

И навистина, Организацијата брзо се покажа моќна, бидејќи за реализирање на општиот идеал за ослободување требаше да го постигне и економското ослободување на селаните. Снабдениот веќе со пушка селанец не беше толку глупаво покорен на својот ага и истовремено се покажа како не толку задоволен и богат за да ја плаќа лихвата на лихварите, кои од сезона во сезона ги обиколуваа селата како исти државни собирачи на данок. Господарите веќе сфаќаа каква е работата и наместо брутално да дејствуваат, почнаа со турска мекост. Таму каде некои се обидуваа да дејствуваат директно, брзо беа очистени од своите потчинети или, пак, од четите.

На тој начин Организацијата за кратко време ги избрка македонските феудалци од нивната сопствена земја, така што или никогаш да не се вратат или за секогаш да се простат од дотогаш неограничената власт. Илинденското востание меѓу една од првите задачи си го постави палењето, разграбувањето и уништувањето на турските чифлизи. И првата ноќ во 1903 година, кога македонскиот роб масовно се фати за оружје, условен знак на востанието беше потпалувањето на турските чифлизи. Во таа за паметење Илинденска ноќ, полињата се осветлуваа од огнените јазици над беговските кули во Македонија, во таа ноќ за паметење еден востанат народ засекогаш раскина една од прангите, што го задушуваа неговото постоење. Велам засекогаш, зашто никогаш повеќе над тие чифлизи не се поврати старата власт, иако востанието не постигна политичка слобода. И ако некои стопани се обидоа врз пеплиштата да изградат нешто ново, стекнатиот со веќе гордо сознание селанец против нив настапи не како ратај, туку како партнер и договорна страна.

Лихварите, меѓутоа, не го добија ни тоа. А оние од нив, кои го разбраа тоа, претпочитаа самите да завршат со себе си. Така, во Дебар, со објавувањето на востанието се самоуби еден голем лихвар, кому му беше должно цело Дебарско и Охридско, а друг умре од срцев удар...

И кога по востанието, по амнестијата на Хилми паша, останатите видни хepoи селани се вратија по своите села и таму најдоа само пеплишта, тие не го оплакуваа и жалеа изгорениот имот. Зашто, во тие пеплишта беше засекогаш изгорено нивното грубо економско ропство... И не само што не го жалеа, туку над тие пеплишта во с. Цер (Демирхисарско) жени виеја ора и ги пееја првите стихови на македонскиот револуционерен еп. Со горењето на довчерашните сламени куќи, засекогаш се прочисти нешто темно во душите, па тие пееја, наместо да плачат...

Тој, селанецот, кој достоинствено беше застанал под крвавото револуционерно знаме, се враќаше веќе засилен со еден век напред. Со стекнатото сознание за извршеното од него величествено дело, тој веќе засекогаш стана цврст борец каков што до денес го гледаме. Така, Илинденското востание стана историски пиедестал за градење на идната македонска слобода...

А, пред таков борец турското тешко ропство, природно, веќ е не можеше да вирее така како што виреше во минатото: и преку власта на таксилдарот[11], и преку онаа на чифлик-сајбијата, и преку онаа на турските разбојнички чети, кои често го напаѓаа за кражба, откуп и др. Турското четништво, што особено беше развиено во Охридско, Ресенско, Дебарско, Кичевско, Тетовско и др., го изгуби теренот уште при првото појавување на организационите чети. Зашто, тоа егзистираше над турската инертна власт и често со нејзина помош.

Меѓутоа, кога тие турско-албански разбојници го слушнаа веќе првиот истрел против себе си, тие исчезнаа со неповратна брзина. Тук-таму останатите без работа разбојници ѝ дадоа „беса“ на Организацијата и наместо нејзини непријатели, тие ѝ станаа доставувачи на оружје. Меѓу нив имаше и разбојници Бугари. Меѓутоа, Организацијата ги превоспита: по горите преку своите чети, а паднатите по затворите преку своите зат-

[11] Даночник (турски).

ворени маченици. И не само нив. Затворите, довчерашни места за обични затвореници, за катили и арамии, се претворија во една революционерна школа, каде под силниот оган на револуционерниот збор исчезнуваа старите навики, пороци и предрасуди, на чие место пламтеше воодушевувањето, што го предизвика една чиста идеја. Во тој однос, затворите во Македонија имаат голема улога во целата нова македонска историја. Окованиот во решетки революционерен дух, всушност се претвораше во експлозив, што требаше да експлодира под цела една држава. Многу идни борци своето крштевање го стекнаа по затворите и многу колебливи борци се искалија повторно по затворите.

Илинденското востание не успеа да ја изгради докрај толку посакуваната наша слобода. И не можеше и да се помисли дека едно македонско население ќе може да ја собори Отоманската Империја, што не можеа да ја соборат дури и големи сили. Македонското востание имаше за цел да го крене високо пред светот македонското прашање, така што во даден момент, било одеднаш, било во етапи, благопријатно и позитивно да се разреши. И ако таа Организација, според посакувањата на нејзините вредни синови, успееше да ја зачува својата сила, таков момент неспорно ќе дојдеше. Меѓутоа, на сцената се појави империјализмот на балканските држави, кој воочувајќи ја ослабената позиција на Организацијата, се впушти преку чети да ги разгорува оние национални непријателства што Организацијата ги беше забранила. Македонските револуционери се бореа очајно против тие чети; македонски Бугари се биеја против бугарските чети што доаѓаа во Македонија за да го диктираат македонското дело од Софија.

Сето тоа беше страшна увертира за една поделба на Македонија, во која и бугарската држава даваше делови од Македонија за целосна асимилација од страна на Србија и Грција. На тој начин и бугарската дипломатија ја фрли Македонија на еден пат, што ја доведе во денешната ситуација. Македонското население преживеа долг период на војни и разочарувања, додека на крајот сите се убедија во исправноста на она становиште на кое со толку сили опстојуваше Организацијата. Зашто, антагонизмот на народностите во Македонија го запали пожарот на крвавиот антагонизам на балканските држави, без ниту една од нив да смета дека македонското прашање е решено. Така, Србија мисли дека тоа конечно ќе биде решено кога Солун, Лерин и Костур

ќе станат српски, Грција смета дека тоа ќе се реши кога Битола, Струмица, Мелник и Неврокоп ќе станат грчки, а Бугарија смета дека нејзините етнографски права се простираат до Црн Дрим и Бистрица. Во таква хаотична ситуација товарот падна единствено врз македонското население. Тоа што не виде мир 110 години наваму, а заедно со револуцијата уште 40 години, тоа што разбра што значи Солун да биде изолиран, а Битола да биде задушена од блиската граница, тоа на чија кожа се испишуваа 10-годишни крвави настани и се пишуваат и денес по анадолските полиња, тоа што добро разбра дека служело како монета за поткусурување на балканските држави – тоа население, веќе без разлика на вера и народност, започна да чувствува колку праведна била идеологијата на Илинденската револуција, која опстојуваше на неговата самостојност и во таа насока се бореше со авангардата на балканските држави – неодобруваното и оспорувано четништво. И ако, како што гледаме, македонското население одново се врати на илинденските пароли, тоа со право ќе бара да сметаме дека тие пароли го надживеале како своето време кога биле создадени, така и балканската дипломатија, што се покажа како најжесток нивен непријател, макар тоа непријателство да го манифестираше со многу крв и коски на своите сопствени чеда.

При таков заклучок најприродно е да сметаме дека македонското прашање одново застрашувачки крева глава за да се наметне пред европската дипломатија. И неспорно, тоа се наложило уште од денот кога ги истакна новите револуционерни појави во Македонија. И ако сето тоа се случува, имено, така што Македонецот одново трепери од радост за да ја види убавата обединувачка алка на слободата, тоа е неспорно, зашто Илинденското востание не само што вложила во македонските души една праведна историска идеја, туку и зашто самото се вградило како во историјата, така и во денешната европска дипломатија како страшен гранитен товар, што секогаш влече на европските терезии до целосното балансирање со слободата на таа земја. Ете зошто ако порано македонското прашање суштествуваше според силата на некаков си нејасен член 23 од Берлинскиот договор, што беше толку безживотен што не ја плашеше ниту за сламка турската држава, од 20 јули/2 август 1903 година тоа, македонското прашање, суштествува самостојно со сета своја силина. Ете зошто, макар и понесено од виорот на

толку војни, денес тоа одново се јавува и уште пожестоко се демонстрира со паролите на илинденската слава од 1903 година.

Во целата низа прашања, што го условуваат историското значење на Илинденското востание, има еден важен елемент преку кој не можеме молкум да минеме. Погоре ние се обидовме да ја докажеме силата на принципите сместени во основата на илинденското дело. Но, за да станат тие идеи месо и крв на македонското население, за да станат составен дел од историјата и да создадат жива традиција, што со години ќе ги персонифицира поколенијата, за да удри печат тоа востание и врз денешната констелација – за сето тоа беше неопходен светливиот ореол на оние македонски синови, кои ги положија животите пред олтарот на слободата. Ако е вистина дека христијанството се прошири, покрај со силата на својот морал, и преку личниот пример и бескрајното мачеништво на неговите проповедници, ако е вистина дека личниот пример остава поголем ефект од самата идеја, тогаш не помала вистина е дека општата и масовна пројава на македонската револуција, дека проникнувањето на македонските идеали и во последните 20 години се должи главно, ако не единствено, на личниот пример на мачеништвото на небројни нејзини синови. Некоја друга револуција едвај познава поголеми пресврти во судбината на револуционерот од оние на македонскиот бунтовник. Тој беше оној што го смени денот во ноќ, а ноќта во ден, оној кој се откажа од иднината и личната среќ а за да стане огнен апостол на револуцијата, оној кој ја замени тивката кариера со влагата и темнината на Диарбекир и Подрум-кале, оној кој го напушти домот и огништето за да го прифати патот на смртта. Чудесија од храброст и самоодрекувања го украсија тој пат на македонскиот револуционер, кој не еднаш за поука и пример за фанатично херојство и идеализам завршуваше со самоубиство. Тоа се оние редица примери, што ни ги оставија како завештание Никола Патчев[12], Параскев Цветков, Христо Узунов, Чемков, Гавазов и се реткост дури и за револуциите на големите народи. Сите тие примери минаа на современици и на поколенија за да исцртаат една гранична линија меѓу ропството и слободниот дух. Тие маченици секогаш велеа: „Во нашите тела се вкоренети 500 ропски години и ете ние ги уништуваме

[12] Веројатно, се мисли на војводата Методија Патчев.

преку сопствен куршум, за да ви оставиме вам во аманет едно херојско самоодрекување, нужно за градење на идниот слободен дух“. И тие не се излажаа. Тој куршум, што во моментот на несреќа по сопствена волја ги разбиваше бунтовничките черепи, вршеше пограндиозно дело отколку да беше истрелан врз некои непријателски полкови. Зашто, примерите не веднаш ја движат историјата, па и македонската. Но, тој пример толку силно ја зацврстуваше во душите револуционерната идеја, што неа не ќ е можат веќе да ја откорнат ниту гранати, ниту непријателски армии, колку и страшни во моментот да се тие.

А, колку беа такви примери? Колку долини, гори и планини на Македонија отежнуваат од јуначки спомени и песни за илјадници имени безимени борци? Има ли село неврзано за скапа жртва на македонската револуција, има ли затвор неповрзан со светлиот образ на некој маченик со неположена жртва пред олтарот на слободата?

Ниту една идеја не е толку силна ако не ја краси трнливиот венец на маченииштвото. Психологијата на големите историски движења е толку тесно поврзана со ореолот на маченииштвото, што ние не можеме да си претставиме ниту една посветла кауза за зацврстена, ако не ја краси тој ореол. И ако македонската револуција ни ги беше оставила во завештание само тие спомени и легенди, што веќе го полнат народниот епос, ако ни го беше дала само тој шарм од маченииштвото, кое не исчезнало во душите на поколението, само таа гордост што ја носи секој град и село – сето тоа повторно ќе беше доволно за да не умре во македонското население идеалот за слобода.

Но, тука се поставува прашањето: зошто во сите тие ситуации, при толку големиот товар што македонската револуција го вгради на страниците на историјата, таа не може да го постигне заветниот идеал на слободата? На тоа прашање почива трагедијата на македонската револуција на која ја осуди истата таа историја.

Погоре рековме дека од една страна Илинденското востание, дури и ако не беа востанале само Битолскиот и Охридскиот вилает, туку и сите заедно, пак не можеше да се бори со една империја, што ја преживеа, како што видовме, и Австро-Унгарија и целокупна монархистичка Русија и која зад себе ја имаше големината и славата на едно 500-годишно моќно постоење. Меѓутоа, една од важните причини, што според нас го

спречи Илинденското востание да ѝ го подигне на Македонија корифејот на слободата, беше таа што идеологијата на македонската револуција го надмина и времето и политичката состојба на работите на Исток. Нашето бунтовништво се појави во една таканаречена идеолошка форма, која ги негираше како империјалистичките стремежи на балканските држави, така и грубо економските сили, па и недооформениот народносен процес во Македонија. Таа се појави со голема доза на интернационализам и желба да се испревари времето за постигнувањето на една цел, што се согласуваше можеби само со идеите на еден друг таков идеолог – Христо Ботев. Тука ние гледаме поразителна сличност меѓу големиот бугарски бунтовник и социолог – од една страна и плејадата негови ученици од Македонија и Одринско – од друга. Поетот револуционер ги проповедаше идеите на интернационализмот и на балканската конфедерација уште во 1865 година кога балканските држави сè уште се наоѓаа во политичките пелени на своето постоење и кога турскиот и австриskиот монархизам со железен товар ја притискаа совеста на Европа. Триесет години потоа, творците на Илинденската епопеја се јавија да ги проповедаат истите идеи во една атмосфера доведена до својот максимум, соочена со разурнатиот империјализам на Големите држави. Тука е местото да ја именуваме и целата политика на бугарската држава од 1895 година до денес, исто така, како империјалистичка. Навистина таа го помагаше тоа движење во Македонија, навистина за Бугарија не беше сеедно каква е ситуацијата во Македонија, каде главниот елемент беше бугарски, но остави ли бугарската држава слободен простор за онаа идеологија, што така длабоко беше легнала во општочовечките души на Гоце и Пере Тошев?! Имаше две ситуации за бугарската држава: или да гради племенска политика, при што таа требаше да војува само за слободите на бугарскиот елемент во Македонија и за целокупното суштествување на тој елемент таму, па макар тој и да не биде вклучен во границите на Бугарија, или, пак, да гради државна политика во која за Бугарија беше поважно да грабне еден поголем дел од Македонија, иако други делови од истата земја ќе беа оставени во забите на Грција и Србија, од кои втората во Македонија нема дури ни свои сонародности. Со други зборови, пред Бугарија се поставуваше Соломонската дилема: или да го остави детето цело, макар да не ѝ припаѓа, или да го подели –

макар и по цена на смрт. Бугарија веќе по триесетгодишен свој живот, во кој идеите на Ботев и Левски беа се задушиле во грубите материјалистички интереси на државата, каде монархизмот ги беше конечно залечил слободољубивите војни на некогашните водачи – го претпочиташе второто. На тој начин требаше да видиме како идеологијата на македонската револуција, што беше поддржување на Ботевата идеологија и која беше единствено соодветна за разрешување на македонското прашање не беше разбрана дури и од таа држава, која го имаше сиот племенски интерес за да ја разбере. Тука јасно произлегува огромната разлика меѓу државната идеја и револуционерната идеја, меѓу интересот и идеализмот. Таа трагедија на слободољубивите идеи ја гледаме кај многу народи, а ја имаме и кај Ботев. Зарем последниот беше разбран од сопственото племе за да сакаме и македонските бунтовници да бидат разбрани од бугарската држава?! Огнениот бунтовник го мина Дунав за да се убеди колку е далеку населението од тоа што тој го идеализираше. И јас ги сметам за сосема вистинити новите историски докази дека тој, по крвавиот судир, слободно бил убиен во планината од сопствен разочаран другар.

Таква е трагедијата со големите идеи. Нивните сопствени носители се нивни жртви. Но, од тука веќе повторно почнува нивното величење. Убиена во телото на Ботев, смачкана во Илинден – таа воскреснува во ореолот на мачеништвото за да живее во потокот на времето сè додека еден ден не се види остварена како победничка. Веруваме ли ние Македонците дека ќе се остварат толку долго посакуваните наши надежи? На тоа прашање нема да одговорам јас, зашто денес одговараат новите дела на нашите сонародници зад Осогово и подигнатиот дух на целата македонска емиграција.

Но, и кога таа мечта ќе се оствари, кога ние одново ќе се видиме по родните огништа, кога идеалите на македонската револуција ќе засјаат на лицето на измачената македонска мома, која одамна ги приготвила свечените венци – и ние ќе знаеме, и историјата ќе знае дека тоа се случило, зашто тие идеали беа чекан врз неа, кренат од духот на илјадниците безимени борци, бидејќи тие идеали беа создале веќе... еднаш... една... Илинденска епопеја...

# МАКЕДОНСКОТО ДВИЖЕЊЕ

**Четничката разнообразност и националните претензии – Берлинските ветувања и надежите во христијанска Европа – Внатрешната револуционерна организација – Народни востанија и инспирирани авантури – Бегови и чифлигари – Четничкиот институт – Одговорноста на бугарскиот монархизам**

Тоа е тесно поврзано со бугарското револуционерно движење и никогаш не го изгубило својот чисто бугарски карактер. Посебните услови, меѓутоа, му придадоа некои особени квалитети, што не ги забележавме во ниту една од разгледаните ослободителни борби, меѓу кои на прво место стојат националното соперништво и националниот раскол, кои го придружувале речиси целото негово илегално суштествување и сите јавни појави. Природните терени на кои се одвивале првичните сепаратни борби, толку неопходни за развојот и акциите на револуционерното движење, тука биле крстосувани не само од турската власт, туку и од разните национални пропаганди. Наспроти замислената релативна приврзаност на бугарското население, општо земено Македонија била и продолжува да биде еден етнички амалгам, фокус на допирните и разграничувачки точки на и меѓу истоплемените и разноплемените етнички групи. Нејзиното историско наследство произлезено од менувањето на средновековните балкански државички ѝ оставило изобилство од најпротивречни историски документи, што можат да ги оправдаат националните скриени намери и сплетки речиси на сите балкански држави и народности. Но, суштинска револуционерна организација во Македонија, по кружоците на грчките етеристи,

главно во јужна Македонија, е неспорно Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација. Другите национални организации не можеле да бидат ништо повеќе од органи на соодветните национални пропаганди. Посебно бугарското македонско население уште од порано било поврзано со бугарското национално движење, но новата политичка ситуација налагаше нов начин на дејствување, што би дал илјада пати подобри резултати од сојузничката „ослободителна“ кампања, доколку противречните интриги на балканските државички во текот на револуционерните епохи не создаваа националистички сплетки и не ги доведоа работите до катастрофа.

Споменавме дека според Берлинскиот договор, Македонија и Одринско остануваа, како и порано, неделив дел од турската апсолутистичка држава, иако согласно условот во членот 23, Високата порта се задолжуваше во Румелиските вилаети да ги воведе критските „реформи“ од педесетите години, со цел да се олесни положбата на христијанските елементи. Но, тој фамозен член и до последната балканска катастрофа си остана мртво слово на хартија. Сосема поинаква беше судбината на договорните клаузули, што се однесуваа на правата и привилегиите на големите држави „покровителки“ на слабите и поробени народи. Русија со меч и оган го присвои Батум, откако немилосрдно ги уби неговите храбри лози, и конечно ја окупира романска Бесарабија. Австрија со стотици илјади бајонети навлезе во Босна и Херцеговина за да го „разрешува аграрното прашање“ и за да воспостави „религиозна и национална трпеливост“. По нивниот пример и другите помали држави побрзаа да се зацврстат со своите нови привилегии. И така, со секавична брзина Берлинскиот договор, кој од храбриот ветеран на италијанското револуционерно движење Гарибалди беше наречен – „валкан пазар за продажба на народите“ – беше применет со сите свои точки, што ги потврдуваа грабежите на големите грабливци. Неприменет остана само членот 23, што се однесуваше на скромната до илузорност слобода на – Македонија.

Но, наспроти суетноста на тој член, ветените „реформи“ играа голема улога во политичкиот живот на македонското население, респективно на македонските Бугари. Надежите за една нова европска интервенција во полза на Македонија станаа камен-темелник, меѓник во македоно-одринското револуционерно движење во сите негови нијанси. Оттука произлегува и „дипломат-

ската“ боја на движењето, што преминува како црвена нишка во сите негови пројави, наспроти општопознатата „подлост“ на дипломатијата.

Уште нешто. Во првите денови од своето појавување, македонското движење, и според замислите и според методите, беше повеќе хуманитарно-дипломатско. Револуционерниот политички елемент беше едвај забележителен. Претставниците на тоа движење беа заробеници на наивното политичко размислување дека македонското прашање ќе биде разрешено само под влијанието на хуманите чувства на „христијанска“ Европа. Ете зошто и дејците од таа епоха својата главна задача ја сфаќаа во апелите кон чувствата на европските дипломати и крунисани и некрунисани владетели. И тие постојани напомени и потсетувања, сообразени со „политичкиот ветер“, добиваа форма или на нископоклонителни молби или на немоќна злобност кон „подлите“ дипломати. Но, подалеку од ветените во чл. 23 реформи, „дипломатското“ македонско движење не одеше. Судбината на румелиската автономија многу го компромитираше воопшто автономниот принцип, околност што налагаше една голема воздржаност во молбите до европските држави за интервенција во полза на Македонија.

Отворено и категорично за автономијата на Македонија се проговори едвај во деведесеттите години од штотуку формираната млада и енергична Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација. Но, иако истакнуваше нов лозунг за автономна политичка организација на Македонија и Одринско, револуционерната организација, според силата на конкретната социјал-политичка и економска реалност, требаше на крајот на краиштата да смета на истите оние фактори на кои се надеваше и постарата генерација – на надворешната интервенција. Наместо „реформите“ од чл. 23, таа го истакна стариот национално-сепаратен принцип за одделување на Македонија и Одринско од апсолутистичките институции на империјата, но и во едниот и во другиот случај последниот збор се оставаше на туѓа интервенција. Револуцијата што се подготвуваше не беше последното средство за реализирање на револуционерните задачи, туку за предизвикување на странска интервенција. Тоа што не можеше да се постигне со апелите, револуционерната организација го вгради во револуционерната активност. Европската дипломатија не сакаше да ги слушне повеќекратните молби на

робовите, велеа револуционерите, но таа ќе го чуе експлозијата на динамитот. Таа се покажа „подлосрдечна“ и не се трогна од волјата на илјадниците жртви, но неминовно ќе се раздвижи штом ќе ги загрозиме, со масовните востанија и атентати, нејзините интереси и безопасност.

Старите заблуди се преоблекоа во нови форми без да донесат нови резултати.

Но, паралелно со искрената страст по примамливата идеја за автономија, покрај восхитувачкиот ентузијазам на верниот револуционер, покрај беззаветната самопожртвуваност за националното дело, што се потхрануваа во девствената револуционерна организација во внатрешноста на Македонија и Одринско, како црн призрак се одвиваше и постепеното вмешување на официјална Бугарија. Приврзаниците на великобугарската грандоманија не можеа спокојно да го гледаат брзиот развој на самостојното революционерно движење, со свои посебни, макар и чисто бугарски задачи, што тие не можеа да го насочат по својот пат и да го експлоатираат за своите секојдневни амбиции.

Ете зошто и тие, под превезот дека формираат помошни органи на Внатрешната организација, ја основаа таканаречената Врховна организација во Бугарија, која од помошна беше преобразена во конкурентна според задачите и методите на организацијата на внатрешните сили. Со мали исклучоци и случајни скршнувања, врховизмот беше ноторно орудие на бугарскиот монархизам. Оправданоста во револуционерното дејствување тука беше потисната од обѕири спрема дворските амбиции. Благодарение на тие противречности меѓу двете организации и главно благодарение на скврнавењето на монархизмот со чистите стремежи на македонскиот роб за слободен живот, во Македонија, наместо ослободителна војна против апсолутизмот, се развrза една валкана меѓусебна борба меѓу внатрешната и врховистичката организација каква што, сигурни сме, не познава историјата на ниту едно револуционерно движење, борба што го компромитира не само пред надворешниот свет, туку и во очите на самото македонско население ослободителното дело. Агентите на бугарскиот двор беа против автономијата, без оглед на нејзината реалност или утопија. И благодарение на нивните противреволуционерни аспирации, во Македонија се организираа периодични востанички авантури, кои не само што предизвикуваа жестоки реакции од страна на власта, туку и ги

парализираа внатрешните револуционерни сили, кои порано или подоцна требаше да го одгатнат вистинскиот револуционерен пат.

И дури кога внатрешната организација претрпе погроми од вештачки предизвиканите од бугарските агенти востанија, кога и во нејзините редови се појавија дезориентација и апатија и кога нејзината внатрешна немоќ стана очигледна за сите, дури тогаш официјална Бугарија почна да пројавува наклонетост спрема автономната идеја. Но, и кога во Бугарија се говореше за автономија како цел на македонското движење и тогаш под автономија тие секогаш подразбираа, ни повеќе, ни помалку, туку една принудна етапа кон „велика Бугарија“.

Друга карактеристична одлика на македонското ослободително движење за разлика од тоа во Бугарија е поголемото учество на причини од економско значење. До последен момент турските господари, голем дел од селските стопанства – особено во полските плодни места – беа во рацете на крупни земјовладетели – бегови, кои го експлоатираа на еден ужасен начин сиромашното работно, исклучиво христијанско население. Во Мелничко, Драмско, Серско, Струмичко, Воденско и др. голем дел од селското население беше безимотно, живееше во чифлишки куќи и ја обработуваше половината или за паричен наем беговската земја. Тоа двојно ропство го засилуваше бунтовничкиот карактер на движењето и му даваше заокружен карактер на политичко-економска револуција. Се разбира, дека не само „нечифлигарите“ учествуваа во револуционерната организација. Рамо до рамо со нив, слично како и во другите балкански земји, учествуваа и самостојните селани, а, исто така, и градското бугарско население. Главно, меѓутоа, движењето беше селско, зашто во Македонија ги немаше оние слободни чисто бугарски гратчиња, што го носеа големиот товар на револуционерната борба во Бугарија. Со мали исклучоци, македонските градови се со различен етнички состав. Дури и чисто, главно бугарски околии како Мелничко, Разловечко, Џумајско, Малешевско и др. околиски центри немаа бугарска физиономија и како такви беа или сосема исклучени од движењето или, пак, земаа многу слабо и несигурно учество.

Поставени пред невозможното, поради суровоста на полициската тортура, националната различност и слабиот политички развој, да дејствуваат со методите на масовните општествени

движења, сепаратните организации се гледаа принудени да преминат кон помошта на четите. Четничкиот институт, произлезен од романтичното ајдутство како единствено можно средство за локална борба против одделни пакосници, а подоцна како средство за прехранување на политички компромитирани личности и за лична или семејна одмазда, ќе биде задолжен од Внатрешната организација со революционерна мисија. Но, уште пред револуционерната организација да ја издигне четата до степен на револуционерен институт, на која ќе ѝ го довери водењето на активната борба против апсолутизмот заради остварувањето на националните задачи, врховистичките комитети многу порано се служеа со четите за провокаторски цели – да кренат востанија посакувани од дворската камарила или да ги прогонуваат дејците на Внатрешната организација. Таа, пак, сè до кревањето на вооруженото востание во 1903 година, исто така, испровоцирано и попречувано од дворските агенти, на четите гледаше како на агитациони и организациони кадри и како на органи за исполнување на егзекутивни одлуки. Но, и по востанието четите продолжуваа да постојат како органи на месните организации или како такви на пропагандите. И од извршен орган на легалните комитети, тие за кусо време ги апсорбираа сите функции на организацијата и од потчинети органи станаа единствен и исклучителен фактор во неа.

Уште нешто. Тие влегоа и во улогата на сите државни, општински и црковно-училишни институции. Тие судеа и бесеа – во нивни раце падна целото организирано и неорганизирано население. Сомнителната полза, што можеа да ја донесат четите, се преобрази во едно реално и уништувачко зло и за населението и за делото на револуцијата. Освен проблеми и ризици, четничкиот институт не можеше ништо друго да донесе. А, особено изопачени, иако потолерирани од населението, беа четите кои својата цел на дејствување ја сфаќаа како поддршка на меѓунационалните или меѓуорганизационите истребувања.

Од тие причини и населението беше кренало раце од четите и де отворено и категорично де молкум и плашливо го креваше својот глас против нив. Античетничкото движење беше особено силно во одринскиот крај. Одглас на античетничкото расположение стана и одринската емиграција, која на својот конгрес во 1907 год. донесе резолуција против четите.

Но, и во такви неблагопријатни услови и наспроти активното или пасивно противдејство од многу страни, македонското революционерно движење можеше да развие, во споредба со Бугарија, една колосална и достојна за восхит революционерна енергија, што ги држеше во трепет и неспокој беговите и пашите. Меѓутоа, грозна беше неговата судбина. Фатална беше толку очекуваната бугарска помош!

На теренот на „ослободувањето", Македонија, а заедно со неа и другите балкански државички на чело со Бугарија, претрпеа една таква катастрофа каква не виделе ниту Косово, ниту Беласица, ниту Чермен. И сосема погрешно би било да мислиме дека македонската и општо-бугарската катастрофа се нешто случајно, изолирана епизода од нашата официјална политика или неочекуван удар. Ништо слично. Македонското население многупати ги преживеало ужасите на бугарските монархистички стремежи и минијатурите на 16 јуни се множество. Во последниот јуни ние имаме целосна кристализација на досега следената политика на разорување и лудости. И за да можеме да ја разбереме психологијата на крвавите јунски настани, за нас станува неопходно да направиме една повнимателна анализа на применуваната до војната македонска политика на сојузничките балкански народи и посебно на Бугарија, зашто таа политика ја исцрпуваше не само надворешната, туку и внатрешната државна политика на бугарскиот монархизам и неговите спроведувачки политички сателити. Со бугарскиот погром не се провали само руската или австриската политика, тие всушност триумфираа, туку, пред сè, банкротира националистичката политика на бугарскиот воинствен монархизам – еден од главните виновници за настанатата наша катастрофа.

# ВЕЛИКОТО ДЕЛО НА БРАЌАТА КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Великото историско дело на бесмртните браќа Кирил и Методиј може да се разбере само во рамките на тогашната груба реалност. Времето во кое живеат, се борат и умираат тие беше време на голема борба меѓу Византија и Рим за влијание на Балканот. Таа борба имаше религиозна форма, ама во тоа време во неа имаше определени политички задачи. Зашто, по духовното поробување на некои држави следуваше и политичкото. Затоа, секоја држава за да ја зачува својата независност била принудена да се бори и за самостојна црква, за свои духовници. Тука се вкрстуваат интересите на Цариград и Рим.

Папството тогаш беше на сцената како голема религиозна, но и првостепена политичка сила. Папството беше еден од најголемите феудалци и го спротивставуваше своето меѓународно единство и својот авторитет на ...[13] и борбата која се водеше за распарчена и феудална Европа. Државите што се формираа по распаѓањето на Римската Империја беа краткотрајни, зашто немаа иста економска основа. Европа беше распарчена на многу одделни економски единици, а економската распарченост ја носеше и политичката. Во таква ситуација папството лесно ја наметнуваше својата волја врз сите феудални средини и стана господар на Запад.

Византиската политика беше повластена во тој поглед и при распространувањето на христијанството со кое го спроведуваше и нејзиното влијание. Византија ги употребуваше сите средства за да успее во својата политика.Таа дозволуваше да се служи литургија на сите јазици со што насекаде го засилуваше своето

[13] Зборот е нечиток.

влијание. Со тоа, таа помогна за духовното будење на народите, кои од неа го примија христијанството. Типичен е случајот со словенските народи, кои благодарение на Кирило-Методиевата азбука создадоа свое духовништво, своја самостојна црква и самобитна култура, која настана во тешко време и даде голем придонес во општочовечката култура.

Кирил и Методиј работеле во времето кога на Запад внуците на Карло Велики си ја поделиле неговата земја, кога во Унгарија бил кнезот Стефан, а меѓу него и Лудвиг германски било потиснато големото Моравско кнежевство на кнезот Ростислав. Во Бугарија бил кнезот Борис. Во Византија бил императорот Михаил III, а најблизу до срцето на Византија биле македонските Словени, кои долго време се бореле за зачувување на својата самостојност. Тие се запознале со христијанството уште при првиот допир со Византија.

Кирил и Методиј по потекло се македонски Словени. Татко им Лев бил генерал на Солун во византиска служба. Неговото семејство било културно и многудетно. Кирил бил седмото и најталентирано дете, родено во 827 год. во Солун. Кирил учел во големата императорска школа во која учел и Михаил III. По завршувањето на школувањето, Кирил станал монах и библиотекар во библиотеката на Патријаршијата. Кирил бил многу културен човек и му бил конкурент на патријархот Фоти I. Тој бил многу силен особено по филозофија и религиозни прашања, а бил и красноречив и огнен оратор. Како таков извршувал многу дипломатски мисии. Тој бил кај Хазарите, кај Арапите, кај Евреите во Палестина. Потоа, во еден манастир во Мала Азија со брата си Методиј започнале да се подготвуваат за големата мисија во словенските земји. За азбуката тие одбрале 38 букви.

Методиј бил седум години постар и карактерно бил цврст и стабилен. Околу 809 год. Методиј одлично го застапил Христовото учење во Арабија, а потоа двајцата браќа се населиле во манастирот „Полијахрам“ и таму го ширеле своето писмо на словенски јазик. Потоа императорот ги испратил на Кавказ меѓу Козаците и по враќањето од таму тие напишале книга за византиската култура! Но, најплодната работа тие ја извршиле во Моравија и Панонија. Тие ја прифатиле поканата на моравскиот кнез Ростислав, кој го основал Моравското кнежевство и храбро се борел против Лудвиг германски за зачувување на политичката

независност на својата држава. Во неговата борба му помогна и кнезот Борис. Тој исто склучил воен и политички сојуз со Физаит. По политичката независност, тој почнал да мисли и за црковна независност.

Моравските Словени дотогаш биле во духовна зависност на Салцбуршкиот епископ-Германец. Ростислав решил да основа нова црковна архиепископија врз народносно начело. Искористувајќи го несогласувањето меѓу синовите на Лудвиг германски, тој го обессили кралот, но неопходно било да се обессили и латино-германското духовништво на ревносниот и опасен спроведувач на германската асимилаторска политика. Затоа тој му се обратил на византискиот император за да му испрати уште луѓе за да го подготват словенското духовништво, кое било неопходно за самостојната моравска црква. Кон крајот на 863 год. тие заминале за моравската престолнина Велеград, каде биле пречекани со голема радост. Цели четири години тие работеле таму, ги распространувале словенските книги и ги ракополагале духовниците.

Гледајќи опасност што им се заканува од дејноста на браќата Кирил и Методиј, тогаш германското духовништво ги обвинило за лажни учења како еретици, зашто се служеле со „варварски" словенски јазик. Притоа, бидејќи биле под водството на Рим, а не на Патријаршијата, им го оспориле правото да го уредуваат духовниот живот. Требало да има еден епископ за да биде создадена здрава моравска црква, зашто без тоа не било можно да се осветуваат цркви и да се ракополагаат свештеници. Тие побарале заштита од Цариград каде во тоа време дошло до промена, а на престолот седнал Василиј I Македонецот. Новите управители воделе компромисна политика и ја побарале благонаклоноста на папата Никола I, па поради тоа Кирил и Методиј требало да одат во Рим за да бидат прогласени за епископи. Тие во Рим стигнале во 868 година и таму биле добро пречекани од папата Адријан II. Тука, по долго боледување, на 14 февруари 869 година, почина Кирил, а Методиј продолжил да работи за самостојна моравска црква. За него се застапил панонскиот кнез Коцел. Папата стравувал дека ако не го ракоположи Методиј за епископ, оти и Панонија ќе се обратела директно кон Цариград, па затоа го ракоположил во епископ и дозволил да се служи литургија на словенски јазик. Но, папството дејствувало така како што му диктираат неговите црковно-политички интереси и

поради тоа сите тие биле на спротивставени позиции од оние со кои се користела словенската црква и повторно ѝ се забранувале литургиите и се претставувале како анатема.

Салцбуршкиот архиепископ го затворил Методиј и тој во затвор бил две и пол години. Папата во тоа време си молчел сè додека Панонија на Коцел не почнала да се созема. Наскоро, меѓутоа, Коцеловата држава била уништена од Каролска, предводена од внук на Карло Велики. Методиј одново заминал кај Светоплуг во Моравија. Таму со големи маки работел 11 години. Управата на Светоплуг била благонаклонета кон Германите, зашто тие му помогнале да дојде на власт, по предавството што тој го направил спрема Ростислав. Словенскиот дел дејствувал енергично, но веќе го немал претходното влијание врз кнезот. Тоа го искористило германското духовништво и се кренало против Методиј, а Светоплуг го принудиле да се обрати до папата и тој да го разреши спорот меѓу двете духовништва, словенското и германското. Папата Инокентие VIII го повикал Методиј во Рим и го обвинил дека го заблудувал моравскиот народ и оти се служел со забранетиот „варварски“ јазик на Словените. Положбата на Методиј станала тешка. Тешко обвинет, тој требало да оди во Рим за да биде суден. Но, папата, бидејќи бил соочен со голема опасност од Сарацените против кои воена помош му давал византискиот император, не само што не го казнил Методиј, туку му ја одобрил целата негова работа. Папата, исто така, се плашел дека ако го забрани словенскиот јазик, ќе ги загубел сите словенски земји.

Но, и покрај одлуката на папата, Методиј повторно немал мир во Моравија. Негов најголем непријател бил германскиот архиепископ Вилхелм, кој одново започнал да го прогонува. Во таа борба, што најенергично се водела од 861 година, папата со ништо не му помогнал на Методиј, а, исто така, ниту Светоплуг не го поддржувал. Во таква ситуација Методиј тргнува за Цариград за да бара совети и упатства. Во Цариград, императорот и патријархот убаво го пречекале. Но, бидејќи во тоа време односите меѓу Рим и Цариград биле влошени поради Бугарија, тие не можеле со ништо да му помогнат, па Методиј се вратил во Моравија во време кога војната меѓу Германите и Моравците престанала и бил склучен мир. Светоплуг се ослободил од германското влијание и почнал самостојно да дејствува. Тој и на Методиј му ветил поддршка. Но, Методиј веќе

изморен од долгата и тешка работа во април 885 година починал во Велеград, по 22-годишната упорна борба, изнесувајќи ги прочуените зборови: „Словените да бидат цврсти и упорни и да се борат со сите средства и можности без колебање и страв" итн.

По неговата смрт, Германите ги осудиле и сите ученици на Методиј, кои биле прогонети, а некои биле продадени и како робови. Еден од нив, Климент, се населил во с. Девол, Охридско, и го продолжил големото словенско дело на југ од Македонија од каде словенската писменост се прошири по сите словенски земји, главно во Русија. Долги години во таа држава се развиваше словенската писменост и книжнина, словенската култура, за да се врати повторно кон останатите словенски братски народи на Запад и на Балканот, ама веќе со нова општочовечка култура.

Долго време великото словенско дело на Кирил и Методиј беше предмет на фалсификување од страна на официјалната бугарска и српска политика и пропаганда. За нас денес е основно дека македонските Словени, браќата Кирил и Методиј, им дадоа азбука не само на македонскиот словенски народ, туку и на многу словенски народи.

Д-р П. Шатев

24/ V/ 1945 г. Скопје

# КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ СЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ

Многу конкретни задачи стојат и во областа на развојот на културните врски меѓу словенските народи.

Словенските народи се носители на една стара, многу стара високо развиена култура. Сите словенски народи оставиле свој дел од богатството во ризницата на светската култура.

Најголем дел има великиот руски народ. Тој дал големи научници, писатели, поети, музичари, артисти и мајстори на ликовната уметност. Големиот руски научник во XVIII век, Михаил Ломоносов, со своите откритија во областа на физиката, хемијата, металургијата и астрономијата им даде насока за неколку десетици години на научниците во Западна Европа. Особен придонес во хемијата со своите откритија даде хемичарот Димитриј Менделеев. Познатиот руски биолог Ил. Мечников го раководел одделот на Пастеровиот институт во Париз. Рускиот научник Ал. Попов прв го пронајде радиото. Руските научници Сеченов и Павлов се основачите на современата физиологија. Со голем и заслужен углед во целиот свет се користи научникот-ботаничар Тимирјазев и рускиот реформатор на природата Мичурин.

Творештвото на прославените руски композитори: Глинка, Чајковски, Бородин, Мусоргски, Римски-Корсаков, Скрјабан, Рахмањинов му е познато на целиот свет. Големите руски уметници Репион, Суриков, Верецагин и др. многу добро ги познава целиот цивилизиран свет.

Во сите земји на светот се издаваат творештвата на Пушкин, Лермонтов, Гогољ, Тургењев, Толстој, Горки, Мајаковски и многу други руски писатели. Идеите на демократијата и хуманизмот во човештвото ги внесоа Херцен, Белински, Чернишевски, Добројубов...

Голем дел од придонесот во ризницата на светската литература даде украинскиот и белорускиот народ. Многу се познати имињата на видните синови на украинскиот народ Тарас Шевченко и Ив. Франко, народните поети на Белорусија, Јанк Купала и Јакуп Колас.

Кон старата европска култура припаѓа и културата на западните и на јужните Словени. Уште многу порано, како што велел германскиот император Карло V, тој на германски зборувал само со своите коњи, а германските богати луѓе пишувале на латински и се срамеле од германскиот јазик. Одговарајќи на фашистичките обиди да се исмее и наклевети словенската култура, Георги Димитров ќе рече: „Во „варварска“ Бугарија, Кирил и Методиј ја создадоа и проширија старобугарската писменост“. Најстариот во Европа, Прашки универзитет бил создаден во 1348 година многу порано од создавањето на првите германски универзитети. Во XIV век чешкиот народ го даде бележитиот научник Јан Хус, кој за неговите напредни идеи бил жив запален од реакционерното католичко свештенство. Во XVII век значајниот син на чешкиот народ Јан Коменски ги постави основите на современата педагогија. Со светската слава е творештвото на чешките композитори Сметана и Дворжак.

Во XVI век полскиот народ му го даде на човештвото големиот научник Никола Коперник, создавачот на современата претстава за системот на светот. Ќерката на полскиот народ Марија Кири Склодовска во XIX век го создаде учењето за радиоактивните материјали. Таа беше првата жена која ја доби професорската катедра на Сорбона. Син на полскиот народ беше големиот композитор Шопен. Најголем придонес од полскиот народ во светската литература е творештвото на големиот поет Адам Мицкевич.

Српскиот научник Хеталдиќ бил првиот математичар, кој ја употребил алгебрата за решавање на геометриските задачи. Голем придонес во науката и литературата даде српскиот Вук Караџиќ, собирач на умотворбите на српското народно творештво.

Во историјата на развојот на светската литература со златни букви се запишани големите културни достигнувања на сите словенски народи. Но, како најголемо постигнување на светската култура се јавува ленинизмот. Прифаќајќи го револуционерното

учење на Маркс и Енгелс, Ленин и Сталин го развија уште подалеку, тие ја подигнаа на повисок степен науката за развојот на човечкото општество.

Ленин и Сталин философски ги воопштија последните открития на науката и го одбранија и развија дијалектичкиот и историски материјализам. Тие го создадоа учењето за социјалистичката држава, што стана пример за трудбениците во сите земји на светот. Раководејќи се и инспирирајќи се од учењето на Ленин и Сталин, трудбеничките маси во Советската земја во 1917 год. ја извршија великата Октомвриска социјалистичка револуција, а потоа на 1/6 од земјината топка го создадоа социјализмот – новото, најнапредно советско општество.

Ленинизмот, појавен во Русија, се јавува како едно интернационално учење и има светско значење. Ј. В. Сталин беше кажал: „Зарем ленинизмот не е воопштување на обидот за револуционерно движење во сите земји? Зарем основата на теоријата и практиката на ленинизмот не е пригодна, не е задолжителна за пролетерските маси во сите земји? Зарем Ленин не беше во право кога рече дека „болшевизмот" се оспособува како образец за сите"?

Ленинизмот како најнапредно и интернационално учење се јави и како најголем придонес на словенските народи во светската култура на новото време.

Во Советска Русија, врз основа на ленинизмот, сите области на науката, литературата и практиката стекнаа еден голем процут. Во времето на советската власт се создаде една голема армија од научни работници, што се броеше со десетици илјади луѓе. Советските научници дадоа многу нови откритија во разни области на науката и знаењето.

Голем придонес во културата дадоа и другите советски дејци во областа на уметноста: писатели, уметници, музичари, артисти и др. Голем замав доби и народното творештво. Уште пред војната во сите образовни установи во СССР имало повеќе од 47 милиони луѓе.

За време на советската власт, нашироко се разви културата на народите во СССР. Старата Русија се преобрази во силна социјалистичка индустриска и колхоска држава. Науката во советските држави се јави како основа за целата државна изградба. Културата на советското општество е најнапредна,

најпрогресивна и хуманистичка. Таа го прифатила сето убаво што е создадено од човештвото. Нејзината сила е во тоа што таа се јавува како вистински народна.

До војната многу слаба беше работата околу размената на културните вредности меѓу словенските народи. Сега веќе културните врски помеѓу Словените добија голем замав и има добри перспективи за нивен понатамошен развој. Патиштата и средствата за натамошен развој на културните врски меѓу словенските народи се зацртани од највидните нивни претставници.

Најдобрите и најголеми умови на словенството се појавуваат и како големи поборници за словенската солидарност, воспоставена врз демократски начела и принципи. Зацврстувањето на соработката меѓу словенските народи е прифатена и од активноста на словенските комунисти формирани во СССР, Полска, Југославија, Чехословачка и Бугарија. Словенски организации има и во несловенските земји, што ја обединуваат целата активност на таму постоечките словенски колонии.

Новото словенско движење е еден голем фактор на денешнината. Задачата е во тоа по војната да не се наруши военото единство и братство на словенските народи, зацврстено со крвта во војната против фашистичка Германија.

# ВОЈНАТА НА ХИТЛЕР И СОРАБОТКАТА НА СЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ

**8. 2. 46 год.**

Војната, што Хитлер му ја објави на целото словенство, е еден логичен крај на вековните стремежи на германските освојувачи да се утврдат во богатите земји на Исток и на Југоисток. Уништувачката политика на германските фашисти, спроведувана со големи напори и во словенските земји на Советскиот Сојуз, и во Полска, и во Југославија, и во Чешка, може да се објасни не само со ѕверскиот карактер на нацистичката идеја, туку и со бесната омраза на Германците кон сè што е словенско, што се темели и врз постојаниот отпор, што словенството им го пружало на германските освојувачи и на империјализмот во период од 13 века. Низ тој период Германците на неколку пати ја почувствуваа силата и гневот на словенството, за да не се осмелат со векови потоа да помислат на словенска земја и да ги остават нивните кралеви со завет кон своите наследници за зачувување на мирот со Словените. Не еднаш германската крв се пролеала врз словенските земји. Германците го знаат урокот добиен од Александар Невски во 1242 година, ги помнат Грунвалд и Таненберг во 1410 година, ги виделе победничките руски војски во Берлин во 1760 и 1945 година. Тие не еднаш ги почувствувале ударите на многубројниот словенски народ, на заштитникот и покровителот на своите словенски браќа – великиот руски народ. И затоа по поразите во 1938, 1939 и 1941 година на Чесите, Полјаците и на Србите, Германците со таков бес и стрвност се нафрлија врз големата словенска земја. Војната против Советскиот Сојуз, кој е 80% словенски, имаше за цел не само да му обезбеди големи можности за натамошните стремежи на германскиот империјализам за владеење со светот, туку и да спроведе физичко истребување на словенските народи со оглед на колонизирањето на нивните земји од страна на Германците.

* * *

Есловенскиот конгрес, што од 8 до 11 декември 1946 г. се одржа во Белград, беше еден голем настан. На сите делегати и гости, кои беа дошле од словенските држави и земји, им беше приреден таков прием, што ѝ прави чест и гордост на нова Титова Југославија. Особено внимателно и топло беше пречекана советската делегација во состав: маршал Ф. И. Толбухин, генерал-лајтнант А. С. Гондуров, проф. А. Вознесенски, двојниот херој на Советскиот Сојуз, С. Л. Ковпак, академикот Б. Греков, народната уметничка на СССР, Л. П. Александровска, митрополитот Николај Крутицкиј и др. Тие сите одделно ги поднесуваа своите усни и писмени изјави и извештаи пред општественото мнение и печатот.

Претседателското место на конгресот го заземаа последователно по ред, претседателот на Словенскиот комитет во Југославија, проф. Ст. Јаковлевиќ, претседателот на Сесловенскиот комитет, генерал-лајтнант Гондуров, претседателот на Словенскиот комитет во Полска, проф. Мечислав Михаилович, претседателот на Словенскиот комитет во Прага, Зденек Недли, шефот на бугарската делегација В. Червенков и генерал-лајтнант М. Апостолски[14]. Беше добиена и телеграма од генералисимусот Сталин во која меѓу другото се вели... „Уверен сум дека Сесловенскиот конгрес ќе придонесе за понатамошно зацврстување на пријателството и братската солидарност на словенските народи, како и за развој на демократијата и зацврстувањето на мирот меѓу народите“. Тие зборови беа пречекани со големи аплаузи и одобрување од сите присутни делегати, гости и од публиката.

За значењето на конгресот говореше, исто така, и маршал Тито, кој ги поздрави делегатите од името на народите на Југославија и од Владата на ФНР Југославија. Маршал Тито, меѓу другото, рече дека претставниците на словенските народи се собрани за уште повеќе да го зацврстат тоа единство, што беше постигнато по цена на пролеаната крв во последните битки за ослободување... Уште повеќе да го засилат патот, што го избраа Словените по тешките вековни страдања, патот за соработка и единство на словенските народи. Трагедијата, што ја доживеаја словенските земји со навлегувањето на германските и други фашистички орди, не може и не треба повеќе никогаш

[14] Михаило Апостолски немал таков чин, туку бил само генерал.

да се повтори... Маршал Тито потсети на блиското минато кога смртоносниот страв надвисна не само врз словенското, туку и над целото прогресивно човештво.

Што ќе се случеше – запраша тој – ако не беше великиот Советски Сојуз, славната советска армија, ако не беше големата држава на работниците и селаните на чело со великиот Сталин, која го запре фашистичкото навлегување и откако даде многубројни жртви ги ослободи словенските народи? Сите словенски народи му должат голема благодарност и признание на Советскиот Сојуз... Словените можат да се гордеат со својот придонес во победата, можат да се гордеат со тоа што тие станаа носители на најдобрите и посреќни социјални односи, оти тие станаа градители на најголемата прогресивна и напредна демократија, што се создава. Претставниците на словенските народи се собраа во Белград, рече маршал Тито, не затоа за да создадат еден блок против другите народи, туку за да го манифестираат нивното цврсто убедување за тоа дека мирот треба да се гради согласно заслугите на народите, кои дадоа свој придонес за создавањето на мирот. Никој не може да ги обвини Словените за тоа дека тие претставуваат закана за чија било независност или слобода. Словените сакаат само мир, да се развиваат во услови на мир, да се дадат на изградба, да ги залечат раните нанесени од војната, да се дадат на културен развој, зашто духовно обединети Словените можат да дадат поголем и подобар придонес во делото на прогресивното човештво...

Сесловенскиот конгрес го разгледа и прашањето за борбата на словенските народи за мир и демократија. Со реферат по тоа прашање се јави југословенскиот делегат Милован Ѓилас. Тој ги нагласи оние карактеристики, што ги поттикнуваат словенските народи на меѓусебна соработка, на постигнување целосна демократија во нивните земји, на доследна борба за мир во целиот свет. Во минатото, рече Ѓилас, словенските народи беа монета за поткусурување или фудбалска топка во кавгите и разногласијата на големите држави. И сега, сè уште реакционерната политика на некои западни држави се подготвува да ги разрешува проблемите, што се појавуваат во нивните земји, главно и предимно на сметка на Словените. Ете зошто заедничката соработка на Словените во сите полиња на животот и трудот за нив стана една животна и природна неопходност. Тоа е – соработка на слободни и демократски држави, кои немаат за

цел да потчинуваат едни или други словенски народи или едни словенски држави да се потчинат на други словенски држави. М. Ѓилас особено ја подвлече големата улога на Советскиот Сојуз во борбата на словенските народи за мир и демократија. Словенските народи – рече тој – се групираа околу Советскиот Сојуз, бидејќи заедно со него тие станаа сериозен фактор во меѓународната политика, станаа вистински независни и слободни држави, кои цврсто чекорат по патот на демократскиот развој.

Јас говорам како Југословен – заврши Ѓилас – но мислам дека можам да кажам од името на сите Вас: Не може да има словенска соработка без искрена љубов и пријателство со Советскиот Сојуз, нема успех во борбата за мир и демократија без поддршка во Советскиот Сојуз. Сето тоа беше проследено со бурни аплаузи и одобрување од сите. По него, говореа сите претставници на словенските народи: генерал Гондуров, Зденек Неедли, Михаилович, В. Червенков, Тодор Павлов и многу видни и авторитетни претставници и научници како проф. Греков, Вознесенски, Јаковлевиќ, Белиќ и др.

Освен делегати на словенските земји на конгресот имаше претставници на прогресивните словенски организации во САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд, а, исто така, и на Словените, кои живеат во Романија и Унгарија, како и еден заеднички претставник на словенските организации во Аргентина, Уругвај и Боливија. Делегатите од САД претставуваа 15 милиони Словени. Треба да се каже дека за време на татковинската војна, 50% од производството на тешката индустрија во Америка се произведуваше со рацете на словенското население во таа земја. Американските Словени – тоа сè повеќе индустриски и селскостопански работници, ситни службеници, работничка интелигенција – со еден збор, оние широки слоеви на населението, кои во сите земји се крвно заинтересирани за цврст мир и пријателство меѓу народите, за зацврстување на демократијата и за ликвидирање на фашистичките остатоци. Од името на американските Словени говореше Златко Балковиќ и меѓу другото тој рече: Јас можам да Ве уверам дека ние, Словените во Америка, ќе се бориме за обезбедување на мирот, за демократија, за братството на словенските народи... Нема таква атомска бомба, што би можела да го разруши братството и солидарноста на словенските народи, заврши тој со големо одобрување од сите присутни на конгресот.

Големата улога на словенските народи во борбата за мир и демократија е поврзана со целиот историски развој на словенството. Многувековниот отпор спрема угнетувачите изродило кај словенските народи антипатија и омраза спрема тиранијата и љубов за слободата. Во борбата против националниот и религиозен гнет, и против фанатизмот и схоластичката догма, израснала и се оформила словенската култура, проникната од духот на хуманизмот и ослободена од расни предрасуди. За ролјата на словенските народи во развојот на општата светска култура говореа делегатите: академикот Б. Греков, а по него проф. Јаковљевиќ, полскиот научник Михаилович, чехословачкиот академик Зд. Нeедли и бугарскиот филозоф Тодор Павлов.

Словените дале свој придонес во светскиот прогрес, без оглед на неблагопријатните историски услови на нивното суштествување. Многу од словенските народи со векови биле под туѓо угнетување, под власта на владетели, кои не само што не ја помагале, туку напротив, ја сопирале желбата за развојот на културата.

Во денешно време, развојот на демократијата во словенските земји и демократизирањето на науката и културата станаа веќ е достојни за широките народни маси на населението и пред нас отвораат широки перспективи – рече проф. Белиќ, претседател на српската академија на науките.

Раководејќи се од задачите за натамошно засилување на соработката на словенските народи во борбата за мир, демократија и културен прогрес, конгресот се занимаваше и со организационите прашања на словенското движење. Со реферат за новото словенско движење и за задачите на словенските организации се јави и советскиот делегат, генерал-лајтнант А. Гондуров. Целите и задачите на новото словенско движење, поставено врз демократски основи, беа определени уште во 1941 година на првиот Сесловенски митинг во Москва, одржан по иницијатива на претставници на општественици од сите словенски народи.

Во минатото, владејачките врхушки на словенските земји ја користеа идејата за меѓусебна соработка на словенските народи како орудие за остварување на нивните тесни политички интереси. Панславистичките пароли, всушност, во себе криеле тенденции за поробување на словенските и други народи. Големата Октомвриска социјалистичка револуција во Русија

стави крај на царскиот великодржавен панславизам. Советската држава, учејќи од нејзиното создавање, ги постави основите на нејзината политика за признавање на еднаквоста меѓу сите народи и за уважување на правото на секој од нив за независно постоење и развој. Меѓусебните односи на Советскиот Сојуз со другите земји и народи се поставени врз основи на еднаквост и заемно почитување. На меѓународната сцена Советскиот Сојуз секогаш се јавува како искрен и доследен заштитник на интересите на угнетените и зависни народи во светот. Словените во Советскиот Сојуз – Русите, Украинците и Белорусите – манифестираат пријателска заинтересираност за судбината на братските словенски народи на кои тие можат секогаш да им пружат реална помош!

Во тие нови услови се создаде и новото словенско движење. Првата организација создадена врз основа на една демократска платформа се појави на првиот Сесловенски митинг во Москва. Во составот на формираниот комитет влегоа претставници на сите словенски народи. Комитетот помагаше да се мобилизираат и активираат силите на словенските народи во борбата против хитлеровска Германија. Во чекор со таа борба, идеите на новото словенско движење се распространуваа меѓу прогресивните кругови на словенската емиграција во Англија, САД, Канада, во земјите на Латинска Америка, Австралија, Нов Зеланд, Палестина... Милиони Словени во тие земји се трудеа да дадат свој придонес во делото за ослободување на словенските држави и целото човештво од фашистичката опасност.

По падот на монархо-фашистичката диктатура во Бугарија, прогонувањето на Германците од Југославија и ослободувањето на Полска и Чехословачка, се формираа словенски комитети во Софија, Белград, Варшава, Прага, Загреб, Љубљана, Сараево, Цетиње, Скопје и Братислава. Размерите што ги доби сесловенското движење и задачите, што стојат пред него, за неопходно наложија да се формира една постојана организација, која би можела да биде центар за врските меѓу словенските организации во одделните земји. За таа организација сме собрани денеска за да ги поставиме основите и за да се рашират сите идеи и пароли, што беа поставени на конгресот во Белград и кои Општиот сесловенски комитет усно и писмено ги шири и ќе ги шири меѓу широките народни маси.

# НАЦИЈАТА И НАЦИОНАЛНАТА СВЕСТ

Околу прашањето за нацијата многу се говорело и пишувало. Јас нема да говорам какви биле размислувањата и гледиштата на разни автори во минатото, тоа е долга работа, што повеќе ги интересира специјалистите. Сега ќе речам оти само современиот капитализам со книгоиздателството и поштата, со печатот, со железничките патишта ги создал современите нации, кои веќе не се јавуваат како едноставни заедници на луѓе поврзани само со заеднички јазик, како што било кај античката нација, туку како здрави политички и економски организации. Тој процес во главните свои делови се развил само во текот на 19 век. Само Англија и Франција, благодарение на посебните услови, успеале порано да станат нации во современа смисла и да создадат национален парламентаризам.

Прашањето за нацијата, националното чувство и националната свест и во денешно време ги интересира сите: политичари, научници, писатели, општественици, работници, селани и др. Во историјата има приемчивост во културата, но повеќе или помалку нациите се слеваат во заедничка соработка за да ја градат општата култура, со заеднички напори. Има национално чувство и национални особености и разлики. Кога го набљудуваме политичкиот и социјалниот живот во разните земји, пред сè, го забележуваме националниот темперамент. Надвор од политичкиот живот ја имаме литературата, особено уметничката литература, што се должи на народната душа: англиска, руска, француска итн. Има музика, фолклор и др. Од тие особености и разлики, како и од многу друго, произлегува националното чувство. Тоа е самосвест за припадност кон нацијата и за нејзината целина.

Нацијата, тоа е, пред сè, заедништво, определено човечко заедништво. Тоа заедништво не е ниту расно, ниту племенско, туку историски формирано човечко заедништво. Во секоја нација има четири основни, главни елементи.

1. Заедништво во јазикот. Нација се создава, се формира како резултат на долго и редовно општење, како резултат на современиот живот на луѓето од поколение на поколение, а долгиот заеднички живот е невозможен без заедничка територија, па следствено треба единство на територијата. Треба и заедништво во економскиот живот, економска поврзаност, а, исто така, и заедништво во психолошката изграденост, што се изразува во заедништвото на културата (музика, архитектура, вајарство и др.).

И така нација, тоа е човечка историски формирана стабилна заедница на јазикот, на територијата, на економскиот живот и на психолошката изграденост, манифестирана во заедништвото на културата. Само со постоење на сите тие признати знаци, земени заедно, може да имаме нација. Треба да подвлечам дека ниту еден од посочените признаци земен одделно, не е доволен за определувањето на нацијата. Уште повеќе, доволно е отсуството макар и само на еден од тие признаци, знаци, па нацијата да престане да биде нација.

Времето во кое живееме повторно ја постави националната идеја во преден план. Било поради општото растројство на животот, што ги прави несигурни не само луѓето како единки, туку и народите, било за да се најде трајна основа за животот, наспроти сите противречности и разединувачки сили – народите бараат излез во силата и средствата на националното осознавање. И дури чисто социјалните револуции, во кои националниот момент како да не игра никаква улога, и тие се водат не за вистината на една доктрина, туку за правото на еден организам, каков што е народот во своето заедништво! Со други зборови, во животот на народите националниот принцип нема и не може да исчезне.

Во новата преродба на нашиот народ ние се држиме до тие принципи. Ние говориме за народно единство, за национална просвета, за национална култура и за национална држава и за нив бараме да ја разбудиме и внесеме во творечко дело духовната сила на народот и неговото национално сознание. За да бидат нашите напори уверливи, а работата со добри резултати, ние треба да ја знаеме суштината на националното сознание, неговата психолошка и морална содржина. Така ќе го разбереме и големото значење на националната свест во историскиот живот и на нашиот народ.

Националната свест не е постојано еднаква. Во својот развој таа минува низ неколку степени, кои многу потсетуваат на етапите во развојот на индивидуалната свест. Најпрво националната свест има инстиктивен и ирационален карактер и се доживува непосредно во таканареченото национално чувство. Додека народот е уште патријархален и живее наивно во своето битие, во карактерот, обичаите и своите верувања – неговата национална свест не оди подалеку од тоа чувство. Тој има свој начин на мислење и чувствување и свој стил во сите свои материјални и духовни projави, но тој уште нема свест за тој начин и тој стил. Наместо таа свест, тој го има само чувството за нешто сродно, семејно и макар да живее во стилот на своето битие, тој не знае во што се состои неговата суштина, ниту, пак, знае зошто треба да го чува. Чувањето на своето тука не е активно, туку повеќе е пасивно, некаков конзервативен импулс, народот општо чувствува дека во битовото е секогаш неговата душа и дека ако го измени – ќе ја измени и својата „вера“.

Националното чувство е производ на заедништвото. Тоа извира од племенската сродност меѓу сонародниците, од географските и климатските услови на нивната татковина, од духот на нивниот јазик, од карактерот и условите на нивниот труд, од нивните верувања и обичаи, и најпосле од заедничките прилики на нивното живеење. Националното чувство е најинтимната содржина на тоа духовно заедништво.

Поважна е втората етапа од развојот на националната свест кога таа од наивна станува веќе критичка. Народните особености се осознаени, се дошло до идејата за национална индивидуалност; чувањето на своето добило активен и свесен карактер и родното се поставува во основата на сите творечки напори и во целиот развој на народот. Најпрвин во содржината на судбоносната национална свест стои мислата за духовното единство на народот, а изворите на тоа единство се многубројни од кои ќе споменеме само неколку. Прво, крвната сродност т.е. истото расно и племенско потекло на народот. Од него зависи темпераментот на народот, карактерот на неговата активност или пасивност и др. Друг фактор од кој зависи духовното единство на нацијата се географските услови на татковината, на земјата, особено нејзината клима и топографија. Монотеизмот на Евреите го објаснуваат со пустинскиот пејзаж на Палестина, со широчината на руската степа ја објаснуваат широчината и

љубезноста на руската душа итн. спрема другите народи Англичани, Италијанци и др.

Националното единство се поврзува, исто така, и со заедништвото на јазикот. Заедништвото на јазикот дејствува двојно врз тоа единство: непосредно – преку јазикот како средство за општење, и индиректно – преку сите духовни вредности, што јазикот му ги дава на народот...

Духовното единство на народот зависи и од неговата заедничка историја. Како што истите доживувања ги прават одделните лица блиски, така заедничките историски настани ги прават сонародниците духовно сродени. Заедничкото историско искуство ги обработува на еден и ист начин одделните сознанија и ги поставува во еднаков однос кон светот и животот. Така, врз поколенијата влијае не само преживеаното од нив, туку и минатата историја и историска традиција. Во таа традиција е историското паметење на народот, кое ја поврзува сегашноста со минатото и се предава на иднината. Се разбира, дека за духовното единство на еден народ значење има и неговата религија, особено за народи кои задоцниле со нивниот културен развој. Некогаш значењето на религијата било многу поголемо за националното единство поради тоа што таа во себе ја носела целокупната духовна содржина на народот, што денес автономно се пројавува во науката, уметноста, филозофијата. Духовното единство на народот, така определено од споменатите фактори, е одразено во битието, во моралната и религиозна свест на народот, во неговата уметност и филозофија и најпосле во неговиот општествен и политички живот. Тоа најдиректно се манифестира во народната музика, во нејзината ритмика и метрика.

И така, националната свест не е само биолошка или етнографска пројава: таа е и морална сила, која треба непрестано да се култивира ако народот сака да се развива и зацврстува. Без национална свест, народот ослабнува, се деморализира и со текот на времето историски изумира. Обратно, преку националната свест тој се организира во заедница со единствена душа. Националната свест, преку тоа организирање, одржува здрав национален инстинкт за самоодржување, го прави народот посигурен во неговиот историски живот, ги прави појасни и категорични неговите цели и задачи во тој живот, како и подготвеноста да ги исполнува.

Но, култивирањето на националната свест е непрекината работа и врз колективниот и врз индивидуалниот морал. Токму во тоа е и смислата на националното воспитување. Националното воспитување не е само работа на духот, тоа е и грижа за социјално чувство и за моралната состојба на одделна индивидуа спрема народното заедништво, зашто така се гради и зацврстува како морална личност.

Историјата не учи дека само на фонот на една епоха со напред изнесена национална свест се раѓаат големи претставници на еден народ и дека само такви личности се вистински водачи на тој народ. Нивната сила и шарм е во сугестијата, што ја применуваат на тремот на националната свест. Така е со другарот Сталин, со Тито, Г. Димитров и др. кај разните народи. Тоа ни говори дека патот за создавање на народни водачи и на раководна интелигенција е патот на националното воспитување, патот на поддршка на националната свест и на зацврстување на младото поколение. Време е свесно и смело да тргнеме по тој пат.

**Павел Шатев, 27. 11. [1]945 год. С.Ф.С.Н.**

# ПЕТГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО Ф.Н.Р.Ј.

Во член 15 од Уставот на Ф[едеративна]Н[ародна]Р[епублика] Ј[угославија] се вели: „Со цел да се заштитат животните интереси на народот, да се крене народната благосостојба и правилно да се искористат сите стопански можности и сили, државата дава насока на стопанскиот живот и развој со општиот стопански план, потпирајќи се на државниот и задружен стопански сектор и остварувајќи општа контрола над приватниот сектор на стопанството.

За остварувањето на општиот стопански план и на стопанската контрола, државата се потпира на соработката на синдикалните организации на работниците, и на службениците, и на останатите организации на работниот (трудбенички) народ".

Врз основа на тоа и за исполнување на декларациите и говорите на министерот претседател на ФНРЈ, омилениот и сакан од сите народи, национален херој и вожд Јосип Броз Тито, како и на говорите на министерот и претседател на Планската комисија, Хебранг, министерот за индустрија Б(орис) Кидрич, декларации и говори што се една нераскинлива целина, Владата на ФНРЈ подготви закон за развој на народното стопанство за 1947-1950 г., кој се изгласа од двете собранија и стапи во сила од 1 јануари 1947 година.

Петгодишниот план е еден голем настан во Југославија, исто така, како што беше и настанот со создавањето на ФНРЈ и создавањето на Уставот, кој, според својата содржина, е најнапреден и прогресивен, освен Уставот на СССР, и најдемократски од сите устави во другите држави во светот и устав кој може да служи за пример и поистоветување и на многу други држави и народи во Европа и во светот. А, со тоа ние можеме само да се гордееме како поданици и жители, слободни и рамноправни во нашата општа заедница ФНРЈ.

* * *

Многумина кај нас честопати не дооценуваат колку многу Советскиот Сојуз постигнал во областа на науката. Многумина не можат да си претстават со какво темпо се развиваат науката и културата.

Советското општествено уредување отвори големи можности за да се создадат и развијат големи таленти кај народот. Луѓето од науката, праксата и трудот се исполнети со еден стремеж – непрекинато да создаваат нови материјални и духовни вредности, да ја засилат и зацврстат социјалистичката држава и да го направат животот посреќен. Научниците одат сè понапред во науката, техниката, литературата и во праксата, цртаат нови патишта во областа на човечката мисла и знаење.

Науката, како што знаете, е една голема сила. Таа сила во капиталистичкиот свет се користи за егоистични интереси на владејачката класа – буржоазијата. Во услови на современ капитализам, реакционерните сили ја користат науката против човештвото, сакаат да ја претворат во орудие за империјалистичките освојувања. Во земјата на социјализмот, науката е моќно средство за процут на производните сили на советското општество, орудие за засилување на државата и брзиот развој на материјалниот и на културниот стандард на работните луѓе во градовите и во селата.

Јас ја сметам советската наука како најнапредна, прогресивна во светот – вели проф. Јан Домбровски. Материјалистичката теорија за развојот на општеството дозволува да се земе секоја појава или проблем во нивното движење и развој и во зависност од конкретните услови. Тоа е највредното, водечката идеја во современата советска наука.

Денска ќе разгледаме само еден дел од таа наука, имено колку е развиена и колку напреднала советската историска наука и тоа само во областа за потеклото, постанокот и развојот на словенските народи. Другари, целата историја на Словените е исполнета со борбата со германската агресија, со борбата да имаат можност да говорат на свој роден разик, да ја развиваат својата национална култура и да имаат своја државност. Заедно со тоа, целата историја на Германија – тоа е историја на отворени, ненадејни напади врз словенските земји, обиди да се покорат и истребат словенските народи.

Ако се фрли еден поглед врз целата вековна борба не може да не се забележи дека има два факта, што паѓаат в очи. Прво, едни или други успеси на Германците да поробат словенски народи се случувале, пред сè, поради раздробеноста на самите Словени и неможноста да се обединат сите словенски народи пред заедничката за нив опасност од германска агресија. Второ, дека главната улога во борбата против германската опасност ја играл големиот руски народ, кој не еднаш во борбата со германските војски ја докажал својата херојска издржливост и доблест, својата подготвеност да ја заштити својата земја и земјата на братските словенски народи.

Вредно, многу вредно во сегашната идеја за словенско заедништво, воедно е големата разнообразност на суштинското единство. Вредно, многу вредно во неа е гарантираната можност за секакво словенско единство, да се развива според неопходноста на својата внатрешна логика и својата внатрешна динамичност. Вредно, многу вредно во таа идеја е обезбедената можност на секој посебен словенски народ да ги развие своите духовни и културни сили според своето духовно и културно самоопределување и така да придонесе со своето, со самобитно своето во богатата духовна и културна ризница на целото словенство, а заедно со тоа и преку тоа и на целото човештво. Бидејќи гледано од историски аспект, нема ништо повозвишено и ништо потрајно од обезбедената можност за секоја одделна човечка личност и за секоја народносна единица да ги развијат и прошират, во рамките на заедништвото, своите духовни и културни сили според својата внатрешна динамичност. Вистинскиот прогрес е таму каде што потребите на целината, на целото човештво се надополнуваат со потребите за целосно остварување на својата историска судбина и на својата историска предодреденост од страна на секоја една човечка личност или на секоја една создадена и формирана народносна единица. Вистинскиот историски прогрес е таму каде што скапоцените духовни и културни особености на посебната човечка личност или на посебната народносна единица се обединуваат со потребите на целосното единство во една хармонична целина. Ете зошто сегашната идеја за словенско единство и солидарност ќе се искристализира и ќе ја пронајде најдобрата форма и во најскоро време ќе дојде до нејзина историска реализација.

Нашите татковци и дедовци – револуционери и просветители – водеа борба против расистичкиот панславизам на царска и феудална Русија, притоа ниту за миг во нивната душа да не згасне чувството за љубов и признание кон големиот руски народ и на восхитеност од неговата огромна култура. Ние, нивните синови и внуци, одвратени и згнасени од варварскиот расизам на пангерманизмот на Вилхелм, Хиндербург, Хитлер и др. кои сакаа да ги претворат сите словенски народи во вештачко ѓубре за германските ниви или да ги направат, како на времето, египетски робови, се бориме со сè што имаме на располагање за слободата и братското пријателство на словенските народи, без да западнеме во каков и да било расизам или шовинизам. Признавањето на карактеристичните словенски црти на словенските народи и на нивните култури не значи дека се запаѓа во пансловенски расизам.

Ние, словенските народи, а особено ние југословенските народи, сакаме и имаме право со својата словенска култура и со својата словенска душа, кои имено не се едноставна и обична измислица, да влеземе во големото семејство на слободољубивите и културни народи. Ние, југословенските народи, а меѓу нив, секако, не на последно место и нашиот мал македонски народ, има со што да се гордееме. Но, притоа, да не ги негираме заслугите и правото на слободен државен и културен живот на другите народи.

Ние сме Словени, но не сме расисти – освојувачи, не сме шовинисти – садисти, не сме милитаристи – империјалисти. Ние сме Словени и како такви ги сакаме и уважуваме, по словенски, сите слободољубиви и демократски народи и секогаш сме подготвени да им го дадеме заслуженото – и на пријателите и на непријателите. Затоа, големо значење има Сесловенскиот конгрес, што се одржа во Белград, и работата на словенските комитети за засилување и развој на пријателските врски и соработката на словенските народи и нивното обединување и сплотување за континуирана борба за долготраен демократски мир и пријателство на сите словенски народи.

Со благородната идеја на новото словенско движење е цврсто поврзана и идејата за вистинска демократија.

И така – вели потпретседателот на Словенскиот комитет во Чехословачка Прокоп Макса – новото словенство ќе биде, според зборовите на претседателот Бенеш, „израз на две големи

политички идеи, погледи што всушност се пројавуваат во гените на културата на словенските народи: на Пушкин и Тургењев, Толстој и Горки, Мицкиевич и Красински, Колар, Палицки и Масарик. Тоа е идејата за човекољубие, т.е. за сестрана политичка и социјална демократија и идејата за хуманост. Тие се јавуваат како вистинска словенска програма и вистинска словенска политика за иднината".

Во таа формулација треба да се додаде дека словенското движење не треба да се разгледува надвор од времето и просторот, надвор од жестоката борба меѓу реакцијата и демократијата. Нашата цел е целосно да се искоренат сите остатоци од фашизмот во сите негови пројави. И затоа и ние велиме дека во центарот на вниманието не се наоѓа словенството воопшто, туку словенскиот, бестрашниот борец за напредни идеали, за општочовечки прогрес и култура.

Современото словенско движење – тоа е големо и корисно, прогресивно дело и него треба да го притискаме напред. Бидејќ и од него многу зависи засилувањето и зацврстувањето на мирот во целиот свет. Не да се враќаме назад, кон старото сфаќање за разбирање на словенството, туку да ја засилуваме цврстата мирољубива словенска политика, политика на пријателство, братство и единство на словенските народи – тоа е во сегашно време единствениот и правилен пат, тоа е линијата на сите оние кои чесно и отворено, цврсто и непоколебливо стојат на позициите на мирот и сеопшта стабилност.

Со тие прогресивни цели, воодушевени од вистинското братство, меѓусебното разбирање, почитување и доверба меѓу словенските народи, обединети во борбата против заедничкиот непријател на човештвото – германскиот фашизам – ние можеме и треба да одиме напред и само напред.

# НОВАТА ПОЛОЖБА И МЕСТОТО НА СЕЛАНИТЕ ПО ВОЈНАТА КАЈ НАС И НА БАЛКАНОТ

Во положбата на селанските маси во ослободените од фашизмот земји, особено во Југославија и на Балканот и во Југоисточна Европа, се случија големи и длабоки промени. Доволно е само да ги споменам аграрните реформи настанати во тие земји. Какви политички и економски последици донесоа тие реформи? Каква улога игра селанството, каква е неговата положба и место во оние држави, што тргнаа по патот на вистински демократски развој? Во што се разликува сегашната положба на селанството од таа во минатото, до војната?

Во минатото, пред војната, политичката улога на селанството како кај нас во Југославија, така и во другите земји на Балканот – Бугарија, Романија и Албанија, па до некаде и во другите држави од Југоисточна Европа, се определуваше, пред сѐ, од нивната општа економска и социјална заостанатост. А, сите тие земји беа и се, пред сѐ, земјоделски земји. Според предвоените податоци, во Југославија во селското стопанство имало над 78% земјоделски стопани, во Романија 78,2%, во Бугарија 79,8%. Во структурата на селското стопанство во тие земји најмногу имало мали селски стопанства, а заедно со тоа и големи феудални остатоци. До војната, во Југославија 70% од целото селско стопанство немало повеќе од пет хектари земја поединечно, во Романија 74,9%, а во Бугарија 63,1 отсто.

Според податоците од 1939 година, распределбата на земјата и на стопанствата била следна (La Revue Economiqae et Sociale No 28):

| Стопанства според големината на земјата во хектари | Бројот на стопанства во % | Количина на земјина површина во % |
|---|---|---|
| 1 – 5 | 67,8 | 28 |
| 5 – 10 | 20,5 | 27 |
| 10 – 50 | 11,3 | 35,3 |
| 50 и повеќе | 0,4 | 9,7 |

**Според податоците од 1940 година, населението во Југославија броело 15,9 милиони души. Во селското стопанство имало 78,7% од населението. Над 75 отсто од крупните земјоделци биле Германци, Унгарци и Италијанци, додека селани биле Србите, Хрватите, Словенците, Црногорците и Македонците. На 23 август 1945 година во ФНРЈ се донесе закон за аграрна реформа.**

Во Бугарија, според податоците од 1934 година, од вкупниот број на население дури 81% било селско. Обработливата земја била поделена на следниот начин:

| Стопанства според големината на земјата во хектари | Бројот на стопанства во илјади | и во % | Количина на зем. пов. во илјади ха | и во % |
|---|---|---|---|---|
| До 1 | 160 | 18,1 | 58 | 1,3 |
| 1 – 4 | 400 | 45,2 | 835 | 19 |
| 4 – 8 | 252 | 28,5 | 1.500 | 34,5 |
| 8 – 40 | 70 | 8 | 1.900 | 43,1 |
| 40 и повеќе | 2 | 0,2 | 100 | 2,1 |

**Земјата била поделена на мали делови. Така, во 1934 година имало 11,9 милиони земјоделски парцели.**

Според статистичките податоци од 1934 година, ситните и средни стопанства изнесувале 91,8 отсто од вкупниот број стопанства, а во тоа време имало 20% селско-стопански мртов инвентар и 60% работен добиток. Кулаците и големите капиталистички стопанства биле многу малку или 8,2%, а имале многу голем број работен добиток и голем дел од селско-стопанскиот инвентар. Законот за аграрна реформа или, како што таму го нарекуваат, закон за трудовата земјена сопственост, бил донесен на 12 март 1946 година од страна на Народното собрание. Аграрната реформа ја зголеми површината на земјата,

што се наоѓа во рацете на трудбеничките, селани работници на близу 450 илјади хектари, а со тоа се задоволуваат близу 50 отсто од потребите на селаните за земја. До октомври 1946 година, со аграрната реформа во Бугарија, во целата држава е дадена земја на речиси 90 илјади селани, кои дотогаш имале малку или воопшто немале земја. Била донесена мерка, според која за земјата од државниот земјоделски фонд, што сѐ уште не била поделена на селаните, да им се издава под наем за околу 200 лева по декар!

Албанија, според податоците од 1940 година, имала територија од 27,5 илјади квадратни километри, а население од 1,1 милиони души. Како што се знае, Албанија е планинска земја и само 11 отсто од нејзината територија може да се обработува. Населението на Албанија до скоро беше во полуфеудална зависност од големите земјовладетели – албанските бегови, на кои им припаѓаше 80 отсто од обработливата земја. Во рацете на 165 илјади бегови семејства се наоѓал поголемиот дел од земјата – 213 од вкупно 320 илјади хектари.

Албанскиот народ до скоро беше експлоатиран од фашистите и нивните помагачи и соработници бегови. Во текот на војната Албанија ќе биде опустошена од фашистичките освојувачи, а кога последните ја напуштија, ги уништија сите мостови по патиштата! По ослободувањето, Антифашистичкото веќе (совет) за национално ослободување на 29 август 1945 год. го донесе законот за аграрна реформа. Според тој закон, се конфискуваа сите големи, крупни земјоделски имоти на беговите, заедно со машините и инвентарот. Целата земја им се дава бесплатно на селаните и на други лица од други слоеви, кои сакаат да обработуваат земја. Најголемата површина за оние кои ја обработуваат земјата со современи, модерни селскостопански машини и орудија е определена на 40 хектари, а за оние кои ја обработуваат со нивен сопствен труд на 20 хектари. На земјовладетелите, кои не ја обработуваат сами земјата, им се оставаат, односно им се даваат по седум хектари, а на селаните без земја им се даваат по пет хектари.

Селско-стопанскиот инвентар, што припаѓал на некој бивш стопан на земја се конфискува и им се дава на селаните, кои не го исплаќаат во наредните 10 години. Еден дел од конфискуваната земја е земен од државата за да се направат експериментални стопанства. На сите стопани, кои зеле земја, им се дадени доку-

менти – тапии. Според албанскиот Устав од 14 март 1946 година, земјата им припаѓа на оние кои ја обработуваат. До октомври 1946 година, аграрната реформа била спроведена 67 отсто и на селаните им биле дадени речиси 158 илјади хектари земја.

Во Германија, во областа Саксонија, законот за аграрна реформа бил донесен на 3 септември 1945 година, на 5 септември во Мекленбуршката област, а потоа и во Бранденбург и Јужна Саксонија. Се создаде земјен фонд за аграрна реформа. Во тој фонд влезе земјата конфискувана од воените злосторници, престапници и виновници за војната, активисти и раководители на националната партија и други фашистички организации, раководители и активисти на хитлеровска Германија, а, исто така, и конфискуваната земја на јункери и други кои имале повеќ е од 100 хектари. Во земјениот фонд влезе и голем дел државна земја. Во тој фонд влегоа 9.767 стопанства со заедничка земја од речиси три милиони хектари. Во летото 1946 година се поделени, 2,5 милиони хектари земја и тоа:

1. за доселеници ........................... 567.360 хектари
2. селани со малку земја ............. 398.080
3. селско-стопански работници... 740.704
4. мали закупници ........................ 52.988
5. работници и службеници ......... 85.682
6. за општински полиња................ 596.462
7. за заедничка селска помош....... 73.272

На овој начин земја добија 438 илјади стопанства. На новите стопанства им се дадени 47,6 илјади коњи, 124.000 крави, 51,7 илјади свињи, 201.000 овци и кози, 5.000 рала, 90.000 плугови, 721 мелница и млечни фарми. Многу други материјали им се дадени на селските кооперации.

Според тој закон, на селските стопанства им се даваат до 5 хектари земја, а на лоша почва до 8 хектари и само во посебни случаи до 10 хектари. За земјата, што ја користат, селаните и плаќаат на државата еден годишен род, ’рж, а на селаните со малку земја за тоа има се дава период од 10 години, додека на безимотните бегалци 20 години. Благодарение на таа реформа се расчисти со јункерството, потпората на хитлеровците во селата. На германските земјовладетели во советската зона им се одзеде економската база по селата, со што беше уништено нивното

реакционерно стопанство, а со тоа и големата и силна потпора на прускиот милитаризам и империјализам.

А, во Западна Германија реформата дури не беше ни почната. На 20 септември 1946 година беше донесен закон за аграрна реформа, што многу се разликува од тој во советската зона. Според тој закон, земјоделците со 100 до 500 хектари се должни да се откажат од 10 до 50 отсто од нивната земја за потребите на населението. А, земјоделците со 500 до 1.000 хектари, од 50 до 75 отсто. Значи, секому му се оставаат по 375 хектари најубава земја, а, исто така, и добитокот и опремата. За сето тоа, пак, и им се плаќа. Така, во американската зона остануваат многу крупни земјовладетели. Во Западна Германија има повеќе од 14 илјади крупни земјоделски стопанства со повеќе од 100 хектари. А таа земја би можела да се даде на најмалку 250.000 нови селски стопанства. Во англиската зона, комисијата решила да се откупи сета земја, што би им се дала на селаните. На јункерите, кои бегаат од советската зона, им се дава земја од аеродромите, стрелиштата и др. од каде се бркаат ситни селски семејства.

Во тие земји каде била спроведена аграрната реформа, таа се јавува како мерка што ја засилува демократијата. Аграрната реформа ја поткопа економската основа на крупната земјоделска реакција, ги ликвидира остатоците од крепосните форми на експлоатација и ја засили положбата на селанството, кое стана потпора на демократијата во селото. Воопшто, тие реформи имаа прогресивен карактер како во економски, така и во политички поглед.

Такви се заедничките црти на тие држави, што ги карактеризира нивната вековна заостанатост. Голем дел од селаните, оставени во сиромаштија и една жална положба, немале можност сериозно да влијаат врз судбината на државата. Во повеќето селански партии на Балканот, па и во Југоисточна Европа, имало големи специфични противречности: масовна база на тие партии биле широките слоеви на селанството, а во раководствата влегувале покрупни кулачки, капиталистички елементи. Во практичната дејност на тие партии интересот на малцинствата, кои биле во раководствата, секогаш добивал приоритет. Поради тоа, во времето меѓу двете светски војни дојде до пропаѓање на сите тие таканаречени селански партии и нивната упорна борба против работничкото движење. Оттука

произлегува и капитулацијата на таканаречените селански партии пред фашизмот.

II

Судбината на сите тие држави за време на Втората светска војна беше различна. Но, искуството на народните маси, иако нееднакво, ги доведе до едни и исти резултати и заклучоци. Да земеме само два примера – Југославија и Романија. Во Југославија, германско-италијанската окупација (1941 г.) фактички доведе до распаѓање на сите поранешни и дотогашни политички партии, со исклучок на партијата на прогресивното работничко движење. Шефовите или лидерите на селанските партии капитулираа порано од сите други. На пример, реакционерните лидери на селанската словенска партија, кои уште пред војната беа потпаднале под влијанието на Хитлер, заземаа компромисен став во однос на германско-фашистичката агресија. Тие го одобрија распаѓањето на Чехословачка. Не беше случајно што Мачек ги повика хрватските селани да ја поддржат војската на Павелиќ.

Меѓутоа, југословенското селанство на предавството на лидерите на селанските партии одговори со тоа што тргна по патот, што му го покажа прогресивното работничко движење – иницијаторот на отпорот спрема германските окупатори. Мнозинството учесници во народноослободителната војна во сите области на Југославија беа селани. Без нив ќе беше невозможно толку долгото и така успешното водење на партизанската војна. Под влијание на силното и решително дејство на селанските маси беа придобиени, исто така, и многу стари, бивши раководители на селанските партии, кои се откажаа од соработката со окупаторот и безусловно влегоа во Народниот фронт.

„Многумина од шефовите, од лидерите дојдоа кај нас каде што се наоѓаа и нивните маси, зашто во спротивно, тие ќе останат изолирани од масите“ – рече маршал Тито на Првиот конгрес на Народниот фронт на Југославија.

Поинаква беше работата во Романија. Таа земја беше на страната на хитлеровите сојузници. Таму за време на војната немаше голем отпор на фашизмот. Политичката свест на романското селанство не можеше да тргне по патот по кој тргна селанството во Југославија. И таму, во Романија, војната при-

донесе на виделина да излезе реакционерното раководство на национал-царистичката партија (Ману).

„Тактиката на Ману“ олесни да дојде на власт Антонеску. Ману фактички ги поддржуваше сојузот со Германија и војната против Советскиот Сојуз, што на романското селанство му донесе многу страдања и разурнувања. Потпретседателот на национал-царистичката партија Михалаки влезе демонстративно во фашистичката армија на Антонеску. Поистакнатите дејци од таа партија како Поп и други, за време на војната соработуваа не само со германските фашисти, туку и со унгарските феудалци, кои ја заземаа Северна Трансилванија.

По падот на режимот на Антонеску, романското селанство го направи својот избор. Тоа манифестираше една, порано невидена политичка активност, се откажа од лажната селанска партија на Ману и силно ја поддржа прогресивната демократска партија на чело со сегашниот министер претседател П. Гроза.

И така, уште за време на војната, иако секаде различно, се случија големи и длабоки процеси, што доведоа до коренита и радикална промена на политичката улога на селанството. По поразот на хитлеровска Германија, на опустошената земја, меѓу урнатините и пеплиштата, се појавија нови сили.

## III

Коренитите промени настанати во положбата на селанството на Балканот и во Југоисточна Европа, по војната, имаат две лица, два вида: економски и политички. Да ги разгледаме прво економските.

Во земјите во кои како резултат на победата над фашизмот, се создаде нов тип демократија, пред сè, се расчисти со остатоците на феудализмот. Тоа големо историско дело го остварија работничката класа и селанството, кои меѓусебно стапија во блиска соработка. Карактерот на секоја аграрна реформа се определува, пред сè, со тоа кој и како ја спроведува. Друго е кога аграрната реформа се спроведува од управувачките класи, со цел да се смират и изолираат селаните, како што беше пред Првата светска империјалистичка војна. Тогаш аграрните реформи, спроведувани од горе, се одолговлекоа со години и фактички никаде не завршија, а некаде не ни почнаа. Во 1940 год. т.е. 20-те

години откако беше донесен законот за аграрната реформа во Романија, министерот за земјоделство рече:

„Аграрната реформа сè уште не е завршена... Од 3.900 места уште не е земена експроприраната земја. За 434.000 хектари уште не се подготвени проекти и планови за распределба. Поделба не е извршена на 490.000 хектари. Има уште 900 судски предмети поврзани со аграрната реформа, што сè уште не се разгледани“.

Во Бугарија, аграрната реформа запре уште во 1923 година, со доаѓањето на власт со фашистички преврат на Александар Цанков.

Сега аграрната реформа спроведена во гореспоменатите земји се реализира од прогресивни демократски влади, со активно учество на самите селани и со помош на создадените селски и селско-стопански работници од локални комисии, во кои влегоа тие што имаат потреба од земја. Секако, аграрната реформа има коренит и радикален карактер. Крупното земјовладетелство и сите остатоци од феудалната експлоатација целосно се ликвидираа. Освен што се премерува земјата, која треба да се подели, таа им се раздава на селаните.

По Првата светска војна, сакатите и нецелосни аграрни реформи уште повеќе ги раздразнија селаните. Без да имаат каква било помош, новите земјоделски сопственици речиси се најдоа во оковите на лихварите, чорбаџиите или на банките. Многумина од тие селани повторно ја загубија дадената земја. Сосема поинаку е во оние држави во кои се воведе демократски режим. Во земјите на новата демократија владите им даваат на селаните сериозна материјална помош. Насекаде се одредува колку земја може да има одделно секој селанец или граѓанин, се анулираа старите селски долгови, се преземаат мерки за да се запре ситнењето на земјата, кооперациите, секако, се помагаат и се создаваат услови за механизирање на селските стопанства итн.

Во земјите со нова демократија, остварувањето на социјално-економската преобразби – национализација на крупните индустриски претпријатија и на банките, воведувањето на планирањето во народното стопанство – сето тоа дава можности селското стопанство да премине од екстензивно во интензивно. Иако има многу потешкотии и пречки, сепак се направени сериозни чекори напред.

Да ја земеме Бугарија. За да им се даде земја на сите селски сиромашни стопанства требаше да се најде повеќе од еден милион хектари обработлива земја. А, каде да се најде таква и толку земја? Законот за трудовата земјена сопственост, донесен на 12 март 1946 година, има два дела. Првиот го одредува карактерот и размерот (големината) на новата аграрна реформа. Вториот дел ги опфаќ а големите активности за оспособување на необработливата земја, мелиоративните работи, а истовремено и засилување на трудбеничките земјоделски кооперации. Тие добиваат од државата сè што е потребно за да можат да обработуваат поголеми делови земја со помош на машини. Аграрната политика на Отечествениот фронт има за цел селското стопанство да се реорганизира врз повисоки и попродуктивни начела. Во почетокот на месец февруари во Софија се одржа конференција на претставниците на трудбеничките кооперативно-земјоделски стопанства. Веќе има 438 такви стопанства, со 44.000 членови, кои добро обработуваат 200.000 хектари земја!

Позитивните ефекти од аграрната реформа и целата селскостопанска политика на новите демократии веќе се чувствуваат, наспроти тешките услови по војната. Новите стопани на земја работат со голем елан и ентузијазам и вложуваат напори брзо да се справат со проблемите во снабдувањето. Нема сомневање дека во скоро време новите сопственици на земја и селско-стопанските трудбенички кооперации ќе дадат добри резултати. Треба да напоменеме дека загубата на селското стопанство во Југославија од војната и окупацијата се проценува на 268 милијарди динари, а тие стануваат уште поголеми ако се пресметаат и загубите од сушата во последните две години.

Сепак, во материјалната положба на широките селански маси веќе дојде до промени кон подобро.

Селанството во тие земји каде веќе има нов тип демократија никогаш во минатото не паметело режими со кои се спроведувала една таква доследна политика за заштита на неговите интереси, како што тоа се прави сега во тие земји. Никогаш во минатото селаните не виделе да им се дава помош и да бидат заштитени не само од државата, туку и од целото општество. Корените за радикалниот пресврт, што се случи во аграрните односи, во режимите со новата демократија се наоѓаат во економската политика во која се наоѓаат и корените на новата политичка ориентација на селанството и засилувањето на демократијата во селото.

## IV

Сега да ја разгледаме политичката страна на селанското прашање. Фашизмот, како што се знае, беше една голема опасност за мнозинството од народот. Затоа, уште за време на војната, во демократските блокови во сите споменати држави влегоа сите слоеви од населението, без еден мал дел на крупни земјовладетели и големи фабриканти, кои секогаш се држеле до своите лични интереси, а не за интересите на нацијата. Создавањето на новите режими уште од самиот почеток се одвиваше со помошта на широките селански маси. Сето тоа што се говореше „за диктатурата на работниците" и отстранувањето на селаните во сите тие земји беше една злобна мистификација, како што тоа може да се види во секоја одделна земја.

Во нова Југославија широките селански маси влегуваат во управувањето на земјата не само затоа што во повисоките органи на власта има многу претставници на селаните, туку и селанските партии влегоа во Народниот фронт. Карактеристично за југословенската демократија е тоа што народот ја извршува својата задача преку селските и градските одбори на Народниот фронт. Народниот фронт ги обединува најшироките слоеви од населението, кои се јавуваат како носители на прогресот и напредокот. Јадрото на Народниот фронт е сојузот на работниците и селаните. Во такво здружување на власта, широките селански маси имаат влијание во неа.

И во другите земји Романија, Бугарија и Унгарија селанските партии влегуваат во владините демократски коалиции. Но, се разбира, не старите партии, што го претставуваа селото до војната. Во повоениот развој на селанското движење можат да се одбележат три главни тенденции.

1. Некои од старите селански партии можеа да ги отстранат старите свои реакционерни раководства и да влезат во новите влади со прогресивно-демократски режим. Така на пример, во Бугарија Земјоделскиот народен сојуз можеше да го исфрли бившиот секретар Г. М. Димитров и други елементи, кои сакаа да ги одвојат работниците од селаните. И ден-денес, иако се отцепи, Бугарскиот народен земјоделски сојуз остана во Отечествениот фронт и во управувањето.

2. Тие стари селански партии, што не можеа да се ослободат од нивните реакционерни раководства, отворено застанаа на

притаени фашистички позиции. Истовремено станаа и засолниште на сите реакционерни и шовинистички елементи.

Тоа може насекаде да се забележи. Така на пример, во Романија, кадрите на национал-царистичката партија се преобразија во едни чисто фашистичко-терористички организации. Ману криеше во својата партија стари легионери. Таа стана водач на целата романска реакција. Затоа партијата се испразни и Александреску го напуштија целата младина, групата на Н. Лупу, еден од основачите на романското селанско движење, многу други личности и цели организации. На изборите во ноември 1956 год. Ману ќе биде поразен во многу околии во Трансилванија каде ја имаше својата основа.

Во Полска, партијата на Михолајчик сè уште се нарекува селанска, а е токму спротивното – народна реакционерна партија. Во неа влегуваат сите реакционерни елементи, кои не сакаат Полска да врви по демократски пат. И сега самите англо-саксонци, кои го поддржуваат од надвор, признаваат дека партијата на Михолајчик е разбиена и осамена. Истото го гледаме и во Унгарија со партијата на ситните сопственици, десното крило кое на чело со Бела Ковач подготви заговор против републиката и се разоткри нивната цела реакционерно-превратничка активност.

3. Третиот карактеристичен процес, што од основа го измени политичкото лице на повоеното селанско движење, е што се родија нови масовни селански организации, кои цврсто застанаа на определбата за сојуз со работничката класа. Со распаѓањето на партијата Ману се создаде и се засили новата земјоделска партија на чело со П. Гроза. Бројот на членови во таа нова и млада земјоделска партија (партија на орачите) одамна брои над 500.000.

Селанството, според П. Гроза, е мнозинство во земјата, но тоа не може само да ја води борбата. Во сегашното ново време селанството ќе може да победи само во сојуз со работниците во градовите и работничката интелигенција. Победува не бројноста, туку силата, а таа сила им ја дава и ќе им ја дава на селаните само работничката класа.

Така е и во сите други земји од Југоисточна Европа. Старите селански партии, кои се против сојузот со работниците, против народните демократски режими, се напуштаат од самите селани и така една по една изумираат.

V

Кога говориме за политичката улога на селанството во сите земји на Балканот и во Југоисточна Европа треба да го подвлечеме и прашањето што зазема големо место во политиката на тие земји – прашањето за национална независност. Спроведените коренити и радикални аграрни реформи во тие земји, што ја изменија судбината на селанството, можеа да се случат само благодарение на тоа што тие земји опстојуваат на заштитата на својот национален суверенитет. А, за тоа многу придонесува политичката активност на селанските маси. Се знае дека без селанството нема и не може да има силно и здраво национално движење. Во сегашните услови, без активната поддршка на селанските маси, демократските режими во сите тие земји не би можеле да го разрешат националното прашање и успешно да ја водат борбата за национална независност.

Политичката заостанатост на селанските маси до војната и нивната економска слабост се искористуваа од странскиот капитал, кој не наидуваше на отпор и располагаше со евтина работна рака. Ги знаете плановите на германските фашисти, кои планираа и сакаа да ги претворат сите земји на Балканот во чисто аграрни земји, со заостанато земјоделие, и да ги направат снабдувачи на индустриска Германија. А, тоа се поддржуваше не само од богатите земјоделци, туку и од сите стари, како што ги нарекуваат, традиционални земјоделски партии, кои ги спроведуваа и олеснуваа идеите на странскиот капитал.

Планот на германските империјалисти пропадна. Но, во сегашно време се појавија други империјалистички сили, кои сакаат да спроведуваат иста таква политика во истите тие земји на Балканот, па и надвор од нив во Полска, Унгарија, Чехословачка... Тие не без основа стравуваат дека со ликвидирањето на остатоците од феудализмот и брзиот економски развој на тие земји ќе бидат поткопани можностите странскиот капитал да господари во тие земји. Политичката заостанатост на селанските маси и реакционерните ставови на старите и бивши селански партии беа и се најдобрите услови за да можат крупните капиталисти да ја реализираат својата волја.

Едно време агентите на германскиот империјализам говореа оти тракторот го уништува изгледот и убавината на полињата. Селската мистичност и селската наивност треба да бидат нашиот

идеал, велеа шефовите на романскиот фашизам. Истите песни ги пеат и реакционерите во Западна Европа и во Америка. Еден првенец на меѓународната реакција, Турчин, рече дека народната демократија ја „уништувала самобитноста на селанските земјоделски земји“. Аграрните реформи ќе го деградираат и ќе го уништат селското стопанство на Исток, велат реакционерните органи на англискиот печат. Така е, поговорката вели дека духовите се плашат од светлината. Во сегашните услови меѓу селанските маси се втопи сознанието за неопходноста од силна заштита на националниот суверенитет. Селанството разбра дека без национална независност не може да се зацврсти економската структура во тие земји, дека не ќе можат до крај да се спроведат аграрните реформи и сите други мерки на новата демократија за кои селанството е живо заинтересирано. Така, и по тие прашања реакцијата крахира и се оправда политиката на прогресивната реакција. Од кажаното произлегува дека за неколку години пред нашите очи се случи политичкото будење на широките народни маси, кои во минатото живееле во немаштија, потчинетост и умствена заостанатост. А, тоа има големо историско значење. Новото лице на селанството во сите тие земји ја докажува ползата од новата демократија што се создаде, нејзиното прогресивно и напредно значење и големиот успех.

Војната заврши, но во многу земји останаа остатоците од фашизмот. А, освен тоа, меѓународната реакција се засилува. Во нивната голема омраза спрема сето напредно, спрема сето прогресивно, сегашните реакционерни елементи, исто така, слепо ја напаѓаат и кудат сегашната демократија, како што во минатото, кон крајот на 18. век, реакционерите ги мразеа идеите и принципите на американската војна за независност и француската буржоаско-демократска револуција. Како и нивните прапрадедовци, сегашните реакционери сакаат не само да го спречат напредокот во општествениот развој, туку и да го вратат назад тркалото на историјата. За таа своја посакувана цел, тие се подготвени за секакви престапи.

Најголемиот престап на меѓународната реакција беше последната светска војна. Таа го докажа пустошот на плановите, што се против прогресивното движење на човештвото. Војната покажа дека не може неказнето да не се води сметка за неприменливите закони на општествениот развој. Таа докажа дека оној што стои на тој пат, самиот ќе си ја скрши главата.

Фашизмот им донесе големи страдања и сиромаштија на народите, но на крајот на краиштата тој беше уништен. Силите на демократијата и на прогресот победија над силите на средновековното варварство и мракобесие.

Советскиот Сојуз, за кого војната беше една од најголемите и најстрашните, со чест и слава поднесе невидени и нечуени маки, страдања и искушенија. Советскиот народ даде најмногу за заедничката победа на слободољубивите народи. Советскиот народ одигра најголема улога во уништувањето на главните упоришта на светскиот фашизам и агресијата. Советскиот Сојуз ја спаси човечката цивилизација, како што едно време ја спаси и европската цивилизација во борбата со Татарите, Монголите итн. Советската армија ги ослободи народите во Европа од егото на Хитлер и неговата компанија.

А тоа не беше случајно. Победата на Советскиот Сојуз беше природна последица, зашто СССР стои на чело на прогресивното човештво, зашто Советскиот Сојуз е потпора на новите праведни принципи во односите на луѓето и во односите меѓу народите. Војната заврши со уништување на фашистичките агресори, но силите на реакцијата останаа на местото на германско-италијанскиот фашизам и јапонскиот империјализам. Новите претенденти за владеење со светот го заземаат местото на нивните стари пријатели. Сегашните поттикнувачи за нова војна почнуваат од почеток. Но, тие се слепи и не можат да видат дека светот не е веќе тој истиот каков што беше до војната. Другарот Сталин многу правилно рече дека војната не беше една обична војна меѓу армии, туку таа, заедно со тоа, беше војна на слободољубивите народи, кои не сакаа да наведнат глава пред германско-фашистичките завојувачи за владеење со светот. Освен тоа, продолжи Сталин, поучени од искуството на војната, народните маси разбраа дека судбината на државите не треба да им се довери на реакционерни водачи, кои ги гледаат своите лични интереси и имаат цели спротивни на народните. Затоа народите повеќе не сакаат да живеат по старо, ја земаат судбината во свои раце, воведуваат и создаваат демократски ред и водат активна борба против силите на реакцијата, против поттикнувачите на нова војна. Борбата продолжува. Народите сакаат долготраен и праведен мир. Тие сакаат да ги залечат раните од војната, да ги обноват и уште повеќе да ги развијат економијата и културата, да ги зацврстат независноста и слободата на своите земји, да одат

напред по патот на прогресот и демократијата, да заземат таква позиција, според која судбината на народите ќе се определува според нивните сопствени интереси, а не според желбите и интересите на разни монополистички групи, кои повеќе водат сметка за парите, отколку за татковината. Народите не ја водеа борбата за да потпаднат под власта на нови кандидати за владеење со светот.

Во борбата за своето свето право за слобода и независност, народите во целиот свет ја имаат силната поддршка на Советскиот Сојуз, кој води една политика за мир и безопасност, политика што ја признава рамноправноста на народите, мали и големи, политика која ги почитува и уважува нивните закони и праведни интереси. Таа постојана политика на Советскиот Сојуз го стекна симпатиите на целото прогресивно човештво. Таа политика ги попречува плановите и патиштата за светска хегемонија на САД. Таквите планови на некои кругови во Америка и во Англија за светска хегемонија се против самите закони на општествениот развој. Целите и стремежите на меѓународната реакција се против животните интереси на народите и против нивните напредни стремежи за национална слобода и социјална правичност.

Империјалистичките кругови на англо-саксонските држави сè повеќе и повеќе ги прошируваат нивните планови за надворешна, светска експанзија, и кројат нови планови за економско угнетување и политичко поробување на другите народи. Но, сепак, Советскиот Сојуз оди напред и само напред. Советскиот Сојуз излезе од војната посилен и поцврст. Сите советски народи со голем елан се предадени на едно мирно уредување, исполнети со верба во неговата иднина, во свеченоста на идејата за мир, демократија, праведност и прогрес.

**26. 5. [1]947 г.**

# ПОЧЕТОКОТ НА ГЕРМАНСКОТО ОСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПАДНИТЕ СЛОВЕНИ

Борбата со германските освојувачи започнала уште од самото создавање на словенските народи. Уште во VI – VII век Словените заземале една голема територија не само во Источна, туку и голем дел на Централна Европа. Словените живееле по целото течение на Висла, Одра, Елба, кај изворите на реката Дунав и во неговото долно течение. На некои места словенското население минувало и на западниот брег на Елба, по словенски нарекувана Лаба.

Најстарото словенско обединување се случило во првата половина на VII век во борбата со Аварите и Германите (Франките) на територијата на Бохемија (Чешка) под водство на Само. Франкискиот крал Догоберт, војувајќи со Само, бил целосно разбиен. Но, тој сојуз на словенски племиња во кој влегувале племињата од Бохемија, Хорутаните, кои живееле по Сава и Драва, и полабските Срби, не бил цврст и не траел долго. Наскоро, по смртта на Само, тој се распаднал. Во втората половина на IX век дошло до второто големо обединување на Словените со центар во Моравија. Во историјата тоа големо обединување било наречено Великоморавска држава. Кнезот Светополк, по напорната и успешно завршена борба со Германите, во 874 година склучил договор за да биде признат како самостоен кнез. Власта на Светополк ја признале Чесите, словенски племиња кои живееле на Карпатите, по Елба и Одра. По смртта на Светополк, Германите ја искористиле војната меѓу неговите синови и неколкупати страшно ја опустошиле територијата на Великоморавската држава сѐ додека таа не се распаднала. Останал само сојузот на чешките племиња, кои го означиле почетокот на чешката држава.

На тој начин, во времето на Карло Велики, кој создал една голема империја, словенските племиња навлегле во едно големо политичко раздробување. Во тоа се гледа главната причина за нивните неуспеси во борбата со обединетите германски држави.

Офанзивата на Германите над словенското население, кое живеело покрај Елба и на исток од таа река до Висла (племињата на полабските и поморски Словени) се проширила за време на првиот крал од саксонска династија Хенрих (919 – 936 г.). Германските одреди, што се состоеле од добро вооружени рицари, речиси секојдневно навлегувале на територијата на словенските земји и ги уништувале, палеле и ограбувале нивните жители, а многу од нив земале како плен. Полабските и поморски Словени им пружиле очаен отпор на освојувачите. Според зборовите на еден историчар Саксонец, Вудикинд, кој живеел во X век, „Словените го претпочитаат мирот многу пред војната и подготвени се да поднесат многу несреќи само и само да ја зачуваат нивната слобода“.

Работата на Хенрих ја продолжил многу повеќе Отон I (936 – 973 г.). Отон I на словенските земји организирал две источни марки, т.е. две германски области. Тој се зафатил да го христијанизира тогашното паганско словенско население, сметајќи дека на тој начин целосно ќе го потчини. Но, Словените многу брзо ја разбрале вистинската смисла на христијанската проповед, разбрале зошто мечот му претходи на крстот и зошто по рицарските одреди (војски), кои се населувале по закрепостените градови, се испраќаат христијански епископи. Црквата служела како средство за поробување и затоа борбата на Словените против христијанските мисионери добила националноослободителен карактер.

Уште пожестока станала борбата меѓу поморските Словени и Германите во XII век кога започнале крвавите пресметки и изживувања над незаштитеното словенско население од страна на саксонско-баварскиот херцег Хенрих Лев и неговиот соперник Албрехт. Офанзивите на Германите биле проследени со ужаси: Словените ги колеле, ги бесела на дрва и ги гонеле по планините како диви ѕверови. На заземената словенска земја Хенрих Лев го формирал Мекленбуршкото кнежевство, а, пак, Албрехт, неговиот соперник, истовремено ја основал таканаречената „средна марка“, која станала јадро на Бранденбуршката гро-

фовија. Во времето на синот и внукот на Албрехт, Германите ја заземале целата област по течението на реката Шпре и во 1238 година на брегот на реката бил основан Берлин.

И во почетокот на XIII век голем дел од словенското население, кое живеело меѓу Елба и Одра, било уништено и целата област била поделена помеѓу германските колонисти. „Дојдете, веleле германските проповедници, преселувајте се со вашите семејства. Ќе ви се даде добра, плодна земја, кај нас има многу риба, месо и убави пасишта“.

Останатото словенско население станало крепостништво. Во градовите словенското население се населувало по периферијата. Населението постепено умирало од немаштија и глад. Им било забранувано да говорат на словенски јазик. Но, сепак, тук-таму по некој словенски збор се зачувал дури до XVIII век. Еден селанец, кој бил потомок на словенските Венди, во тоа време напишал една хроника за неговото село. Во неа тој со тага пишува дека од неговите соселани веќе никој на словенски ништо не разбира...

Потоа продолжила борбата меѓу Чесите и Полјаците со германските освојувачи.

Колку повеќе се движеле кон запад, а и кон југ, кон изворите на реката Дунав, германските освојувачи наидувале на сè поголем и поголем отпор. Во X век тие се судриле со младите, но веќе доста силни словенски држави – со Чешка и Полска. Борбата на Чесите и Полјаците против заедничките непријатели ја зацврстувала врска помеѓу нив. Во тоа време западната граница на Полска сè уште стигнувала до Одра, а северната до населбите на прибалтичките Словени... Подоцна веќе почнува и германскиот притисок на Исток – Drang nach Osten...

## Националноослободителното движење во Чешка Словените под гнетот на Австрија

По победата на руските војски над германските рицари кај Груневалд и Такенберг (1410 г.), во Чешка се формирало и националноослободително движење против германското насилство. Најголема улога во националното движење во Чешка одиграл професорот и ректор на Прашкиот универзитет, познатиот проповедник на прогресивни идеи Јан Хус, кој им се спротивставил на папата и на Германците. Во 1410 г. жестоко ја поздравил победата на Словените над тевтонските рицари кај

Груневалд и Такенберг. Проповедта на Јан Хус била прифатена од широките маси на селанството и ситното градско население како повик за борба против католичката црква, која била орудие на германската држава. Јан Хус не доживеал да ја види победата на народното движење. Тој бил обвинет за ерес и на 6 јули 1415 година, по одлука на Констанцскиот собор, бил жив изгорен. Германците ги фрлиле изгорените коски на Јан Хус во Рајна и се надевале дека со тоа ќе го уништат споменот на тој борец за самостојност на чешката култура. Но, веста за неговото палење предизвикало општо негодување кај чешкиот народ. Религиозната борба во тоа време добила националноослободителен карактер.

Неколку години по смртта на Јан Хус во Прага избувнало вооружено востание, чиј водач бил учесникот на судирите кај Груневалд и Такенберг, Јан Жижка. На 15 јули 1420 година чешките востаници, составени од лошо вооружени селани и граѓани, околу Прага целосно ја разбиле германската војска. Таа победа имала големо значење за развојот на националноослободителната борба во Чешка. Таа победа е значајна и по тоа дека во неа пешадијата ја разбила германската коњаница. Јан Жижка бил на чело на народноослободителната борба до неговата смрт. Во судирите тој дури го изгубил и видот, и така слеп ја водел борбата против непријателот. Јан Жижка умрел во 1424 година како седумдесетгодишен старец. Чешкиот народ го почитува споменот на него како на голем национален херој.

Германите со сите средства се обидувале да го задушат отпорот на чешкиот народ и преземале пет крстоносни походи во Чешка, но ниту еден од нив не завршил успешно. Чешкиот народ решително ја чувал својата независност.

Во 1526 година кога во битка со Турците загинал чешкиот крак Лудвиг II. Чешка, според династичките врски, потпаднала под власта на австриската хабсбуршка круна. Под власта на Австрија, освен Чешка, потпаднале и други словенски народи: Хрватите, еден дел од Србите, а Словенците, пак, биле под гнетот на Австрија уште во XIV век. Иако тогаш австрискиот император ја потврдил ненарушливоста на сите привилегии и права на чешкиот народ, тие ветувања Австријците уште веднаш ги нарушиле. Чешкиот народ, верен на заветите на Јан Хус и на Жижка, ја продолжил борбата. Во XVI – XVII век дошло до нови востанија. Едно од нив, во 1618 година, било и почеток на

познатата Триесетгодишна војна. Чешка оттогаш била опустошена и останала речиси без население.

Германите со помош и соработка на Хабсбурговците ги растуриле сите сништа на чешкиот народ. Тие ја уништиле целата земја, забранувале да се говори на чешки јазик, ги затворале чешките училишта, протерале десетици илјади луѓе од нивната родна земја и ги замениле со германски колонисти. По наредба на императорот Карло VI (1711 – 1740 г.), биле уништени голем број книги напишани на чешки јазик. Еден езуист по име Антон Коњаш со злоба рекол дека тој самиот лично запалил над 16.000 чешки книги. Знаменитиот чешки педагог Амон Коменски бил принуден да ја напушти својата татковина.

## Нападот врз Словените од пруското кралство. Националноослободителното движење на словенските држави кон крајот на XIX и XX век

Крупните политички настани кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век имале големо влијание врз подемот на националното движење кај словенските народи, кои останале под германско и турско владеење. Тој подем бил поврзан со седумгодишната војна, со француската буржоаска револуција, со походот на Суворов, со татковинската војна во 1812 година.

Чешкиот научник Јосиф Добровски стана основачот на словенското заедништво. Поетот Јан Колар во една своја поема напиша да не се заборави дека за словенските народи како заеднички непријател се појавуваат германските освојувачи. Гласот, апелот на Колар бил слушнат од многу Словени. Археологот и етнограф Шафарин ја докажувал самобитноста и староста на словенската култура.

Идеите на Јан Колар и на Шафарин го привлекле општото внимание на словенските земји и многу придонеле за успешниот развој на националната самосвест. Тие имале големо влијание врз украинскиот поет Шевченко и врз полскиот поет Мицкиевич. Идеите за словенската преродба биле прифатени од широките општествени слоеви на словенските народи како продолжение на херојските традиции на вековната борба на словенството против германската агресија. Заедно со тоа, Словените, поробени од

Прусија, Австрија и Турција, сфатиле дека без помошта на Русија, во услови на разнебитеност и поделеност, не ќе можат да дојдат до национално ослободување. Големиот руски народ бил носител на историските традиции за непомирливата борба на угнетените Словени. Секое востание во словенските земји предизвикувало сочувство кај најдобрите претставници на руското општество. Руските доброволци со драго срце пристапувале во армиите на братските словенски народи и ги давале своите животи за нивното ослободување.

Истовремено, германските националисти засилено ја разработувале идејата за идната „велика Германија", која, според нивното мислење, требало да господари со светот. Идеолозите на таа теорија добро разбрале дека поставената цел можела да се постигне само по разбивањето на Русија како силна и моќна држава и потпора на целиот словенски свет. Руско-турската војна од 1877-1878 година уште повеќе ги зацврсти традиционалните пријателски врски помеѓу руските народи и јужните Словени.

Според Сан-Стефанскиот договор, била воспоставена независноста на јужните Словени – на Србите и на Бугарите. Но, Сан-Стефанскиот мир ќе биде ревидиран на Берлинскиот конгрес со отфрлање на праведните барања на јужните Словени. Бугарија ја изгуби Македонија, а Австро-Унгарија ги окупира словенските Босна и Херцеговина. Заземањето на таа територија било многу важно за Австрија и за Германија, зашто им се отворал патот кон Балканскиот Полуостров. Освен тоа, Германија со притисоци, поткупи и други политички, дипломатски и економски средства го засилила своето влијание во Србија и особено во Бугарија, каде ќе биде поставена една германска царска династија. Но, сепак, на Германците не им успеало да го уништат движењето на словенските патриоти.

На 28 јуни 1914 година во Сараево – престолнината на Босна – ќе биде убиен херцогот Франц Фердинанд. Австрија и Германија ќе го искористат тој настан за да ја започнат Првата светска војна.

За да се разберат целите на Германија во таа војна многу важни се изјавите на раководните германски политички дејци. Рајхканцеларот Бетман Холвег на заседанието во Рајхстагот на 4 август 1914 година изјавил: „Таа војна е војна на германизмот против словенството". Познатиот германски историчар Кара

Ламбрехт во еден свој настап во Лајпциг рекол дека „таа војна е последната борба на германизмот против настапувачкото источно варварство“, под што тој ги подразбира Словените.

Започнувајќи ја Првата светска војна, Германија се обиде да го зацврсти своето владеење во светот и, пред сè, да ги освои словенските земји. Словенската држава Бугарија, благодарение на врските меѓу бугарската царска династија и германскиот императорски двор, како и на предавничката политика на раководната клика, се најде на страната на Австрија и Германија. Стотици илјади Чеси, Словаци и Полјаци, спротивно на нивната волја, биле мобилизирани во австро-унгарската и германската армија. Нив насилно ги принудувале да се борат против братскиот руски народ. Поради тоа, илјадници Чеси и Словаци претпочитаа да се предадат како заробеници или да го свртат своето оружје против нивните угнетувачи. Најдобар пример е постапката на 28-от Прашки пешадиски полк, кој на 3 април 1915 година во полн состав, со развиорени знамиња и со музика, премина на руска страна.

Во 1915 година чешкиот национален совет, со потписот на видниот општественик Масарик, излезе со еден манифест во кој Чесите и Словаците им објавија војна на Австрија и Германија и побараа да се формира независна чехословачка држава.

## Хитлеровска Германија – смртниот непријател на словенството

Победата на големата Октомвриска социјалистичка револуција во Русија го прокламираше правото на народите за самоопределување, па по победата над Германија се создадоа три словенски држави: Полска, Чехословачка и Југославија. Но, сепак, Првата светска војна (1914 – 1918 г.), што заврши со поразот на Германија, не ги отстрани опасностите од германска агресија. Тие опасности станаа уште посериозни и особено засилени со доаѓањето на хитлеровците на власт во Германија.

Германските фашисти создаваа нивни планови за покорување и уништување на другите народи, особено на Словените. Во основата на нивната зоополитичка расна теорија беше поделбата на народите на господари (Германците) и на робови, во кои, пред сè, ги сметаа Словените. Тие сметаа дека проширувањето на германската држава треба, пред сè, да биде на сметка на

словенските земји и затоа било неопходно не само да се освојат териториите населени со Словени, туку и физички да се уништи голем дел од словенското население, додека останатото да се претвори во робје. Мечтаејќи да уништат милиони Словени, хитлеровците претполагале не само да вршат убиства, туку и експериментално да го сопрат зголемувањето на словенското население со стерилизација и други гнасни мерки. На останатото словенско население претполагале да му се одземе секаква можност за образование и културен развој. „Треба да имаме храброст и машкост, велеше Хитлер, да се вратиме кон незнаењето и неписменоста. Културата и знаењето претставуваат една опасност за класата на господарите. А, слободниот пристап кон културата претставува уште поголема опасност за зачувување на класата на робовите“.

Повикувајќи го германскиот народ да тргне по стапките на тевтонските рицари, Хитлер го премолчувал исходот од тој тевтонски настап во XIII – XV век. Се разбира, хитлеровската клика сфаќаше дека тие извртени планови за угнетувањето на словенските народи не ќе можат да се исполнат сè додека постои големата социјалистичка држава – Советскиот Сојуз. Затоа, неговата главна задача беше да го уништи СССР. Уште во 1935 година на конгресот на фашистичката партија во Нирнберг, Хитлер изјави дека по уништувањето на Советскиот Сојуз, тој се подготвува кон Германија да ги присоедини Украина, Кавказ, Урал и најпосле Сибир.

Хитлеровците тапоглаво велеа дека само германската нација може да владее со новото оружје, дека, на пример, авијацијата е чисто дело на Германците, а „Словените никогаш не можат да разберат и да водат воздушна војна“. Хитлеровците не само што ги разработија плановите за покорување и истребување на словенското население, туку тие пристапија и кон нивно систематско исполнување. Тоа започна со разгромувањето на словенските земји. Првиот удар ѝ беше нанесен на Чехословачка.

На Минхенската конференција во 1938 година, со учеството на Англија, Франција и Италија, беше донесено решение на фашистичка Германија да ѝ се даде можност да ја присоедини Судетската област. Искористувајќи ја попустливоста на минхенските „миротворци“, хитлеровските империјалисти ја заземаа не само Судетската област, туку и еден дел од територијата на

Чешка населен само со Чеси. Таа офанзива имаше многу тешки последици за Чехословачка, зашто заземената територија беше една многу добро утврдена погранична област. Подоцна, откако го искористи предавството на претседателот Хаха, ноќта на 15 март 1935 година, Хитлер ги испрати своите моторизирани дивизии преку чешката граница, ја заседе Прага и неколку часа по освојувањето изјави дека „Чешка е стара германска земја"! Така, на хитлеровците им се пружи можност да расчистат со Чехословачка. Само Советскиот Сојуз крена предупредувачки глас и само по три дена, на 18 март 1939 година, испрати еден решителен протест.

Заземањето на Чехословачка го подготви уништувањето на самостојноста на Полска. Нападот на Германците на Полска започна на 1 септември 1939 година. Против Полска се нафрлија 70 дивизии со голем број тенкови и авиони. И поради предавството на тогашната полска влада, Полска се покажа целосно неподготвена на воен план, што му даде можност на Хитлер да ја пороби за 14 дена. Потоа дојде редот на Југославија. На 31 март 1941 година, владата на хитлеровиот агент Цветковиќ во Виена потпиша договор за присоединување на Југославија кон државите на „Оската". Огорчениот југословенски народ по два дена ја собори владата, што ги беше предало националните интереси на Словените. Новата југословенска влада на 5 април 1941 година склучи договор со Советскиот Сојуз за пријателство и ненапаѓање. Наредниот ден, на 6 април, Хитлер ги испрати своите оклопни дивизии во Југославија. Во Југославија редовната армија, исто така, се покажа неподготвена за војна и по десетдневен жесток отпор југословенската армија беше поразена.

## Големата татковинска војна и победата на Словените во вековната борба со германските освојувачи

На 22 јуни 1941 година, хитлеровска Германија ненадејно го нападна Советскиот Сојуз. Започна една невидена во историјата битка – битка на огромни површини – од Барселона до Црното Море, која не запре ниту ден, ниту ноќ, цели три години и 10 месеци. Ние знаеме какво големо херојство покажаа народите на Советскиот Сојуз во таа гигантска битка. Големиот руски народ, кој беше водечката и најголемата нација од народите

на Советскиот Сојуз, за време на таа борба ги покажа своите карактеристични црти: јасен ум, цврст карактер и трпение.

Херојскиот отпор на советскиот народ во првите денови од големата татковинска војна во Советскиот Сојуз предизвика нов подем на народноослободителната борба во сите словенски земји. Милиони Словени на целиот простор од Северното до Јадранското Море поитаа со сите средства да ѝ помогнат на доблесната Црвена армија, зашто во нејзината цврстина и во нејзините победи гледаа услов за нивното ослободување. Тоа беше една беспримерна во историјата солидарност на словенските народи. Секој Словен разбра дека е дојден големиот историски момент, дека целата идна судбина на словенските народи ќе зависи од исходот на таа војна. Хитлеровците ги вложуваа сите напори и ги употребуваа сите средства со проверените во минатото методи за да посеат раздор и непријателство меѓу Словените, да измамат едни и со голем терор да заплашат други. Но, ништо не можеше да го спречи силниот развој на словенската воена и борбена соработка. На ниту еден начин и со ништо не можеше да се изгаси пламенот на народноослободителната војна.

Според хитлеровците, Чехословачка, со нејзината развиена метална индустрија, требаше да стане една од најголемите бази за снабдување на германската армија со боева техника. Чешките работници вложија не малку напори со саботажи, штрајкови и диверзантски акции да ја онеспособуваат воената индустрија. Во најголемите заводи Шкода производството падна на 30-40 отсто. Голем дел од авионските бомби, што се произведуваа во чешките заводи, беа онеспособени за да експлодираат. Истовремено, во земјата растеше вооружениот отпор против освојувачите. На 27 мај 1942 година, чешките патриоти го убија крвавиот потпалувач на Чешка, „протекторот“ Хајдрих. Масовните убиства и репресии, што следуваа потоа, само го зголемија непријателството на чешкиот народ.

Преку Чешка минуваа главните железнички линии, што ја поврзуваа Германија со линиите на советскиот фронт. Полските патриоти извршија стотици и стотици диверзии на железничките пруги, напаѓаа тенкови, ги палеа цистерните со бензин, па илјадници хитлеровски војници наоѓаа смрт во запалените вагони. Истовремено, се зголемија вооружените напади врз гестаповците, чиновниците и офицерите.

По фашистичката окупација, југословенската армија можеше да ги зачува своите кадри. Едни од нив послужија како основа за создавање на народноослободителната армија, која ги обедини дејствата на илјадници партизани во Србија, Црна Гора, Хрватска, Далмација, Словенија, Босна и Херцеговина. Сите народи во Југославија се кренаа во големата борба со старите непријатели на словенството. И кон крајот на 1942 година, во Бихаќ, на границата на Босна и Херцеговина се одржа сенароден собор – Антифашистичкото веќе на националното ослободување[15]. Една година подоцна, како привремена влада, беше формиран Националниот комитет за ослободување на чело со командантот на Народноослободителната армија на Југославија, маршалот Јосип Броз Тито. Доблесната југословенска армија израсна во голема вооружена сила на југот на Европа, која држеше десетици германски и италијански дивизии.

Кога фашистичките раководители на Бугарија ѝ ја предадоа својата земја на хитлеровска Германија, бугарскиот народ остана верен на заветот на своето старо традиционално пријателство со рускиот народ. Бугарските селани му напишаа на министерот за внатрешни работи во бугарската влада: „Не Советскиот Сојуз, туку германскиот фашизам и бугарската влада нѐ направија изнемоштени... Ако вие навистина се грижите за селанството, тогаш избркајте ги Германците од земјата, па и вие соберете си ги чеканите...".

Победите на Црвената армија кај Москва, Сталинград, Курск, Орел, Харков, Ленинград и на многу други места беа со радост пресретнати од милиони измачени и заробени Словени. Тие претставуваа нови сили за борба со вековните непријатели на словенството. И кога советската војска ја ослободи родната земја, тргна на запад каде милиони Словени почнаа да ѝ даваат помош на Црвената армија. Црвената армија на сите им донесе слобода и национална независност.

Црвената армија ја ослободи Полска и му помогна на полскиот народ да создаде независна полска држава. Таа му помогна, исто така, и на бугарскиот народ да ја собори хитлеровската предавничка влада и да воспостави традиционална соработка со рускиот народ. Црвената армија заедно со доблесната Југо-

[15] Се мисли на Првото заседание на АВНОЈ, одржано во Бихаќ на 26-27 ноември 1942 година.

словенска армија на маршалот Тито ја ослободи престолнината на Југославија – Белград. Таа ја ослободи Прага.

Советскиот Сојуз исполни историска задача, задачата за ослободување на поробените народи во Европа, кои беа потпаднати под ропство на германските освојувачи. Тоа можеше да го стори само советската социјалистичка држава, зашто таа ги почитува самостојноста и националните интереси на сите народи, а меѓу нив и на малите. Без да ја наметнува својата волја и своето државно уредување, Советскиот Сојуз е заинтересиран само за тоа да обезбеди триумфална победа на демократските сили како еден неопходен услов за зацврстување на мирот и за развој на националната култура.

Сојузот на ослободените словенски народи со Советскиот Сојуз претставува здрава основа за нивната независност. Историски граденото пријателство на Словените со братскиот руски народ, кој и во последната војна ги поднесе најголемите жртви за заедничката победа, се претвори во воена соработка со сите словенски народи на СССР. Најдобар доказ за тоа пријателство се склучените договори со Полска, Чехословачка, Југославија и др. Татковинската војна заврши со потполна победа. Вековната борба на словенските народи за слобода и независност заврши со победата над германските освојувачи и тиранија (Сталин).

## Победата на Советскиот Сојуз – советската воена стратегија

Пред шест години, на 22 јуни 1941 година, империјалистичката хитлеровска Германија го изврши ненајавениот и ненадеен напад врз Советскиот Сојуз. Почна војната во која се реши прашањето за слободата и независноста на Советскиот Сојуз, прашањето за живот или смрт на првата социјалистичка држава во светот.

Во 1940 година, хитлеровскиот Генералштаб во детали го разработи планот за напад врз Советскиот Сојуз, таканаречениот „план Барбароса“. Според тој план, германските војски требаше длабоко да навлезат во Советскиот Сојуз, молскавично да ја уништат советската армија, да ги заземат Москва и Ленинград и за четири до шест недели да застанат на линијата Архангелск – Астрахан. Придржувајќи се на тој план, хитлеровците го нападнаа Советскиот Сојуз.

Со почетокот на војната, германските империјалисти сакаа да создадат светска доминација на Германија, да го воспостават

крвавиот фашистички режим во целиот свет за поробување и истребување на другите, останати народи. Во војната со хитлеровска Германија се решаваше прашањето за натамошната судбина на човештвото – ќе тргне ли тоа по патот на прогресот или ќе биде вратено многу назад, кон средновековието и варварството.

Народите на СССР се кренаа во заштита на големата Октомвриска револуција и на советското општествено и државно уредување. Војната на Советскиот Сојуз со Германија уште во првите денови доби сенароден карактер. Татковинската војна на советскиот народ беше најправедната од сите праведни војни, што ги познава светската историја. Советската страна се виде принудена да го издржи невидениот, според силата, притисок на најлошиот и подол непријател. Таква војна светот досега нема видено ниту според големината на судирите, ниту според карактерот на непријателските армии, со кои требаше да се справат вооружените сили на Советскиот Сојуз.

Населението на земјите, кои активно земаа учество во Првата светска војна, изнесуваше (заедно со колониите) 1,05 милијарди или 62% од целото население на земјината топка, а во Втората светска војна – 1,7 милијарди луѓе или 80% од целото население на Земјата. Во Првата светска војна имаше 17 неутрални држави, со население од 170 милиони или 10% од населението на целата Земја. Во Втората, формално неутрални останаа шест, со население од 56 милиони или 2,5 отсто од населението на Земјата. Бројот на мобилизираните во 1914 – 1918 години изнесуваше 73 милиони, а во 1939 – 1945 година 110 милиони. Првата траеше 4 години и 3 месеци, а Втората 6 години или заедно повеќе од 10 години.

Фашистичка Германија ја започна својата ограбувачка и освојувачка војна против СССР во погодни за неа услови. Хитлеровската армија беше речиси целосно мобилизирана и имаше веќе двегодишно искуство од водењето војна во Западна Европа. Хитлеровските војски во период од неколку недели ги поразија армиите на Франција и Полска, што дотогаш се сметаа за водечки во Европа. Армијата на Хитлер ѝ нанесе голем пораз на англиската армија кај Денкерк, по што таа беше повлечена од европското копно. Хитлеровските војски ги заземаа Чехословачка, Полска, Норвешка, Холандија, Данска, Белгија, Франција, Југославија, Албанија и Грција. Насекаде во тие земји

германскиот фашизам воспостави „нов поредок", претворајќи го населението во робје, индустријата ја прилагоди за производство на оружје, а суровините ги користеше за воени цели.

А, се знаеше дека целата индустрија на Германија уште многу пред војната беше поставена врз воена основа и ја снабдуваше хитлеровската армија со тенкови, авиони, топови и друго оружје. Индустриските ресурси на германските сојузници и сателити – Италија, Финска, Унгарија, Бугарија и Романија – беа, исто така, користени за војната против Советскиот Сојуз. Против него беа искористени 170 германски дивизии вооружени со илјадници тенкови и авиони. Фашистите си поставија за цел, физички да ги уништат и да ги поробат народите на СССР и да ги претворат во робови на германските крупни земјовладетели и капиталисти. Опиени од митот „за непобедливоста на германската армија" и по првичните лесни победи, што им дадоа можност да заземат големи територии и богатства, хитлеровската војска се втурна во Советскиот Сојуз.

Вооружените сили на мирољубивата советска држава се најдоа во незгодна ситуација. Под притисок на бројно, многу поголемата војска на непријателот, советската армија беше принудена да се повлекува, водејќи притоа жестоки борби. Над Советскиот Сојуз надвисна една сериозна и страшна опасност. Во тој момент, вождот и учителот на сите работни луѓе, другарот Сталин, застана на чело на вооружените сили на СССР. На 3 јули преку радиото тој на сите народи и на армијата им ја кажа голата вистина и ги повика народот и армијата на беспоштедна борба со германските освојувачи. Уште тогаш другарот Сталин ги одреди целите на војната на Советскиот Сојуз против хитлеровскиот непријател: „Војната со фашистичка Германија не треба да се смета како една обична војна. Таа не е само војна меѓу две армии. Таа истовремено се јавува и како голема војна на советскиот народ против германско-фашистичките војски. Целта на таа сенародна татковинска војна против фашистичките освојувачи не е само ликвидирање на појавената опасност, надвисната над советската земја, туку и помош на сите народи во Европа, кои страдаат под јаремот на германскиот фашизам".

Другарот Сталин ја разоткри целата лажливост на митот за непобедливоста на германската армија. „Историјата ни покажува дека непобедливи армии немало и нема, па и хитлеровската армија може да биде разбиена и ќе биде разбиена, како што

беа разбиени и армиите на Наполеон и на Вилхелм“, рече тој. Тие зборови на Сталин внесоа храброст и цврстина во срцата на советските луѓе, зашто првите успеси на Германците беа привремени и во текот на војната нивните сили слабееја и се истоштуваа. „Нашите сили се неброени. Самиот непријател многу скоро ќе се убеди во тоа“, рече Сталин.

Генијалното и научно основано предвидување на др. Сталин за целите, карактерот и перспективата на војната најдобро се потврдија за време на последните воени дејства. Само во првите четири месеци на советско-германскиот фронт, Германците изгубија за половина повеќе војници и офицери, отколку во целата Прва светска војна на источниот фронт. Хитлеровската команда, сметајќи на брз пораз на СССР и на брзо заземање на Москва и на Ленинград, на советско-германскиот фронт ги фрли и своите резерви, без да жали за големите загуби во луѓе и техника. Во октомври 1941 година, по цена на огромни загуби, Германците успеаја да се доближат до Московската област. Тоа беше најопасна ситуација во текот на таа година. Непријателот беше дојден до самите порти на Москва. Смртна опасност се надви над престолнината на Советскиот Сојуз. И во тој момент, во декември 1941 година, советската армија раководена од генијалниот Сталин кај Москва ја разби елитната војска на Германците.

Тоа беше првиот голем пораз на Германците во Втората светска војна. Митот за непобедливоста на хитлеровската армија беше разбиен. Планот на германско-фашистичките освојувачи, со една „молскавична војна“ да расчистат со Советскиот Сојуз, целосно пропадна. Не се остварија и плановите на германско-фашистичките „стратези“ за создавање на една заедничка коалиција, на сојуз против СССР за негова изолација, за слабоста на советската организација, за слабоста на советската заднина, за слабоста на вооружените сили на Советскиот Сојуз.

Во силните и жестоки борби со непријателот, во огнот на големата татковинска војна се искали советската армија. Таа се стекна со искуство и, што се вели, стана способна и вешта. Советските војници, воспитани во духот на верност кон татковината, постојано ги манифестираа нивните карактеристични црти: свесност, целосна увереност во победата, самопрегорност и беспримерна храброст.

„Но, само храброста не е доволна за да се победи непријателот, кој имаше многубројна армија, првокласно вооружување, многу добро обучен офицерски кадар и солидно снабдување. За да можеше да му се нанесе удар на таквиот непријател, да му се пружи отпор, а потоа и целосно да се разбие, освен беспримерната храброст на советските војски, беа неопходни и современо вооружување, како и добро снабдување“ (Сталин).

Ненајавениот и ненадеен напад на хитлеровците врз СССР, пред советскиот народ ја постави задачата, целото стопанство во најкраток можен рок да се пренасочи за воени цели и да се мобилизираат сите сили и средства за потребите на фронтот. Таа најтешка задача ќе биде успешно извршена. На Советскиот Сојуз му требаше близу една година за да може да ја пренасочи целата економија за масовно производство и добивање на воена опрема и техника. А, на најголемите капиталистички држави за такво нешто им требаше подолго време: на САД половина година, а на Англија повеќе од две години. Советската индустрија, според квалитетот, ѝ даваше на советската армија првокласна воена техника. Уште на самиот почеток на војната се виде дека советските тенкови и советските авиони се поефикасни од германските. Тоа, пак, донекаде придонесе да се надополни недостигот во количество од техника. Кога индустријата целосно се пренасочи, советската армија му се спротивставуваше на непријателот со сѐ поголема и поголема маса од воена техника. За време на војната, силата на советската авијација и артилерија се зголеми за петпати, а на тенковските војски дури за 15 пати! (Тоа го кажа Сталин на 9. 2. 1946 год.).

За време на војната особено дојде до израз виталноста, силата и цврстината на колхоското уредување. Без да се гледа на загубите во Украина, Кубан и на Дон, селското стопанство во СССР успешно ја снабдуваше земјата и армијата со прехранбени продукти, а индустријата со суровински материјали.

Големите економски и социјални промени во Советскиот Сојуз, спроведени од болшевичката партија според пораките на Ленин и Сталин, го претворија СССР во силна социјалистичка држава. Војната со хитлеровска Германија покажа дека советското општествено уредување е силно и витално. Советското уредување се покажа не само како најдобра форма за организирање на економскиот и културниот подем на земјата во мирно-

временскиот период на изградба, туку и за мобилизација на сите сили на народот за отпор на непријателот за време на војната.

„Планот Барбароса“ пропадна, а престана да дејствува и факторот брзина и изненадување. „Молскавичната војна“ претрпе крах. Судбината на војната ја решаваа постојаните фактори: силата, цврстината на заднината, моралниот дух на армијата, количеството и квалитетот на мобилизираните дивизии и организаторските способности на армиските началници. Партијата на болшевиците и др. Сталин, сметајќи и правилно искористувајќи ги тие фактори, ги концентрираа силите за исполнување на главните цели и задачи од кои зависеше судбината на војната.

Хитлер во СССР ги испрати елитните армии, зашто беше убеден дека во светот не постои сила што ќе може да му се спротивстави на неговиот притисок. Но, самата реалност се поигра со безумните германски освојувачи. Советската армија за време на Втората светска војна ја надмина хитлеровската армија со своите морални квалитети, воена техника и со искуството на старешинскиот кадар. Во првата етапа од војната, советската армија водеше само одбранбени борби. Суштината на стратегијата се гледаше во тоа што со силната и активна одбрана требаше да се задржи непријателот и тој да се обесхрабри, а притоа да се добие во време за да се подготват резервите и да се дојде до промена во соодносот на силите во полза на советската армија.

Со големо искуство и под раководство на Сталиновата воена наука, советската армија своите значајни победоносни операции ги спроведе во вториот период од војната. Непогрешливиот избор за главниот удар, мајсторството во оперативното искуство и настапувачкиот порив на војниците и офицерите – сето тоа и овозможи на советската армија постојано да ја држи иницијативата во свои раце и да му нанесува се поголеми и поголеми удари на непријателот. Како триумф на Сталиновата наука да победува во историјата ќе влезат големите победи на советската армија пред Москва и Сталинград, кај Курск, пред Киев и Кировград, кај Минск, Ленинград и Талин, кај Лвов, на реката Висла и Берлин. За време на големата татковинска војна дојде до израз големата супериорност на советската воена наука и Сталиновата стратегија, што им ги поматија сите сметки на германските милитаристи. Погрешната стратегија на хитлеровскиот Генералштаб и шаблонската тактика на германските команданти – извршители, не можеа да издржат пред

Сталиновата стратегија и леснотијата на маневарската тактика на советската армија.

На 22 јуни 1941 година, германските авиони ги бомбардираа градовите Киев, Житомир, Севастопол, Брест, Каунас и др. На 22 јуни 1941 година хитлеровската војска, со развиорени црни знамиња се нафрли врз градовите и селата на советската земја. За помалку од четири години, германските авиони станаа експонати изложени заедно со други германски воени трофеи, што ги освои советската армија, а сите знамиња одземени од германската армија на 24 јуни 1945 година се најдоа фрлени под нозете на победниците на Црвениот плоштад во Москва.

Победоносно завршувајќи ја војната, советскиот народ најде можност одново да ѝ се врати на мирната социјалистичка изградба. Лекувајќи ги раните од војната, сега се води борба за исполнување на големите задачи поставени со новиот петгодишен план за обнова и развој на народното стопанство на СССР. Советските народи чекорат кон достигнување на предвоениот стандард на народното стопанство, па и негово надминување, да ја зголемат материјалната благосостојба на народот и уште повеќ е да ја зголемат силата и можностите на советската држава.

Под раководството на Сталин и на болшевичката партија, победничкиот народ, народот творец – успешно ќе ги реши и тие задачи и секогаш е подготвен за секој случај од каде и да дојде и од кого и да дојде во светот. Тој советски народ го има зад себе целото словенство, а го има и целото прогресивно човештво во целиот свет. Каде е Сталин, таму е победата.

Вооружените сили на СССР, кои во големата татковинска војна го зачуваа, одбранија и прославија Советскиот Сојуз, строго го чуваат извојуваниот мир во Европа и во целиот свет.

**Да живее Советскиот Сојуз и неговиот генијален вожд др. Сталин,**

**Да живее Тито и ФНРЈ,**

**Да живее целото словенско единство,**

**Да живеат сите мирољубиви народи во светот**

## Придонесот на словенските народи во светската култура

Извојувајќи целосна победа над својот вековен непријател – германскиот империјализам – словенските народи денес влегоа во еден значаен период од нивниот политички живот. Меѓу

словенските народи се воспостави вистинска соработка врз основа на заемно почитување и заемна поддршка. Со помош на советската армија ослободените словенски народи во Југославија, Полска, Чехословачка и Бугарија најдоа можност да ги уредуваат своите држави врз основа на нова, народна демократија. Успешното реализирање на повоената демократија во словенските земји создаде натамошни услови за развој на соработката на словенските народи. Словенските народи сè посилно и сè поцврсто се обединуваат околу својот ослободител – Советскиот Сојуз.

Поставено и разработено е прашањето за придонесот на Словените во светската култура. Тоа прашање е многу актуелно и важно. Историјата на развојот на човештвото ни кажува дека словенските народи активно учествувале во создавањето на светските културни вредности, наспроти тоа што тие со векови биле принудени да опстојуваат под притисокот на многубројни и силни народи.

Во сегашно време, новата, единствено прогресивна култура во светот, е социјалистичката култура на советскиот народ. Моќната социјалистичка држава, создадена од Ленин и од Сталин, е изворот, огништето на таа социјалистичка култура, најнапредната култура во светот. На фашизмот, на фашистичката „култура“ на расизам, на човечка омраза, на негирање на моралот, на негирање на совеста и на честа, на култот на грубата сила, на подлоста, на лагата и на лицемерието, советскиот народ им се спротивстави со својата култура, со новата советска култура. И таа победи, победи советската култура, зашто таа во себе го имаше најубавото, што е создадено од човештвото во период од илјадници години од неговото постоење и развој. Победи, зашто тоа е култура на повисоко општествено уредување отколку на капитализмот. Најпосле, победи затоа што таа е придобивка не на десетици или стотици избраници, туку на многумилионски маси, зашто таа е создадена од тие многумилионски работни луѓе.

Во основата на советската култура и ленинизмот – најголемата придобивка не само на руската, туку и на светската култура. Ленинизмот се јавува како највредниот придонес на словенските народи во светската култура.

Ленинизмот – тоа е еден целосен, хармоничен и материјалистички поглед на светот, што во својата основа го има

методот на револуционерна дијалектика, ленинизмот е историски закономерниот израз на најпрогресивните идеи на човештвото. Ленин сестрано го разви и го збогати учењето на Маркс и на Енгелс во филозофијата, историјата, во теоријата на политичката економија, учењето за државата и за правото и во сите други области (гранки) на човечкото знаење.

Октомвриската социјалистичка револуција во 1917 година, која на сите трудбеници во светот им го отвори патот кон социјализмот, истовремено го означува и големиот триумф на ленинизмот. Октомвриската социјалистичка револуција отвори нова ера, нова епоха во развојот на човештвото и на народите, кои ја спроведоа, па сега одат понапред од сите други во големиот процес за преуредување на светот. Никогаш ниту пред еден народ не биле поставени такви грандиозни, смели и тешки задачи, какви што беа и се поставени пред советскиот народ во период од близу 30 години од создавањето на советската власт. Никогаш и ниту кај еден народ немало таков вожд, како што е партијата на Ленин – Сталин. И затоа никогаш не биле опфатени толку многу луѓе со една јасна и заедничка за сите нив задача, како што се случи со советскиот народ, и ниту еден народ не одел уште толку самоуверено и цврсто по патот на прогресот, како што оди советскиот народ. Со таков стремеж е проникната и советската култура – науката, литературата, знаењето и вештините.

Советската наука со право има едно раководно место во светот. Трудовите на Павлов, Мар, Мичурин, Карпински, Жуковски и десетици и стотици други видни научници во Советскиот Сојуз, отворија нова страница во историјата на светската наука, наука ослободена од предрасуди, смела, наука која оди напред и му служи на народот, наука која се јавува како органски поврзана и како составен дел од планското општествено уредување. Науката во СССР не е приватно дело на научникот, таа е големо општествено дело и таа нова положба на науката ја определува и новата положба на научниците и односот кон нив на самото општество.

Тешко е да се набројат сите достигнувања на руската наука во последните 30 години. Насекаде и секогаш, во сите области (гранки) на научното творештво руските научници имаат и го даваат својот придонес. Победоносната војна со германскиот фашизам јасно покажа, што постигнале советските научници во нивните лаборатории. Советскиот народ целосно го сподели

убедувањето на неговиот водач, др. Сталин, дека „советските научници ќе можат не само да ги достигнат, туку во најскоро време и да ги надминат постигнувањата во науката и надвор од Советскиот Сојуз“.

Во областа на литературата, советските писатели – М. Горки, Ал. Толстој, украинските П. Тичин, М. Рилски, А. Корнејчук, М. Бажен, белоруските поети Ј. Купала и Ј. Колас и др., му дадоа на светот високоидејни и високоморални дела. Уште пред 12 години, на првиот сојузен конгрес на советските писатели, најголемите странски мајстори на уметноста со восхит говореа за советската литература и нејзиното големо влијание врз литературата во целиот свет.

Никогаш не одделувајќи се од народот и неговите интереси и секогаш борејќи се за подобра иднина на целиот свет, советската литература се јави како најголем осудувач и борец против фашизмот. Уште пред војната, со години по ред советската литература упорно и засилено го предупредуваше светот од застрашувачката смртна опасност. Само да потсетам на зборовите, на претскажувачките зборови и на предупредувањата на М. Горки.

И за време на војната советската литература беше големо средство за мобилизација на масите за борба со фашизмот – непријателот на сите слободољубиви народи во светот, за борба против варварството и подлоста, против цинизмот и култот кон гола сила. Со идеите на хуманизмот и патриотизмот е проткаено и советското ликовно творештво, театарот, филмот и музиката. Советската култура, како една ограничена целина, како збир на најубавото што го создало човештвото, претставува врв, знаме на сегашната епоха и најголем придонес во светскиот прогрес.

* * *

Словенските народи уште од најстаро време биле носители на напредни идеи и нивната култура имала големо влијание во развојот на светскиот прогрес. Пронаоѓањето, односно создавањето на словенската писменост во 9. век од големите словено-варварски просветители Кирил и Методиј говори за големата творечка сила на словенските народи во минатото. Словенската писменост не само што бргу се израмнува со

латинската, која дотогаш била раширена во цела Западна Европа, туку и ја надминува според распространетоста.

Како повисок степен во прогресивниот развој на културата на словенските народи треба да ја сметаме Киевска Русија. Во XI и почетокот на XII век, Киевската држава го достигна зенитот на својата политичка сила и културен процут. Во тоа време Киев бил светски културен и трговски центар. Јарослав Мадрим уште во XI век воспоставил широки меѓународни врски, политички, трговски и културни. Јарослав е првиот создавач на школи и училишта за Русите. Во тоа време многу бил развиен летописот. Во развојот на летописите старата Русија го заземала првото место во Европа. Во XI век се појави класичното дело „Слово о полку Игорове", во кое се изложени идеи, што, според своето значење, ги надминувале идеите кои дотогаш биле раширени во Западна Европа. Идеите за обединувањето на рускиот народ, за чувството за голем патриотизам, за длабока љубов и верност кон татковината, за чувството за солидарност со сите слоеви во општеството, за борба со непријателите се карактеристични за целиот словенски епос. Руските бригадири, хероите во српските и бугарските песни – сите живеат со едни и исти чувства, чувства на патриотизам и љубов кон татковината. Моралните квалитети на лицата во словенскиот епос го оставаат многу зад себе прославеното „достоинство" на хероите во германскиот епос – „Песни за Пибелунгите". Во нив се слави култот кон голата сила, итрината, подлоста, лицемерието, користољубието, а во словенскиот епос – љубовта кон народот, подготвеноста секогаш да му се служи нему, мирниот творечки труд, херојството, храброста, скромноста и несебичноста.

Словените преку богомилите први ја разбрале ограниченоста на теолошкото размислување во средниот век и ги воспоставиле принципите на тие еретички учења, што подоцна со голема брзина се раширија по цела Европа (Камарите, Албигијците итн.). Богомилите први кренале бунт против безусловната покорност на авторитетот, против социјалното и политичкото угнетување, први кренале глас во името на слободата на мислењето и слободата на личноста.

Од XIII до XIV век на рускиот народ му се наметнало да води жестока борба против татаро-монголските орди од Исток и против тевтонските и лионски разбојници од Запад. Со својата упорна борба против монголо-татарските орди, рускиот народ ја спаси

западноевропската цивилизација од уништување од татарските освојувачи. Откако воспоставил долг и несовладлив предел пред експанзијата на тевтонците кон Исток, рускиот народ ги сочувал огништата на словенската култура и овозможил услови за нејзин натамошен развој. Словенските народи дале свој придонес и во движењето, што ги постави основите на новиот поглед на светот и што праведно беше наречено – ренесанса. Преку јужните Словени – Бугарите, Србите и Хрватите – Западна Европа се запознала со достигнувањата на античката култура. Културниот прогрес во Чешка, во втората половина на XIV век, го внесе своето, самобитното во општоевропската ренесанса. Прашкиот универзитет (основан во 1348 г.) брзо се прослави како европски центар на науката.

Учењето на Јан Хус и неговите следбеници беше најголемото и најсјајно достигнување на светската култура кон крајот на средниот век. Идеите за слободата на мислење, создавањето на народна национална црква, еднаквоста на луѓето, создавањето на новото, демократско општество, прокламирани од Хус имале големо значење. Хусустичкото движење долго време било силно и прогресивно револуционерно движење во цела Европа. Од Хус произлегува почетокот на западноевропското реформаторско движење, иако тоа нецелосно го прифатил демократскиот правец на хусистите. Истовремено, откако ја завршила победоносната борба со Монголите и со тоа ја спасила Европа од татарскиот јарем, Киевска Русија во таа епоха преминала кон создавање на една повисока форма на држава – централизираната држава. Руската политичка литература од тоа време, која ги заштитуваше најдобрите форми на државно уредување, се јавува како највредниот придонес во општоевропската литература.

Јужните Словени, од своја страна, ја спасуваат Европа од навлегувањето на Турците. Со нивниот упорен отпор, тие ја сопираат турската коњаница на брегот на Дунав. Под долгиот и тежок турски јарем, јужните Словени сепак не го прекинуваат нивниот културен развој. Нивните песни создадени за време на турското ропство зачудуваат со силата и длабокото чувство, со големото патриотско расположение и љубов кон татковината. И не случајно во XIX век, тие песни се сметаа за најдобри и со восхит се преземаа од напредните и прогресивни луѓе во западноевропската литература (Мериме и др.).

За високото ниво на културата на јужните Словени сведочи литературата, толку многу развиена во Дубровник – единствениот слободен остров на српскиот народ од турскиот јарем. Таа литература го изразувала новиот систем на човечките односи, го спроведувала слободниот поглед на светот и била целосно оригинален резултат во развојот на српската култура, која во основа го примила и органски го преработила културното наследство на античкиот свет. Српските научници избегани од турските прогони тогаш ги добивале катедрите на италијанските и на европските универзитети. Од средините на српските научници од Далматинското крајбрежје имало многу филозофи, лекари, научници од природните науки, патеписци... Не малку Срби се истакнале како големи уметници, скулптори, музичари и архитекти. Најзначајниот математичар бил Марин Хеталдиќ (1566 – 1627 г.), познат, исто така, и под името Павле Сарпи. Тој бил пријател на Декарт и прв ја применил алгебрата за решавање на геометриски задачи.

Во светската култура голем е придонесот и на полскиот народ. Универзитетот во Краков, основан во 1364 година, исто така, бргу станал центар на европското образование и центар за ширење на новите идеи. Од Краковскиот универзитет излегол големиот син на полскиот народ Никола Коперник, автор на новото учење за вселената, кој во науката го утврди најправилниот и вистински пат за да се откријат законите на природата. Од него почнува ослободувањето на природните науки од теологијата... Од тогаш со гигантски чекори почнал развојот на науките (Ф. Енгелс).

Активно учество во создавањето на новата култура земаат и белорускиот и украинскиот народ. Белорускиот научник Георги Скорина во 1517 година го издал белорускиот превод на Псалтирот, а потоа и други книги од Библијата, откако за секоја од нив пишува предговор во кој ги толкува многу пошироко од нивниот ортодоксен дух. Чешка, која ќе биде задушена од католичката реакција, сепак, не престанува со својот културен прогрес. Трудовите на Ј. А. Коменски (1592 – 1670 г.) се јавија како прв обид за создавање на систем на новата педагогија, учење за создавањето на нов човек. Идејната големина на Коменски и демократскиот приод за разрешување на проблемот му обезбедија видно, челно место меѓу педагозите – мислители во светот.

* * *

Исклучително голем е придонесот на словенските народи во светската култура во XVIII – XX век. Во XVIII век, Михаил Ломоносов не само што се издига на висина на современата наука, туку ја поттикнува уште понапред, по нов пат. Типичен енциклопедист и еден од првите претставници на филозофскиот материјализам, тој се одликува со смелоста во своите размислувања, со неприфаќање на ропското поклонување пред авторитетите, со стремеж кон најдоброто и широко разбирање на појавите во природата и кон филозофско воопштување на податоците од експериментите и набљудувањата. Ломоносов го надминува современото западноевропско запознавање со природата, тој прв го објаснува и докажува законот за зачувување на материјата и на материјалите, со еден збор тој има такви погледи врз природата, што станаа општоприфатени дури кон средината на XIX век.

Традициите на Ломоносов се јавуваат како традиции на најдобрите претставници на руската наука. Нивно практично отелотворување натаму ни го даваат Н. И. Лобачевски, Д. И. Менделеев, И. И. Мечников, И. М. Сеченов, К. А. Тимурјазев, И. П. Павлов и многу други. Сите тие научници ја збогатуваат светската наука со многу достигнувања од светско историско значење. Работејќи врз одделни конкретни проблеми, тие непрекинато се трудат филозофски да ги осмислат. Стоејќи на напредни позиции во современата наука, тие ја ставаат во преден план и ја креваат на повисоко ниво, а притоа смело ги кршат и ги напуштаат старите позиции. Тие на светската наука ѝ отвораат нови, блескави перспективи за нејзиниот развој. Лобачевски создава нова геометрија, која генијално ја навестува и претставува теоријата за релативитетот. Петров порано од Волта ги открива својствата на „волтовиот електрицитет“ и отвора широк простор за примената на електричната енергија. Зинин, Бутлеров и Менделеев ја збогатуваат хемијата со нови откритија. Менделеев го откри периодниот систем на елементите – едно генијално откритие, што ја направи хемијата вистинска наука и ѝ овозможи еден голем, неограничен развој.

Руските научници – повеќето свесни материјалисти и борци – непрекинато водат борба за победа на најдобрите напредни идеи и на најдобрите прогресивни теории. Никој во светот

не направил повеќе за заштитата, ширењето и натамошниот развој на учењето на Дарвин, освен К. А. Тимирцев и В. Комаров. Сеченов се јавува како основоположник на новото материјалистичко учење за зголемената нервна активност на човекот – учење толку убаво развиено од Павлов, што стана најголемо достигнување на светската наука. А. С. Попов уште пред Маркони го пронајде радиото и го спроведе во пракса. Мечников го создаде своето учење за имунитетот и по долга и упорна борба со конзервативците во науката најпосле му се даде светско признание.

Трудовите на полските, чешките и други математичари, хемичари, биолози, физичари (М. Кири Складовска, Прохаска и др.) исклучително многу ја збогатија светската наука. Голем придонес во светската наука се трудовите на словенските научници по историја, лингвистиката, археологијата, литературата и етнографијата на словенските народи. Со стотиците свои дела, што имаат светско историско значење (трудовите на Добровски, Караџиќ, Шафарик, Копитар, Миклошиќ, Пупин, Нидерле, Шахматов, Златарски и др.), сите тие научници, всушност, отворија нова страница во сеопштата историја, го расветлија минатото и сегашноста на милионски словенски маси, кои наспроти тврдењата на непријателите на словенството, играле, играат и ќе играат голема улога во животот на човештвото.

Како еден од најголемите придонеси на руската и општословенска револуционерно-демократска мисла во светската култура се јавува систематското, доследно и строго научно демаскирање и беспоштедната борба со сите видови на национализам, национал-шовинизам и расизам на пангерманизмот и панславизмот. Таа борба ја започнал уште Чернишевски и неговите следбеници меѓу Србите и Бугарите (Св. Марковиќ, Хр. Ботев и др.). Како што се знае, доследно разобличување на расизмот и сличните на него реакционерни „теории" се гледа и во трудовите на Ленин и на Сталин.

Значајно место во создавањето на културните вредности има и литературата на словенските народи во XIX и XX век. Во лицето на Пушкин, Лермонтов, Гогољ, руската литература со право зазема едно од првите места меѓу останатите литератури во светот. Карактеристична црта на руската литература и тесно поврзаните со неа литератури на другите братски словенски народи е нејзиниот граѓански и вистински хуманизам. Руските

писатели секогаш биле поврзани со животот и интересите на својот народ, тие биле вистински изразувачи на неговите чувства и размислувања.

Руската литература секогаш ги заштитувала идеите на слободата, честа, праведноста и почитувањето на човечката личност. За рускиот писател прекрасното секогаш било неделиво од праведното. Имено, таа околност што руската литература секогаш била израз на прогресивните и демократски идеи, се јави како извор на нејзината сила и влијание во светската литература. Од Тургењев учеа многу видни странски мајстори на зборот од Г. де Мопасан до Хелсуорси. Уште поголемо влијание во Европа, Америка и Азија имаа делата на Толстој и Достоевски. Од нив учеа и се восхитуваа Ромен Ролан, Б. Шо, Т. Ман, Ст. Цвајг и многу други класици во западната литература. Строгиот стилист Флобер бил воодушевен од трудовите на руските писатели, а Мопасан говорел дека е неопходно да се учи од Толстој. Кон крајот на XIX век, руските писатели Чехов и М. Горки станаа вистински учители на човештвото. По патот на Чехов тргнаа стотици европски и американски новелисти, барајќи нови форми за да ги изразат своите хуманистички идеи.

Како врв на руската класична литература се јавува М. Горки, детето на рускиот пролетаријат. Во неговото творештво најдоа свој израз најдобрите прогресивни идеи на човештвото. Борбениот хуманизам на М. Горки стана знаме на милиони маси во целиот свет. Имено, самата голема идеја, создадена од човештвото во време на многувековниот процес на неговиот историски развој, идејата за создавање на социјално општество, го најде својот прв и најдобар уметнички израз во творештвото на М. Горки. Тој стана не само учител на мајсторите на зборот, туку и учител на масите. Руската литература во лицето на своите најдобри претставници се јави како најдобар и најблескав пример за обединувањето на уметничкото и политичкото начело. Во време кога на Запад писателите најмалку се чувствувале како политички борци, во Русија, Пушкин и Лермонтов во своите стихови му испраќаат уништувачка критика на царизмот, а Херцен, Чернишевски и Салтиков-Шчедрин ја разоткриваат целата гнасотија на рускиот царизам, додека Горки ја пропагира идејата за социјализам во форма, што е најдостапна до масите.

Исто така, голем е придонесот во светската литература и на руските критичари – револуционерните демократи. Никаде,

ниту во една буржоаско-демократска земја, антинародната теорија и пракса на „уметноста за самата уметност“ не доживеала таков пораз, како во трудовите на Белински, Чернишевски, Добролљубов и Плеханов. Имено, тие во нивните трудови го издигнаа на големо ниво значењето на општествениот (државен) елемент во литературата и ја воспоставија вистинската содржина на намената на уметноста во општеството.

Големата љубов кон татковината и кон својот народ, како и страсната верба во неговата подобра иднина, се карактеристичните црти во творештвото на украинските и на белоруските поети и писатели. Генијалниот Шевченко, основоположникот на украинската уметничка литература – е поет со светско значење. Во втората половина на XIX век, ослободените од братскиот руски народ Бугари за половина век создадоа богата национална литература, што се одликува со големо демократско и револуционерно творештво. Хр. Ботев (1848 – 1876 г.), воспитан во духот на големите идеи на руските демократи Белински, Доброљубов, Писарев и Чернишевски, им дава една одлична уметничка слика на тие револуционерни идеи. Песните на Хр. Ботев за ајдутите, за слободата, за љубовта кон татковината се пеат од бугарските патриоти како борбени и револуционерни, како народни химни.

Нечесната германска династија на Кобурите се мачеше да избрише сѐ што е народно, бугарско во културата на своите поданици. Народот си остана верен на великите традиции на слободољубивоста и на демократијата и Ив. Вазов (1852 -1922 г.) во „Епопејата на заборавените“ ги воспеа големите бугарски револуционери В. Левски, С. Раковски, Хр. Ботев и други, а Христо Смирненски со трогателна нежност говори за руската револуција, која дава храброст во срцата на целото човештво. Херојскиот пат на бугарскиот народ под раководство на Отечествениот фронт, кој сега ја гради нова, демократска и слободна Бугарија, наоѓа силен одраз во современата бугарска литература и дава одличен придонес во општонародната борба за мир и безбедност.

Србите, Хрватите и Словенците, како и Бугарите, наспроти исклучително тешките историски услови на национално и политичко угнетување на Турците, Германците, Унгарците и Италијанците, мораа да го зачуваат своето национално чувство, својата национална форма и продолжија да ја развиваат нивната

национална култура. Тие словенски народи му дадоа на светот едно многу богато народно песнопојно творештво. Ниту еден европски народ нема толку богат, идеен според содржината, високоуметнички според формата и разнообразен според жанрот фолклор.

Уметничката литература на Србите, Хрватите и Словенците (Љ. Гај, Ст. Враз, Мажураниќ и др.) целосно ја осозна нивната самобитност и ја збогати светската литература со многу напредни идеи.

* * *

Кон крајот на XVIII век силно се појави чешката преродба, ренесанса на науките, уметноста и литературата. За 150 години младата полска литература ги постави своите национални традиции, го измина целиот пат на европските литератури од XIX – XX век и даде такви уметници на зборот како Ј. Колар, во чии дела има голема идејна содржина, голема демократичност и претставува одраз на напредните текови на општествената мисла во многу буржоаски земји.

За време на Татковинската војна 1941 – 1945, поврзувајќи ја својата судбина со народите на СССР, чешкиот народ и во областа на литературата ги постави основите на новиот поглед на светот, на новиот морал, на новиот идеал за слободна соработка на народите. Тоа е особено јасно во творештвото на чешките писатели Марија Мајерова, Јосиф Гор, Јан Олбрахт и др.

Полскиот народ во последните 150 години создаде една литература, што наиде и на европско признание. Блескав придонес во светската литература даваат генијалните полски романтичари А. Мицкиевич, Ј. Славицки и З. Красински, откако приложија одлични форми на националната револуционерна поезија и поеми со голема антипатија кон угнетувањето. Нивните апели за борба наоѓаа место и во други земји надвор од Полска.

Слично на својот пријател Пушкин, Мицкиевич е не само херој на својот народ, туку и гениј од светски рамки. Мицкиевич е поет, кој ја поврзува својата судбина со судбината на својот народ, и тој Мицкиевич стана негов духовен водач. Тој многу правилно кажа дека најголем непријател на полската слобода и независност се Германците против кои треба да се води беспоштедна борба не на живот, туку на смрт! Како поет на народот, тој беше гласот

за слободата, братството и еднаквоста, борец за словенското единство во името на прогресот и културата.

Полските уметници на зборот поставија нови, интересни патишта во развојот на литературното творештво. Доволно е да се споменат заслугите на Г. Сенкевич во создавањето на историските романи, на С. Жеромски во областа на критичкиот реализам, на В. Василевска во областа на социјалистичкиот реализам за да се оцени придонесот на полскиот народ во ризницата на светската литература.

Голем придонес во светската култура дадоа и словенските мајстори на музиката и на ликовната уметност. Почнувајќи од Глинка и од Шопен, руската и полската музика, со длабочината и широчината на своите идеи, сè повеќе и повеќе заземаа видно место во светската музичка уметност. Мусоргски, Чајковски, Бородин и др. заслужено ја имаат славата на светски музичари.

Многу плодотворно во светскиот живопис е влијанието на руските мајстори на реалистичната уметност (Суриков, Репин и др.), кои кон крајот на XIX век ја спасија европската уметност од деградација. Особено треба да се потенцира развојот на руската филозофија во XIX век и нејзиното светско историско значење. Како голема, од светско значење, сила, руската филозофија се појави кон средината на XIX век, и тоа во време кога во Западна Европа меѓу буржоаските филозофи почна еден период на колебање и застој. Руските филозофи Белински, Херцен, Чернишевски, Доброљубов категорично го утврдуваат големото значење на филозофијата за општеството, за правилното определување и изборот на патот за понатамошен развој. Проповедите на руските филозофи-материјалисти веднаш наидоа на голем број слушатели, на голем број следбеници не само во Русија, туку и во другите словенски земји. Тоа се објаснува со фактот што напредната руска филозофија беше многу поврзана со народот и што прва задача на филозофите им била да постават за разрешување прашања, што најмногу го интересирале работниот народ.

Иако руската материјалистичка филозофија кон средината на XIX век не стигна до таков епилог, поставеност и доследност до кои стигна филозофијата на Маркс и на Енгелс, сепак таа ја исполни големата историска улога. Во големата светска борба на материјализмот со идеализмот, во борбата на прогресот со реакцијата, руската материјалистичка филозофија го зазема

највидното, прво место. Таа беше сериозен придонес во развојот на светската филозофска мисла во XIX век. Опишувајќи го Н. Г. Чернишевски, еден од најголемите руски филозофи, Ленин беше напишал: „Чернишевски е природно вистински голем руски писател, кој можеби од 50. до 88. година останал целосно на филозофскиот материјализам и ги отфрлил размислувањата на неокантистите, позитивистите и манирисите. Но, Чернишевски, поради заостанатоста на рускиот живот, не успеал или, подобро речено, не можел да се издигне и да го достигне дијалектичкиот материјализам на Маркс и на Енгелс".

Сестраниот развој на марксизмот, вбројувајќи ја и неговата филозофија е даден во трудовите на Ленин и на Сталин. Тие, тргнувајќи од учењето на Маркс и на Енгелс, ја подигнаа марксистичката филозофија – дијалектичкиот и историски материјализам – на ново ниво, во согласност со новите историски услови и новите факти (податоци) во развојот на научната мисла.

* * *

Во големата војна со фашизмот, советскиот народ и словенските народи во Југославија, Полска и Чехословачка ја спасија светската цивилизација од уништување, со што ѝ се закануваа фашистичките варвари. Тоа целиот свет никогаш нема да го заборави, колку и да сакаат непријателите да ги намалат заслугите на словенските народи. Пријателите и сојузниците на рускиот народ, словенските народи во Централна и во Источна Европа сега земаат уште поголемо учество во развојот на светската култура. Самиот факт дека во градењето на новата култура се вовлечени и ангажирани десетици милиони луѓе има големо значење за светската историја.

Словенските народи пред светот покажаа примери за херојство, за безгранична љубов кон татковината, за слободата и независноста. Тие веќе почнуваат нов живот, тие ја збогатуваат светската култура со нови форми на државно и општествено уредување. Раширената во Југославија изградба на вистинска народна демократија, создавањето на Народна Република Бугарија, големите демократски реформи во Полска и Чехословачка и искоренувањето на фашизмот во тие земји – е еден голем придонес во градењето на светската култура. Се шири

фронтот на народите – борци против реакцијата, а тоа значи дека сè повеќе и повеќе растат силите на културниот прогрес.

Развојот на културата во словенските земји, за што се создадоа големи можности, истовремено е развој и на најубавите и на најголемите достигнувања на светската култура. Словенските народи, со развојот на нивните национални култури, на демократските традиции, со борбата против фашизмот и реакцијата, дадоа најголем придонес во светскиот прогрес, а со своите сили и со своите достигнувања и во иднина сè повеќе и повеќе ќе придонесуваат во светската култура (Дитјанин).

Словенските народи, кои дадоа најголем придонес во заедничкото дело за разбивањето на хитлеризмот, по војната станаа авангарда во искоренувањето на фашизмот и во борбата за долг и цврст мир меѓу народите. Авангардната улога на словенските народи во тоа големо дело, што е само од полза за целото човештво, се диктира од самата историја. Од Атила до Хитлер. Момсен за Чесите, Бизмарк за Полјаците, Черчил за Полска...

**С.С.[С.]Р. – многунационална држава**

Создадената со големата Октомвриска револуција советска многунационална држава мина една сурова и сестрана проверка, издржувајќи ја со чест и слава. Историјата не познава таква здрава и силна многунационална држава како СССР. Во минатото, сите многунационални држави се создавале врз експлоататорска основа. Советската држава се создаде како резултат на уништувањето на експлоататорското уредување и се потпира врз базата на социјализмот. Во тоа е нејзината сила.

Создавајќи го СССР, партијата на болшевиците на чело со големите Ленин и Сталин била цврсто убедена дека многунационалната држава, изникната врз основата на социјализмот, ќе може да ги издржи сите можни, евентуални тестови и испити, и ќе стане неразрушлива силна држава. Советската многунационална држава отвори нова страница во историјата на сите земји и народи. Ленин и Сталин создадоа нов тип на држава, која во корен се разликува од останатите експлоататорски држави.

Што претставувале многунационалните држави во минатото и со што се одликуваат сегашните капиталистички држави?

Суштината на тие држави и нивната принципиелна разлика од СССР е во тоа што тие се создадени од експлоататори и само во интерес на експлоататорите. Во тоа, имено, се состои и нивната слабост и недолготрајност. Создадени врз експлоататорска основа и соочени со социјални и национални противречности, експлоататорските држави наликуваат на колоси, гиганти кои се држат на глинени нозе и при поголеми потреси се распаѓаат.

Ако се направи една поголема анализа ќе видиме дека има две причини, две тенденции, што ги прават слаби и нестабилни сите буржоаски многунационални држави. Првата се состои во тоа што угнетените народи во нив сакаат и се борат за да се ослободат и оформат, да го оттргнат јаремот на колонизаторите и да тргнат по патот на слободен развој. Таа тенденција се јавува поради насилничките методи во создавањето на буржоаските многунационални држави и поради нивната жестока колонизаторска политика како империјалисти. Втората тенденција – тоа е стремежот на народите кон обединување, што произлегува од потребата за профит од широкиот пазар во големите држави и развојот на стопанските врски меѓу народите, откако одделните национални држави и национални територии ќ е се претворат во бројаница од една верига на светско стопанство. Се разбира, дека капиталистите вложуваат огромни напори за да ја надминат таа противречност во нивните држави и на тој начин да ги засилат. Но, тоа никогаш нема да им успее, зашто тие не можат да суштествуваат без поробени народи, национално угнетени народи и класи.

Борбата на тие две тенденции е својствена на капитализмот. Непомирливата противречност на тие две тенденции лежи во основата на внатрешната несигурност и органската нестабилност на буржоаските колонијални држави. Неизбежните конфликти внатре во тие држави и неизбежните војни помеѓу нив, распаѓањето на старите многунационални држави и формирање на нови такви, нови борби за колонии и нови распаѓања на многунационалните држави, што водат кон ново прекројување на картата на светот – тоа се резултатите на таа основна противречност!

Како резултат на првата империјалистичка војна се распадна Австро-Унгарија. Со големата социјалистичка револуција се разурна царска Русија, што беше затвор за народите. Многу ослабеа и други колонијални империи како Англија, Франција, Италија и др. По првата империјалистичка војна се соз-

даде Југославија како многунационална држава, Полска и Чехословачка. И тие држави се формираа врз експлоататорска основа и затоа се покажаа многу слаби и недолготрајни. Зашто, во нив започнаа жестоки меѓунационални борби. Тоа ни го покажува и втората војна.

Втората војна ги стави на испит сите држави кои војуваа и придонесоа да ослабнат многунационалните капиталистички држави. Летнаа многунационалните фашистички империи – Германија, Италија и Јапонија, кои жестоко ги угнетуваа угнетените и потчинети народи. Ѕверската идеологија и политика на расна омраза, всадувани во тие држави, беа извор за слабеење на тие држави и придонесоа за нивен пораз. Војната, исто така, ги ослабе и старите многунационални империи од победничкиот табор. Кризата во колонијалниот систем на империјализмот, што јасно се покажа уште во првата војна, во втората уште повеќе се зголеми и продлабочи. А, сето тоа уште повеќе ја засили општата криза на капитализмот.

По втората војна од империјалистичкиот табор се одделија Југославија, Чехословачка, Полска и Бугарија и се создаде режим на народни демократии, каде се создаваат нови односи меѓу народите, врз основа на уништување на националното угнетување и создавање на рамноправност меѓу народите. За време на војната и по поразот на германско-фашистичките освојувачи, разбојници и ограбувачи, како и на јапонските империјалисти, се издигна и разви свеста и националноослободителното движење на угнетените народи, што сѐ повеќе и повеќе се засилува и постојано ја намалува силата на тие држави. Народите во колониите не сакаат да живеат по старо. Владејачките класи во митрополиите не можат веќе да ги управуваат тие земји по старо (Холандија – Индонезија, Франција во Виетнам итн.).

Многу одамна минаа тие времиња кога империјалистите ја спроведуваа нивната волчја колонизаторска политика. Народите сѐ повеќе и повеќе се убедуваат во тоа дека виновник за нивната несреќа и сиромаштија е империјализмот и затоа тие ги засилуваат националноослободителните движења против нивните поробувачи.

Целиот процес на развојот на капитализмот покажува дека буржоаското општество пропаѓа по разрешувањето на меѓунационалните заемни односи. „Тоа не само што не може да го разреши националното прашање, не само што не воспостави

мир меѓу народите, туку, напротив, ја разгоре искрата на националната борба во пламен на борбата на угнетените народи, на колониите и полуколониите против светскиот империјализам" (Сталин). Пропаста на империјалистичката политика на национално угнетување и разгорување на непријателството меѓу нациите се гледа во историјата на Англичаните во Египет, Индија и Палестина.

Во последно време, по војната, во таборот на империјалистите започна еден поход против самата идеја за националниот суверенитет на народите, која се објаснува како стара „предрасуда" или како „стара, излезена од мода идеја" итн. Се кројат планови за заедничка, европска федерација, заедничка влада и блокови под заштита на англо-американските империјалисти. Не е тешко да се разбере кому му одговараат тие напади на идејата за државниот суверенитет и независност на народите. Се знае дека империјализмот со себе ја носи желбата за владеење, господарење и анектирање (заземање на туѓи територии). А тоа уште повеќе го зголемува отпорот на народите стекнати со национална свест, кои се борат за национална независност. Идејата за национален суверенитет му пречи на империјализмот да ги пушти своите корени и да го фати во своите канџи целиот свет. Работата не завршува само со напад на идејата за суверенитетот. Секаде каде што ќе им се пружи можност империјалистите се мешаат во внатрешните работи на другите држави (Грција, Турција, Иран итн.). Во тоа е смислата на прославениот план на Маршал, со кој се сака, божем преку помош, европските народи политички и економски да се поробат, а американските империјалисти сакаат и Организацијата на Обединетите народи да ја претворат во свое послушно орудие. Сите тие работи на империјалистичката реакција ја покажуваат не нејзината сила, туку напротив, нејзината слабост. И затоа по Втората светска војна позициите на империјализмот ослабеа и сè започна со еден луд натпревар против мирот и демократијата за да се запре развојот на човештвото. Но, сето тоа пропадна. Меѓународниот демократски табор има голема можност да ги урне плановите на империјалистичкиот табор, зашто силите на прогресот и демократијата сè повеќе и повеќе растат и се зацврстуваат, а силите на реакцијата се намалуваат. И затоа, кога и да е, колонизаторите и гробарите на слободата и прогресот на народите ќе бидат победени и разбиени!

Само СССР правилно го разреши националното прашање и создаде братска соработка меѓу народите. Како решавачка претпоставка и правилна основа за создавањето и зацврстувањето на социјалистичката држава се јави симнувањето од власта на експлоататорите и создавањето на диктатурата на пролетаријатот во СССР, односно создавање власт на работниците и на селаните. Ако не беше Октомвриската социјалистичка револуција немаше да има ни СССР држава на рамноправност и пријателство меѓу народите. Ленин и Сталин ги подготвија трудбениците за револуцијата, тие се создавачите и раководителите на новиот тип држава. Уште многу порано пред Октомвриската револуција, разработувајќи ја теоријата и програмата на партијата по националното прашање, Ленин и Сталин, заедно со задачата да се ослободат народите од секаква форма на национален гнет, ја поставија задачата за обединувањето на трудбениците од сите нации. Ленин и Сталин мораа да најдат можност за да создадат пријателски односи меѓу народите на нова социјална база. Курсот на болшевиците по националното прашање беше во тоа што откако го уништија и ликвидираа националниот гнет и причините, што го создаваа и поддржуваа, да се уништи тенденцијата и стремежот кон сепаратизам и кон поделба на народите.

Откако ја прокламираа паролата за правото на нациите за самоопределување до отцепување и формирање на самостојни држави, Ленин и Сталин сакаа да направат една строга и точна разлика меѓу правото на народите за отцепување и целесообразноста за одделување во еден или друг историски момент. Ленин многу пати подвлекувал дека болшевиците се противници на партикуларизмот, на средновековното раситнување и дека нивната цел била да се создаде слободна и многунационална држава. Ленин во многу статии докажувал дека во интерес на трудбениците не е поделба, туку обединување на народите, дека се за претпочитување големи држави во услови на слобода и доброволно обединување, отколку мали држави, дека формираните големи централизирани држави во споредба со средновековната раситнетост се историски голем чекор напред кон идното социјалистичко единство во светот.

„Ние сме противници на партикуларизмот – вели Ленин – ние сме убедени дека при здрави рамноправни услови големите држави многу полесно отколку малите можат да ги разрешат

задачите за економски прогрес и задачата за борбата на пролетаријатот со буржоазијата“ (Спомени, том XIII, стр. 327).

А Сталин: „Ние не сме против обединувањето на народите во една заедничка голема држава, ние не сме целосно за тоа големите држави да се делат на помали. Зашто, како бел ден е јасно дека со обединувањето на малите држави во големи се исполнува еден од условите, што го олеснуваат делото за создавање на социјализмот. Но, ние бездруго сме за тоа таквото обединување да биде доброволно, бидејќи само такво обединување може да биде реално, стварно и здраво“ (Спомени, том 3, стр. 208).

Насекаде и секогаш и Ленин и Сталин ја изразуваат двојната задача на партијата по националното прашање: прво, целосна слобода, рамноправност и право на отцепување за сите народи и, второ, борба против поделбата на силите на трудбениците и нивно обединување во најтесна врска и неразрушив сојуз, што не дозволува какво било насилство на една нација врз друга.

Тие велеа дека секој сојуз не може да се изгради наеднаш. За тоа треба да се работи со голема трпеливост и крајно внимателно за да не пропадне идејата и делото, за да не се создаде недоверба, односно да се надмине секоја недоверба останата со векови во институциите, капиталистите, приватната сопственост и опасностите од поделба (стр. 657). Големата Октомвриска социјалистичка револуција го помогна создавањето на советската многунационална држава, која ги уништи капиталистите и создаде советска власт која има неколку карактеристики. Прво, ги штити интересите на трудбениците и според својата природа е проникната од идејата за интернационализмот и пријателство меѓу народите. Второ, во тоа историско дело раководната улога ја зема работничката класа и нејзината партија, кои се туѓи на секој национален белег и меѓунационално непријателство на народите. Трето, со новата власт заврши долгата борба на народите во Русија против странските експлоататори и внатрешните угнетувачи, четврто, обезбеди економско и стопанско зближување меѓу народите под советска власт и, петто, ја елиминира опасноста од империјалистичко здружување, што неминовно ги зближи народите, а со тоа се зацврсти одбраната на заедничката држава.

Така, душата и срцето на создадените братство и единство на народите и вдахновители и создавачи на Советскиот Сојуз беа вождовите на болшевичката партија и на работниците –

Ленин и Сталин. Тие ги разработија принципите и формите на уредувањето на таа многунационална држава, од корен целосно различни од принципите и формите на буржоаските многунационални држави.

Откако го разработија прашањето за советската федерација, Ленин и Сталин докажаа дека таа е единствено соодветна форма за државно уредување на народите во периодот на диктатура на пролетаријатот. Тие како водачи ја објаснија големата поврзаност на советската федерација и советската автономија, внатрешното единство и меѓузависноста на тие форми за државното уредување, нивната крвна поврзаност со интересите на ослободените народи. И така, главната карактеристика на советската федерација е доброволното обединување. Нејзе ѝ се туѓи насилните форми на „обединување“ на народите, како што обично се практикува во буржоаските многунационални држави. Советскиот систем, бидејќи е вистински народен и вистински демократски, целосно ја исклучува секоја принуда и насилство над народите, под каква и да било форма да се појават тие.

Советската власт – вели Сталин – осознава дека за социјализмот не треба какво било единство, туку братско единство, а такво единство може да се создаде само како доброволен сојуз меѓу трудбениците, и тоа од сите националности или никогаш нема да дојде до такво нешто (стр. 226).

Во Советскиот Сојуз нема владејачки и потчинети народи. А, тоа е изворот на силата и на стабилноста на советската федерација – вели Ленин – и таа е нескршлива. Најголем залог за нејзината цврстина се законите и државното уредување, што ние го создаваме.

Паралелно со значењето на советската федерација, Ленин и Сталин го објаснија и големото значење на советската автономија, т.е. широката организација на локални школи, создавањето на судови, локална администрација итн. од луѓе кои го знаат битието и јазикот на локалното население. Сталин како раководител можеше да ја изврши задачата, зашто по националното прашање одеше по патот зацртан од Ленин. До формирањето на СССР на 30. XII. 1922 можеше да дојде само по долги подготовки. Со создавањето на СССР врз базата на социјализмот, тој ги издржа сите предизвици и стана голема сила, која има големо меѓународно значење. Тоа се случи, прво зашто таа држава се формираше од трудбеници работници и селани, а

не од капиталисти и експлоататори. Второ, зашто таа се создаде не врз основа на угнетување и насилство, туку со елиминирање на секаков гнет – социјален и национален. Трето, Советскиот Сојуз се создаде доброволно, со рамноправност и слобода на народите, а не со дискриминација и нерамноправност, како што се случува во другите многунационални држави. Четврто, СССР се формираше не за експлоатација на народите, туку за сестран подем на материјалните и на духовните сили на народите. А, сето тоа, од своја страна, се јави како залог за успехот на Советскиот Сојуз и неговата голема сила и непобедливост.

За релативно кусо време СССР стана силна социјалистичка индустријализирана и колхозна држава, со развиена индустрија, сообраќај, транспорт, селско стопанство, култура... Се развија сите национални републики. Со победата на социјализмот, пријателството меѓу народите се зголеми и се претвори во голема движечка сила на советското општество и на државата. Најголемиот предизвик беше Татковинската војна, која покажа дека Советскиот Сојуз е најсилната држава во светот. Во борбата со непријателот, СССР издржа такви предизвици и тешкотии, што не можеше да ги издржи која и да било друга земја, друга држава. Советското општествено и државно уредување се покажа како најдобра форма за мобилизирање на народните сили и на сите средства на државата за воениот слом на заедничкиот непријател. На повикот на Сталин се одзваа како на воено, така и на полето на трудот, милиони советски патриоти. Советските национални републики и области се претворија во огромни силни арсенали за советските вооружени сили.

## Уставот на СССР и основните права на советскиот граѓанин

По великата Октомвриска револуција, која од корен го преобрази целиот економски и општествен живот во старата царска Русија, за животот и трудот, општо земено за културата во СССР – духовна и материјална – се интересираат сите прогресивни, напредни луѓе и демократски организации од целиот свет. Така, на пример, во Америка никогаш не се интересирале толку многу како во сегашно време. Се поставува прашањето зошто?

За првпат во историјата на човештвото во Советскиот Сојуз целокупниот живот се постави на научна основа, на една рационална основа. СССР под раководство на ленинско-

сталиновата партија и големиот Сталин, го развил научно во секој поглед економскиот, политичкиот и општествениот живот. Науката во СССР има голема улога во изградбата на Советскиот Сојуз. Една таква рационализација на животот во СССР не можеше без определен и изработен план. Така, науката стана основен и главен инструмент во градењето на новите основи на животот, како раководно начело за прогресот. Советската наука е, исто така, создадена врз најдобрите традиции од минатото, што ги усвоила, односно ги земала сите стари придобивки на руската наука, кои уште повеќе ги развила...

Советската наука е демократизирана и станала сопственост на милиони луѓе и така таа има заслуга за народниот живот и во иднина ќе покаже широки перспективи, што се отвораат пред неа... Благодарение на идеологијата на марксизмот-ленинизмот, во Советскиот Сојуз не само што го знаат и го разбираат тоа што се случува таму и во светот, туку го знаат и тоа што ќе се случи утре.

Великиот Советски Сојуз е заштитникот и покровителот не само на сите словенски народи, туку и на сите социјално и национално угнетени народи и националности во целиот свет.

Уставот на СССР засекогаш ги озаконил основните права на советскиот граѓанин. Тие права се: правото на работа, на образование, правото на материјална сигурност во случај на болест и старост, како и правото на наследство на личната сопственост– имот. Уставот, на времето, не можел да предвиди дека ќе се создадат илјадници сираци – една жална последица од војната. Советската држава, со помошта на општествените организации, ги земала под заштита сите сираци, обезбедувајќи за секого храна, облека, образование и најглавното, татковско, родителско старателство. Советската држава им дава најголема помош на демобилизираните борци на Црвената армија. Освен парична помош, таа им дава работа, која соодветствува на нивните способности и желби, и им обезбедува сместување, истовремено грижејќи се и за греењето, организира курсеви на кои учат и се специјализираат, а, исто така, им обезбедува бесплатно и секаков вид лекување.

Народниот карактер најдобро се гледа во структурата на органите на советската власт. Сите, од вождот, па до најниското ниво, се избираат врз основа на општо, директно (непосредно) и еднакво изборно право – со тајно гласање. Сите избрани се

потчинети на народот. Самиот народ управува како со локалните работи, така и со државата преку огромниот број јавни работници, кои произлегуваат од широките народни маси. На пример, во составот на советите, од селските, па до Врховниот совет на СССР, има над 1.400.000 депутати (избраници). Сите се избрани од самиот народ. Тие се за сѐ одговорни пред народот и се наоѓаат под негова контрола.

Советската власт – вели Сталин – не е власт одвоена од народот – напротив, таа е единствена власт, власт која излегува од народните маси, власт блиска до народните маси. Со тоа се објаснува големата сила и цврстина, што ги покажува советската власт во критичните моменти.

Секој советски човек, без разлика на занимање, националност и религиозно убедување, се чувствува како господар во својата земја. Советските луѓе во својата земја се чувствуваат како членови на едно големо и сложно семејство, кое со заеднички напори ги надминува сите незгоди и потешкотии, и ја кова и гради својата среќна и радосна иднина. Ете зошто секој советски човек на бојното поле ја брани својата земја, со таква самопожртвуваност и храброст како што ја брани и својата куќа. Советската држава е народна држава. Затоа е толку силна. Затоа сите советски граѓани ги бранат нејзините интереси. Народниот карактер ѝ ги даде на советската држава сите славни победи, како во заднината, така и на бојното поле.

# ЈУГОСЛАВИЈА – ЗЕМЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВОЕНИ ТРАДИЦИИ

Југославија е земја на значајни воени традиции. Не еднаш им се наметнувало на Србите, Хрватите, Црногорците и Словенците да ја бранат својата слобода и независност. Целата многувековна историја на тие народи претставува шарена и трогателна слика на херојската и упорна борба против странските освојувачи.

Уште во IX век влегле во една нерамноправна борба со силната империја на Карло Велики. Иако поразени во отворена борба, тие не престанаа со нивниот отпор. Искористувајќи го слабеењето на империјата, тие брзо ја повратиле својата самостојност. Но, тогаш се појавиле нови непријатели. На југ, Хрватите требало да се бранат од платениците на Византиската империја, од запад ги зајадувала и трвела Венецијанската република, а од исток сè повеќ е и повеќе ги притискале и заплашувале Унгарците. Ослабнати и истоштени од тие нерамноправни борби, што продолжиле дури до XII век, Хрватите потпаднале под јаремот на Унгарците.

Но, знамето за словенска слобода на Балканот, паднато од рацете на Хрватите, го прифатиле Србите. Во 1180 година, Србите со оружје в рака го отфрлиле јаремот на Византиската империја и создале свое, независно кралство. Опкружено од многу, жедни непријатели, тоа кралство продолжи до крајот на XIV век, кога губејќи ја својата независност потпадна под ударите на турските освојувачи. Историјата на борбите против турските султани е една од најславните страници во долгата историја на српскиот народ.

Турците се појавија на Балканот во средината на XIV век. Византија, ослабена од нејзините внатрешни меѓусебни судири, пропадна. Бугарија, исто така, ја наведна главата пред страшниот освојувач. Балканските држави една по друга ја изгубија својата слобода. Само Србите останале со паролата „или да победат, или

да умрат“. На чело на тоа патриотско дело застанал кнезот Лазар, кој во 1387 година, во една битка кај реката Топлица му нанел сериозен пораз на турскиот султан, што се смета за прв турски пораз во Европа. По една година, султанот повторно ги собрал своите сили. Огромна турска војска тргнала против непокорните Срби. Се подготвувала голема битка на Косово Поле. Целиот српски народ како еден се кренал во борба за својата независност. Ниту еден не побегнал од својот долг пред татковината. Како што се знае, Србите, шест пати помалубројни од Турците, ја изгубиле битката на Косово Поле. Но, на непријателот – турскиот султан – тие му нанеле таков удар, што потоа требало да поминат цели 100 години за да се покори до крај српскиот народ!

И така, територијата на Србија стана една област на турските султани. Но, Србите не престанаа со својата херојска борба. Со стотици и илјадници пребегнувале преку Дунав каде биле формирани одреди, кои непрекинато ги напаѓале веќе ослабените сили на султаните. Други бегале по планините и таму формирале чети, кои им нанесувале големи удари на нивните поробувачи. Во почетокот на XVI век, голем дел од тие храбри луѓе се криеле по карпите и долините на Црна Гора. И во тие за непријателот недостапни места, тие го создале независното кнежевство Црна Гора, кое во период од неколку векови останало единствената независна словенска држава на целиот Балкан.

Во XVIII век, борбата на јужните Словени со нивните надворешни непријатели стигнала до нова фаза: тие нашле еден силен сојузник во лицето на нивниот постар словенски брат – великиот руски народ.

Во 1715 година, по покана на рускиот цар Петар I, Црногорците како свој претставник го пратиле во Русија митрополитот Данило. Бил склучен договор, според кој Црна Гора добила паричен надоместок за борба против Турците. Подоцна тој надоместок останал редовно да ѝ се дава на Црна Гора.

Во тоа време биле удрени темелите за братското пријателство меѓу српскиот и рускиот народ, кое веќе во средината на XVIII било зацврстено со крв во заедничката борба против Германците. Во 1718 година, северниот дел на Србија со Белград потпаднал под привремен јарем на австриските барони. Стотици и илјадници Срби бегале од нивните родни огништа за да се спасат од големиот и жесток терор. Многу од тие луѓе го искористиле гостопримството на рускиот народ и се преселиле на десниот

брег на реката Дњепар, на територија која се викала Нова Србија. Уште во времето на Петар I од тие српски емигранти се формирал српски коњанички полк. Подоцна од Срби, Хрвати и Црногорци на територијата на Русија биле формирани пет коњанички и еден пешадиски полк. Во Седумгодишната војна, тие јужнословенски воени единици во редовите на руската армија се бореле против Германците, нанесувајќи ѝ голем удар на „непобедливата“ армија на Фридрих II и ја поставиле Прусија пред отворена катастрофа.

Понатаму, политичката врска меѓу рускиот народ и јужните Словени, кои страдале под јаремот на турските освојувачи, била зацврстена со договорот меѓу Екатерина и црногорскиот владика Петар I. Со тој договор, на Црна Гора ѝ се гарантирала независноста. Имајќи зад себе таков сојузник, Петар I на чело на шестилјадната војска од Црногорци, во 1796 година, во една тесна долина, ѝ нанел голем пораз на триесетилјадната армија на скутарскиот паша Кара Махмуд. Во рацете на Црногорците паднале 15 знамиња, три илјади војници и 20 воени команданти (меѓу нив и самиот паша). По тој пораз, султанот Селим III ја признал формално независноста на Црна Гора и објавил дека Црногорците „никогаш не биле поданици на Великата Порта“.

Сојузот на Црногорците со Русија уште повеќе зајакнал во годините на борба против Наполеон. Рамо до рамо се бореле Руси и Црногорци на Балканот во 1806 година и заедно го преземале градот Котор, а во Рагуза (Далмација) го заробиле наполеоновиот маршал Лористон, откако на неговите војски им нанеле огромни загуби. Неколкукратните обиди на Наполеон да завладее со Црна Гора и да ја присоедини кон неговата империја завршиле неуспешно. Исто така, не успеале и сите обиди на турските султани да ја покорат Црна Гора. За зачувувањето на националната независност на Црна Гора голема заслуга има рускиот народ.

Во тие години се зацврстило и засилило пријателството на рускиот и на српскиот народ. Во 1804 година, под раководство на Кара Георги Петровиќ избувнало востанието на Србите поради самоволијата и ѕверствата на турските јаничари, што прераснало скоро во вистинска српско-турска војна за независност, во која Србите извојувале неколку големи победи над војските на султанот. Русија им дала на Србите не само воена, туку и парична помош! Во 1810 година дошло до еден критичен момент на тоа

востание и тогаш веќе ситуацијата била спасена со доаѓањето и енергичните акции на руските војски кај Дунав, каде им нанеле тешки загуби и порази на Турците и благодарение на тоа Србите ослободиле голем дел од својата земја.

Според Букурешкиот договор од 1812 година, на Србија веќе ѝ била гарантирана автономија. Но, турскиот султан подмолно го променил своето ветување. Како одговор на тоа, Србите кренале едно по друго две востанија – во 1813 и во 1814 година. Во 1830 година, според Одринскиот мировен договор, Србите најпосле добиле целосна автономија.

Но, со тоа не завршила борбата на Србите за својата национална независност. Србија сè уште била како вазална држава под Турција. Босна и Херцеговина, населена главно со српско население, останала целосно обеправена провинција во Отоманската Империја. Во средината на XIX век, Босанците и Херцеговците веќе стојат на чело на националноослободителното движење на српскиот народ. Во 1878 година, во Босна и Херцеговина избувнало востание, со цел да се ослободат од неподносливиот султански јарем и гнет и да се присоединат кон Србија. Црна Гора и Србија се зафатиле да ја поддржат борбата на своите браќа по крв и во 1876 година ѝ објавиле војна на Турција. Црна Гора многу бргу извојувала неколку победи. Но, за Србија војната во прво време била неуспешна и нејзино успешно завршување, таа обезбедила само благодарение на влегувањето во војната и на Русија во 1877 година. Сан-Стефанскиот мировен договор во 1878 година предвидел целосна независност за Србија и Црна Гора, што подоцна ќе биде потврдено и од Берлинскиот конгрес во 1878 г.

Отоманската Империја, по војната во 1877/78 година, за Србија и за Црна Гора веќе не претставуваше голема опасност, но затоа, пак, пред Србија сè поотворено се појави новото и уште посериозно застрашување од страна на жедната Австро-унгарска империја на Хабсбурговците. Уште во средниот век Австријците ги потчиниле Хрватска и Словенија, а Унгарците Војводина. Согласно Берлинскиот конгрес, австриските барони, поддржани од Германија, под изговор „да воведат ред“, кон Империјата ја присоединиле Босна и Херцеговина. Истовремено, тие пружаа раце и кон сите други земји со српско население. Но, Србите, кои со векови се бореле за слобода и за независност,

не можеа да заменат едно ропство со друго. На окупацијата на Босна и Херцеговина српското население одговори со масовно востание.

За време на востанието се создаде Босанската лига – центарот на востаничкото движење на чело со херојот на српскиот народ Хаџи Лоја. По долги и крвави борби, востанието било задушено, но во 1882 година одново се создало движење за отпор на окупаторите. Упорната борба на Србите од Босна и Херцеговина за национална независност и присоединување кон Србија фактички не престана дури до Првата светска војна 1914-918 година, кога Србите и Црногорците одново во сојуз со рускиот народ се кренаа против својот вековен непријател – Германците.

Кон крајот на војната, во декември 1918 година, се случи еден важен настан. Ослободени од германскиот јарем, тие народи се обединија во единствена независна држава. Договорот од Сен Жермен го потврди создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кое се состои од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Словенија, јужниот дел на Штирија (Штаерска) и Далмација. Според силата на другите два мировни договори (Нејскиот и Трианонскиот), во составот на тоа кралство се придодаде и Македонија, Хрватска, Бачка и Банат. Во 1929 година кралството се нарече Југославија.

Историјата на сите горенаведени борби покажува дека за југословенските народи нема поопасен, полут непријател од германскиот империјализам и дека нема поверен другар од рускиот народ. Таа историја, исто така, ни покажува колку мила до срцето на секој Југословен е независноста на неговата татковина. Не еднаш земјата потпаднала под туѓо владеење, но никогаш југословенските народи не ја прекинувале нивната ослободителна борба. За време на таа борба успесите се менувале и со неуспеси, но и во најтешките моменти во својата историја Југословените не го губеле нивниот бодар дух. Слободољубивоста и големата љубов кон татковината секогаш се јавувале како голем извор на морални сили, безгранична издржливост и цврстина на тие народи. Воспитани во услови на многувековни борби за слобода и независност, тие чувства станале главни црти на националниот карактер на југословенскиот народ. Во таа борба Југословените стекнаа големо воено искуство, изградија свој метод, главно со партизанска борба, која се пренесувала од поколение на поколение.

Со својата независност и формирајќи свои независни држави, Југословените за кратко време минаа голема школа за политичко воспитување. За дваесетлетното господарење на реакционерните клики во Југославија, што заврши со срамната капитулација пред германскиот фашизам во 1941 година, југословенскиот народ сфати дека тој ќе биде навистина слободен кога ќе расчисти не само со своите надворешни, туку и со своите внатрешни непријатели. Големите успеси и херојството, што го покажа народот на Југославија на бојното поле за време на народноослободителната борба, а по создавањето на нова, слободна Федеративна Југославија, желбата за нејзината изградба и обнова, покажува колку е голема, односно висока политичката зрелост и свест на југословенските народи.

# ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

**Длабоките демократски преобразби создадоа нови, посовршени форми на демократизација. Сите сили (демократски) ја создадоа новата народна држава**

Длабоките демократски преобразби го изменија политичкиот и економскиот облик на државата – наместо старата Југославија се создаде нова, независна федеративна држава во која е обезбеден широк развој на народната демократија. Во август 1945 година, Привременото народно собрание ги донесе законите за изборите на уставотворното собрание, за земјоделската аграрна реформа, за национализацијата на рудните богатства, за народните судови, за политичките друштва и др.. Уставотворното собрание, одржано на 11 ноември 1945 година, ја симна династијата Караѓорѓевиќ и ја прогласи Југославија за Народна Федеративна Република. На 31 јануари 1946 година ќе биде донесен Уставот на ФНРЈ. Новиот Устав ги утврди по законодавен ред настанатите во државата општествено-економски и политички промени.

Уставот, рече Кардељ, јурисдиктички ги оформи тие големи промени, промени во структурата на Југославија, што се случија за време на ослободителната војна и народноослободителното движење.

* * *

Нова Југославија е посебен, нов тип на држава, во која, како што се вели во Уставот, целата власт произлегува од народот и му припаѓа на народот. Народот, се вели во чл. 6, ја применува својата власт преку слободно избраните претставнички органи на државната власт и народните одбори, коишто се развиваат од месни народни одбори до собранијата на народните републики и Народното собрание на ФНРЈ, кои, пак, се и основната и главна придобивка на народноослободителната борба.

## Народните одбори како органи на државната власт

Уште во 1943 година, Собранието на народното ослободување на Југославија донесе решенија со кои се определија конституционалните основи на новата држава. Народните одбори не се само во Југославија, но тие се повисока форма на власта, отколку буржоаскиот парламентаризам, пред сè, поради нивната класна содржина. Новата народна власт е власт на демократските сили, демократски не само според својата идеологија, туку и според својата класна суштина (Кардељ). Народните одбори станаа основата на новото државно уредување.

Во Законот за народните одбори, што беше донесен од Народното собрание во мај 1946 година, се определени нивните основни црти како месни претставнички органи на народната власт, избрани со тајно гласање врз основа на сеопшто, еднакво и директно избирачко право. Повисоките органи на народната власт ја одредуваат работата на месните органи, укажувајќи им помош и ги контролираат.

Непосредната контрола на избирачите се јавува како еден од најважните услови за обезбедување на работата на народните одбори во духот на народната демократија. Таа контрола се реализира не само со непосредниот контакт на народот со органите на власта, туку и преку непосредната одговорност на народните претставници пред самите избирачи. Во Уставот и во Законот за народните одбори се вели дека членовите на одборите даваат отчет пред избирачите и дека избирачите имаат право пред рокот да направат реизбор на народниот одбор или да отповикаат некој негов член! Така, Законот обезбедува примена на принципите на народната демократија во работата на државниот апарат. Тој дава општи насоки за народните одбори, бидејќи на републиките им го остава правото, во согласност со локалните услови да се внесуваат дополнувања и да се утврдат функциите на народните одбори.

Најважното достигнување е правилното разрешување на националното прашање во духот на принципиелното демократизирање и целосната рамноправност. Во стара Југославија девет милиони од населението беше угнетено, а 25% од словенското население беше надвор од границите на државата...

Комунистичката партија ги собра сите сили во една единствена масовна организација – Народниот фронт.

Зборовите – народноослободителна борба – ќе останеа само зборови, па дури и измама, ако тие освен општојугословенска смисла, во себе не содржеа и национална смисла за секој народ одделно. Во тоа е клучот на народноослободителната борба (Тито).

Согласно новиот Устав, Југославија е Федеративна Народна Република, составена од шест народни републики. Највисокиот орган на државната власт – Народното собрание на Југославија – се состои од две рамноправни собранија – Сојузното собрание и Собранието на народите. Президиумот има еден претседател, шест заменици, двајца секретари и 30 члена. Создавањето на Федеративна Југославија беше слободен израз на волјата на сите народи. Таа волја не е израз на некакво претходно расположение, туку таа е условена од редица историски, економски, политички и географски факти – со заедништвото и долготрајноста на борбата на јужните Словени против Германците, Турците, Италијанците и други освојувачи, со историски создадената политичка, културна и економска соработка итн.

Изборите во октомври и ноември 1946 година го донесоа Народниот фронт до зенитот, зашто за неговите кандидати гласаа 92, а во некои републики и 95 отсто од гласачите, додека во Америка 44%... Истовремено, се пишуваа и се донесуваа уставите на републиките.

* * *

Како за време на Народноослободителната борба, така и по тоа, во Југославија се случија големи економски промени. Се создаде нов државен сектор во стопанството, а по селата – селски кооперации. По војната, главните индустриски претпријатија, транспортот, средствата за информирање, банките минаа во рацете на државата. На 21 ноември 1944 година, Антифашистичкото собрание донесе одлука за конфискација на главните индустриски претпријатија на југословенските капиталисти, бидејќи соработувале со окупаторот, и за национализација на претпријатијата со германски и италијански капитал. Се наложи попис на сите претпријатија со странски капитал на сојузничките и на неутралните држави, т.е. државата ги зема на управување и користење во интерес на народот. Во август 1945 година, Народното собрание го донесе законот за одземање на сите странски концесии.

Пред војната во 1941 година, 51,39 отсто од индустријата била во рацете на странскиот капитал. На 5 декември 1946 година, Народното собрание го донесе законот за национализирање на сите приватни стопански претпријатија, меѓу нив и претпријатијата со приватен странски капитал, што имаа сојузно и републичко значење. Тој закон ги опфати индустријата, транспортот и трговијата. Тоа, пак, помогна во реализирањето на општиот стопански план за електрификација и индустријализација. Средствата за производство во ФНРЈ, според чл. 14 од Уставот, се во општонародна сопственост. Државата се потпира на државниот и на кооперативниот сектор. Функционирањето на Народниот фронт постигна големи успеси, зашто ја заседе командната позиција во економијата и ги создаде сите услови за развој на стопанството во новото општествено уредување. Државниот сектор заедно со кооперативниот ќе се развиваат кон социјалистичка изградба, а не кон „државен капитализам“, како што мислеа некои и погрешно дејствуваа. Југословенската економија има можности да го оствари планското стопанство.

Народното собрание на 22 мај 1946 година, го донесе законот за општодржавниот стопански план и државните плански органи. Од 1947 година почнува петгодишниот план за електрификација и индустријализација на државата. До почетокот на 1947 година беа изградени 250.000 селски и градски куќи, илјадници километри разурнати патишта, неколку стотици километри железнички линии, стотици мали и големи железнички мостови и стотици претпријатија уништени за време на војната.

Благодарение на финансиските реформи и зголемувањето на стоките се постигна стабилизација на динарот. Но, за стабилизирањето на динарот главна е довербата и трудот на работниот народ. Со новиот систем за распределба на стоките се надминаа шпекулациите на црната берза! Се создаваат нови кадри во стопанскиот и во економскиот живот во земјата.

На 23 август 1945 година, Привременото народно собрание го донесе законот за аграрни реформи и за колонизација. Тоа значеше ликвидирање на остатоците од феудализмот и демократско разрешување на аграрното прашање. Со аграрната реформа, според чл. 19 од Уставот, се предвидува „земјата да им припаѓа на оние кои ја обработуваат“. Се подготвија повеќе од 2.500 специјалци: трактористи, бригадири и раководители на

трудбеничките селски кооперации. Во 1946 година имало вкупно 5.000 трактористи.

* * *

Една од најголемите реформи е таа за културата и просветата. Во Македонија, во Босна и Херцеговина и во Црна Гора, неписмени биле 65 – 70 % од населението.

Во октомври 1945 година, Привременото народно собрание го донесе законот за задолжително седумгодишно образование. Создадени се многу училишта, курсеви и педагошки школи. Се создадоа и учители и училишта со ученици на албански и турски јазик.

А, Србија, Хрватска и Словенија формираа академии на науките. Веќе е создаден и Совет на академиците. Се формираа и четири универзитети во Белград, Загреб, Љубљана и во Сараево, како и комитет за школи и за наука и комитет за култура и уметност. Науката се прави достапна на широките народни маси.

* * *

Заедно со од корен променетите внатрешна политика и економскиот живот, се измени и надворешната политика. Таа е столб за мирот и демократијата на Балканот. Добри односи со сите соседи, освен со Грција и со Австрија...! Особено со словенските земји.

Тито во март 1946 година во Полска и Чехословачка се заложи за сојуз и меѓусебно пријателство во односите. Како кај нив, така и во Советска Југославија договор во духот и принципите на Обединетите народи и за пријателство и заемна соработка со словенските земји.

На 27 декември 1946 година, Привременото народно собрание ги ратификува договорите за усогласување на економските планови, за царинска унија и за изедначување на курсот на валутите со Албанија. Југославија на секој можен начин ќе настојува за реализирање на стопанскиот план. Тоа е единствен придонес меѓу две демократски земји кои заедно се бореа, како и придонес кон мирот на Балканот. Тесна соработка со сите

слободољубиви народи и Организацијата на ОН. Таа доследна надворешна политика наидува на пречки од англо-американскиот блок и неговите слуги.

Балканот и Југославија се важен политички и стратешки пункт за источниот дел на Средоземното Море, Централна Европа и Блискиот Исток. Особено ѝ се попречува на Југославија и на нејзините жители. Откако на 30 април 1945 година ќе биде освоен Трст, англо-американците со ултиматум сакаа да се напуштат Трст, Пула и словенечкото приморје. Со посредни преговори, на 9 јуни 1945 година, Јулијска Краина се подели на два дела. Зоната А им припадна на англо-американците, а зоната Б на Југославија – до потпишувањето на мировниот договор со Италија. Трст стана прибежиште на фашистички групи. Народноослободителните одбори се распуштија и се создадоа советодавни одбори, според типот на италијанските фашистички префектури.

Во март 1946 година се испрати меѓународна комисија за да ја одреди границата и по три недели во Париз се претставија четири проекти. Најправилна беше линијата на советските експерти, а најнеспроведлива таа на американските експерти. На мајската сесија на министрите не се реши ништо и едвај во јуни-јули се прифати француската варијанта и од Трст се формираше слободната територија Трст.

На Париската конференција англо-американците сакаа да го наметнат своето, но Југославија не се согласи, зашто се нарушуваа нејзините животни интереси, за што гласаше и „мнозинството". Едвај на ноемвриската сесија, благодарение на советската делегација, се постигна компромис околу италијанско-југословенската граница и за статутот на слободната територија Трст, во кој англо-американците направија суштински промени со ограничувањето на власта на губернаторот и демократизирањето на слободната територија на Трст. Половина беше во зоната Б, а англо-американците на 9 јуни 1945 година го вметнаа во зоната А. Поради тоа, англо-американците се изменија и без работа оставија илјадници луѓе. Од 17 илјади, 10 илјади останаа без работа.

На 3. 1. [1]947 година се одржаа демонстрации во кои беа убиени тројца и ранети девет души. Истото и со Јулијска Краина. Сите југословенски бегалци се собраа во Австрија, каде сè уште стои југословенската кралска армија – 10 илјади души, и отворено функционира со поддршката на англо-американските влади.

Истото е и во Каринтија (Карантанија!) и Цирија (Сирија!) каде фашистите слободно дејствуваат и тероризираат.

Степинац на 16 октомври 1946 година е осуден на 16 години напорна работа. Од Англија и Америка многу сакаа на тој начин да се мешаат во внатрешните работи на Југославија.

Но, ние нема да запреме пред какви било тешкотии, заплашувања и воопшто пред ништо што им пречи на нашите животни интереси и на тоа што се предвидува во најдемократскиот во светот Устав (Тито).

* * *

Работата на Фронтот – Комунистичката партија е раководна сила во Фронтот поради правилните линии по сите прашања од теоријата и праксата.

Во Фронтот, освен КП, влегува Хрватската републиканска селанска партија, Обединетата земјоделска српска партија, Републиканската партија, Демократската партија и Независната демократска партија. Освен нив, и младината со повеќе од два милиони членови и АФЖ се за единствената програма на Народниот фронт.

Во август 1945 година се одржа Првиот конгрес на Народниот фронт на Југославија на кој за претседател е избран Тито, а за секретари Сретен Жујовиќ и Златан Сремац. Врската меѓу Народниот фронт и народната власт е непосредна, зашто народната власт е извршен орган на Народниот фронт. Југославија со Народниот фронт чекори кон демократизација на земјата и единството на сите народи.

На 20 март се одржа вонредна седница на Народното собрание на која се донесе Буџетот на Југославија, законот за старателство и др.. Говореа маршал Тито, Хебранг, Борис Кидрич и министерот за труд.

# ЛЕНИНИЗАМ

На 21. I. 1924 година почина Ленин. Ленинизмот израсна од теоријата на марксизмот – наука на работничката класа, создадена од Маркс и Енгелс, која за цел си постави не само да го објасни материјалистичкиот свет, туку и да ја постигне неговата револуционерна преобразба.

Уште во Комунистичкиот манифест пред 100 години Маркс и Енгелс го предвидоа пропаѓањето на капитализмот и создавањето на комунизмот како главна цел во работничкото движење. Тие први укажаа на светско-историската улога на пролетаријатот како гробар на старото капиталистичко општество и создавач на новото социјално општество. Маркс и Енгелс живееја во друга епоха, кога социјалната револуција не се јавуваше како практично неизбежна, но на секој можен начин настојуваа да ги подготват и да ги организираат масите за симнување на капитализмот и создавање – за победата на социјалната револуција.

Делото на Маркс и на Енгелс го продолжија Ленин и Сталин, кои во револуционерното движење се појавија меѓу 19 и 20 век, кога се појави империјализмот и кога социјалната револуција стана непосредна пракса на меѓународното работничко движење. Големата заслуга на Ленин и Сталин е што тие ги кренаа високо знамињата на марксизмот во време на империјализмот и на социјалната револуција во борбата со опортунистите и реформистите. Ленинизмот израсна во беспоштедната борба со реформистите како борбена револуционерна теорија на пролетаријатот. Револуцијата и опортунизмот се јавија како меѓународен правец. Ед. Бернштајн во Германија, Жирес во Франција, економистите, а подоцна меншевиците и есерите во Русија – сите против револуционерниот марксизам! Сите главни прашања на марксизмот беа ставени на темелна ревизија. Прашањето за класната борба го заменија со попувањата за „класен мир“ и за „единство на интересите“ на трудот и на

капиталот – еснафска теорија! Теоријата за диктатурата на пролетаријатот се замени со реформистичката теорија за „прераснување“ на капитализмот во социјализам врз основата на буржоаскиот парламентаризам!

Опортунистите од II интернационала – руските меншевици и ецери, велеа „ние се преклонуваме пред сите реформи и не сакаме само една од нив – експропријацијата на капиталистите – напиша Ленин за нив.

Ленин и Сталин спроведоа сè и ги создадоа борбената теорија, програма, стратегија и тактика на социјалистичката револуција и диктатурата на пролетаријатот. Разликата во теоријата е во тоа што таа е нераскинливо поврзана со револуционерната практика на масите. Теоријата на ленинизмот ги изразува животните интереси на работничката класа и на сите угнетени народи во нивната борба за соборувањето на капитализмот и за победата на социјализмот!

Силата на таа теорија е во тоа што таа е последниот збор на општествената наука. „Ленинизмот – според Сталин – е марксизам во епохата на империјализмот и пролетерската револуција. Поточно: ленинизмот е теорија и практика на пролетерската револуција воопшто, теорија и практика особено на диктатурата на пролетаријатот“. Ленин ги разработи теоријата за диктатурата на пролетаријатот, селанското прашање, националното прашање и создаде учење за партијата на пролетаријатот како партија од нов тип!

Ние не гледаме на марксизмот како на нешто завршено и неприкосновено, ние ја сметаме теоријата на Маркс како меѓник на таа наука, што социјалистите се должни да ја истакнуваат напред и да ја развиваат. Ние сметаме, особено за руските социјалисти, дека е неопходна самостојна разработка, зашто таа теорија дава само општи појдовни упатства, што делумно се применуваат повеќе, на пример, во Англија, во Германија и на други места, отколку во Франција, во Русија итн. (Собрани дела, том 4, стр. 191-192, четврто издание).

Ленинизмот се роди во Русија поради редица историски услови. Во ленинизмот се сите мечти и надежи на прогресивното човештво во борбата за уништување на капиталистичкото уредување. Ленинизмот е меѓународна појава. Не беше случајно Русија да биде татковина на теоријата и тактиката за светска пролетерска револуција, татковина на ленинизмот! Во поче-

токот на 20 век, царска Русија беше земја каде доаѓаа до израз противречностите на империјализмот и таму созреваше една голема народна револуција на чело со најреволуционерниот пролетаријат и под водство на болшевиците! Веригата на широкиот империјалистички фронт таму беше најслаба, зашто царизмот беше центар на најслабата точка на империјализмот. Знамето се крена прво против царизмот, па дури потоа против капитализмот. Царизмот се користеше со финансиска и воена поддршка на меѓународниот империјализам. Западот го внесе во Русија не само социјализмот, туку и реакцијата во форма на милијарди (Сталин, том 3, стр. 234). Кога работништвото востана против царизмот, востана и против меѓународниот империјализам!

* * *

Големата теорија на ленинизмот се појави во 1903 година, мина низ три револуции и чекори напред како борбено знаме на светскиот пролетаријат – Сталин.

Теоријата на ленинизмот се поврзува со револуционерната пракса и ѝ дава на партијата ориентација за да ги разбере историските настани внатре во земјата и во меѓународните односи. Ленин, темелејќи се врз марксистичката анализа на империјализмот, го откри законот за нерамномерен развој на капитализмот и врз таа основа ја разработи новата, од големо светско значење, стратешка и тактичка позиција на марксистичката партија во борбата за победа на социјалистичката револуција. Уште во 1915 година, Ленин ги напаѓаше К. Кауцки и Троцки, кои говореа за обединети европски држави, се откажуваа од социјалистичката револуција и соборувањето на империјализмот и ја негираа можноста и неопходноста од победата на социјализмот првично во една или во неколку земји. Ленин докажа дека нерамномерноста во економскиот и во политичкиот развој е безусловен закон за капитализмот! Од тука произлегува заклучокот дека е можна победата на социјализмот во една или во неколку земји. Од таа земја би можело да се делува, откако во останатите ќе биде привлечена работничката класа да востане против капиталистите и по можност дури и со воена сила да се насочи против експлоататорските класи и нивните држави (том 18, стр. 232-233).

Во своите познати априлски тези, анализирајќи ја внатрешната и меѓународната ситуација, Ленин изработи конкретен план за социјалистичка револуција. „Не е исклучено, велеше Сталин на VI конгрес на партијата, дека социјалистичката револуција ќе победи, пред сè, во Русија. Треба да престанеме да мислиме дека само Европа може да ни го покажува патот. Има догматски марксизам, но има и практичен. Јас сум за вториот" (Том 3, стр. 186).

И така и се случи. Под знамето на ленинизмот, работничката класа, со поддршка на селанството, ја оствари великата Октомвриска револуција, а со тоа се отвори патот кон социјалистичка преобразба на Русија! А, меѓународното значење на таа револуција е огромно. Триумф. Победата на социјализмот во Русија го крепи духот на работниците во сите земји. Силите на социјализмот и на демократијата се зголемија во целиот свет и тие се поголеми од силите на реакцијата! Веќе сите гледаат дека се наближува и нивното ослободување. Нема земја, ниту катче каде не се надеваат на ослободување. Прво, војната ја скина веригата на империјализмот во Русија. Второ, војната ги привлече земјите од Источна и Југоисточна Европа. Таму веќе има народна власт. Колку повеќе земји ќе се ослободат од капитализмот, толку повеќе ќе закрепне социјализмот во СССР и толку побрзо и посигурно тој ќе стане потпора за угнетените и експлоатирани класи во светот!

Ленинизмот учи дека националните и државните разлики меѓу народите и земјите ќе внесат извесна разнообразност на патот за ширење на социјалистичката револуција и формите на социјалистичка изградба во секоја земја, но тие разлики се без особено значење, зашто главното останува. Во Русија паролата беше целата власт на советите. Тоа се случи врз искуството на революционерните акции, Париската комуна од 1871 година и революциите од 1905 и 1917 година. Во земјите со нова демократија, патот кон социјализмот врви преку народните републики каде власта е на народот, а раководната сила се јавува во блокот на трудбениците под раководство на работничката партија. Народната власт е повисока форма на демократија отколку парламентарната демократија. Народната демократија во Југославија и Бугарија оди по стапките на советската демократија. Народната демократија во својата суштина е специфична форма на Советска демократија, што одговара на нашите околности и

на специфичните услови во развојот на народноослободителната војна во нашата земја (Мир и демократија, Бр.1, стр. Ч, Едвард Кардељ).

* * *

Според ленинизмот, силата и непобедливоста на секоја вистинска народна револуција е во поддршката на народните маси на пролетаријатот. Револуциите во 1848 и 1871 година во Франција, според Сталин, пропаднаа, зашто селанството сè уште беше на страната на буржоазијата. А, Октомвриската револуција успеа, зашто селанството беше на страната на пролетаријатот! Ете зошто е важно да се чува, засилува и проширува сојузот меѓу работниците и селаните! Ленин изработи план за соработка, а Сталин го разработи тој план и ја создаде теоријата за колективизација и на селските стопанства. Така, ситните селски стопанства се поставија на релеите на социјализмот и ликвидација на кулачењето. Тоа беше голем скок, револуционерен преврат од старата во новата квалитетна состојба на општеството, што е еднакво на превратот од 1917 година. Најважно и најкарактеристично е што тоа се случи од горе, на иницијатива на државната власт, со поддршка од долу на милиони луѓе!

Таа револуција докажа дека селанството не е реакционерно, туку со пролетаријатот може да биде прогресивно. Тоа го докажуваат и аграрните реформи во земјите со нова демократија. Колку реформата е поостра, толку повеќе се засилува сојузот меѓу селаните и работниците и ако не брзо, барем поуспешно, ќе се чекори по патот на социјализмот!

* * *

Ленинизмот вели дека победата на социјализмот е невозможна без правилно разрешување на националното прашање. Силата на Октомвриската револуција беше во тоа што таа се случи под знамето на ослободувањето на угнетените народи и на зависните земји. Таа го оствари правото на самоопределување и расчисти со националниот гнет!

Октомвриската социјалистичка револуција ја создаде диктатурата на работничката класа, која е носител на пролетерскиот

интернационализам. Таа ја создаде новата ленинова-сталинска политика за слобода и рамноправност на нациите и за братство и пријателство меѓу народите. Партијата води беспоштедна борба против великобуржоаскиот шовинизам и локалниот национализам, помогна да се развие советската државност и ја засили и оформи работата на органите на државната власт, како и стопанското и општествено уредување. Се надмина стопанската заостанатост на многу народи и се обезбеди развој на националните култури – социјалистички според содржината, а национални според формата! Исчезна чувството на недоверба, се разви нивното чувство за заемно пријателство и се создаде братската соработка во системот на единствената сојузна држава. Тоа значи врз базата на социјализмот, односно со победата на великата Социјалистичка револуција врз основите на теоријата на ленинизмот. Во тој поглед, многу му се должи и на др. Сталин.

Сите во солзи учат за правилно разбирање и разрешување на националното прашање. Ленинизмот докажа, а револуцијата потврди дека зависните и колонијални народи треба претпазливо да се земат од империјализмот и буржоазијата и претпазливо да се стават на страната на револуционерниот пролетаријат во борбата против империјализмот! Во ерата на криза на капитализмот, светот се подели на два табора; империјалистички и антиимперијалистички.

Под знамето на ленинизмот, пролетерското револуционерно движење се поврза со движењето за слобода на колонијалните и на зависните земји и народи против империјализмот. Исходот од таа борба е тоа што мнозинството од населението е против империјализмот, а тоа покажува на која страна во иднина ќе биде победата. Така што конечната победа на социјализмот е целосно и безусловно обезбедена! Народите во целиот свет во СССР гледаат единствен борец за вистински суверенитет на народите и државите, борец за ослободување на угнетените нации од колонијалното ропство. Силите на демократијата и национално ослободување се повеќе и повеќе се собираат околу СССР т.е. под знамето на Ленин – Сталин!

* * *

Ленинизмот учи дека победата на социјализмот над капитализмот не доаѓа сама по себе, туку таа треба да се „подготви и

извојува“, а тоа може да го стори само еден нов тип на партија, без компромиси, ама не и со опортунизам и реформизам. А, таква е само Комунистичката партија. Нејзината сила е во нејзината идејност! Нејзината сила е во врската со широките народни маси, во единството во нејзините редови, во принципиелната политика, во критиката и самокритиката!

„Ние не се плашиме од ништо, зашто сме партија која чекори напред и сè повеќе се развива“ (Сталин, том 7, стр. 122).

Само Комунистичката партија може да ги поведе масите во решителна борба со империјалистичката буржоазија, да ги поведе масите во бој и да ја преземе одговорноста за раководењето на земјата по симнувањето на империјализмот и буржоазијата. Болшевизмот стана познат во светот, тој ја даде идејата, теоријата, програмата и тактиката, кои се разликуваат од социјал-шовинизмот и социјал-пацифизмот (том 23, стр. 385). Комунистичката партија е за борба со непријателите и без буржоазија и против буржоазијата! Сите други партии изумреа, зашто ја изгубија поддршката од масите. Целиот советски народ гледа и верува во партијата и во неа го препознава „умот, честа и совеста на нашата епоха“ (том 21, стр. 95).

Втората светска војна на дело покажа колку и како се силни партијата и државата! Сите социјалистички партии го изгубија своето значење и сè повеќе и повеќе ги губат народните маси, зашто комунистичките партии се вистинските борци против фашизмот и против реакционерните сили на капитализмот! Тоа не е случајно, зашто само комунистичките партии се бореа против фашизмот во светот. Денес светот е поделен на два дела, на империјалистички и реакционерен и на антиимперијалистички и прогресивен (Жданов).

Комунистичките партии бројат 15 милиони членови и уште милиони други трудбеници. Од цврстината и организираноста на комунистите зависат многу работи. Силата и непобедливоста на комунистичките партии е во тоа што тие се силно и максимално поврзани со народот, што ги заштитуваат вистинските интереси на работничката класа и што ги водат народите кон победата за ново општествено уредување – социјализмот. Историјата докажа дека революционерната теорија, програма и тактика на ленинизмот им служат „како образец за тактиката на сите“. И напротив, теоријата и праксата на реформизмот претрпеа жесток пораз. Сите претскажувања и пророштва на со-

цијалдемократите за „мирен премин“ на капитализмот во социјализам и за „организиран капитализам“, што божем ќе ги надмине противречностите и војните, се покажаа како безвредни, зашто се темелеа на лаги, за да ги држат трудбениците потчинети на капиталот. Нивната политика за договор меѓу работниците и капиталистите го чинеше пролетаријатот многу жртви, крв и загуба на демократски достигнувања. Сите реформисти и опортунисти се предавници на класните интереси на работништвото и на националните интереси на целиот народ. Поразот на реформистите е елементарен услов за победата на трудот над капиталот, на демократијата над империјализмот. Без поддршка внатре во пролетаријатот – според Ленин – буржоазијата во Европа и во Америка не е во состојба да се одржи!

Знамето на Ленин – Сталин ги организира и вдахновува силите на прогресот и на демократиите за борба со мрачните сили на реакцијата и на империјализмот, за цврст мир, за демократија и за социјализам. Трудот ќе го победи капиталот. Победата на комунизмот, човештвото ќе ја извојува под знамето на ленинизмот!

# МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРИРОДНИ БОГАТСТВА

Македонија, распослана во центарот на Балканот и крстопат на светските патишта, во минатото, а и во иднина ќе игра една многу важна улога. Сегашните географски граници не се совпаѓаат (не соодветствуваат) со границите на старата (древна) македонска држава, која имала голема важност поради походите на Филип II, и особено со тие на неговиот син Александар Велики, чиишто освојувања се протегале до Египет, Персија, па дури и Индија. Географите во древноста околу прашањето за границите на древна Македонија не се согласувале. Страбон смета дека Македонија на север граничела со Berticus, Scadrus, Orbelus, Родопите и Хемус (Витоша), а на исток била до Хебр (денешна Марица). Друг знаменит географ од древноста, Claudius Ptolomej, ја става и Тесалија во границите на Македонија. Тит Ливиј можеби со полно право рекол дека самите Македонци не ги знаеле точните (вистинските) граници на својата земја.

Едвај за време на долгото владеење на Турците на Балканот, името Македонија, и тоа благодарение на некои европски патеписци, лека-полека се појавило од вековната заборавеност за најпосле да го добие своето вистинско географско име.

Денес нејзините граници, толку многу оспорувани, се точно определени: На север се планината Црна Гора, Качаничката клисура, планината Шара со врвот Љуботен (на север од Скопје); на запад граничната линија го следи северо-западниот водораздел на планината Кораб, до бреговите на реката Црн Дрим и Охридското Езеро; на југ границата се движи од Костурското Езеро до Солунскиот Залив, а од таму по крајбрежјето на Егејското Море до устието на реката Места; на исток границата е по течението на реката Места, Родопите и старата граница на Бугарија до 1912 година.

Во тие граници Македонија опфаќа 65.000 квадратни километри.

Познатиот српски етнограф Вук Караџиќ, исто така, ги прифаќаше нејзините северни граници. Но, од 1913 година, од политички причини, Србите, откако неколку пати го сменија своето мислење, ги оспорија горепосочените граници. Денес, во наши дни, тие граници на Македонија се признаваат од државници, публицисти и сите научници, кои се занимавале со балканските прашања како Г. Иречек, Лук Леже, В. Берар, Г. Вајганд, П. Миљуков, Н. П. Кондаков, Ар. Еванс, Л. Нидерле, Т. Д. Флорински, Р. Фон Мах, А. Јансен и други. Така исцртана, Македонија е напојувана од реките Места, Струма, Вардар и Бистрица. Македонските езера и блата Перавишк, Зрновско, Тахинос, Бутково, Лагадина, Башик, Арџанското, Костурското и др. се влеваат во Егејското Море. Водите на Преспанското Езеро се губат во почвата (des goufres souterrais) и само водите на Охридското езеро преку реката Дрим се влеваат во Јадранското Море.

Таа географска целина на Македонија одговара на една целосно определена економска целина. Од најдревните времиња, Солунскиот Залив бил и си останал единствениот излез за трговијата на таа пространа земја. Не случајно, уште од време, Солун се нарекувал „мајката на Македонија".

Поради важната географска положба на Македонија, таа била една провинција кон која се стремеле не само нејзините соседи, туку и сите големи сили. Освен извонредната стратегиска важност, таа има и исклучително големо трговско значење, зашто преку Македонија минуваат големите меѓународни патишта и е речиси на границата на два континента. Најкусиот пат, што ја поврзува Централна Европа со Азија минува преку Македонија.

Професорите Јордан Иванов и М. Скопјански велат дека Македонија во 1912 година имала 2.342.524 жители од кои 1.103.111 Бугари, 548.225 Турци, 267.862 Грци, 194.195 Албанци, 79.401 Куцо-Власи, 43.370 Цигани, 76.020 Евреи и 30.340 души од разни народности.

Пишувајќи за Македонија, професор Јаранов ќе каже дека Егејското Море навлегува во центарот на Балканскиот Полуостров со трите заливи: Солунскиот, Орфанскиот и Кавалскиот. Во тие заливи се вливаат следните четири реки: Бист-

рица, Струма, Вардар и Места, чии басени формираат една географска целина, која од древните времиња до денешни дни го носи името Македонија. За да се има една појасна претстава за националната економија на Македонија, неопходно е да се знаат и општите географски услови. Границите на Македонија тој вака ќе ги одреди: 1) на југ Егејското Море, планинскиот масив Олимп, Шапка и Камбуница; 2) на запад една редица од планини, што почнува од планината Пинд, продолжува преку Сува Гора, Мокра, Јабланица и Дешат и завршува со Шар Планина; 3) на север од Шар Планина границата продолжува движејќи се по планините Црна Гора, Козјак, Клуч, Доганица, Осогово, Рила и завршува кај Родопите; 4) на исток границата следи една од падините на Родопите – Доспат Планина – и продолжува по долното течение на Места, која се смета и како граница меѓу Тракија и Македонија.

Островот Тасос, што се наоѓа спроти Кавалскиот Залив, вели тој, основано може да се смета како дел од македонската земја. Од гореизнесеното следува дека Македонија, одвоена од соседните земји со планини, би можела да има своја сопствена економска физиономија откако ќе биде една одделна економска целина, зашто, како што ќе видиме понатаму, таа ги поседува и сите други неопходни услови за да биде една економска целина. Во границите, што тука се исцртани, Македонија зафаќа површина од 67.445 квадратни километри. До Балканските војни таа целата беше под турско владеење, а по војната ќе биде поделена меѓу балканските држави.

Со завршувањето на Општоевропската војна тој дел, со мали измени, беше заеднички санкциониран и денес јужна Македонија ѝ припаѓа на Грција, северна Македонија на Југославија, а еден сосема мал дел од североисточниот дел од Македонија – на Бугарија.

Македонската земја, што е присоединета кон територијата на Грција, е поделена на осум окрузи, таа што влегува во Југославија оформува три окрузи, а таа во Бугарија го оформува Петричкиот округ.

Еве ја табелата за површината на тие 12 административни единици, што ја формираат Македонија:

а) Македонски дел под грчка власт од 34.153 квадратни километри

| | |
|---|---|
| 1. Солун ........................................ | 12.290 квадратни километри |
| 2. Халкидик ................................ | |
| 3. Драма ....................................... | 4.503 квадратни километри |
| 4. Кавала ..................................... | |
| 5. Серес ........................................ | 3.817 квадратни километри |
| 6. Воден ........................................ | 3.336 квадратни километри |
| 7. Кожани ..................................... | 6.487 квадратни километри |
| 8. Лерин ....................................... | 3.720 квадратни километри |

б) Македонски дел под југословенска власт од 25.774 квадратни километри

| | |
|---|---|
| 9. Битола .................................... | 11.969 квадратни километри |
| 10. Скопје .................................... | 8.849 квадратни километри |
| 11. Брегалница ........................... | 4.956 квадратни километри |

в) Македонски дел под бугарска власт од 6.798 квадратни километри

| | |
|---|---|
| 12. Петрич ................................... | 6.798 квадратни километри |
| Цела Македонија ........................ | 66.725 квадратни километри |

Ова е административната поделба на Македонија. Нема сомневање дека таа никако не соодветствува на географскиот принцип, зашто таа поделба е со произволно исцртани политички граници. Македонија има еден најразнообразен релјеф, што многу влијае врз националната економија на земјата и врз развојот на производството. Според тој релјеф и за појасна претстава, ние ќ е ја поделиме земјата на неколку реони (делови).

## 1. Егејска Македонија

Егејска Македонија е формирана од рамнината, што се простира по целата должина на македонскиот брег покрај Егејското Море. Таа опфаќа повеќе од 1/3 од површината на цела Македонија т.е. 23.786 квадратни километри и целата ѝ припаѓа на Грција. Во тој дел од Македонија влегуваат окрузите: Кавала, Драма, Серес, Халкидискиот Полуостров, Солун и Воден, без Острово, кое влегува во Солунскиот округ.

Планините Беласица, Алиботуш и Кожуф го делат Егејскиот дел на Македонија од планинските реони на северо-источна и

северна Македонија, чиј релјеф е брановит. Планините Ниџе и Дурла ја делат од западна Македонија, а, пак, планината Олимп ја дели од Тесалија. На југ од Алиботуш, Беласица и Кожуф се простираат разграноци, што формираат неколку полиња: Драмско, Серско, Солунско и др.

### 2. Брановита Македонија

На север од Беласица и Кожуф, на двата брега на Вардар, централна и северна Македонија е покриена со многу височини (кои на некои места имаат форма на планини) пресечени со долини, навистина мали, но плодородни и добро заштитени. Такви се Петричко, Струмичко, Радовишко, Кочанско, Скопско и Кумановско, а особено се издвојуваат Тиквешко, Овче Поле и др.

Целиот тој дел, што го нарекуваме брановита Македонија, ѝ припаѓа на Југославија, со исклучок на Петричко, кое припаѓа на Бугарија. Пространството на тој дел опфаќа 11.985 квадратни километри. На запад од овие два дела, што ги издвоивме, има и трет дел, со посебен релјеф – планинска, западна Македонија.

### 3. Планинска западна Македонија

Низа од планини во правец кон југ го делат тој дел на Македонија од Албанија. Една друга низа од планини, која, исто така, се движи кон југ, следејќи ја Водна Планина, Караџица, Бабуна, Селечка Планина, Ниџе и Дурла Планина, стигнува до Бистрица и го дели тој дел на Македонија од брановитата и од Егејска Македонија. Еден трет дел во истата насока и со иста височина е распослан меѓу гореспоменатите два дела.

Меѓу тие три низи од планини – источна, централна и западна – се простираат две низи од рамнини и басени (котлини), кои се помали во споредба со рамнините, што се наоѓаат во егејска и централна Македонија, и се на поголема височина (500 – 900 метри надморска височина).

Меѓу низата од западните планини и низата од централните се расположени западниот басен на Поречието – по течението на реката Треска, басенот на Пелагонија (што се состои од битолското, прилепското и леринското поле), Сариѓол и басенот што го пресекува средното течение на реката Бистрица. Меѓу

низата од централни и западни планини се положени рамнината Полог, кичевскиот, демирхисарскиот и преспанскиот басен (последниот е формиран од Преспанското Езеро и ресенското поле), како и костурскиот басен, пресечен од горното течение на реката Бистрица. Меѓу течението на Вардар и тоа на Црн Дрим (чие горно течение го пресекува охридскиот басен, кој се состои од истоименото езеро и охридското и струшкото поле), од Шар Планина започнува една четврта низа од планини. Западна Македонија зафаќа површина од 23.621 квадратен километар, чиј јужен дел – најголемиот – припаѓа на Југославија, а, пак, јужниот дел – многу помал – влегува на грчка територија.

Останува да опишеме и уште еден мал дел од Македонија – северо-источниот. Тој дел, расположен на северо-исток од Егејска Македонија и нејзиниот брановит централен дел, се состои од соседните планини Осогово, Рила, Доспат и нивните јужни разграноци Малешевска и Пирин Планина. Во тој дел од Македонија се распослани разловечката котлина, неврокопското поле, Мелник, Горноџумајската рамнина и Малешевско. Но, тие басени и рамнини, поради нивната незначителна големина и височина, со ништо не го менуваат општиот планински карактер на тој дел, што зафаќа површина од 8.053 квадратни километри и го формира Петричкиот округ во Бугарија – со исклучок на тој дел од Петричкиот округ, што претставува една вистинска рамнина, но само во неговиот источен дел кон Брегалница (во Југославија).

## Хидрографија

### 1. Реки и притоки

Главните реки во Македонија се Бистрица, Вардар со притоките Треска, Црна, Пчиња и Брегалница, Струма со нејзината притока Струмичка Река, како и Места. Ниту една од тие реки не е искористена. Огромната водена сила, што се крие во нивните горни теченија или во нивните притоки, е целосно изгубена. Наспроти можностите реките Вардар и Струма да бидат пловни, тие се изоставени и со ништо не се приспособени за речна пловидба.

Ниту еден од владетелите на Македонија не води грижа за заштита на горите, како и за регулирање на коритата на споменатите реки. Бидејќи шумите се речиси уништени и врнежите се променливи, па поплавите сè почесто станувaат периодични појави. Секоја година 136.300 хектари плодна земја само во Серското Поле, или 75,7% од целата површина, се полеваат од водите на Струма. Драмското Поле во својот поголем дел (16.000 хектари) секоја година е, исто така, изложено на водените стихии. А, пак, како што се знае, во тие две плодни полиња растат најзначајните житни растенија во Македонија. Тој факт сам по себе покажува зошто има толку многу блата во македонските полиња. Така, во Солунското Поле блатата зафаќ аат површина од 42.000 хектари, во Драмското 9.500 хектари, а во Серското, Струмичкото, Битолското и Скопското поле блатата зафаќаат, исто така, големи пространства.

Се разбира, пресушувањето на тие блата би донело двојна полза: ако му се даде можност и на македонскиот народ да ги пројави своите способности тоа би ја зголемила обработливата земја, а заедно со тоа брзо ќе се надминат сите центри на маларијата – вистински камшик за локалното население. Во тој поглед, непроценлив е ангажманот на една американска компанија, која го реализира пресушувањето на аматовското и арџанското блато. Таа компанија сакала, со регулирање на коритата, во иднина да ги пресуши и блатата, што се наоѓаат по горното течение на Вардар и Бистрица.

Некои од блатата, како Тахинското во серското Поле и Enиџе-вардарското во Солунското Поле, според нивната длабочина, наликуваат на вистински езера. Но, освен нив, во Македонија има и многу вистински езера.

## 2. Езера

Најголемите од нив – Охридското и двете преспански, Костурското и Островското – се наоѓаат во Западна Македонија. Во Егејска Македонија заслужуваат да се споменат Дојранското, Лагадинското, како и езерото Бешик. Исто така, бројни се езерата и во планинската северо-источна Македонија, но наместо да се гледаат по рамнините, тие се распрснати и се среќаваат по високите, па и по највисоките планини. Тие чудесни „морски очи“ засега се целосно непознати за европските туристи,

а следствено немаат и никакво значење за економијата на Македонија. Меѓутоа, порано или подоцна тие ќе бидат објект на една голема хотелиерска индустрија. Во некои од посочените езера, на пример, во Охридското, има и многу риба.

## 3. Егејското Море

Македонското крајбрежје на Егејското Море е многу пресекувано. Во Македонија навлегуваат Солунскиот и Орфанскиот залив. Тие го опфаќаат Халкидискиот Полуостров, кој исто е пресечен од други заливи на три одделни полуострови. Во источна Македонија навлегува Кавалскиот залив. Трите посочени заливи имаат удобни пристаништа, од кои некои биле отворени уште од првите жители на Македонија. Тие пристаништа уште од древни времиња ја олеснуваат комуникацијата меѓу Македонија и странство. Покрај улогата, што Егејското Море ја игра, односно комуникацијата на странските земји, тоа многу влијае и врз климата.

## Клима

Поради својот планински релјеф, Македонија има една многу разнообразна клима. Приморска Македонија, отворена од југ кон Егејското Море и заштитена од север со високи планини, има една речиси средоземно-морска клима. Солун со 15,8 Целзиусови степени и Кавала со 15,9 Целзиусови степени средна годишна температура, наликуваат на Неапол, кој се наоѓа на истата широчина. Но, ако ја споредиме годишната амплитуда на температурата ќе видиме дека Солун (со 20,8 Целзиусови степени) и Кавала (со 20,2 Целзиусови степени) се оддалечуваат од годишната амплитуда на Неапол, кој има 14,9 Целзиусови степени. Голема разлика се забележува и во поглед на врнежите: во Неапол паѓаат 869 литри вода во текот на годината, додека во Кавала 670, а во Солун само 560 литри.

Таа голема амплитуда и ретките врнежи се забележуваат, исто така, и во внатрешноста на Егејска Македонија: средната годишна температура во Драма е 14,7 Целзиусови степени, годишната амплитуда на температурата – 21,4 Целзиусови степени, а годишното количество врнежи едвај 520 литри. Речиси исти резултати од набљудувањата се забележуваат и на станицата

Удово, на железничката линија Солун – Скопје, во близина на Гевгелија: средна годишна температура од 15,2 Целзиусови степени, средна амплитуда на годишната температура од 21,6 Целзиусови степени, а годишното количество врнежи едвај од 590 литри. Според тие констатации, ние можеме да ја вброиме Македонија меѓу земјите, чија клима претставува премин од средоземноморска кон континентална и со тоа, имено, можеме да ја објасниме околноста дека честопати преку зима водата во Солунскиот Залив замрзнува – нешто што не се забележува на целиот брег на Средоземното Море.

По течението на Вардар и Струма, благотворното влијание на Егејското Море се шири и понасевер, во брановитата, планинска Македонија. И колку некои од тие делови се блиску до премините и клисурите, кои го олеснуваат тоа влијание, толку повеќе климата е попријатна. Меѓутоа, не треба од климата во Скопје, кое има 12 степени Целзиусови, да се изведува заклучок за целата ридеста, брановита Македонија, која има полиња во кои температурата е многу повисока. Така, полето кон Петрич или Струмица има средна годишна температура од 14 Целзиусови степени. Таа температура е приближно еднаква и во Тиквешко и Велешко.

Годишната амплитуда на температурата – 22,5 и 21, 9 Целзиусови степени – ја прави Македонија земја со континентална клима и со слабо средоземноморско влијание, што, исто така, се забележува и во поглед на врнежите. Така, во Петричко се мерат 706 литри годишно количество, а во Струмичко 646,4 литри, додека во Скопје едвај 505 литри. Но, има места, како на пример, Овче Поле, каде врнежите едвај надминуваат 400 литри.

Западната планинска Македонија има континентална клима, која е поумерена во пониските места (басенот на Сарјаѓол и на Пелагонија, во тетовското поле и др.), но е посурова во повисоките рамнини кај Ресен, Кичево и др. Како исклучок меѓу овие места може да се посочи Охридско, чија клима е поумерена. Што се однесува до највисоката рамнина во Македонија – Пелагониската, ние имаме приближно идентични вредности. Средната годишна температура во Битола е 11,2 , а во Прилеп 12 Целзиусови степени. Количеството на врнежите е 710 и 410 литри. Овие бројки укажуваат на големи разлики во двете места, кои се наоѓаат во една иста рамнина, и следствено, на големите потешкотии, што ни пречат да дадеме една општа

карактеристика за западна планинска Македонија кога станува збор за климата.

Северо-источниот дел на планинската Македонија има најсурова клима. Тоа е, впрочем, само на највисоките места. По речните долини, пак, напротив, под влијание на Егејското Море, има клима речиси како таа во брановита Македонија.

Општо земено, климата во Македонија е сува. Средното количество врнежи од 593 литри е многу пониско од врнежите во сите останати балкански земји, со исклучок на Грција. Но, тоа не значи дека Македонија нема благопријатна клима. Треба да одбележиме дека има значајни културни растенија, кои можат да виреат во услови, што им ги пружа само климата во Македонија, зашто малите годишни врнежи се така распределени што се корисни за тие култури, од кои некои не трпат големи дождови.

Со овие особености, а, пред сѐ, со постоењето на средоземноморска и континентална клима во Македонија, се објаснува и разновидноста на флората во Македонија.

## Флора

Освен климата, и други два карактеристични фактори уште повеќе придонесуваат за разновидноста и богатството на македонската флора. Најпрво, тоа е местоположбата на Македонија на крстопатите, што водат од Средоземно Море кон руските степи и од Азија кон централна Европа. И второ, тоа е големата разнообразност на нејзиниот релјеф. Макот, чисто азиско растение, вирее само во Македонија. Исто така, во неа се обработуваат и одгледуваат сите видови земјоделски растенија, какви што има и во централна Европа. Насекаде каде што се чувствува влијанието на Егејското Море, паралелно со сите останати дрва што растат во умерените земји, растат и маслините, калинките, смоквите и сите претставници на средоземноморската флора.

Климатските услови и почвата благопријатно влијаат врз виреењето на индустриските растенија: памукот во Егејска Македонија, мак и сусам во Егејска и во централна - ридеста Македонија, сончогледот, анасонот, ленот, шеќерната трска, шеќерната репка итн. Но, најзначајниот претставник македонската флора е тутунот, особено видовите „басма“ и „баши-бали“,

кои растат, пред сè, во Македонија и Тракија. Сите обиди на многумина да ги пресадат на други места останале безуспешни.

Како во Егејска Македонија, така и во централна, ридеста Македонија и во некои други делови на Македонија одлично виреат и лозјата. Од друга страна, во планинските делови, преку летото, секој сточар може да најде одлични планински пасишта, кои преку зимата се заменуваат со зелените ливади на Егејска Македонија.

## Фауна

Фауната во Македонија не е толку разнообразна како флората. Освен домашните животни, што ги има во цела Европа и кои успешно се одгледуваат – како на пример, волот, коњот, мулето, магарето, свињата, овцата и козата, тука е застапен и биволот, кој е малку познат во централна Европа. До скоро, по македонските патишта се забележуваа и цели карвани од камили. За жал, тие интересни карвани исчезнаа по општоевропската војна.

Дивечот е речиси целосно уништен од жителите и од многубројните диви животни – волците и лисиците. Зајаци има речиси насекаде во земјата, а тук-таму срни и дивокози. Македонија е, од друга страна, едно скривалиште и последната точка до која прелетуваат многу од птиците во Европа. Домашните птици: кокошки, патки, гуски, мисирки има речиси во сите домаќинства.

Егејското Море, езерата, блатата и реките изобилуваат со одлични риби. Сите полезни и вредни инсекти, какви што има во јужна Европа, се среќаваат исто и во Македонија. Пчелите даваат одличен мед и жолт восок, бубите, кои се развиваат главно во Воденско и по Вардарската долина, даваат многу квалитетни кожурци. За жал, филоксерата, пренесена од Америка, се појави во Македонија уште во почетокот на овој век и го започна уништувањето на лозјата. Поради блатата, Македонија е преплавена од комарци од кои видот Pyrethophorus superpictus, кој се среќава во цела Европа, особено во Грција и Македонија, се развива, исто така, и покрај истечните води. На него се должи маларијата во местата каде никој не би можел да претпостави дека може да има такви комарци.

## Геолошки услови и подземни богатства

Македонија била арена на чести земни промени. На тоа се должи тектонското потекло на повеќето од македонските планини. Тектонската активност во земјата се чувствувала честопати, а последната нејзина фаза, која го одредила сегашниот релјеф на македонската земја, што се доформил преку ерозија, датира од крајот на периодот креда. Во тој период, големи промени на земјината кора се случиле не само во Македонија, туку и на целиот Балкански Полуостров, па дури и надвор од него. Во Македонија, пукнатините на земјата достигнале големи длабочини и понекогаш стигнувале до централната усвитена маса. Преку пукнатините, таа усвитена маса се искачувала до површината на почвата и така се натрупале големи еруптивни маси. Од тој период се и некои ридести реони од еруптивно потекло, како на пример, Пчиња, Кратово, Кочани и Штип, Осоговската Планина и Кожуф.

Тие еруптивни акумулации од подоцната епоха криjат многу вредни метални жици. Таа промена на земјата го објаснува постоењето на многу термални (топли) води какви што се среќ аваат по долината на реката Струма, како и во други делови на земјата. Најраспространети карпи се кристалните (од стара и понова геолошка формација), какви што се среќаваат во целата земја, и метаморфозните палеозоични шилци, карактеристични за западна Македонија. Потоа следат компактните еруптивни карпи, главно гранитот.

На трето место доаѓаат таложените карпи, од кои варовникот и доломитот го составуваат масивот и врвот на многу планини. Долините, од своја страна, се исполнети со талози и речни наноси од чакал, песок и др.

## Рудни пластови – метални наоѓалишта

Во целата земја има рудни метални наоѓалишта. Тие можат да се поделат на неколку рударски реони:

1. Скопскиот реон – богат со хромна руда
2. Кратовскиот и Кривопаланечкиот – богати со олово
3. Мариовскиот и Мегленскиот – богати со антимон и хром
4. Халкидискиот – богат со магнезит и разни пирити.

Освен во овие реони, метални наоѓалишта има и кон Кавала, на островот Тасос и уште во некои други места.

Најраспространет е хромитот, а и од практична гледна точка тој е најважен за земјата. Да одбележиме дека Македонија е една од ретките земји во која го има тој минерал. Хромитот се наоѓа во серпантинот во форма на леќи или жили со различна големина. Речиси сите многубројни наоѓалишта со серпантин содржат хромит. Од таа гледна точка, заслужуваат да се одбележат: рудникот меѓу Скопје и Тетово, близу до селата Радуша и Свиларе, рудникот Алшар во Мариовско (на југ од Тиквеш) и кај Валандово (кон Гевгелија). Потоа наоѓалиштата, што се среќаваат на север од Еницe-Вардарско (кон Солун), тие околу Бер (Караферија) на исток од Негуш и најпосле тие што се наоѓаат на Халкидискиот Полуостров, во близина на селото Ормилија.

Оловната руда, особено галенитот, се наоѓа во многу реони на земјата. За одбележување се наоѓалиштата во Кратовско, Крива Паланка и во околината на селото Саса, село кое своето име го носи од саксонските колонии, какви што во далечното минато имало во Царево Село. Рудните пластови, што ги карактеризираат тие реони, се од голема практична важност, но сега тие не се експлоатираат. Богати наоѓалишта со олово се откриени во Охридско, во близина на селото Опејница. Важно во случајов е тоа што тие наоѓалишта се богати со сребро – содржат 1,5% сребро. Среброносен галенит, исто така, има во Кратово и во селото Извор, блиску до Орфанскиот Залив. Во селото Ѓурецик, на северозапад од Драма, се наоѓа галенит измешан со манган. Во околината на Кавала се наоѓа галенит измешан со други минерали.

Железна руда има во вид на магнетит и на пирит. Магнетит има речиси во сите масивни карпи во земјата, но неговото производство е лесно само во Поречието, на југ од Скопје, и кон јужните падини на Пирин, на север од Серес. Пиритот, што беше откриен уште во 1900 година во околината на Извор, на Халкидискиот Полуостров, е од голема важност за националната економија на Македонија.

Цинкот измешан со железна руда, манган и олово, изобилува на многу места на островот Тасос и во околината на Кавала. Бакарна руда се наоѓа во близина на Извор, на Халкидискиот Полуостров. Во истиот реон се откриени и наоѓалишта со антимон.

Антимонова руда (антимонит) и арсениум, заедно со хромит, има на северните падини на Кожуф планина, блиску до селото Мадана, кое е наречено Алшар, според името на компанијата која ја експлоатира рудата. Кристаловидните шилци во Парнардаб и Круша планина се златоносни. Затоа сите рекички, што извираат од нив, носат златен песок.

## Минерални пластови

Минералните пластови во поголемиот дел се поврзани со рудните пластови. Магнезитот, како и хромитот, главно се среќаваат соединети со серпантинот (во една многу преобразена форма). Во Скопскиот реон магнезитот се наоѓа во хромните пластови. Тука тој е во бела боја, што овозможува да се употребува во живописот. Најголеми количества има близу до селата Геракини и Извор. Во рудниците кај Мадени-Лакос и Пијавица, близу до Извор, магнезитот лесно се произведува. Селото Извор е познато по изобилството и разнообразноста на тие подземни богатства.

Ете, ние тука го споменуваме веќе по четвртти пат. Во селото Каја-Чали, на југоисток од Солун, во серпентинот се наоѓаат жици од аморфен бел магнезит, со густина од 0,40 до еден метар.

Малку по на југоисток, во реоните Василика и Воден, најпосле се пронајдени многу добри жици, што ветуваат во иднина да дадат добри приходи.

Наоѓалишта со црн камен се среќаваат на многу места во земјата: во Штипско, Охридско, Ресен, Горна Џумаја, Скопје и во близина на селото Катерини, на југоисток од Солун. Но, во првите три реони наоѓалиштата не се со толкави количества за да можат да се експлоатираат. Тоа се тенки лигнитни пластови, кои можат да се искористат за локалните потреби на населението. Наоѓалишта со црн камен има во изобилство во Горно Џумајско и во с. Катерини. Недостигот од наоѓалишта со црн камен се чувствува во Македонија, исто како и од нивната замена, односно „белите наоѓалишта“, кои иако во изобилство, сепак не се искористени.

Гипсот – лесен за експлоатација – се наоѓа близу до селото Косоврасти, во Дебарско. Азбестот се наоѓа во изобилство во околината на селата Василика и Галатица на Халкидискиот

Полуостров. Исто така, се наоѓа и во близина на Гевгелија. Талк, пак, има насекаде во земјата.

Голем дел од карпите во Македонија се од практична полза и можат да се експлоатираат. Како камен за изградба, гранитот во Прилепско и Крушевско е многу добар. Мермерот се наоѓа во сите краишта на земјата, меѓутоа тој што се наоѓа во околината на село Петрино (кон Ресен) и Гевгелија, како и тој од Олимп, може и економски да се експлоатира. Во многу места, како во Кратовско, с. Лесново и Дреново се вадат и воденички камења.

## Минерални и топли извори

Во Македонија, исто така, не недостасуваат и минерални и топли извори. Освен многу топлите извори по долината на реката Струма, такви има и по долината на Места (близу до Неврокоп и Разлог) и кај Вардар (во близина на с. Катланово кај Скопје, Штип и др.). Топли извори има и кај Дебар и Солун. Сепак, Македонија не е толку богата со термални извори како Тракија.

Ладните минерални води, богати главно со железо и со разни соли, има во целата земја, меѓутоа тие не се користат. Во околината на Кичево, во близина на селото Брод, населението експлоатира некои извори со соли.

Овој мал приказ за општите природни услови, што влијаат врз националната економија на Македонија, ни дозволува да констатираме дека оваа земја е богато надарена од природата.

Да ја видиме сега состојбата со комуникациските средства, кои се, исто така, еден од важните фактори за економскиот развој на земјата.

## Комуникациски средства

Комуникацијата меѓу разните делови на Македонија, наспроти пресечениот терен, се многу лесни. Освен долините, што веќе ги одбележавме, ниските, лесно достапни и проодни премини, кои ги сечат планинските вериги, ја олеснуваат изградбата на патиштата и на железничките линии.

Исто така, таквите услови ја олеснуваат комуникацијата со соседните области Тракија, Мизија, Поморавјето, Косово, Албанија и Тесалија. Рамнината кај Егејското Море продолжува

и во Тракија, каде се минува неосетно и незабележително. Такви исти, одлични услови ја олеснуваат комуникацијата со Косово преку клисурата на Лепенец, притока на Вардар, меѓу врвовите на Шар Планина и Црна Гора, кај Качаник. Најдолга граница на Македонија е таа што ја одделува од Албанија. По должината на целата граница има редица планини преку кои има доста погодни премини. Тука, на прво место треба да го споменеме Дрим, што се пои од водите на Охридското Езеро. Таа река сече низа планини, што ја оградуваат Македонија како нејзини погранични месности, а истовремено претставува и еден лесно прооден пат кон северна Албанија. По на југ, меѓу долината на Шкумба (во Албанија) и басенот на Охрид, вододелната линија, кај Домусовското Поле, се симнува надолу и преминувањето станува многу лесно. Тој природен пат бил искористен за изградбата на првиот пат меѓу Македонија и странство.

На југ, басенот на Охридското и на Преспанското Езеро, преку ниските и проодни премини, многу лесно се поврзува со Корчанската рамнина. Комуникацијата со Тесалија, а, исто така, и со Тракија, е многу лесна, особено по крајбрежјето. Впрочем, таква комуникација со лесно проодни премини не отсуствува и кон запад, како таа во околината на Серфиџе, меѓу планините Шапка и Камбуница.

Природно, уште првите жители на Македонија можеле да ги користат таквите добри услови за комуникација. Сепак, тие создале само обични патишта.

## Патишта

Римјаните биле првите, кои по освојувањето на Македонија, во 146 година пред Ис. Христа, почнале да градат патишта во земјата. Малку подоцна бил веќе изграден патот, што го поврзувал Dyrrhachium (Дурацо, Драч) – пристаниште во Албанија, кое е најблиску до Рим – со Солун, за кого Римјаните уште на самиот почеток сфатиле дека е центарот на Македонија, а, исто така, и на Балканскиот Полуостров. Тоа е познатиот пат Via Ignatia, што претставува и прв изграден друм на Балканскиот Полуостров и главна линија со која понатаму се поврзуваат сите патишта изградени подоцна. Via Ignatia почнувал од Дурацо, минувал по долината на Шкумба и кај високата рамнина на Дмусово навлегувал во Охридско, а од таму минувал преку Ресен, Битола, Сариѓол

и стигнувал во Солун. Тој пат ја следел трасата на стариот пат Via Regia изграден во времето на македонските цареви. Во скоро време тој пат бил продолжен до Цариград. Подоцна, од Солун е изграден патот за Ниш. Тој врвел по течението на Вардар, минувал преку Косово, по што се симнувал по течението на реката Топлица за да стигне до Ниш. Истиот пат, кај Стоби (сега станица Градско) се пресекувал со еден друг, што се одвојувал од Via Ignatia кај Битола, минувал преку Градско и Ќустендил, и стигнувал до Софија.

Кога целата трговија меѓу Запад и Исток минала во рацете на трговците од Генц, Венеција и Рагуза (Дубровник), за подиректна врска меѓу Јадранскиот брег и Цариград, тие користеле и еден нов пат, што се одвојувал од патот Цариград – Софија – Белград до Пазарџик (на запад од Пловдив) и од Самоков, Ќустендил, Куманово, Скопје, Косово и Босна се разгранувал кон разните пристаништа на Јадранското Море. Тој пат низ северна Македонија во скоро време го замени тој од Цариград преку Софија до Белград, кој го зачува само своето воено значење. По пропаѓањето на слободните градови, во времето кога Австрија и Германија го бараа најкраткиот пат кон Исток, тие видоа дека тој пат минува преку Солун. Затоа му се обрнало внимание и бил поправен патот Белград – Ниш – Скопје – Солун, кој минува исклучиво по течението на реката Бугарска Морава и Вардар.

Од гореизнесеното се гледа дека Македонија била вкрстена со патишта, кои имале меѓународно значење. И навистина, ако се исклучат тие што се дело на Римјаните, сите останати патишта не можат дури и да се наречат друмови, зашто по нив не циркулирале коли, туку карвани од коњи – единственото средство за трговска размена во средниот век, во новото време, па дури и до средината на минатиот век. Сепак, беше неопходно да ги споменеме, зашто современите и идните патишта ги следат и ќе ги следат истите (нивните) траси.

Турција, која во период од пет века владееше со Македонија, всушност, почна да гради патишта кон крајот на минатиот век, главно во времето на Митхат-паша.

Кон крајот на турското владеење, сите патишта, главно друмовите, почнуваа од Солун. Турската влада сфати дека неговата важност произлегува од самата природа. Солун се поврза со сите делови на Македонија. Најжив и најдобро одржуван пат беше оној што почнува од Солун и оди кон западна

Македонија и Албанија, кои во тоа време имаа многу поживи односи со тој град, отколку со јадранските пристаништа. Тој пат почнува од Солун, минува преку градовите Енице-Вардарско и Воден (распослани едниот во центарот, а другиот во западниот дел на Солунската рамнина), го пресекува басенот на Сариќол минувајќи преку градот Острово и откако го заобиколува истоименото езеро продолжува кон Битолското поле, каде во близина на Лерин еден крак оди до градот Корча, во Албанија. Од тука, еден разгранок оди кон Прилеп и Велес, кога друмот, врвејќи по трасата на стариот Via Ignatia, влегува во басенот на Ресен од каде одново се одделува кај самиот град Ресен, па откако минува преку Охридско (самите градови Охрид и Струга) еден крак оди кон Корча, а еден кон Дебар. Кракот кон Корча минува преку долината на реката Шкумба и најпосле стигнува до градот Елбасан, во средна Албанија, и пристаништето Драч на Јадранското Море. Јасно е дека друмот, следејќи ја трасата на Via Ignatia, до последните денови на турското владеење играше главна улога, односно ги поврзуваше сите патишта во една насока. Од друмот Солун – Битола се одвојува кракот кој оди кон градот Бер (Караферија) од каде еден нов крак стигнува до Негуш и Воден. Од Бер, патот оди кон Кожани – централно место на сите патишта во југозападна Македонија. Тука патот се дели и се движи во разни насоки.

Еден друг пат од голема важност е тој што почнува од Солун и оди за Скопје. Тој пат на 29 километри по патот Солун – Битола се двои и оди по течението на Вардар, минувајќи во правецот Гевгелија – Неготино и Велес. Тука има еден крак, што оди кон Штип, Кочани и Царево Село. Кога, пак, главниот пат стигнува во Скопје, таму се раздвојува на неколку краци, што одат во разни насоки, и тоа го прави градот важен комуникациски центар во северна Македонија. Главниот пат потоа оди кон Куманово. Тука тој се дели на еден крак кој оди кон Прешево (град што се наоѓа на вододелницата на реките Вардар и Морава) и продолжува кон Врање, Ниш и Белград. А другиот крак, пак, ја пресекува ридестата месност на Средорек и Славишта, во близина на Крива Паланка, и преку преминот Деве Баир влегува во Бугарија во правец на Ќустендил и Софија.

Еден друг многу важен пат, иако лошо изграден, почнува исто од Скопје, минува преку Лепенец и низ клисурата стигнува до Качаник, па продолжува кон Косово. Во тој реон, во близина

на градот Феризович (Феризај или Урошевац), патот се дели во два правца: едниот оди кон Призрен и Шкодра (Скутари – Албанија), а другиот кон Приштина, Нови Пазар и Сараево.

Друг значен пат го поврзува Скопје со Серес, откако минува преку Овче Поле, Штип, Радовиш, Струмица, Петрич и Демир Хисар. На два пункта тој се поврзува со Солун. Едниот пункт за поврзување е во Струмица, од каде има еден крак кон Дојран и Кукуш, што стигнува до Солун. На тој начин, Струмица е еден доста заживеан центар за патна комуникација во централна Македонија. Покрај тој пат, од Струмица има друм, кој оди кон Малешевско.

Солун и Серес се поврзани со два пата. Едниот минува директно преку Круша Планина, а другиот, пак, го следи стариот Via Militaris  и оди до Орфанскиот Залив. Таму тој го заобиколува Тахинското Езеро и стигнува до Серес. Од тој град има друг пат, што ја следи реката Струма, ги сече Горна Џумаја и Дупница и стигнува до Софија. Солун, град тесно поврзан со југозападна, западна, северозападна и северна Македонија, нема патна комуникација со источна Македонија т.е. со долината на реката Места и Кавала и Драма. Тоа делумно се должи на околноста дека има водна комуникација меѓу Солун и Кавала, што е поевтина, како и на економската независност на источна Македонија, бидејќи таа има соодветно пристаниште – Кавала. Кон крајот на турското владеење, единствените патишта, што постоеја во тој дел од Македонија, беа Кавала – Драма и Кавала – Ксанти (Скече), кој врви покрај морето и минува низ градот Сари-Шабан. Иако неквалитетно изграден, доста жив беше патот Драма – Неврокоп – Разлог, по кој се движеа било посетителите на Неврокопскиот панаѓур, било иселеници и пастири во текот на пролетта или есента.

Од овој кус преглед на патиштата во Македонија пред Балканските војни, станува јасно дека турската влада ја сметала Македонија како една економска целина, со центар во Солун, и со оглед на тоа, ја градела целата патна мрежа во земјата. Но, дојдоа Балканските војни и новите граници, кои го пресекоа живото тело на Македонија и ја раскинаа таа мрежа, толку хармонично развиена. На тој начин се спречија полувековните напори. По сите патишта, кои во минатото беа толку заживеани, веднаш настапи една гробна тишина. Меѓу Солун и Битола од една страна, и Солун и Скопје од друга, се испречија вештачки

карпи и прегради. И ако сега некој посака да патува меѓу Скопје – Струмица – Серес, не ќе може лесно да го мине патот, зашто ќе треба да премине преку две граници.

Ваквите промени донесоа нови потреби. И бидејќи одделните делови на Македонија, откинати еден од друг, беа присоединети кон соодветните држави, кои минуваа остри економски кризи, може да се заклучи дека ќе треба да помине доста долго време за да се задоволат тие потреби. По 1912 година, освен неколку стратешки патишта изградени за време на општоевропската војна, воопшто, во целата територија се подигнати сосема мал број патни правци.

Во Македонија под српска власт, се изградија новите патишта Струмица – Штип и Струмица – станица Удово, како и два-три патни правци од локално значење. Во Македонија под бугарска власт, се изгради патот Лажане – Разлог – Неврокоп, од кој еден крак оди кон Горна Џумаја и Петрич. Во жална состојба е патната мрежа во Македонија под грчка власт. Солун и денес е откинат од источна Македонија, зашто сè уште се одлага изградбата на патот Драма – Серес. На крајот, ќе треба да го подвлечеме фактот дека во такви околности не може да стане ни збор за каква било изградба на меѓуселски патишта.

## Водни комуникации

Во целата земја нема дури никаква трага од поранешните водни патишта, што локалното население ги користело пред повеќе од педесет години. Меѓу водните патишта, што служеле за внатрешна пловидба, е реката Вардар. Производството од сите реони, што се наоѓаат по средното течение на реката, стигнуваше во градовите низ кои минува Вардар: житото од Овче Поле и оризот од Кочани и Велес, житната храна од Тиквеш, Градско и Неготино, свилените кожурци од Гевгелија. Во овие градови, сите тие стоки се товареле на скелиња, што се растовараle било во Солун, било директно на бродови. А потоа празни, скелињата се враќале обратно. Но, бидејќи коритото на реката не било регулирано, се уништувал и пловниот материјал, а со тоа и превозот, што сè повеќе станувал и несигурен и поскап. Така, кога по течението на тој единствен воден пат била изградена железничката патна линија Солун – Скопје, престанало и неговото користење. Како и да е, ќе треба да помине

долго време за корекција и канализирање не само на Вардар, туку и на Брегалница, Струма и Места, што е неопходно и за пресушувањето на блатата во нивните устија, но и за поевтина комуникација.

### Железничка патна мрежа

Турската влада и кон железничката патна мрежа се однесуваше исто толку сериозно како и кон патната, па Солун и во тој поглед се земаше како центар, како гнездо од каде излегуваат сите патни и комуникациски линии. Ете зошто, по долги проучувања, во 1865 година се одлучи да се поврзе со една железничка линија, пред сè, Солун со северна Македонија, а подоцна таа да продолжи и кон Косово и кон Босна. Во 1869 година, турската влада со договор и ја отстапи на компанијата Хирш изградбата и експлоатацијата на железничката патна мрежа во Турција. Во тој договор беше вклучена линијата Солун – Скопје – Приштина. Во 1873 година, беше пуштен првиот дел од таа линија, од Солун до Скопје, во должина од 243,1 километри, а наредната година почна експлоатацијата на останатиот дел до Митровица. Линијата почнува од Солун, оди кон запад по течението на Вардар, минувајќи низ градовите Гевгелија, Неготино и Велес и стигнува до Скопје. Од таму, следејќи го течението на Лепенец, притока на Вардар, ја сече Качаничката клисура и продолжува по Косовското Поле. Таа линија е долга 278,1 километри, од кои 79,2 километри од Солун до бившата грчко-југословенска граница, 163,9 километри од таа граница до Скопје и 35 километри од Скопје до Качаник.

Во 1888 година беше изградена линијата кон српската граница, преку Куманово и Прешево до Врање. Должината до Прешево е 58 километри.

Железничката патна линија по течението на Вардар ја прекина претходната речна пловидба, што се одвиваше со скелиња, и откако беше поврзана со српската железничка патна мрежа, а потоа и со европската, европските производи со нивните ниски цени им нанесоа смртоносен удар на некои од македонските занаети. И втората железничка патна линија во Македонија беше изградена, исто така, од една странска компанија во 1894 година. Таа оди по патот Солун – Битола, но не врви директно за Воден преку Еници-Вардарското Поле, туку се дели кон југ,

откако минува низ Бер (Карафери) и Негуш, пред да стигне во Воден. Нејзината должина изнесува 218,6 километри.

Поради добро уредената морска комуникација со бродови меѓу Солун и Цариград, потребата да се поврзат тие два града, толку важни за Европска Турција, со железничка линија се почувствува многу доцна. Дури во 1892 година беше потпишан договорот за изградба на железничката патна линија Солун – Дедеагач, што заврши во 1906 година. Таа линија исполнуваше една голема потреба – да се поврзе Солун со Источна Македонија, за да се создаде врска на суво меѓу нив. Железничката линија, што смело можеме да ја наречеме артерија на Егејска Македонија, минува низ најплодните места на земјата: брановитата месност преку Кукуш, басенот на Дојран, Серското и Драмското Поле, а потоа таа минува преку реката Места и влегува во Тракија. Нејзината должина во Македонија до станицата Окчилар изнесува 270 километри. Таа линија, наречена Жоксион – Солуники – Константинопол (J.S.C), беше изградена и се експлоатираше од една француска компанија.

До Балканските војни, македонските железнички линии беа поврзани само со српската железничка мрежа и тоа беше во согласност со Берлинскиот договор. Несреќните последици за целовитоста на патната мрежа, што се случија поради поделбата на Македонија по Балканските војни, лошо се одразија и врз железничката патна мрежа. Сè што рековме во поглед на првата мрежа, може да се повтори и тука.

Железничките патни линии Солун – Скопје и Солун – Битола беа пресечени и Битола речиси не функционираше. Се наметна потребата од изградба на линијата Битола – Градско или Велес – Битола. По Балканските војни беше изградена една единствена нормална линија – таа што го поврзува Солун со грчките железнички патни линии. Должината на таа линија во Македонија е 53 километри. Во текот на Светската војна, повеќе за воени потреби беа изградени теснолиниските железнички линии Градско – Прилеп, а подоцна и до Битола, или вкупно 230,5 километри. Исто така, се изгради и линијата Радомир – Г. Џумаја – Петрич, во должина од 97,1 километри.

По Светската војна, Германците изградија еден крак (26 километри) од линијата Скопје – Тетово. Тоа е единствената индустриска линија за експлоатација на хромната руда во Радуша (скопска околија).

По Светската војна се изгради нормалната линија Велес – Штип – Кочани, повеќе поради стратешки причини, отколку од економски (стопански) потреби. Така што, должината на сите нормални линии во Македонија е 946 километри.

# ВТОР ДЕЛ

# ПО ОБЕДИНУВАЊЕТО

Обединувањето на емиграцијата се изврши врз основа на една општа идеа и принципиелни начела, јасно изразени во заедничкиот устав, што на Соборот беше прифатен едногласно и со акламација. Постоечките принципиелни начела се основата на обединувањето, зашто тие се резултат на новото време и на новите услови во кои се најде македонското прашање и новите околности во кои во иднина ќе се води борбата за слободата и независноста на Македонија. Кратко кажано, во уставот се определува заедничкиот став на емигрантите, главно на интелигенцијата, која со енергија неспоредлива на нејзината бројност, неизбежно учествува во изградабата на општествениот живот што, пак, минува од една надмината фаза на својот развој во друга, нова која – животот и самиот народ – сака да ги создаде со надеж дека ќе се постигнат подобри резултати.

Од дискусиите на Соборот на сите им стана јасно дека во срединитe на емиграцијата, претставена од екстремни и поумерени претставници на сите струи, има лица или макар и помали групи, кои за некои прашања, навидум второстепени, имаат свои размислувања и сфаќања.

Но, уставот во целина може да служи како основа околу која сите до скоро постоечки струи и групации меѓу емиграцијата ќе можат заедно да работат и да соработуваат за постигнувањето на крајната цел: издвојување на Македонија во една посебна политичка единица. Ете зошто не е важно, што некои лица или групи, од кој било сталеж или политичка партија, имаат свое сфаќање. Важно е да се најде заедничка основа и да се види колективната желба и сфаќање на емиграцијата воопшто, а тоа се заклучи од резолуциите донесени на Соборот, како и од прифаќањето на новиот устав.

Меѓутоа, мнозина, членови на организацијата, вистински патриоти и достојни синови на онеправдана и несреќна Македонија, како и многу добронамерни и жестоки заштитници на македонската кауза прашуваат – дали обединувањето е искрено, ќе биде ли тоа трајно и др. Со тоа, како инстинктивно да сфаќаат какви огромни последици и пакости можат да и се нанесат како на емиграцијата, така и на населението во Македонија во случај да дојде до нови трвења, до нови борби, особено сега кога македонското население, а посебно Бугарите и Турците, се наоѓаат под еден жесток режим, со цел да се денационализираат или уништат.

Целата емиграција, без исклучок, сака да престанат сите постоечки недоразбирања, разлики и искричења меѓу емигрантите од сите струи и групи и да им се стави крај на сите непријателства, самоистребувања и излишно трошење енергија, што траат повеќе од четврт век. Таа заедничка желба е констатирана одамна и сега е остварена, што се манифестираше на обединувачкиот Собор. Но, трајното обединување и постигнувањето на сите ефекти за Македонците во Бугарија и надвор од неа, ќе зависи, пред се, од Националниот комитет и уште повеќе од самата емиграција, од трезвената емиграција, верна на својот заветен идеал за кој се дадоа многубројни скапи жртви, се потрошија толку многу средства – материјални и духовни – и се вложија толку напори за сето време на епските македонски борби!

Националниот комитет, со својот авторитет, треба да биде на висина на задачата на едно раководно и управувачко тело. Зашто, во него влегуваат наши сонародници и лица со проверен патриотизам, висока култура и животно искуство, со сите полномоштва доволно познати претставници и толкувачи на желбите, сфаќањата и копнежите на целата емиграција. Наспроти тешкотиите во животот и наспроти секојдневната работа, лицата од Националниот комитет ќе треба да вложат максимални напори за да развијат една планска и систематска активност во сите правци во рамките на своите надлежности, како и будно да ги следат и непристрасно да ги проценуваат сите ставови, тежненија и копнежи на емигрантите во најодалечените и запуштени населени места во Бугарија. Истовремено со тоа, околу сите конкретно поставени прашања, што речиси често и редовно се појавуваат, Националниот комитет треба навремено да ги определи и да и ги посочи на емиграцијата своите ставови

или одлуки, соодветно на политичкиот момент и создадените околности. Тие се задолжителни за целата емиграција. Само на тој начин Националниот комитет ќе може да ја исполни доверената задача, да ја оправда довербата, да биде корисен за македонската кауза и да ги штити интересите на македонските емигранти-Бугарите. Емиграцијата, организирана во културно-просветни или добротворни друштва и братства, и автономна во однос на својата добротворност, во духот и смислата на советите и наредбите на Комитетот ќе треба да ги засили своите редови привлекувајќи ги и организирајќи ги сите македонски емигранти. Од проверката извршена на Соборот се покажа дека поради одредени причини, делегатите претставуваат одвај 14.000 организирани членови. Оваа бројка за кратко време ќе треба да се утрои, а на идниот Собор вкупната бројка на организираните полнолетни членови, без разлика на пол, треба да биде над 100 – 150.000 души. Тоа е неопходно, зашто ни претстои долга и упорна борба, за која треба да вложиме енергија и да развиеме широка дејност за да се пројавиме и бориме како организирани тела, заедно со останатите наши сонародници, иако не се толку многубројни како нас, Бугарите, но задолжително се организирани во тела и организации. Само така ќе можеме како Македонци да опстоиме на нашата заедничка кауза пред сите, големи и мали, фактори во Европа и Америка, а особено пред општественото мнение во светот. Сите фактори од кои зависи или ќе зависи разрешувањето на нашето прашање ќе заштитат и посериозно ќе гледаат на нас само ако видат дека заедно и здружно ја штитиме македонската кауза и сме добро организирани во национални, дисциплинирани организации или тела.

Морално, македонската кауза пред општественото мнение во цивилизираниот свет е добиена. Зависи од нас, емигрантите, во балканските држави, во Европа и Америка како ќе се пројавиме и како ќе бориме за да не ја пропуштиме можноста.

Населението во Македонија, без разлика на вера и народност, пол и возраст, што може да стори и како ќе се пројави во борбата – тоа е негова работа и ќе зависи од времето и политичките околности. Но, едно е неспорно – колку поголемо единство и исто размислување, колку посилно се организирани, па според тоа, македонските емигранти, распрснати во Европа и Америка, пројават и поголема иницијатива, толку и населението во Македонија ќе црпи кураж и морално ќе се засили во борбата против

туѓиот насилнички режим. И обратно, колку поголема активност и упорност во борбата покаже македонското население, толку и ние ќе чувствуваме поголема морална обврска и ќе црпиме сили и кураж во борбата, што нема сомневање дека, порано или подоцна, ќе се овенча со успех. Впрочем, тивко, но упорно, со труд и братска љубов, сите на работа!

**П. П. Шатев**

*„Независима Македония“, бр. 5, 22 мар̅т̅ 1923 г̅.*

# СОЛУНСКИОТ АТЕНТАТ
## 28, 29 и 30 април 1903 год.

Македонската епопеја, според времето, околностите и местото каде се одвивале борбите, претставува еден цел комплекс.

Идниот непристрасен историограф, не ќе може толку лесно да прецизира каде и кога почнуваат црковно-училишните борби по преродбата на Бугарите во Македонија, кога се воделе политичките и кога и како започнува социјалната борба. Македонија во минатото и сега има свои претставници во сите тие области на борбата за ослободување и независност.

Точно пред 20 години во Солун, престолнината на Македонија и лулката на бугарската македонска просвета, група заговорници, од кои повеќето млади идеалисти, воодушевени од чувството за слобода и правда, без никаква пропаганда и водени од идеата „дека делата се подобри од зборовите", преземаа една акција, што според своето значење, реализирање и самоодрекување на паднатите во нерамната борба револуционери, остана запаметена во историјата на македонското револуционерно ослободително дело. Таа акција, нова според видот, во тоа време означи почеток на редица други терористички акции за борба против безбедноста на ангажираниот во Македонија европски капитал.

Со тоа, македонските револуционери сакаа да го забрзаат разрешувањето на прашањето, а истовремено да го зачуваат, воопшто, македонското население по градовите и селата од претераните жестокости на тогашните владетели, стремејќи целото население или поголем дел од него да не се ангажира во активна борба, туку целиот ризик и одговорноста пред властите да паднат само врз лицата, кои активно земале учество во која било и каде и да било изведена конспиративна или терористичка акција.

Извршувањето на солунскиот атентат – 28, 29 и 30 април 1903 година – тука пренесуваме како извадок дел од сè уште необјавената книга на еден од учесниците во заговорот, г. Павел П. Шатев.

...Компетентните и авторитетни лица од постоечките во тоа време револуционерни организации, воопшто, беа против општо востание во Македонија, зашто постоеја сомневања дека едно распространето востание, со сите жртви и последици, ќ е го даде посакуваниот резултат – европска интервенција или воведување на ефикасни реформи, додека идејата да се заплаши ангажираниот во Турција европски капитал, со започнување на една посистематска терористичка борба, растеше во умот на поенергичните и со борбен темперамент лица.

Првиот иницијатор за активна дејност во таа насока беше Славе Мерџанов. Неговиот престој во Швајцарија му помогна конечно да се ослободи од некои заблуди за начините на тогашната револуционерна борба. Славе Мерџанов, по неговото враќање во Бугарија, на некои од повидните македонски револуционери им го предложи својот план и на своја иницијатива почна да бара средства за реализирање на некоја соодветна конспиративна акција. Под туѓо име, Мерџанов отиде во Македонија, престојуваше во Скопје, Велес и Солун и повторно се врати во Софија, каде во соработка со познатиот Борис Сарафов и неговите другари успеа да се снабди со неопходните средства и заедно со двајцата другари, Петар Соколов и П[етар] Манџуков, заминаа за Цариград со определена цел...

Во тоа време, Јордан П. Јорданов (Орцето), целосно прифаќајќи ги идеите на Сл. Мерџанов, веќе ја беше напуштил солунската гимназија и го формирал својот кружок „Одмазда“ или попопуларно „Гемиџии“ и почна да работи на изведување на неколку атентати во Солун, Одрин и Велес, по примерот на тој што беше подготвуван од Мерџанов во Цариград – да се кренат во воздух огромната зграда на Отоманската банка и на Агенцијата за тутун, истото здание што во 1895 година се обиде да го разруши една група ерменски револуционери...

Главните лица, кои го подготвија и извршија атентатот во Солун, во 1903 година беа: Јордан П. Јорданов (Орцето), Константин Ив. Кирков и Димитар Мечев (Мечето) заедно со останатите нивни другари уште од детството и школувањето: Тодор Органџиев, Павел П. Шатев, Илија Трчков, Владимир Пин-

гов, Тодор Богданов и неговиот брат Георги Богданов, Илија П. Јорданов, Владимир Генџов, Милан Арсов, Марко Ив. Бошњаков, речиси сите родум од градот Велес.

Изутрината на 28 април 1903 година, Јордан П. Јорданов беше веќе на својата позиција во тунелот под земја, каде експлозивот поставен под самите темели на „Турската" банка беше подготвен за потпалување. Истиот ден, околу пладне, Павел П. Шатев, како патник, со 10-12 килограми динамит, во пристаништето го запали тргнатиот на патување брод „Гвадалкивир" на француската компанија „Месажери Маритим". Тоа беше почетокот. Големиот и украсен патнички брод, преполн со стока и патници, моментално беше зафатен со оган и во воздухот се издигаа високи црвени пламени јазици, измешани со густ црн чад. Сликата на бродот со пламените јазици на рамната површина на морето претставуваше една иако трагична, сепак убава глетка. Речиси целото население во градот, сè уште спокојно, во текот на целиот ден и до доцна во ноќта се собираше на долгата крајбрежна улица и љубопитно го набљудуваше тој чуден „пожар во водата", избувнат ненадејно во самиот центар на тркалезното солунско пристаниште. Вистина, за населението во градот „пожарот" љубопитство, но за атентаторите – сигнал по кој, со настапувањето на ноќта и наредниот ден, требаше да започне да се развива бојот, да започне борбата. Истиот ден околу 9 часот вечерта, во општиот вриеж во целиот град, Димитар Мечев, Илија Трчков и Милан Арсов се обидоа со неколку килограми динамит и специјални за оваа пригода петарди да го превртат возот, што доаѓа од Цариград, и тоа на еден мал мост кој се наоѓа на мал свиок, што го прави железничката патна линија во самиот град. Динамитот експлодираше, локомотивата со многу од прозорците на вагоните беа оштетени, но возот не можеше да се преврти. По таа експлозија стана јасно, најпрво на полицијата, дека „пожарот" во морето не е случаен, исто како и обидот да се преврти возот. Полицајците се раздвижија и почнаа да ги преземаат сите неопходни мерки, меѓутоа напразно. Се беше планирано, определено и веќе беше доцна!

Атентаторите останаа неоткриени и спокојно се прибраа по престојувалиштата чекајќи го наредниот ден. На 29 истиот месец сите се на нивните определени позиции. Тој ден, по заоѓањето на сонцето, Константин Ив. Кирков, со еден-два килограми динамит ги оштети водоводните и гасоводните цевки, што минуваа

под малиот мост над колосеците, кои се двојат за скопската и цариградската станица. Целото осветлување во градот се прекина, а исто така и водата, што доаѓаше од специјалната фабрика. Волшебно осветлениот Солун, со целиот метеж на многуилјадните улици, плоштади и забавни локали, одеднаш се најде во мрак. Тоа беше и знак кога сите останати атентатори требаше да дејствуваат. Неколку постепени подземни експлозии го потресоа градот и околината. Настапи општа вознемиреност кај сите граѓани и претставници на власта. Што се случи, каде? Никој ништо не знае, а човечкото љубопитство е големо. Сите – мажи, жени, деца – по улиците, по прозорците, на терасите, а некои и од покривите почнаа да гледаат за да го видат пожарот. Малку по страшната експлозија, речиси сите разбраа дека во центарот на градот, зданието во кое се наоѓаше Отоманската банка беше разрушено и гореше... Во обидот да се угасне пожарот се покажа дека водата секнува...а истовремено почнаа да се слушаат експлозии од бомби и истрели од пушки. Орцето, по експлозијата, беше веќе на улицата. Се враќа во блиското престојувалиште и зима неколку бомби, што истовремено со Константин Кирков ги фрлаат по главната улица, пред хотел „Египет", театарот „Еден" и др. Во тоа време раздвиженото население низ градот е во паника и сите, во толпи, трчаат без одреден правец. Полицијата и веднаш пристигнатата од касарните војска со бајонети ја растураат публиката, а атентаторите, користејќи ги темнината и настанатиот метеж, на разни места фрлаат мали бомби една по друга.

По развиореното знаме во морето, бојот беше веќе започнал...! Димитар Мечев и Илија Трчков, според планот, требаше истовремено се прекинот на осветлувањето да го запалат големиот резервоар на фабриката за светлечки гас, што се наоѓаше до скопската и битолската станица. Целта беше тие да се оштетат и разурнат, за да не можат да движат возовите кон внатрешноста на Македонија. Меѓутоа, сосема случајно, поради предупредувачкото лаење на едно куче и остроумноста на еден механичар од фабриката, обидот беше неуспешен. Тие се враќ аат во градот и се прибираат во нивното престојувалиште, една висока куќа во близина на хотелот „Салоник" и „Топхането", на крстосницата меѓу главната улица и таа, што минува покрај влезните врати на тврдината (Топхането). Живите и здрави атентатори добро ја затвораат вратата на куќата и почнуваат

од вториот кат да ги фрлаат претходно подготвените бомби на улиците – главната и таа покрај ѕидините на тврдината – по кои се движи војската, која оди кон центарот на градот и тврдината. Владимир Пингов, одреден да го предизвика истовремено вториот пожар во француската четврт (Бошнак-ан) – ги поставува запалливите експлозиви, динамит и фосфорен раствор, и по улицата, покрај влезната врата на тврдината, се упатува кон престојувалиштето каде требаше да се најде со Димитар Мечев и Илија Трчков, за да умрат заедно на еден ист начин. Меѓутоа, го сопира патролата пред влезната врата на тврдината и не му дозволува да помине. Тој се спротивставува и притоа е убиен, паѓајќи пред вратата на Топхането.

Истовремено со прекинот на осветлувањето, Милан Арсов го потпалува специјално подготвениот експлозив во летната градина – театарот „Алхамбра", што се наоѓа на крајбрежната улица, каде многубројна публика, претпоставувајќи дека прекинот на осветлувањето е привремен, силно им ракоплеска на... „актерите". Но, во моментот кога експлозивот експлодира, сите панично се растураат, бегајќи во разни правци, а со нив заедно и Милан за да се прикрие во некоја ограда или да стигне до некој друг локал.

Георги Богданов, на даден знак од Константин Кирков, исто така фрла една бомба во кафеаната „Пенџики" на плоштадот „Олимпос", што се наоѓа на самиот морски брег, кој подоцна, по Хуриетот, беше наречен плоштад на „Слободата" .

По неколку часа, публиката, која трчаше по улиците, е веќе прибрана по куќите и по продавниците. Многу чети со војска талкаат по разните улици во градот и околината, пукајќи непрекинато во сите правци, без да знаат точно кон кого и каде да стрелаат. Но, за цело време се слушаат една по друга бомбашки експлозии, а тие измешани татнежи од бомби и од пушки уште повеќе ги настројуваат војската и заговорниците, додека обично веселите солунчани се во голема дилема и неопишлив страв. Зашто, никој не знае и не може да разбере каков ќе биде крајот на таа страшна ноќ и што ќе произлезе од сето тоа.

Доцна по полноќ пушчените татнежи се намалуваат, но Димитар Мечев и Илија Трчков се сè уште живи и продолжуваат да фрлаат една по друга бомби од прозорците и од балконот, без да бидат засегнати од куршумите на војниците, кои стрелаат врз нив од улиците и од прозорците на соседните куќи за да

ги убијат. Тоа трае речиси до зори, кога тие паѓаат убиени – едниот крај самиот прозорец во собата, а другиот на балконот (терасата)... а улицата исполнета со крв од ранетите и убиени војници, грижливо се чисти...

Се разденува. Никој не смее да излезе од својата куќа. Сонцето изгрева, а по улиците почнуваат да се влечат вериги од уапсени лица, исклучиво Бугари. Сите се собрани од нивните домови поради сомнение или преку ноќта се пронајдени по продавниците или локалите. И под силна придружба од војници со бајонети, во потоци од крв поради силното тепање, се упатуваат кон Сарајот – вилаетската управа. Некои да бидат испрашувани, а други убиени... На 30 април пред ручек, во убав пролетен ден, се слушаат нови татнежи од бомби, повторно околу веќе изгорената до самите темели „Турска" банка. Тоа се татнежи од бомби, што Јордан П. Јорданов ги фрла од својата соба во куќата на Италијанецот, Антонио Пепе, што се наоѓа до самата банка кај катедралната католичка црква.

Во новосоздадената бркотница, по улиците почнува ново движење, се спуштаат железните решетки по вратите на продавниците и сите бегаат... за да се скријат. Вознемиреноста кај муслиманското население беше веќе исклучително голема. Толпи од фанатизирани Турци се подготвуваат да се впуштат во насилства врз мирното население, меѓутоа валијата Фехми-паша, високо интелигентен и бележит турски државник, самиот лично се движи по улиците за да ги запре толпите. Зашто, и странските воени бродови, прво италијански, а потоа австриски и др., се веќе на влезот на пристаништето.

Околу ручек сѐ стивнува, а Јордан П. Јорданов е веќе мртов, убиен и спрострен на земја под балконот на куќата, додека војничкиот одред командуван од жандармерискиот полковник Хасан ефенди Арап бимбашијата – со задоволство го чува студеното тело...

Дента, сите државни, општински и кредитни установи, странски и домашни, се чуваат од силни стражи. Населението се потсмирува и почнува да се раздвижува.

Во тоа време Константин Кирков, добро облечен – тој беше млад и доста убав – се обидува да влезе во телеграфско-поштенската станица божем да испрати некаква телеграма. Меѓутоа, како што е редот во такви ситуации, старешината на пунктот го сопира и сака претходно да му изврши претрес.

Кирков се противи и се одалечува преправајќи се дека, божем, се откажува од испраќање на каква и да е телеграма, а истовремено вади една бомба, ја фрла и во тој момент паѓа убиен од бајонетот на стражарот. Тој е последниот од убиените...

Останатите заговорници беа уапсени и осудени од специјален суд, а подоцна заточени и двајца од нив, Марко Ив. Бошнаков и Милан Арсов, по повеќе од пет години строг затвор, починаа во градот Мурзук, во Либија, во областа Фезан, во подножјето на големата пустиња Сахара...

# ОД ОДИСЕЈАТА НА НАШИТЕ ЗАТОЧЕНИЦИ

**Патни записи на еден заточеник**
**(Списание „Македоно-одрински преглед“, год. II, бр. 27, Софија, 18 февруари 1907 год. стр.420-421)**

**Мурзук (Африка)**

По долги перипетии, најпосле живи пристигнавме во нашата гробница...

Од Солун тргнавме со посебен брод и по неколкудневно деноноќно морско патување пристигнавме во Смирна. Во тамошниот затвор останавме три седмици. Се тешевме дека сите бевме заедно, собрани од четирите краишта на Македонија. За секој од нас беше определено местото каде требаше да биде испратен, па затоа уште во Солун си го кажавме последното „збогум“. 50 души заминаа за азиските тврдини, а ние, 56 души, со смртни пресуди, од Смирна тргнавме кон африканскиот брег. Нашите другари од Скопје, останаа таму. Тие ќе заминат за Шам-Тараболус.

Од Смирна не качија на брод и по шестдневно патување по море не симнаа во Гарб-Тараболус. Освен во критското пристаниште, не застанавме во ниту едно друго. Во затворот во Гарб-Тараболус престојувавме цел месец. Од таму, сите 56 души тргнавме со камили и по едномесечно патување стигнавме тука. Патувавме ноќе, патувавме дење. Каде што ќе најдевме вода, и дење и ноќе патувавме. За вода имавме голема мака, зашто по патот само на два или три дена растојание среќававме вода, а на подолги растојанија ни дрво не видовме. Освен палми, друго дрво по тие места не се среќава. Не придружуваа неколку камили натоварени со полни мешини со вода.

Еден ден по пат на зафати опасен силен ветер, што за среќа дува само во седум часот. Друг ден настапи неподнослива

горештина и ако од соседниот град не ни дојдоа на помош четири камили со мешини со вода, ќе бевме изгубени. Водата не спаси! Насекаде песок. Кога ќе задуваше макар и слаб ветрец, очите ни ги полнеше само со прашина. Бевме принудени да патуваме со врзани очи.

Освен домати и пиперки, друг зеленчук никаде не видовме. По целиот пат храната ни се состоеше од маслинки, кромид, леб и вода. Издршката за време на нашето патување низ пустината беше од државата. На некои места храна ни подаруваше месното население. Минавме низ градовите Тарфун, Урфле, Бунџе, Сукна, Загиш, Гут и Унгает.

Најпосле, по едномесечно талкање низ пустињата, истоштени стигнавме во Мурзук, во чиј затвор сме сега, каде, најверојатно, ќе ги оставиме коските...Градот е многу мал, со три илјади жители. Пред две десетлетија тој бил понаселен и поважен центар во областа Фезан, но ден по ден пропаѓал. Куќите му се од земја. Населението е сиромашно, бедно – за 20 пари работи цел ден. Поради отсуство на секаква трговија и поради неговата голема одалеченост, секој што сака и за каква цена сака скапо и прескапо го продава. Цената на шеќерот е 8 гроша за ока, на месото 9 гроша, на зејтинот-20 гроша, на маслото-60 гроша, на оризот-8, а гравот го нема.

Од старини се наоѓаат секаков вид монети. Има монети од пред два века, уште од времето на Пие IX. Воздухот е пријатен, а водата убава. Температурата достигнува до 40-45 степени. Тука виреат најубавите и чисти урми. Цената им е 5 пари за ока.

Од 56 души, во затворот останавме 52. Четворица од другарите, бидејќи беа мемфи (интернирани), ги пуштија од затворот и слободно живеат во градот. Тука затековме и други интернирани, чиј број изнесува околу 30 души. Најдовме и тројца кумановци – Саздо Ангелов, Денко Митев и Спиро Димков. Со нас е и Павле Поцев од Кратово.

*„Независима Македония“, бр. 10, 25 април 1923 г.*

# МАКЕДОНСКО ДЕЛО

Како што секој човек има духовен, материјален и физички живот, така и општествата и државите, што се состојат од една, две или од повеќе народности, кои земени во целина формираат една нација, имаат духовни процеси како плод на размислувањата и разумот, имаат и дела како плод на физичката и активна дејност на одделните индивидуи или нивни групи.

Ако на Балканот, во период долг со векови, имало бугарско, грчко, српско и албанско дело, токму во нивниот центар, паралелно со нив, имало и македонско дело кое, особено во последните десетлетија, јасно се издвои и доби поопределени и точни размери, првично се појави како духовно дело, а потоа како светско и најпосле како политичко и социјално. Тоа е тешко и трнливо, можеби опасно и „штетно“ за некои лица, одделни групи и организации, за одделни влади и династии, но македонското население, без разлика на вера, народност, класи, пол и возраст, секогаш инстинктивно сфаќа дека тоа дело е спасоносно за Македонија и нејзината кауза.

Кога идниот непристрасен историчар ќе го опишува и анализира македонското дело и македонското прашање, пред сè ќе види дека тоа е една целина од величествени и епски борби, проследени со такви страдања и маки, што македонското население се јавува како еден народ-мачeник, а Македонија како долина на плач и солзи, како вистинска Голгота.

Кога и каде започнуваат негодувањата, борбите против византиските соновници и фанариотските „духовници“, кога запира борбата за самостојна и народна црква и училишта и кога започнуваат политичките борби и социјални движења, тешко може да се разграничи. Сите духовни и световни, политички и економски борби се испреплетени и без да се исклучуваат,

заемно се дополнуваат. Карактеристично за нив е што сите тие се исполнети со дела, кои се на целото население и затоа тие борби се, пред се, општонародни и национални во вистинска смисла на зборот. Без разлика дали станува збор за самостојна црква и училишта, за национално, духовно, политичко и економско ослободување, делото било општо, народно и национално, па токму затоа тоа било и силно, наспроти сите репресии.

Кога во древното минато нашите претци се спротивставувале и се бореле против византијци, феудалци и султани, кога илјадници Македонци биле убивани, колени или обезличувани, тие извршувале едно општобалканско народно дело. Кога во најтажните епохи на црното политичко и духовно ропство, одделни лица или групи, како вистински претставници на народните копнежи и желби, се буделе од длабокиот летаргичен сон и прскале искри за просвета и слобода, тоа било општонародно дело. Кога илјадници селани и граѓани, среде невидени и неслушнати маки и неволји, оделе в затвор и мнозина од нив умирале во влажните зандани на Мала Азија и Африка, тоа повторно било во името на едно народно и национално дело. Кога македонското население, во релативно кус период, стихијно поведе борба за свое духовно, политичко и економско ослободување, што првично се манифестираше само низ легални форми, а потоа низ конспиративно-револуционерна дејност, тоа пак беше општонародно македонско дело.

Кој може да негира дека востанијата во Скопје, Охрид и Костур во 1040 година, во Охрид – 1081, во Рупел – 1255 година, востанието во Малешевско во 1876 година, во Кресна – 1878 година, во Охрид – 1881 и круната на сите – големото востание во 1903 година, прогласено на Св. Илија и затоа наречено Илинденско, не е масовно и општонародно македонско дело?

Подоцна, пред и по Балканските и сеопштата војна, македонското население не ја прекина борбата и не падна во очај. Тоа повторно се пројави низ сите режими – српски, грчки и бугарски. Особено по сеопштата војна, наспроти поделбата на Македонија од страна на „цивилизирана“ Европа, македонското население отворено се пројави во сите внатрешни борби, како во Србија, така и во Грција и во Бугарија, и ја манифестираше својата општонародна желба за самостоен и поподнослив националнополитички и економски живот.

Основата на сите борби и востанија во Македонија низ разните епохи и режими: турски, српски, грчки и бугарски, како во воено, така и во мирно време, лежи во националното и социјално-економските прашања. Македонија и сега е национално, социјално и економски угнетена и за да си го обезбеди своето право на културен и социјален развој, неопходна и е национална, политичка и економска слобода.

Во македонското ослободително движење земал и зема активно учество секој според своите способности и разбирања и во границите на своите можности, односно лица и групи од сите класи и сталежи. Црковни, духовни и световни лица, политичари, офицери, занаетчии, селани и работници, сите имаат свој дел во тоа општо, народно и национално дело. Ете зошто во минатото ние гледаме како луѓе, групи и лица, со различни разбирања во животот и со различни политички убедувања, се активни дејци против заедничкиот непријател – владејачката, империјалистичка и политика на поделби на балканските и западноевропските сили, зашто сите тие заедно ги бранеле своите стекнати националнополитички и економски слободи.

Навистина, во целата плејада од борби, истовремено со величествените подвизи во најсудбоносните моменти, има и срамни дела, но тоа се подинечни чинови и плод на неискуство, заблуди, одмазди, злоба, корист, предавство и др. за кои историчарот, по извесен период, ќе ја донесе својата праведна и строга пресуда. Сите такви акти, иако на Македонци, се дела на одделни лица, на групи и организации, кои се ставиле во служба на непријателите на македонската слобода, па следствено тие не можат и не треба да се припишуваат на македонското население.

Откако ќе извлечеме поуки од минатото и до максимум ќе ги зголемиме напорите, се разбира поклонувајќи се пред споменот на сите чесни и вистински македонски дејци и борци, на нас, сè уште живите, не ни останува ништо друго, освен да ја продолжиме борбата и општото дело за ослободувањето на Македонија. Тоа ни се наметнува не само поради благодарноста и почитта, туку и од сериозноста на сегашниот миг. Зашто, македонското дело како заедничко на сите националности, во актуелниот момент се развива во многу потешки услови и околности од кога и да било во минатото. Заедничкиот непријател е толку голем и силен, што ни се налагаат заеднички и здружени активности и тоа задолжително со поголем обем од луѓе и акции.

Произволно исцртани и херметички затворени граници за македонското население од сите националности; население кое е прогонувано, омаловажувано, ограбувано, измачувано и клано, соочено со севозможни маки и судири – расни, националистички, културни и јазични; максимално злоупотребување на сите антагонизми и всадување на комплекс на порази и на предавства, со систематска поддршка и покровителство од страна на заинтересираните балкански влади на меѓусебните братоубиства. Зашто, брат брата си го убива, децата од родители се делат, жени од мажи и какви ли не други престапи, колку подли, толку и нечесни, и тоа преземени од истомисленици или сонародници: Срби, Грци и Бугари – ете каква е положбата на македонскиот народ!

Понесреќна земја од Македонија нема, понесреќен народ од македонскиот којзнае дали има во светот. Но, наспроти сите тешкотии, македонското дело, како општонародно и национално, ќе продолжи со уште поголеми напори и со уште посилен дух. Македонија, со сета своја тага, се развива самостојно и чекори кон својата национално-политичка и економска независност, кон своето издвојување во посебна национално-политичка единица и кон своето државно единство – Независна Македонија!

**Павел П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 3-4, 25 октомври 1925 г.*

# МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

**– Една карактеристика –**

Македонското националноослободително движење датира одамна. Тоа мина низ неколку фази и ги промени своите методи на борба, во согласност со објективните услови низ разните епохи внатре во Македонија и изменетата меѓународна ситуација.

Во период од десетици години, македонското население во својата борба за ослободување покажа таква храброст и самоодрекување, каква што не покажал ниту еден од балканските народи во минатото.

Да се создаде едно самостојно политичко суштествување како единствен македонски народ, да се развива слободно во културно-просветен поглед и да соработува во политичките и во економските односи со сите други народи во балканските држави беше една заветна мечта и фантазија за секој Македонец. И сега смело може да се каже, сметајќи дека го изразуваме мислењето на речиси сите Македонци, дека за Македонците нема поголемо морално задоволство од тоа, македонскиот народ да биде во нераскинливи културни, политички и економски врски со народите во балканските држави. Но, истовремено, и за последниот Македонец е веќе јасно дека за да може македонското население правилно културно, политички и социјално да се развива, неопходно е Македонија да се издвои во посебна политичка единица, во одделна држава, што ќе биде една сврзувачка алка меѓу балканските држави и на тој начин единствено ќе можат да се надминат непријателствата, антагонизмот и противречностите во интересите на балканските држави. Во тоа е смислата на лозунгот: Самостојна Македонија како рамноправен член на идната Балканска федерација.

Во своите стремежи за политичка слобода и независност, македонскиот народ не наиде на очекуваната помош и соработка

од братските балкански држави. За жал, наместо со заеднички напори да им помогнат на своите сонародници, спрема кои, имено, во тој момент требаше да покажат една поголема праведност, великодушност и благонаклоност, што произлегуваат од добро разбраните интереси, пред се, на балканските народи, респективните влади во Србија, Грција и Бугарија, поради кусогледоста и нивните стремежи за ограбување и поделби, ги фрлија своите народи во братоубиствени војни, кои постепено ги разорија и разнебитија, а Македонија ја претворија во арена на нивните меѓусебни истребувачки војни. На тој начин, во македонските полиња и планини паднаа илјадници добри и доблесни војници, а македонското население беше подложено на невидени и неподносливи жестокости и прогони, какви што не преживеал ниту еден од балканските народи.

По тие несреќи и погроми, секој Македонец јасно виде и фактички се убеди во бесмислената, освојувачка и политика на поделби на балканските влади. Откако ги провери „убавините" на режимите и на трите балкански држави, што може да се споредат со тие на бившите турски влади, веќе кај никого не остана ни трунка сомнеж дека патиштата, што му ги посочуваа неговите „ослободители" и „доброчинители", бившите „големи" балкански „државници", како и нивните македонски агенти, се погрешни, штетни и опасни, како за балканските народи, така и за македонското население. Веќе се сфати дека спасот и ослободувањето на Македонците не може да дојде ниту од Белград, Ниту од Софија или од Атина, туку тие самите, Македонците, без разлика на вера и народност, само со заеднички напори ќе треба да ја поведат борбата за постигнување на својот идеал за политичко, економско и социјално ослободување. Ете зошто по општоевропската војна, која искорени многу стари предрасуди, од корен ја измести балканската и европската рамнотежа и предизвика големи промени во економските и социјалните односи во Европа, па и во целиот свет, Македонците одново го кренаа својот глас и со нови сили, легално и нелегално, ја водеа борбата и тоа сега веќе против трите држави „ослободителки", кои толку подло си поиграа со нивните најскриени чувства и го погребаа нивниот национален идеал.

Македонците денес, за слободата на Македонија сметаат на симпатиите на народите во трите балкански држави, кои дадоа скапи човечки и материјални жртви и кои не можат да се сметаат

за одговорни за престапите на своите владетели. Македонското население, кое денес ја крева паролата за самостоен политички и економски живот, повторно апелира за помош и поддршка, пред се, на тие народи, на трудбеничките народни маси, селани, работници, занаетчии и интелигенцијата во трите балкански држави. Македонското население ја приспособи својата борба на новите услови и пак апелира до тие народи за братска помош и културно единство.

Авантуристичките, реакционерни и милитаристички влади на балканските држави, наметнати на своите сопствени народи наспроти нивните желби и нивната волја, се нафрлија врз посвесните елементи на македонското население со една ретка свирепост, каква што не е видена и во најмрачното духовно и политичко ропство дури и во средниот век. Тиранијата на некогашните феудалци и султани бледнее пред истапите, насилствата и малтретирањата на сите владејачки партии во Србија, Бугарија и Грција.

Но, наспроти сето тоа, македонското ослободително движење, иако негирано, прогонувано и задушувано со голема жестина, одново може да се појави и развие. Насекаде, и тоа во трите дела на Македонија, има факти и се случуваат настани, што повторно го истакнуваат македонското прашање. Тоа се гледа во борбите за политички и културно-просветни права и слободи, во легалните или во революционерните акции, и насекаде, каде појасно, каде поприкриено, ќе видите дека во основата на тоа лежи незадоволството од неправилното разрешување на македонското прашање, за кое засега, вратите на Друштвото на народите се затворени, зашто така диктираат грубите интереси на големите империјалистички и милитаристички европски држави и каприцот на сегашните балкански државници и владини претставници.

Српските шовинисти и милитаристи не даваат да се каже ни збор за Македонија и Македонците и го оглувеа светот за да докажат дека во основата на тоа ново македонско движење лежи бугарскиот иредентизам. На тој начин, посакуваните, законски и праведни аспирации на македонското население свесно се мешаат и идентификуваат со аспирациите на официјална Бугарија или на нејзините крајни националисти и шовинисти.

Во Бугарија, истото движење за самостојна борба и за независност на Македонија од некои кругови се етикетира како

сепаратизам или како локален погрешно разбран патриотизам, кој со ништо не можел да се оправда пред дадените жртви за ослободувањето на Македонија и дека тоа било најцрнате неблагодарност со која македонските бугари се реваншираат.

Во Грција, опиени од еден див шовинизам и од една мегаломанија, прифатиле едни од одамна излитени фрази за „бугарогласни“ и „словеногласни“ и апелираат за некаков елинизам, кој за Македонците немал и нема апсолутно никакво значење. Неодамна грчкиот премиер изјави дека грчка Македонија сакала да ја пренеди стара Грција. Тоа е една празна фраза и ние без да сакаме да бидеме пророци, со поголемо право би го рекле токму спротивното, дека Македонија, така поделена и со така прогонетото и угнетено нејзино население, ќе биде можеби гробница на трите балкански држави, кои постојат во таква форма и ја следат таа опасна балканска политика. Никаква контрола и никакви балкански „пактови“ не се во состојба да ја спречат борбата на Македонците: македонското прашање егзистира, зашто има едно национално ослободително движење, кое расте и се развива врз чисто револуционерни начела, така како што се развивале и се развиваат сите сите национални ослободителни движења во целиот свет. Така што, нема и не може да има никаков иредентизам и никаков сепаратизам, туку чисто национално ослободително движење, насочено кон нови патишта и со нови методи на борба, со нова ориентација, што денес е толку јасно изразена од самиот историски момент.

Но, се прашувам: какво е, всушност, македонското национално ослободително движење?

Ако се направи една детална анализа на сите изминати борби, на македонското население и на сите настани и прецизно се проценат сите факти, ќе се види дека македонското движење, иако подложено на редица влијанија и задушувано со големи и жестоки прогони, е едно самостојно национално движење. Тоа суштествува и има длабока смисла, една определена цел и се движи по определен пат, што треба да се знае од секој кој се интересира за Македонија и за Македонците.

Македонското национално движење во подолг период се изразувало во стремежот на Македонците и во лицето на нивните претставници и дејци, за да се создаде една татковина, односно една одделна слободна држава. Во тоа е смислата на сите борби, востанија, бунтови и терористички акции во минатото. Тоа ќе

биде лостот на движењето и во иднина. Тоа национално движење, во својата основа е политичко, социјално и морално. Тоа е едно движење во чија основа лежат не само политички и економски интереси, туку движење стимулирано уште и од бујниот стремеж на македонскиот дух за слобода и творештво, едно движење исполнето со херојски револуционерни традиции и со целосна верба во својата моќ и својата победа.

Македонците, наспроти условите во кои се наоѓале во минатото, па и сега, наспроти произволно исцртаните граници и масовните иселувања, секаде и секогаш го манифестирале својот стремеж за слобода и независност, што се изразувало во една или во друга форма, во зависност од условите во кои биле оставени да живеат.

Идеалот на Македонците е создавањето на една татковина, на една одделна македонска држава, со македонска нација, со своја историја и со свој самостоен политички и културен живот. Кон тој идеал се стреми македонската интелигенција, а со неа се и народните маси, претставени пред сѐ од македонските селани, занаетчии и работници.

Интелигенцијата, главно младината, целосно ја жртвува својата иднина и својот живот, за да му служи само на тој идеал. Условите се тешки, борбата е тешка и таа е засега неопходно нелегална, зашто сите патишта за каква и да е легална борба внатре во Македонија се затворени. Во периодот што следи, главната задача на Македонците е да се сплотат сите околу знамето на ослободувањето, да го подигнат својот боречки национален дух, да се ослободат од погубното влијание на балканските империјалистички кругови, да ги побараат своите пријатели и сојузници во лицето на угнетените и потиснати балкански народи и решително да ја прифатат борбата за своето национално ослободување.

**Павел П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 11, 10 октомври 1926 г.*

# ХРИСТО БОТЕВ КАКО ПОЕТ И РЕВОЛУЦИОНЕР

Пред 50 години, во борбата со апсолутизмот и една безлична тиранија, на врвот „Вол“, на Вратчанската планина, падна убиен најголемиот бугарски поет-революционер, „единствен меѓу сите и единствен кај нас и никаде со соперник“ – Христо Ботев. Млад, со горешт темперамент, надарен со необични способности, енергија и поетски талент, тој беше вистински конспиратор и убеден револуционер, кој со сопствените размислувања и изучувања стигна до напредните социјални и политички убедувања. Чувствителната душа на Хр. Ботев се инспирираше од страдањата на својот народ. Близок според душата и чувствата до своите „браќа сиромаси“, поетот-револуционер од служење на својот народ премина, според зборовите на П. Славејков, директно во служба на „родот човечки“.

Поезијата на Хр. Ботев е свештенодејствие пред олтарот на револуцијата и слободата. Поезаијата му е величествена и поетските слики и грандиозните цртежи хармонизираат со изнесените благородни и возвишени идеи и мисли, искажани и изразени во една лесна форма, блиска до народниот епос, од кој единствено Хр. Ботев, со неговите својствени поетски чувства, црпел инспирација за формата на неговите поетски творби. На пример:

Ја дувни дедо во кавалот
по тебе да викнам-запеам
песни јуначки-ајдутски
песни за стари војводи.

Познато е дека на Балканот, песните јуначки-ајдутски се востаничките, бунтовничките и револуционерните песни за слобода и независност. Или:

Кавал свири на полјана
на полјана крај горичка;
млада убава Стојна
трча со котлиња за водица,
Еј дружино, ај станете
Еј еве ја иде – погледнете;
тука е мојата горска птица,
тука е мојата свршеница!

Некои од песните на Хр. Ботев, на пример: Мојата молитва, Борба, Во меаната, Хаџи Димитар, се такви што само една од нив би била доволна за овековечување на споменот на поетот.

Мојата молитва е пишувана по бесењето В. Левски. Во тоа време речиси сите беа обземени од депримираност и очај.

Меѓутоа, Хр. Ботев остана верен на револуционерниот метод и неговата силна верба му ја дава надежта дека тој ќе биде силен, дека раката ќе му остане цврста, дека кога ќе „востане робот, во редовите на борбата и јас ќе си го најдам гробот“. И реално Хр. Ботев си го најде својот гроб, така и таму каде што тој сакаше, како што се молеше на својот Бог на разумот, претставен во една поетска фигура, а не како некое мистично суштество, во што веруваа дејците од француската револуција.

... А ти боже на разумот,
заштитнику на робовите,
кому ќе му го празнуваат
денот скоро народите.

Вдахни му секому, о боже,
љубов жива за слобода -
да се бори кој како може
со душманите на народот.

Во меаната, Хр. Ботев го излева својот гнев, својата лутина кон сите патриоти, глупаци и неразбрани, кои во своето бесчестие, во својот егоизам и подлост, не можат да го разликуваат срамот од славата, туку знаат само во меани и на топли места да викаат и да се удираат в гради дека му служат на народот и на неговите интереси. Возбуден од дното на душата, поетот-револуционер сака да се опие, за да не гледа и слуша што се случува околу него на сметка на поробениот народ. Пијан,

да го заборавам родот свој беден,
гробот татков, плачот мајчин -
оние што залакот одеднаш
го крадат на благороден начин!

Крадат од народот гладен!...
Краде подол чорбаџија,
за злато трговец жеден
и тој со божја литургија!

Ќе пијам за инает врагу,
за инает и вам, патриоти!
јас веќе немам мило, драго,
а вие .... вие сте идиоти!

Борба е пишувана во 1871 година бргу по средбата на Хр. Ботев со рускиот револуционер Нечаев Флореско, кој штотуку пристигнал од барикадите на париската комуна. Борбата е стихијата на Хр. Ботев, насекаде – вели тој – човек е фрлен во борба, во борба за слобода и за вистина. Во таа борба е смеата и плачот, доброто и злото, во неа е човечкиот прогрес.

Ако сакаме со еден збор да го окарактеризираме целиот Хр. Ботев, со ниту еден збор во тоа не би успеале, како со зборот борба. Борба против предрасуди, религија, традиции, „свештени глупости", наредби, експлоатации, „железна рака", тиранија...

Хр. Ботев, во пријателството со руските револуционери, а најмногу под влијанието на типичниот, енергичен, смел и неуморен борец за правда и слобода, рускиот револуционер Нечаев, закрепнал во својот социјален светоглед. Неговиот поглед веќе се формирал и тој гледа, сфаќа, се убедува дека крвавото и грешно царство на подлост, разврат, солзи и бескрајно зло, борбата врие и веќе се нaѕира нејзиниот свечен крај, кога сите ќе викнеме – леб или куршум.

Со Мојата молитва и со Борба бугарската поезија уште тогаш ги надминува своите национални граници и се издига до општочовечката, интернационална поезија. Тие дела се достојни за перото на најталентираните револуционери поети од која и да било нација. Во меѓународната револуционерна поезија, крајот на песната борба зазема едно од првите места.

Во тага, во неволја, младоста минува,
крвта гневно в жили се бранува,
погледот мрачен, умот не гледа
добро ли, зло ли отспротива доаѓа...
Свесните кај нас за луди ги сметаат,
глупакот сите со ред го почитуваат:
„Богат е“, велат, пак не го прашува
колку души живи изгорел,
Сироти, колкумина тој ограбил
и пред олтарот Бога го измамил
со молитви, со клетви, со зборови лажни...
Соломон, тој тиранин развратен...
рекол глупост меѓу глупаците,
и неа светот до денес ја повторува -
Плаши се од Бога, царот почитувај го!
Глупост свештена! Векови цели
разум и свест со неа се борат...
Така врви светот! Лага и ропство
на таа пуста земја царува!
И во тоа царство крваво и грешно,
царство на подлост, разврат и солзи,
царство на скрби – зло бесконечно!
врие борбата и со чекори брзи
врви кон својот свечен крај...
Ќе викнеме ние: „леб или куршум!“

Најубавото, а особено за нас поробените национално, политички и економски угнетени народи – Македонците, Тракијците, Добруџаните, уште неоформени во посебни самостојни, политички единици – држави, е баладата Хаџи Димитар. За неа П. Славејков велеше: Таа е не само извинредна, туку величествена песна, таа е од оние творби, што зачудуваат и привлекуваат. Величествената слика, што поетот ја создава пред нас, нема рамна во нашата поезија.

Жив е тој, жив е! Таму на Балканот
потонат в крв, лежи и стенка
јунак со длабока на гради рана,
јунак во младост и во сила машка.

На една страна зафрлил пушка,
на друга сабја на две скршена;
очи темнеат, глава се лула,
уста колне цела вселена.

Оваа балада е напишана по трагичната смрт на легендарниот војвода революционер Хаџи Димитар – еден од првите претставници на бугарската национална револуционерна сила и моќ до предослободителната епоха. По смртта на Хаџи Димитар, еден голем дел од народот, едноставно од малодушност и без цврста верба во народниот дух и светлиот идеал – ослободувањето на бугарскиот народ, беше очаен. Слично на сегашната мрачна епоха на интелектуален и морален пад, и секако лицемерие, сите почнале да очајуваат и да губат секаква надеж во револуционерните методи, па ги прифатиле сите компромисни начела само и само да дезертираат од борбата за конечно ослободување. Како убеден револуционер, со силна волја и трезвен поглед врз иднината, воодушевувајќи се од големите подвизи на Хаџи Димитар и Ст. Караџата, револуционери според темпераментот и делата, тогаш, по тој повод Хр. Ботев, со нему својствениот висок боречки дух и надарен со поетски темперамент, ја пишува баладата и извикува: Жив е тој, жив е! Таму на Балканот.

Хаџи Димитар умре, но неговиот дух е жив, тој лета над нас и ни го посочува патот за новата борба, зашто -

Тој што ќе падне во бој за слобода,
тој не умира; него го жалат
земја и небо, ѕвер и природа,
и поети песни за него пеат...

Со оваа песна Хр. Ботев се појавува како една крупна и велика фигура во политичкиот живот на бугарското племе. И за навек како пример за смелост и храброст на нас останатите, сè уште под ропство Бугари, тој ја напишал таа балада, што ете веќе 50 години со ентузијазам се пее од младите во сите краишта каде живеат и се борат угнетените народи – Македонци, Тракијци, Добруџани. И сега по половина век од херојската смрт на Хр. Ботев, ние Македонците се воодушевуваме од неговите размислувања, идеи и песни, од неговиот боречки и револуционерен дух и со уште посилна верба во исправноста на македонската кауза чекориме по патот на револуционерните методи, заедно со сите угнетени класи и народи на Балканот, без да губиме верба и надеж во

блискиот крај на нашиот идеал – политичко и економско народно ослободување.

Песната „Жив е тој, жив е!“ повеќе од секогаш треба во актуелниот момент да се шири, да се пее и рецитира по сите краишта каде што има Бугари под ропство. А, посебно по македонските гори и полиња, по колиби и работилници. Со тоа барем би можеле да го искажеме нашето признание кон поетот-револуционер, кој си останува претходница на селскиот и градскиот пролетаријат на целиот Балкан.

Пророштвото, што е содржано во песната „Жив е тој, жив е“! ја возвишува поезијата на Хр. Ботев и едвај ли не е најубавата песна на поетот, исполнета со чудни слики од нашиот живот и природата:

Лежи јунак, а на небото
Сонцето застанато луто пече.
Жетварка пее негде во полето
И крвта уште посилно тече.

Жетва е сега... пејте ги робје
тие тажни песни! Греј и ти сонце
во таа ропска земја. Ќе загине
и тој јунак... Но, молкни срце!

Настана вечер – месец изгреа
Ѕвезди го опсипуваат сводот небесен
Гора зашуми, ветар ја повеа -
Балканот пее ајдутска песна!

За Хр. Ботев и неговата поезија, за неговите идеи многу се говорело и пишувало. Ние тука, засега, иако сосема кратко, треба да одбележиме дека Хр. Ботев заедно со еден дел од пообразованите и емигрантите идеалисти, негови другари според судбината и браќа според чувствата, уште во таа далечна епоха размислувале, работеле и мечтаеле за федерацијата на балканските народи. Колку далековиди и проницливи биле навистина тогашните революционери-емигранти. Хр. Ботев и неговите другари тргнувале од ставот „не го сакаме туѓото, но не сакаме да го дадеме ни нашето“. Врз таа основа, тие биле во контакт со претставници на сите балкански угнетени народи и самиот Хр. Ботев не еднаш велел дека најголемите непријатели за ослободувањето и федерацијата на балканските народи

се нивните влади! Каква проникливост, што ние обичните простосмртници едвај по 50 години толку јасно ја гледаме. Затоа со право се вели дека Хр. Ботев го надраснал своето време и е претходница во борбата за политичко и економско ослободување на сите угнетени национално, политички и економски класи и народи на Балканот.

Во поезијата на Хр. Ботев преовладува револуционерниот дух. Возвишените идеали на кои Хр. Ботев им го посвети својот талент, ја исполнуваат неговата поезија со вечен живот. Ете зошто Хр. Ботев ќе биде секогаш славата, гордоста и украсот на бугарската поезија. Неговото влијание се гледа во се, што е благородно, човекољубиво, напредно и свесно во сите краишта каде што живеат Бугари, повеќето од кои се полни со ентузијазам спрема тој генијален човек. Ние со срам одбележуваме дека 50-годишнината од смртта на најголемиот бугарски поет-революционер Хр. Ботев ќе се чествува во време на еден крвав режим, како што не се познава во бугарската политичка историја.

Претставниците на државната власт, на разни места, речиси на истите места каде во минатото умирале борците-револуционери од епохата пред ослободувањето, ќе држат патетични говори, ќ е се фали фашизмот и дивиот патриотизам, без никој да смее да им возврати. И тие како властодршци, од злоба и одмазда, само и само да се задржат на власт, убија илјадници сиромашни селани, работници и претставници на интелигенцијата, кои повторно востанаа воодушевени од идеалите на Хр. Ботев за политичко и економско народно ослободување. Но, веќе не од Турци, туку од бугарските чорбаџии, милитаристи и реакционери, кои како во минатото, така и сега само си поигруваат со спомените на борците за ослободување, со лаги, клетви и лицемерие плачат над народот, чиј труд, живот, чест и имот ги ограбуваат и уништуваат, а сите кои се обидоа да востанат ги убија и исклаа „како што ни турски башибозук не колел“.

Престолнината Софија, омиленото место на В. Левски, стана омилено место и на редица други херои-маченици, кои со својот пример, со својата смрт оставија неизбришливи спомени во душата на целиот народ, кој во блиска иднина ќе ги чествува спомените на нив, така како што ги чествувал спомените на сите народни херои-маченици.

Возвишените, општочовечки и национални идеали на Хр. Ботев се тие од кои ќе треба да се воодушевува македонската младина и од кои македонскиот народ ќе црпи верба, сили и ентузијазам во својата свечена борба за слобода, независност и братски сојуз на народите на Балканот.

**П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 18, 25 мај 1926 ī.*

# НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО СССР

Во текот на XIX и во почетокот на XX век, Русија беше еден конгломерат од народи и племиња, зглобени насилно и како резултат на освојувања, и сите потчинети на една заедничка власт.

Великорусија, Малорусија, областите на исток од реката Волга, јужна Русија, Кавказ, западна Русија, Балтичките провинции (Естонија и Литва), Финска и Полска, а Сибир и азиските поседи беа повеќе колонии, отколку области во империјата. Единствената нишка, што ги поврзуваше народите и племињата, кои живееја во споменатите области, беше власт на рускиот цар – апсолутен монарх, без никаква контрола.

Борбите на руските владетели против разните народи и племиња ја исполнуваат речиси целата историја на Русија во XIX век. Во монархистичка Русија прашањето за националностите беше една рана, што со ништо не можеше да се излекува и неколку десетлетија носеше огромни материјални и човечки жртви. Руските филозофи, општественици и револуционери низ сите епохи на националните и социјални борби бараа начин со кој можеше од корен да се разреши прашањето за народите и националностите во пространата руска империја.

По неверојатни напори, долги страдања и упорни и континуирани борби со огромни жртви, рускиот народ успеа правилно да ги разреши сите политички и стопански прашања од внатрешен карактер, а истовремено со тоа и најрационално да го разреши прашањето за националностите. Тоа можеше да се постигне по социјалната револуција во 1918 година во месец Октомври, кога се надмина стариот систем на управување и од корен се измени државното уредување со создавањето на Советите, кои за релативно кусо време го преземаа целото управување во државата.

Советската државна власт се базира на два главни, основни принципи: на класниот и на националниот. Националниот принцип се заклучува во слободата на самоопределувањето на народите, кои ја населуваа бившата царска Русија. За време на монархистичкиот, а во континуитет и на конституционално-монархистичките режими, сите народи, кои живееја во царска Русија, беа обединети со груба сила, како што сега е случај речиси во сите западноевропски држави, а особено во државите во средна и југоисточна Европа. Во Сојузот на советските социјалистички републики сите народи, националности и етнички малцинства се обединети врз основа на нивниот доброволен сојуз. Тоа доброволно обединување се изврши согласно познатата декларација на советската власт, веднаш по револуцијата во 1917 година. Во таа историска декларација за правата на трудбеничкиот и експлоатиран народ, се велеше: „Руската советска социјалистичка република се уредува врз основа на слободниот сојуз на слободните нации, како федерација на советските национални републики". Согласно таа декларација, сите народи населени во бившата монархистичка царска Русија го стекнаа правото на самоопределување, правото да се организираат, да се развиваат и процутуваат според нивната сопствена желба  и волја. И навистина, бргу по Октомвриската револуција фактички сите народи, кои ја населуваа царска Русија, почнаа да се самоопределуваат, да се развиваат и напредуваат врз основа на националниот принцип. За кусо време се создадоа редица одделни автономни републики, исто така самостојни, кои понатаму станаа сојузни републики, врз основа на националниот принцип: Украина, Белорусија и кавкаските републики – Азербејџан, Ерменија, Грузија, Абхазија, Таџикистан и др.

Ете веќе неколку години во рускиот Сојуз на Федеративни Советски Републики се формираат, се развиваат и напредуваат повторно согласно националниот принцип – Киргизите, Бешкирите, Татарите, Чеченците, Дегестанците, Германците, Кабардниците, Монголите, Јакутите и др. народности, кои влегуваа во состав на бившата царска Русија. Последниве години гледаме дека се развиваат и формираат, повторно согласно националниот принцип, и Туркмените. Ние изрично ги споменавме имињата на повеќето од племињата и народите за да се види како советската власт, кога станува збор за спроведување на еден принцип во управувањето, ги поддржува и организира сите

тие народи и племиња, иако некои од нив од познати причини сè уште останале назад на културен план. Секој нека направи едноставна споредба со условите во кои се оставени да живеат и да се развиваат народите и националностите во „цивилизирана“, особено во југоисточна Европа, а исто така и националностите, кои се наоѓаат во пределите на балканските држави.

Стихијниот процес на раздвижување, на развој и формирање на народите со национален предзнак, не доведе до нивно издвојување во политички или национални единици разделени една од друга, туку напротив, тие доброволно развивани и формирани, согласно националниот принцип, народи стапија во тесни меѓусебни врски, откако го формираа Сојузот на советските социјалистички републики. На тој начин, ние гледаме една единствена, цела државна формација – Сојузот на С(оветски) С(оцијалистички) Републики наместо старата царска Русија и тој сојуз е составен не од угнетени и поробени народи, туку од народи кои се развиваат согласно националниот принцип. Ете зошто секој непристрасен набљудувач не може да не признае дека во советското уредување, при управување на градскиот и селскиот пролетаријат, кој може да го опфати огромното мнозинство од населението, е можно во корен да се уништи националниот гнет, да се создаде внатрешно уредување за меѓусебна доверба и да се поставаат основите за братската соработка на народите и националностите. Паралелно со тоа, таа нова државна формација – СССР, се јавува како строго класна држава, држава на трудбеничките граѓани и селани, во која сите експлоататори – крупните земјовладетели, капиталисти и нетрудбеничките елементи, односно оние лица кои живеат или можат да живеат од рента или од натрупани богатства, не можат да заземат какво било место во ниту еден од органите на власта. Во тоа е смислата на зборовите диктатура на пролетаријатот, принцип за кој целиот жолт буржоаски печат толку жолчно ги напаѓа советското уредување и Советскиот сојуз.

Иако се класни, врховните органи на власта во Сојузот на ССР, преку еден посебен институт при Ц(ентралниот) Из(вршен) Комитет на СССР – советот на националностите, ги претставуваат разните националности, а со тоа го имаат и правото да го уредуваат целиот живот на советската држава. Месните органи на власта – советите на националните комитети, се поставени врз

цврсти начела: тие имаат и соодветни административни права и соодветни материјални средства.

Принципот на самоопределување на народите, толку гласно прокламиран во западна Европа, за време на сеопштата војна не беше применет и нема да се примени никаде во државите победнички. Но, тој принцип од демократска западна Европа целосно се примени во пределите на Советскиот сојуз. Уште повеќе: претставниците на Советскиот сојуз на сите меѓународни конгреси и конференции високо го прокламираат тој лозунг и бараат сите угнетени народи и националности во светот слободно да се организираат и да бидат управувани така како што самите сакаат.

Друштвото на народите, тој „светски“ институт за „правда и мир“, како според својата организација, така и според својот состав и функционирање, е само средство за придржување кон неправедните и насилнички мировни договори, склучени по општоевропската војна. Друштвото на народите е немоќно да ги спречи насилничките дејства и методи, што и сега се применуваат во името на мировните договори.

Сите прашања, што ги засегаат интересите и независноста на народите и нивното право на самоопределување, се решаваат надвор од Друштвото на народите од таканаречените сојузнички сили, делегатски конференции и од други институти. Некои специфични прашања за националностите, покренати пред Друштвото на народите, или се оставаат без разрешница или се разрешуваат не согласно интересите на угнетените, туку на угнетувачките влади.

Јасно е веќе дека сите онеправдани држави и угнетени народи и националности нема што да очекуваат, барем уште долго време од Друштвото на народите, туку сами, со сопствени средства треба да побараат нови патишта и нови методи за да се ослободат политички и економски. А за да го забрзат своето ослободување, сите угнетени народи и економски упропастени држави, особено во југозападна Европа и во балканските земји, треба да создадат масовни, народни организации, што треба да се подготват за една решавачка и подолготрајна борба. Се разбира дека не сите народи и националности сами можат да се решат да влезат отворено во борба. Но, еднаш организирани и застанати на цврсти и солидни начела, полесно ќе најдат свои

блиски според судбината народи, со кои можат да соработуваат во заедничката борба за слобода и праведност.

Сојузот на ССР, строго доследен на основните принципи на својата внатрешна и надворешна политика, ги поддржува сите самостојни национални движења во светот.

Сојузот на ССР ја засилува и ја крепи енергијата на многу племиња и народи, кои се борат против своите угнетувачи.

Сојузот на ССР го поддржува многумилионскиот кинески народ, востанат против странските капиталисти и неговите сонародници милитаристи.

Сојузот на ССР ја поддржува и поткрепува позицијата на националните влади во државите на Блискиот Исток, кои се борат за национална независност.

Ете зошто надежите на многу племиња, народи и националности во целиот свет, национално угнетени и економски експлоатирани, лежат во политичкото, стопанското и економското закрепнување и напредокот на Сојузот на советските социјалистички републики.

**П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 19, 10 јули 1926 г.*

# ИСТАПИТЕ НА СРПСКИОТ И БУГАРСКИОТ ВРХОВИЗАМ

На 2 мај оваа година, во една од кафеаните во Струмица, непознати лица фрлија неколку бомби во чии експлозии настрадаа сосема невини лица. Атентаторите не можеа да бидат фатени и по тој повод, автономистичката банда и нејзините истомисленици во Бугарија се најдоа во еден телешки восхит од решителноста и мистериозниот начин на кој атентаторите успеале да се сокријат и... Со тоа сакаше да се истакне дека македонскиот народ внатре во Македонија ги крие и ги чува таквите „револуционери-атентатори“.

Една слична трагикомедија се случи на 23 јуни, но не во Струмица, туку во Петрич, каде непознати лица, едено или тројца, на ист начин и во исто време – во темнина – фрлиле четири бомби, што тешко повредиле 4-5 локални жители, сите Македонци.

Јасно е дека тој бомбашки атентат е одговор на струмичкиот и дека тој е дело на оние Македомци, кои во душевно растројство се фрлија во прегратките на српската власт и сега се очајни противници на автономистите во Бугарија. И првиот и вториот атентат се дело на Македонци, кои се опиени само од омраза и злоба и како такви се решаваат на акции, што ги сметаат за револуционерни. А, всушност, се обични провокации сугерирани од поединци или други подалечни фактори заинтересирани за Балканот и сакаат да ловат риба во матна вода, служејќи се и користејќи се со антагонизмот, што и трите владетелки на Македонија умешно го всадуваат и поддржуваат меѓу Македонците. Но, се прашувам што се цели со такви акции? Каква е ползата на Македонија од нив? Кој кого ќе уплаши и кој кого ќе убеди? Не сметаат ли автономистите и иницијаторите на тие „јуначки“ акции дека со таков приод се зголемуваат

македонските непријатели и дека се одвраќаат народот и општественото мнение? Нам ни е чудно како такви типови сè уште не ја гледаат жалната и мизерна улога во која влегуваат. Како не можат да разберат дека со такви меѓусебни истребувања добиваат токму оние, кои сакаат Македонија да биде во ропство додека успеат – како што тие мислат – да го асимилираат македонското население.

Со такви провокации не му се служи на македонскиот народ, туку на неговите освојувачи и угнетувачи. Како што едно време, пред Балканските војни, не секој кој ја ставаше на рамо малихерата и се префрлуваше било во Бугарија, било во Србија или Грција, во Македонија беше ослободител, така и сега, не со бомби и со убиства „зад аголот“ ќе се придонесе за ослободувањето на Македонија.

Македонци, вразумете се, вдахновете се од свеста за татковинскиот долг и сфатете го новото време и изменетите услови во кои се води и ќе се води Борбата!

Ако продолжите така да сте обични наемници и им служите на заинтересираните фактори, вие сте му најголемите непријатели на македонскиот народ. Зашто, несвесно му предизвикувате излишни и невини жртви, само за целите и намерите на српскиот, бугарскиот или грчки врховизам кој, како во минатото, така и сега, апсолутно со ништо не може да придонесе за вистинското ослободување на Македонија.

Доста е со меѓусебни истребувања, доста е со крвопролевање! Неопходна е долготрајна работа меѓу македонскиот народ, каде и да е тој, а пред сè и најмногу во Македонија под српска, грчка и бугарска власт.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 21, 10 јули 1926 г.*

# Д-Р ЕДВАРД БЕНЕШ И МАКЕДОНЦИТЕ

Д-р Ед. Бенеш, актуелен чешки министер за надворешни работи, во неколку статии под наслов „Проблемите на словенската политика", публикувани во месечното чешко списание „Slovansky prehled", ја разгледува словенската политика и сака да посочи какви се практичните цели на словенската политика. Во таа долга научна студија, д-р Ед. Бенеш, откако исцрпно го разгледува развојот на настаните и историскиот развој на словенската идеја, доаѓа до заклучокот дека практичните цели на секоја словенска политика се: или намалување на територијалното status quo и формирање на велика панславистичка империја, или надминување на сегашните територијални граници и формирање на одделни словенски самостојни држави. За словенската политика – според д-р Ед. Бенеш – нема друг излез. Така што, словенската политика била „силна" или само како политички раекционерна и чисто панславистичка или политички револуционерна т.е. строго национална, без оглед на големината и самостојноста на секој словенски народ, кој подоцна самиот ќе ги побара заедничките точки меѓу тие самостојни словенски народи, кои пак од своја страна ќе се спогодат и ќе водат заемна меѓународна политика во однос кон останатиот свет. Бидејќи панславистичкиот концепт е исклучен уште на самиот почеток и веќе припаѓа само на минатото, тогаш како непоходност останува вториот концепт, односно сите словенски народи, без разлика на нивната национална територија, на нивниот јазик, битие и културен развој, треба да се издвојат во слободни и независни држави за да можат културно, национално, политички и економски да се развиваат, па тогаш меѓу себе да ги побараат своите евентуални заеднички допирни точки.

Меѓутоа, наспроти тој заклучок, д-р Ед. Бенеш со поддршка на реал-политичарите во западна Европа, кои водени исклучиво

од алчниот империјализам и циничната реална политика ги наметнаа неправедните и насилнички мировни договори и едноставно само од љубезност и да ја задоволат Југославија како сојузничка на Чехословачка, ја советуваа победена Бугарија „да го подготви и да го убеди народот дека е неопходно да ја жртвува Македонија на сметка на Србите и да го насочи своите напори на Исток и спрема Егејското Море. Зашто, крајната цел југословенско-бугарската политика би требало да биде, од словенски аспект, федерација на двете држави". Следствено, Македонците, кои живееја во Србија требало да се асимилираат, бидејќи „спорот за Македонија, за подолго или засекогаш бил решен со сеопштата војна во полза на Србија" (бр. 3 – 4).

Со тие размислувања д-р Ед. Бенеш прави една груба грешка, зашто смета, како и мнозина други површни луѓе во Чешка, дека македонското прашање е спор само меѓу Србија и Бугарија и дека кога се говори за Македонија или Македонците треба да се заземе страна или спрема Бугарија или спрема Србија. Тука е големата заблуда. Македонското прашање, ако не е општоевропско, тогаш тоа е најмалку општобалканско. Д-р Ед. Бенеш секако не гледа дека сеопштата војна толку многу ги засили националните аспирации на народите на Балканот, како и во целиот свет, што престижот на силите победнички, како и на реакционерните влади на балканските држави, секој ден се намалува во очите на сите национално потиснати народи и економски експлоатирани класи во светот.

Ете зошто авторитетните луѓе, кои подобро ги познаваат националните аспирации на македонскиот народ и неговите маки и страдања, забелешките на д-р Ед. Бенеш ги нарекоа „лош рецепт", а ние ќе кажеме дека е дури штетен и опасен рецепт, како за Србија и Бугарија како држави, така и за балканските народи. Со тие зборови и размислувања, д-р Ед. Бенеш и самиот се изложува пред научниот свет, главно во Чехословачка, а освен тоа, како министер, го доведува во прашање престижот на чешкиот народ, кој до скоро се бореше за слобода и независност, исто како што и македонскиот народ, повеќе од половина столетие се бори и продолжува да се бори против своите освојувачи и угнетувачи, кои се грижат на секој можен начин да ја уништат неговата национална свест како народ.

Д-р Ед. Бенеш, наместо на таков начин да го разрешува македонското прашање, добро е да го разреши, пред се, пра-

шањето за националностите во Чехословачка, каде антагонизмот меѓу Германците и Чесите и Чесите и Словаците е стигнат до максимум.

Македонскиот народ, заедно си сите други национално угнетени народи на Балканот и потиснати и економски експлоатирани класи, како од европскиот, така и од балканскиот капитализам, на кои д-р Бенеш слепо им служи, ги открија вистинските патишта за остварување на својата историска задача – издвојувањето на Македонија во одделна самостојна држава.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 21, 10 јули 1926 г.*

# КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО I

Според неправедните и насилнички мировни договори склучени по општоевропската војна, наспроти волјата на македонското население да живее и да се развива слободно, по многу скапи човечки и материјални жртви и неопишливи страдања, Македонија денес е поделена меѓу Југославија, Грција и Бугарија, а македонската емиграција распрсната по сите држави, главно во Бугарија, Америка, Турција, Романија и др.

Економскиот и политички гнет, под кој е оставен да живее македонскиот народ, без разлика на вера, народност и јазик, е единствениот стимул што ги тера Македонците, каде и да живеат тие, со поголема енергија и ентузијазам да ја водат својата борба за политичко и социјално ослободување. Епските борби на Македонците во минатото и борбите и напорите на македонското население по општоевропската војна покажуваат дека македонскиот народ поседува голема морална сила. А, пак, историјата не учи дека за иднината на еден народ големо значење има неговата морална сила.

Во Македонија, каде условите се потешки поради исклучителниот режим, борбата и организирањето се води врз чисто конспиративни начела. По општоевропската војна, меѓу македонските емигранти и населението внатре во Македонија започна една жестока борба, чиј резултат е, повторно со скапи исклучителни жртви, да посочи кој е правилниот спасоносен пат по кој ќе треба да чекорат сите Македонци, за да успеат да го реализираат својот општонационален идеал – ослободување на Македонија и нејзино издвојување во посебна слободна и независна политичка единица, која ќе може да служи како обединувачка алка меѓу останатите балкански држави и како рамноправен член ќе влезе во идната Балканска федерација.

На сите средби организирани за разгледување на новосоздадената ситуација, на сите советувања, конгреси и собири во последниве години се дебатираше не толку за општата цел, колку за методите на борбата. Најочигледно се виде и докажа дека патот по кој треба, главно, да се води борбата, неопходно останува строго револуционерен, но веќе со нови методи, согласно променетите објективни услови во Македонија, во балканските држави и меѓународна положба. Се разбира, без притоа да се исклучува и легалната борба. Наместо старата чисто четничка дејност, се наложи да се започне со една позасилена организациона активност, со засилување на револуционерната пропаганда меѓу широките градски и селански маси и со заедничко дејствување со сите останати национално угнетени народи и економски експлоатирани класи на Балканот. Се виде дека само на тој начин ќе може вистински да се организираат и револуционизираат народните маси и борбата да се води поуспешно, бидејќи желбите се општи, а интересите на сите трудбенички народни маси во сите балкански држави се идентични. Ете зошто, со заеднички напори ќе треба насекаде, во сите балкански држави, да се започне, врз локални начела, планска и енергична борба, пред сè против сегашните реакционерни, милитаристички и шовинистички влади, кои само со насилство и терор дошле и остануваат на власт, наспроти желбите и волјата на народите. Таа борба ќе придонесе во сите балкански држави, макар и постепено, да дојдат на власт влади на селаните и работниците, кои (влади) искрено го прифаќаат принципот на самоопределување на народите и ќе ги штитат интересите на национално угнетените народи и економски експлоатирани класи.

Како, каде и кога треба да се дејствува, ќе покажат времето и околностите. На тој начин, и на македонското население, земено во својата целост, ќе му се овозможи да се организира во политички, економски, културно-просветни и професионални македонски организации. Македонското население под српска, грчка и бугарска власт, организирано во свои национални организации веднаш ќе тргне по својот сопствен пат, согласно неговите економски, национални и културно-просветни потреби.

Меѓутоа, како прв и неопходен услов, без кој не се може, е Македонците, без разлика на вера, народност и политички убедувања, конечно да се ослободат од секакви шовинистички,

крајно националистички и фашистички ставови и да се создаде една меѓусебна трпеливост и толерантност во убедувањата и размислувањата. Само така ќе може да се пројави, повторно преку соодветните легални и революционерни организации, колективниот ум и колетивната желба и волја на Македонците. Штом ќе му се даде можност на македонското население слободно да се изјасни за карактерот на борбата и нејзините методи, сето останато ќе дојде само по себе и наместо сегашниот гнет и ужас меѓу Македонците, ќе имаме борба со идеи, со убедувања и размислувања, а не убијци или атентатори, произлезени од најнеискусниот дел на населението, или млади идеалисти, кои свесно или несвесно стануваат слепи орудија во рацете на разни амбициозни лица, заинтересирани фактори или влади.

Условите во кои се водат легалните и нелегални борби во трите дела на Македонија не се исти. Додека во Македонија под бугарска власт, населението има можност да се организира во свои национални организации и да ги манифестира своите национални аспирации, во Грција, а особено во Југославија, секаква чисто легална дејност се смета за престап од општ карактер и никому не му се дозволува да се нарече Македонец или Бугарин, да се групира во свои народни економски, културно-просветни или политички организации. Ете зошто гледаме како револуционерните методи, колку и да се тие нескопени, најмногу се применуваат во Југославија, зашто никој не може да негира дека во Македонија под српска власт се затворени сите патишта за каква и да е легална борба. Борбата во трите дела на Македонија, во конкретни случаи, според своите методи и средства не може да биде апсолутно еднаква. Меѓутоа, таа околност со ништо не може да го спречи или да го натера македонскиот народ, без разлика на вера, народност, јазик, политички убедувања или социјална положба, да се откаже од борбата за своето ослободување или да ја води одделно и делумно. Напротив, на секој начин треба да се бараат лица, организации и социјални средини, кои имаат заеднички и исти меѓусебни интереси.

Сите организации и друштва на сите националности населени во Македонија, какви и да се тие, било културно-просветни, економски, кооперативни, спортски и др. треба да стапат во приватна коресподенција или преку печатот, да организираат меѓусебни средби за да се запознаат, да разменуваат мислења и да се разберат.

Откако сите народности во Македонија, преку своите претставници, друштва и организации ќе се изјаснат, меѓусебно ќе се запознаат и зближат, ќе се најдат начини за да се прокламира македонското национално единство, без кое е незамисливо создавање на одделна слободна и независна македонска држава.

Но, се прашувам, можно ли е тоа? Постојат ли објективни, економски, социјални и политички услови за една таква активност? Ние на тоа прашање одговараме со позитивен одговор. И тоа ќе го разгледаме во друг број.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело", бр. 23, 10 авīусш 1926 ī.*

# ЕДНО ДОБРО НАЧЕЛО

Изборната борба во Југославија се разгорува. Како во Србија, така и во Македонија, насекаде, во сите изборни околии се натпреваруваат главно двете политички партии: радикалната и демократската. Сите Македонци знаат дека тие две партии, според идејниот и социјалниот состав, во ништо не се разликуваат. И двете се подеднакво против осамостојувањето на Македонија во посебна политичка единица, дури и против едно релативно самоуправување во границите на Југославија.

Поголемиот дел од македонското население, со терор и насилства е принудено да се определува кон едната или другата партија, наспроти создаденото речиси кај сите убедување дека како радикалната, така и демократската партија, не можат да му помогнат на македонското население во неговата борба за економско, национално и политичко ослободување.

При постоечкиот политички, национален и економски гнет, мнозина стапуваат во редовите на споменатите две партии, само и само да најдат заштита и покровителство од некои локални партиски моќници и да се ослободат од следења, прогони или уцени. Но, наспроти сите страдања, наспроти големиот терор и насилствата, во некои изборни околии, како што е случајот, на пример, во Куманово, се појави и трета листа, поддржана од сите занаетчии, земјоделци и работници. Таа групација сака да земе учество во управувањето на општините, за да ги заштити своите локални, пред се, економски интереси, апстрахирајќи се засега од поголемите политички и економски слободи.

Ние ја поздравуваме таа нова иницијатива и не се сомневаме дека за кусо време, наспроти сите пречки, групацијата на тие социјални средини ќе се развие и за релативно кратко време ќе се оформи во моќна национална, политичка или економска организација, која насекаде и по сите прашања ќе може да зборува и да се бори за Македонија.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 23, 10 авīусѿ 1926 ī.*

# ЗАЕМОТ ЗА БЕГАЛЦИТЕ

Склучувањето на заемот за бегалците станува проблематично. Откако Друштвото на народите го одобри склучувањето на заемот, се појавија сопствениците на странски бонови и на други кредитори, кои препуштиле една нивна комисија во Лондон од нивно име да преговара со министерот за финансии на Бугарија и од резултатите на тие преговори, што „успешно се развиваат", ќе зависи и конечата одлука, која Друштвото на народите ќе ја донесе за неколку дена во Женева каде, пак, повторно ќе се дискутира за заемот за бегалците во Бугарија.

Истовремено, Југославија испратила еден меморандум до Друштвото на народите, со кој, откако ја оспори изнесената статистика од страна на бугарската влада за бегалците во Бугарија (тие не биле 221.191 души, туку 119.602) сака: 1) Советот на Дрштвото на народите, врз основа на чл. 4 од Уставот, да им го препушти правото на соседите на Бугарија, членови на Друштвото на народите, да присуствуваат секогаш кога Советот ќе го разгледува прашањето за заемот; 2) Советот да донесе решение за воспоставување на една Контролна комисија, во која ќе влезат претставници на Југославија, Романија и Грција.

Тие барања Југославија сака да ги претстави дека биле во интерес на самата Бугарија, во интерес на добрососедските односи и во интерес на општиот мир и дека ќе можело да се создаде една атмосфера, што би дозволила, во соработка со Друштвото на народите, да се склучи еден балкански пакт во духот на Локарно! Балканскиот пакт значи конечна поделба, заробување и денационализирање на Македонија, а Локарно – војна, пред се, против ССС Републики и заздравување на хегемонијата на Англија во југоисточна Европа и на Балканот.

И така, заемот за бегалците се претставува како заем за човештината, а истовремено, старите и идни кредитори и

сопственици на странски финансиски институции случајот го користат, своите средства да си ги обезбедат по курс и лихви какви што тие сакаат. Бугарија должи вкупно 556.255.445 номинални златни франци за кои, според средниот курс одреден во актуелната спогодба, што е во сила до 30 март 1927 година, плаќа камата од 37 златни стотинки за франк. Или, тие прават 205.814.424 златни франци. Ако се прифати барањето на банките да се зголеми процентот на плаќање на средна вредност од 52 златни стотинки, Бугарија ќе го зголеми надворешниот долг за уште 60.000.000 златни франци или за 1.800.000.000 лева, односно за сума поголема од таа колку што изнесува заемот за бегалците. И во „Зора“ од 14.08 се поставува прашањето: има ли смисла да се склучува таков заем?

Значи, тоа што ќе се даде со едната рака, божем за олеснување на положбата на бегалците за да не бидат „елемент на безредие и на бунт“, ќе се земе по заобиколен пат со другата рака. Поради тоа, целиот опозициски печат дава знак на тревога, зашто сите добро ја знаат перфидноста и скриените стремежи на сегашните сложни сопственици. Дури во „Слово“ од 10 овој месец на уводно место пишува дека при пројавените претензии на старите и на идните кредитори на Бугарија не треба по секоја цена да се склучува заемот, зашто со такви услови Бугарија ќе заврши со својата независност. Во „Радикал“ од 14.08 пишува:”Владата толку многу ангажирана околу заемот, со своите концесии може да отиде подалеку од тоа што е дозволено и што е во интерес на Бугарија...Општественото мнение и партиите се држат скептично околу преговорите за заемот. Дали во условите нема да има и такви од политички карактер, што ќе останат сокриени од општественото мнение, тоа е прашање што не треба да се заборава... Зашто, многу прашања од првостепен државен карактер се сведуваат на партиско-егоистичен терен. За големото мнозинство од владините партизани е поважно владата да остане на власт, отколку под какви услови ќе биде склучен заемот“.

Владиниот печат, наместо причините за проблемите околу заемот да ги бара, пред се, во сегашните управници и нивните методи на управување во земјата и во жалните резултати во надворешната политика, го прогласува непријател и предавник секој кој ќе се обиде да го критикува заемот или неговата употреба. Со тоа се врши еден морален притисок врз партиите и разните организации.

Ние, пак, повторуваме дека секакви апели до цивилизирана и „хумана“ Европа се беспредметни. Европските капиталисти и кредитори на Бугарија, како сите лихвари и шпекуланти во светот, се најголемите егоисти и се лишени од секакво алтруистичко чувство. Тие се жестоки и алчни кога се работи за добивка и шпекулации. Тие, било преку директни преговори, било преку своите капиталистички влади, било преку Друштвото на народите, ќе ги наметнат своите услови. Соседите на Бугарија здружени ќе го извршат својот притисок, а бегалците заборавени ќе чекаат, ќе страдаат и ќе умираат од болести и од глад.

На сите веќе им е јасно дека проблемите околу склучувањето на заемот и навременото исплаќање на авансот секој ден се зголемуваат поради политиката – внатрешната и финансиската – и неспособноста и нетактичноста на сегашната бугарска влада, која како во внатрешната, така и во надворешната политика не може да забележи ниту еден успех!

Што и да се случи со заемот, и да се потпише и да не се потпише, сегашната бугарска влада на крупните капиталисти, на банкарите и на шпекуланите со ништо неќе може да им помогне на бегалците. Може само да се разговара и да се сочувствува со нив. И ако бегалците не се групираат во свои организации и не поведат остра борба против сегашната влада, тие не ќе можат да ја подобрат својата положба и ќе умираат од глад, студ и од болести.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 24, 25 авīусū 1926 ī.*

# ЧЕТНИЧКИОТ КОШМАР

По повод последните инциденти покрај српско-бугарската граница, кај Крива Паланка и планината Огражден, каде беа откриени некои чети, целиот печат, како во Србија, така и во Бугарија, а исто така и во останатите држави на Балканот и во западна Европа, ја коментираше испратената колективна нота до бугарската влада и притоа се произнесе и околу македонското прашање. Меродавните весници, како в. Le Temps", „Times" и др. кои ги изнесоа ставовите на западноевропските империјалистички држави околу балканскиот проблем и македонското прашање, пишуваат дека македонското прашање било конечно разрешено со последната војна и мировните договори, а четничките акции се осудуваат како дело на „бугарските комити", кои навлегувале во Македонија за да изведуваат терористички акции: напади врз села, погранични станици, атентати и убиства.

Како бугарскиот печат, така и тој во странство се изјаснија против четничките акции, зашто со тоа се влошувале односите меѓу балканските држави и се создавале конфликти, што можеле да го нарушат мирот на Балканот и Бугарија да ја доведат во опасност. Четништвото во минатото се дозволуваше како средство со кое селското население можеше полесни и побрзо да се организира и правилно да се насочи во револуционерната борба. Меѓутоа, сега во новосоздадената ситуација во западна Европа и на Балканот, четничките акции, со своите методи на борба, даваат само негативни резулати, зашто се користат од блиски и далечни фактори заинтересирани за Балканот. И ако ние се занимаваме со такви четнички акции, тоа е само за да истакнеме дека тие се штетни, пред се, за Македонците, зашто со четничките акции се даваат поводи за српските и грчките реакции, со уште покрути мерки да ја скршат секоја посамостојна пројава

на македонското население. Предвреме се создаваат афери и се апсат невини лица на кои се гледа со недоверба, а освен тоа се оневозможуваат услови во кои македонското население и во трите дела на Македонија би можело да се организира во каква било форма на свои национални групи и организации – легални или нелегални.

Секој знае дека четништвото е еден балкански специјалитет, кој во одредени вонредни околности се налага како неопходен, зашто условите во Македонија се толку груби и тешки, а режимот толку жесток и угнетувачки, што секаква конспиративна борба најлесно се води преку четите. Но, ако се земат предвид приодите, методите на дејствување на тие чети и лицата кои влегуваат во нив, сето тоа само ја изложува на удар пред прогресивното општествено мнение во светот македонската кауза и борците во неа. Зашто, секогаш намерно се претставува дека тие се инспирираат од надвор и дека не се плод на спонтаното незадоволство на целото македонско население, заради тешките услови во кои е оставено да живее и да се бори.

По општоевропската војна, македонското ослободително движење чекори по друг пат и е насочено, пред се, против реакционерниот и угнетувачки режим на сегашните балкански влади. Движењето црпи сила од месното македонско население, кое заедно со сите економски угнетени класи се бори за своето конечно политичко и социјално ослободување. Според тоа, и методите во борбата се изменија. Наместо поединечните изолирани ефектни четнички или други терористички акции, се работи меѓу самото население за да може да се групира во свои легални или нелегални масовни организации, кои помогнати од други национал-револуционерни и социјал-револуционерни групи и организации, организирано ќе се кренат и ќе се борат за да ја преземат политичката власт во свои раце. Тогаш и само тогаш Македонија со помалку жртви и полесно ќе се ослободи и ќе се формира во посебна политичка држава.

Македонското население, особено од левиот брег на реката Вардар, во последните години ги почувствува сите ужаси од четништвото. Илјадници селани и граѓани лежат по затворите, а сите кои останале надвор само со златници можеле да се ослободат од прогоните и апсењата, па така и економски биле уништени. Други, пак, како послаби луѓе, под принуда се ставиле

во служба на српската власт. Секој кој ја знае дејноста на месните контрачети и нивните потфати, многу јасно ќе си претстави во каков постојан ужас и трепет се поставени Македонците по градовите и селата и колку го чини тоа, пред се, локалното население, чија судбина и положба треба по секоја цена да се олесни.

Ако така продолжи и во иднина, не е чудо еден ден да се најде повод за српските и грчките освојувачи да навлезат на бугарска и на македонска почва, па секој може да си претстави кој директно и најмногу ќе настрада од такви слични „мирољубиви" акции на соседните на Бугарија држави. И да дојде до било какви компликации, во сегашната меѓународна и балканска ситуација со ништо не може да и се помогне на Македонија, дури ниту може да се извојуваат културно-просветни и национални права на Бугарите во Македонија. Покрај сегашниот режим и менталитет на српските и на грчките владејачки партии и лица, секаков повик, молба или заплашување е бесполезен и залуден.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело", бр. 24, 10 сеūтември 1926 ī.*

# КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО II

Македонија поделена меѓу трите држави – Бугарија, Србија и Грција – е една географска целина, со точно определени географски граници, а притоа, таа земена во својата целост, е една економска целина. Етнографскиот состав на Македонија, по двете војни – Балканската и општоевропската – се измени, меѓутоа таа привидна промена нема значење, бидејќи македонскиот народ се состои од неколку народности, различни според јазик, а исти според културата, традициите и минатото, кои се чувствуваат како посебен народ и сите се нарекуваат Македонци, притоа не сметајќи ги придојдените од разни страни колонисти, кои се според се туѓи на локалното население.

Произволните и неправедни граници, определени и наложени од државите победнички наспроти волјата на македонското население, се причината за сите катастрофи на Македонците. Режимот во управувањето на сегашните реакционерни и фашистички балкански влади и произволно исцртаните граници се главните причини за постојаните конфликти меѓу балканските држави.

Со поделбата на Македонија, како балканските држави, така и големите западноевропски империјалистички држави, извршија вистински престап пред историјата, зашто со тоа се пренебрегнаа праведните аспирации на македонскиот народ и се зголеми антагонизмот како меѓу балканските народи, така и меѓу народностите во Македонија, а истовремено со тоа се зголемија и ривалствата меѓу трите балкански држави. Од самиот почеток на Балканските војни, па до денес, сите досегашни буржоаски и реакционерни влади на Балканот само шпекулираа со интересите, чувствата и желбите на Македонците, зашто западноевропските држави шпекулираа со балканските влади како со обични орудија за своите подалечни политички

и класни интереси. Намерно се создаваат непријателства меѓу балканските народи и држави, само и само да се задоволат династичките интереси или да се зачуваат интересите на разни капиталисти, шпекуланти и фактори, кои жедни за грабежи и пљачкосувања немаат граници на својата перфидност, жестокост и одмазда. Се создаваат афери, се организираат атентати, се разменуваат ноти и се отвораат претставништва божем во полза на мирот, а всушност се кројат пеколни освојувачки планови и се подготвуваат воени авантури, со кои конечно ќе се упропастат балканските држави, а македонскиот народ, сигурно, повторно ќе остане да стенка под ропство.

Создадената ситуација на Балканот воопшто, е неиздржлива и опасна за мирот. Како во минатото, така и сега, Македонија е центар на сите беспокојства и таа јаболко на раздорот меѓу балканските држави. И навистина, може ли еден дом, произволно, според желбите на соседите, да се подели така што постојано ќе создава кавги меѓу домаќинството? Може ли на кој и да е жив организам произволно да му се откинат делови, без тој тоа да го почувствува и реагира?

Македонија под бугарска власт – Неврокоп, Петрич, Г. Џумаја – е откината, изолирана и постојано виси на гранка. Тие градови и околии во никој случај не можат да се развиваат без градовите и околиите во источна Македонија под грчка власт – Серес, Драма, Кавала, Демир Хисар. Наспроти нејзината централна положба, Битола е сосема изолирана и секојдневно пропаѓа. Може ли Македонија под српска власт да просперира без јужниот дел, без излезот на море – Солун и устието на реката Вардар?

Населението во Македонија, како и Македонците, без разлика на вера и народност, кои се прогонети од своите огништа и распрснати по туѓи држави во стариот и новиот свет, според својата социјална положба, во 90% се сиромашни селани, работници и ситни занаетчии. Сите имаат потреба од посебни грижи, имаат потреба, пред сè, од земја и економска поддршка во нивната борба за егзистенција, а тоа во никој случај не можат да им го пружат сегашните балкански влади, зашто тие ги следат своите чисто државни и класни интереси, што се дијаметрално спротивни со интересите на македонското население.

Речиси на сите бегалци имотите им се разграбани, било поради отсуството на нивните сопственици или законски наследници,

било под изговор за „доброволно“ иселување. Аграрното прашање не е решено и со него шпекулираат секакви големи и мали фактори, со единствена цел како полесно и побрзо да го принудат и ограбат локалното население. Сите тие таканаречени „безгаздински“ имоти, напуштени од нивните сопственици од една или од друга причина, трите балкански држави ги прогласија за државна сопственост и владини претставници манипулираат со нив, исто како што обичен лихвар манипулира со својот капитал. Македонците, пред се, се борат за леб и слобода. И тоа сите треба да го разберат. Зашто, станува збор за заштита на своите национални, економски, социјални и духовни потреби. Така што, постојат длабоки економски и социјални причини, што ги тераат Македонците да негодуваат и да се борат на живот или смрт. Освен економски и социјални причини, има и редица други од чисто морална и духовна природа, што не можат да се одминат и треба да се одбележат, зашто според нивното значење се речиси исти со економските. Денес македонскиот народ е угнетен, без политички и национални права. Сегашните реакционерни балкански влади со сите простливи и непростливи средства се трудат да ја денационализираат Македонија. На народностите, кои живеат во Македонија, им се забранети сите културно-просветни интитуции, а интелигенцијата е протерана. Сегашните сопственици во желбата да ја задушат националната свест на Македонците, применуваат физички и морален терор врз разбудените Македонци, а на бегалците распрснати по разни држави не им дозволуваат да се вратат на нивните родни огништа. Сето тоа ги тера Македонците, без разлика на вера и народност, да си подадат рака за заедничка борба против своите угнетувачи – сегашните фашистички и милитаристички балкански влади.

Секаков терор и сите драконски мерки, што се преземаат од сегашните блакански влади, не се во состојба да ги уништат стремежот и волјата на Македонците да се борат за своето економско, национално и социјално ослободување. Сегашните буржоаски, чисто фашистички и милитаристички влади, не ќе можат да ја спречат Македонија да се издвои во посебна политичка единица, во посебна држава, што единствено ќе може да ги обезбеди, гарантира и задоволи македонските интереси и желби. Сите заплашувања и палијативни мерки на сегашните балкански влади, се бесполезни. Македонскиот народ е ангажиран во

борбата, тој има свое минато, свои традиции и свои специфични интереси, што се исти со интересите на трудбеничките народни, селски и градски маси во балканските држави. Во тоа е залогот за успехот на борбата. Македонците, заедно со сите останати национално угнетени народи и економски експлоатирани класи во лицето на селаните и работниците, ќе го извојуваат своето ослободување и ќе создадат посебна држава, која врз исти начела со останатите ќе ја формира идната Балканска федерација.

Но, се прашувам, зошто македонскиот народ е сè уште поделен? За тоа, како во минатото, така и сега, се виновни, пред сè, Македонците. Зашто, има грешки, што по секоја цена ќе треба да се избегнат. Кои се и какви се тие грешки, ќе видиме подоцна.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 24, 25 авѓусѿ 1926 ѓ.*

# ОДГОВОРОТ НА КОЛЕКТИВНАТА НОТА

На колективната нота на Југославија, Романија и Грција од 11 август 1926 година, бугарската влада одговори со своја нота од 27 август 1926 година. Текстот на нотата е многу компромисен и ја подвлекува желбата на бугарската влада да им угоди на своите соседи, за да им ја олесни нивната борба против востаничките чети, и изрично се вели дека „ќе преземе мерки, предвидени во склучените спогодби за прогонување на четите“. Каде и како се склучени тие спогодби и што содржат, уште никој не знае.

“Владата ќе ги прогонува“ – се вели во нотата – „со сета строгост нелегалните дејства на разните организации, што ги засегаат териториите на соседните држави, како и самите организации виновни и вовлечени во таквата дејност“.

“Овие категорични декларации и нивното лојално исполнување ќе наидат на добар одѕив кај владите на трите соседни држави и ќе создадат атмосфера на доверба и соработка“. Бугарската влада вели дека „корените на злото, постоењето и дејноста на револуционерните организации се надвор од моќта и опсегот на бугарската влада. Од друга страна, нелегалните дејства на национална почва имаат свое историско минато и свои длабоки причини надвор од пределите на Бугарија. Една таква сложена историска појава не се надминува со еден потег и напорите на бугарската влада не се доволни за пресушување на злото. За да се постигне тоа, потребни се заеднички напори на четирите влади, секоја дејствувајќи суверено со средства соодветни за условите во секоја земја.

“Бугарската влада ќе соработува енергично и постојано на тоа дело, за да се зачуваат добрите односи на Бугарија со нејзините соседи“.

Секој кој сака да ги протолкува горните редови ќе се убеди во нивната излишност. Колку е бедна сегашната бугарска влада,

кога се изјаснува во еден официјален документ по прашања од капитална важност, по прашања во кои е концентрирана речиси целата надворешна политика. Кој не знае дека сите револуционерни движења како во минатото, така и сега, се должат на неподносливата положба во Македонија, Тракија и Добруџа? Кој не знае дека теророт и политиката на денационализација се причините за сите револуционерни движења?

Зборовите на бугарската влада оставаат да се разбере дека до смирување на Балканот може да дојде само со усогласени репресивни мерки од сегашните балкански влади. Наместо јасно и категорично да изјави дека националните „малцинства“ се угнетени, зашто им се одземени сите политички и национални права, зашто не можат да се вратат во своите родни места, наместо да се бараат права и гаранции за нивното враќање, најпосле наместо да се истакне или одбележи дека самите населенија сакаат да бидат слободни и независни, таа го уверува светот дека ќе направи се што е можно да го задуши тоа „зло“.

Бугарската влада не застанува на соодветната висина за да го зачува достоинството на бугарскиот народ. Таа угодува, се подлизува и им служи на туѓи интереси. Пред ослободувањето на Бугарија, Братијано, премиер на Романија, гласно изјавуваше дека сите лица и групи, кои го минуваат Дунав се исклучиво Бугари, кои сакаат да си заминат во своите родни места, кај своите блиски, жени, деца, родители. А сега, „патриотите“ и „родозаштитниците“ не смеат да приговорат и барем морално да ја поддржат каузата на Македонците, Тракијците и Добруџаните. А, кога станува збор за тоа да ги искористат бегалците и организациите за свои сопствени партиски цели, тие вешто ги скокоткаат чувствата и расположението на Македонците, Тракијците и Добруџаните.

Сите знаат дека пограничните инциденти беа само повод за испраќање на колективната нота, а вистинската причина се крие во стремежите на Југославија, Романија и Грција да ја поделат Бугарија. Тоа е нивната крајна цел, а првата и непосредна е да го оправдаат и засилат теророт во Македонија, Тракија и Добруџа. Романските власти максимално го засилија теророт во Добруџа, Грција систематски го иселува македонското и тракиското население, а Југославија со сите средства го тероризира македонскиот народ, за да го убие во него секое национално чувство и економски да го уништи. Сега и бугарската влада

им вели и јас ќе почнам, па и вие ќе треба да продолжите да соработувате.

“Авторот“ на 9-ти јуни[16], ген. Влков и неговиот соработник Кулев, ги дале веќе своите наредби, едниот до пограничните власти, а другиот до обвинителите, повикувајќи ги да ги апсат сите лица и групи, кои дејствуваат нелегално, и да ги подведат под кривична одговорност...како обични престапници. Јасно е дека нема никаква разлика меѓу сегашната бугарска влада и оние на Југославија, Романија и Грција. Тие со нивната внатрешна и надворешна политика се извори на револуционерните движења. Ете зошто, сите национално угнетени народи, заедно со сите економски угнетени класи треба паралелно да ги насочат своите напори, пред се, против сегашните реакционерни и милитаристички балкански влади, кои остваруваат свои лични, партиски и класни интереси.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 25, 10 септември 1926 г.*

[16] Се мисли на 9-то јунскиот преврат во 1923 г., кога е соборена владата на Земјоделскиот народен сојуз на претседателот Александар Стамболиски.

# КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО III

Ние, Македонците, сме навикнале за сите наши неуспеси, страдања и несреќи, што не снајдоа во последните две десетлетија, да ги обвинуваме другите држави, влади, неодговорни фактори и лица. Меѓутоа, наш татковински долг и морална одговорност, што ги носиме пред идните поколенија и историјата, ни заповедаат да се погледнеме себе си, да ги побараме нашите грешки и да видиме зошто и како се пропуштија неколку благопријатни моменти, што ние, како народ, не можевме да ги искористиме за нашата национална кауза. А тие не се малку.

Првата и суштинска грешка е што многу малку водевме сметка, како во минатото, така и сега, да создадеме масовни народни организации. Легалните и нелегалните организации, што постоеја во минатото, не почиваа врз строго определени принципи и начела. Методите на броба не беа јасно определени и како резултат на тоа, речиси сите постоечки организации, како во Македонија, така и надвор од неа, паднаа во рацете на лица, кои беа исклучиво под влијание и старателство на тогашните балкански влади: турската, бугарската, српската и грчката или на нивните агенти. Така што мнозина од македонските дејци во минатото беа повеќе емисари на разните балкански влади, кои преку нив ги спроведуваа своите освојувачки стремежи и речиси отворено ја подготвуваа поделбата на Македонија, што фактички и се случи за време на Балканските војни, врз основа на претходните тајни договори. Повеќе од десет години бившата ВМР Организација водеше жестоки и лути борби против сите институти, групи и лица, кои сакаа македонското ослободително движење да го искористат за туѓи цели.

Наспроти крвавите и долготрајни борби за елиминирање на сите лица од македонското ослободително движење, кои свесно или несвесно им служеа на разни влади, фактички малкумина

можеа да бидат отстранети. Зашто, вистинските македонски революционери насекаде се прогонуваа, екстерминираа или убиваа и на тој начин им се одземаше можноста своето влијание да го распрострат подлабоко меѓу македонското население. Основачите на бившата ВМРО уште на самиот почеток, па и до последен момент јасно знаеја дека е апсолутно невозможно, Македонија цела да биде присоединета кон која и да е балканска држава. Ете зошто, сите го поддржаа принципот и паролата „Балканот на балканските народи“ и „Македонија на Македонците“. Тоа беше и денес си остана една голема идеја, една суштинска програма за сите општественици, државници, борци и револуционери на Балканот. Покојниот Гоце Делчев ќе остане велик само поради тоа што пред повеќе од четврт век, со неговата карактеристична кроткост ни велеше:“ Не е големо злото што Македонија е уште под турско владеење, туку поголемо зло ќе биде ако ние и вие младите придонесеме или дозволиме Македонија да се подели“.

Втората грешка е што меѓу нас Македонците, никогаш и никаде не постоела трпеливост и толерантност во убедувањата како за општата цел, така и за методите на борбата – тактиката. Вистинската слободна македонска мисла секогаш и со најжестоки мерки била задушувана. Тоа е, можеби, знак за нашата некултура или за нашата сè уште слаба национална свест. Но, сепак, е една грешка, што во иднина ќе треба по секоја цена да се избегнува, Без слобода на мислата и без меѓусебна трпеливост не може да има прогрес во светот.

Уште од самиот почеток, борбата меѓу таканаречените еволуционисти или егзархисти и революционери, меѓу централисти и врховисти, меѓу централисти и сарафисти и санданисти и најпосле, меѓу таканаречените федералисти и автономисти, постојано се водела само со прогони, насилства, терор и убиства! Поголемиот дел од највидните македонски дејци, било како легални, било како нелегални, се меѓусебно убиени, едни со други. Ниту еден народ не забележал такви крвави и жестоки борби и меѓусебни истребувања како македонскиот. Навистина, тие борби се заоструваа од заинтересирани влади или фактори во балканските држави. Меѓутоа, ако реално сите постоечки македонски организации и групи, и легални и нелегални, тргнуваа од строго определени принципи и идејни начела, како за општата цел, така и за тактиката на легалните и нелегалните

борби, тоа меѓусебно истребување немаше да се случи и мнозина од македонските дејци и револуционери, наместо да бидат слепи орудија и емисари на балканските влади и други империјалистички и милитаристички држави, ќе беа вистински револуционери и народни дејци.

Колективната волја и желба на македонскиот народ никогаш не можеле слободно да се пројават, туку напротив, само одделни лица шпекулирале со вистинските желби, идеи и стремежи на македонскиот народ.

Македонското прашање во последните десетлетија мина низ неколку фази. Меѓународната положба се измени, а исто така се изменија и условите на Балканот. Македонските дејци и револуционери, наместо уште на самиот почеток да ги сфатат изменетите услови и во согласност со нив да применат една тактика соодветна на времето, околностите и условите во кои е принуден да живее македонскиот народ, мнозина од нив постојано смислено и слепо се служеа со истите методи во борбата, без дури да ги изменат и старите методи во организирањето на Македонците било внатре, било надвор од Македонија. Организациите се сè уште слаби, а апатијата е општа, зашто населението во Македонија и емигрантите јасно гледаат дека позициите на некои од постоечките организации се неубедливи и не им оставаат никаква верба во идниот успех на борбата. Минатото го знаат, сегашноста ја гледаат, а иднината им стои неизвесна.

Ние Македонците, не успеавме да го искористиме младотурскиот преврат. Ја пропуштивме и ситуацијата пред и за време на Балканските војни. Направивме една капитална грешка што за време на сеопштата војна, кога можеше да се прокламира македонското национално единство, не кренавме дури ни глас за автономија или за независност, а по сеопштата војна не се обединија сите револуционерни сили и заедно со сите народности во Македонија не застанавме јасно и категорично на ставот и идејата за слободна и независна Македонија, одделена од балканските држави. Повторно се најдоа некои лица и групи, „организации“, кои сè уште не беа ослободени од идејата за присоединување...

Во еден момент, кога совршено се изменија условите на Балканот, кога ситуацијата во Европа беше од корен променета, кога по примерот на народите во ССС Републики во целиот свет

моќно се издигна принципот за самоопределување на народите, ние Македонците, кои живеевме во Македонија или надвор од неа, како емигранти (Бугарија, Америка, Цариград, Русија, Западна Европа), без разлика на вера и народност, наместо да се групираме во масовни, народни македонски организации, што ќе влезат во блиска соработка со сите национално угнетени народи и економски експлоатирани класи на Балканот, се впуштивме во меѓусебни прогони и самоистребување. А, сè уште има македонски групи и лица, што целосно се ставени на услуга или се под влијание на балканските влади, кои вешто и умешно ни ги подметнуваат нашите меѓусебни борби, не делат и ја користат нашата слабост.

Токму затоа, откако веќе кај никого не остана ни ронка сомнеж дека Македонија како слободна и независна политичка единица, како држава ќе може да постои само во рамките на една Балканска федерација, сега сите наши напори ќе треба да се насочат кон создавање на силни, масовни, народни политички, културно-просветни и економски групации и организации насекаде во Македонија и надвор од неа. Во тие организации ќе треба да влезат сите Македонци, без разлика на вера и народност и врз основа на јасни и точно определени принципи и пароли, па во името на сите народности во Македонија да се брани идејата за издвојувањето на Македонија во една посебна слободна и независна политичка единица, започнувајќи пред сè една жестока борба против сегашните реакционерни и милитаристички блакански влади. Откако ќе се засилат македонските легални и нелегални организации, во даден момент ќе се најде средство и начин, како и кога да се прокламира македонското национално единство.

Така што, без да се напуштат револуционерните методи на борбата и без да се игнорира легалната борба, сите Македонци, каде и да се наоѓаат тие, треба идејно и организационо да се зближат со сите други национал-револуционерни и социјал-револуционерни групи и организации во балканските држави и паралелно со нив да работат и да се борат за создавање на услови за идната Балканска федерација, во која Македонија ќе влезе како рамноправен член. Идејата е велика и благородна, таа се прифаќа од трудбеничките селски и градски маси на Балканот, за неа се изјасни целото прогресивно општествено мнение во

светот и се поддржува од некои политички партии во балканските држави и од Советска Русија. Успехот е сигурен и сите морални, материјални и човечки жртви, што ќе бидат дадени, го наоѓаат своето оправдување.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 26, 25 септември 1926 г.*

# КОНГРЕСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ БРАТСТВА ВО БУГАРИЈА

Редовниот конгрес на македонските емигрантски организации во Бугарија се состана на 19, 20 и 21. II. оваа година. Од отчетот на Националниот комитет и од дебатите, што по него се водеа од некои претставници на македонската емиграција, јасно се гледа дека во последните три години, како Националниот комитет, така и одделните братства и друштва во лицето на нивните раководни тела, тапкаат во место, без да направат ниту еден чекор напред.

Во актуелната ситуација во која се наоѓа македонскиот народ и посебно емиграцијата во Бугарија, одговорноста за сегашната положба на македонските емигрантски маси, меѓу другото, паѓа главно врз врховното раководство на емиграцијата – Националниот комитет.

Од отчетот за политичкиот дел, што навистина е доста наивен и трогателен, се гледа дека освен неколку петиции и реферати до Друштвото на народите и учеството на два-тројца претставници на Националниот комитет на некои пацифистички и нарачани конгреси и собири од заинтересирани фактори и држави, ништо, ама апсолутно ништо суштествено не е преземено или направено. Општественото мнение во Европа е целосно неупатено за многу, дури актуелни и тековни прашања, важни за македонскиот проблем и македонскиот народ.

Од формирањето на Друштвото на народите досега испратени се бројни телеграми, резолуции, мемоари, петиции и др. и како што се знае, сите се останати „без резултати“, односно не им е дадено никакво значење и фрлени се во корпа... Дури, содржините на тие документи не се направени достојни на печатот и општественото мнение во Европа. Значи, една отворено бесполезна и без никакви резултати активност. Но,

наспроти сите поранешни и сегашни белешки и критики на одделните претставници на емиграцијата, Националниот комитет сè уште стои на ставот дека и во иднина нема да престане да испраќа не протести, туку молби, петиции и телеграми, за да ја изрази својата благодарност спрема Друштвото на народите, па на ова ќе му здодее и веројатно, откако „се измениле сегашните политички услови“, некогаш и ќе се позанимава со македонското прашање!... Празни надежи и очекувања...

Ние честопати, како и многумина од вистинските претставници и толкувачи на желбите и волјата на македонскиот народ и на емиграцијата, сме рекле и пак ќе повториме дека Друштвото на народите, според својата организација и според својот состав и функционирање, е само средство за зачувување на неправедните и насилнички мировни договори. Друштвото на народите е немоќно да ги спречи насилничките дејствија, што и сега се преземаат во името на спомenатите договори. Сите прашања, што ги засегаат животните интереси и независноста на народите и нивното право на самоопределување, се решаваат надвор од Друштвото на народите од таканаречените сојузнички сили. На пример, прашањето, што се однесуваше на националностите и беше покренато пред Друштвото на народите, се постави на делегатска конференција на која тоа не беше разрешувано во согласност со интересите на угнетените, туку во интерес на владите на угнетувачите.

Што се однесува до разни дебати на конгреси и собири, само со истакнување на етнографскиот принцип, македонскиот проблем тешко може да се заштити и да стекне симпатии во општественото мнение или кај меродавни фактори, без да се нагласи и географскиот и економскиот принцип и без соработка и учество на претставници на останатите народности, кои живеат во Македонија или надвор од неа.

уставот на емигрантските организации точно и исцрпно кажува како и од кого може и треба да се води пропагандата во светот. Се прашувам, што направил Националниот комитет во тој поглед, во последниве неколку години? Какви се неговите контакти со претставниците на останатите народности во Македонија или надвор од неа? Или има лични и организациони контакти или нема. Ако има, во што се манифестирале и ако нема, се прашувам, зошто е откажана секаква соработка со Националниот комитет? Која околност ги плаши инородните,

во рамките на заедничкиот Устав, да соработуваат со претставниците на македонската емиграција во Бугарија? Ете едно од прашањата, што Националниот комитет, откако ќе се усогласеше со уставот на емигрантските организации, требаше досега да го разреши и да најде начин за да тргне по утврдената со Уставот, да ја наречеме, надворешна политичка линија. И откако ќе се тргне по таа линија и ќе се застане на ставот за слободна и независна Македонија, како посебна политичка единицва, ќе треба, како што е кажано и во самиот Устав, да се работи, да се пропагира и војува, како на Балканот, така и во странство, за идната Балканска федерација, во која единствено Македонија би можела да влезе како посебна држава и како рамноправен член со останатите балкански народи. Зашто, насекаде постојано се истакнува дека со издвојувањето на Македонија во посебна политичка единица, во одделна држава, ќе се затапи и отстрани антагонизмот меѓу балканските народи и Македонија навистина ќе послужи како обединувачка алка меѓу останатите балкански држави, што исто така е кажано во самиот Устав.

Забелешката дека идејата за Балканска федерација била илузорна, дека тоа било блеф и оптичка илузија, е неубедлива. Зашто, таа идеја не е нова и е проповедана уште пред 50 години од Хр. Ботев, од С. Марковиќ, од Булгарис и други. Таа е реална идеја, прифатена од напредното и образовано општествено мнение во Европа, поддржана од моќниот СССР и ставена во програми и конгресни резолуции од сите социјал-демократски и комунистички парти на Балканот и во Европа. Оние кои сè уште ја сметаат таа идеја за блеф и ја пресретнуваат со ironични насмевки, нека знаат дека тоа што не се цени денес, многу вреди во иднината!

Во својот отчет за организациониот дел, Националниот комитет вели дека тој „пред сè, своите напори ги насочува да ја собере и организира македонската емиграција во Бугарија и од неа да ја направи онаа морална сила, која зачувувајќи го своето народносно самочувство ќе може, пред надворешниот свет, да ја одбрани македонската кауза и да придонесе за нејзиното остварување“. А понатаму, откако вели дека бројот на македонските братства од 125 се зголемил на 152, Националниот комитет се жали дека македонските братства и друштва дури не одговориле на повикот бр. 245 од 25.01.1926 година, со кој се барало, братствата до 1 мај истата година да поднесат спи-

соци со имињата на сè уште неорганизираните Македонци во реоните на братствата. Националниот комитет, за големо чудо, не соопштува на Конгресот колку братства одговориле на неговиот повик со приложување на списоците, иако рокот за тоа бил голем – четири месеци! Конгресот, а според тоа и емиграцијата, не го знае точниот број на организирани членови. Се прашувам зошто е тоа така? Зошто емиграцијата едноставно не сака да се организира и да соработува околу народното дело и по толку големи напори, потрошени средства, труд и време? Ако навистина има „совршена истомисленост", можно ли е да нема единство во волјата?

На што се должи таа индиферентност во масите како во Софија, така и во провинцијата? На ова прашање сакаме да одговориме.

Вината за да биде македонската емиграција апатична, да не сака да се организира и самата да се преброи, па дури и да не одговара на повиците на Националниот комитет, не е во масите, во братствата, во Македонците од кои повеќето се сиромашни селани, работници, занаетчии и ситни трговци, кои во минатото со радост и подготвеност ги жртвуваа своите животи и имоти, туку во раководните тела, односно во националниот комитет и одделните раководители на братствата. Зашто, од сето преживеано досега, македонските емигранти видоа, разбраа и се убедија дека патот по кој се чекори е погрешен, дека контактите на организацијата со некои владини и други кругови се пакосни, дека македонската емиграција се води во ќорсокак, што никаде нема да ја однесе, дека се тапка во исто место, дека не се служи на чисто македонски, туку на туѓи државни или партиски интереси, дека македонското дело се злоупотребува и сквернави, дека Македонија свесно или несвесно се продава за туѓи интереси. Поради сето ова, македонската емиграција е индиферентна, апатична и едноставно бега, зашто не наоѓа смисла во работата и не може да ги заштити своите национални интереси.

Нема зошто да ги разгледуваме другите недостатоци во заедничкото раководство на македонските организации. Тие се многубројни и повеќето им се на сите познати. Засега ќе се ограничам и ќе го одбележам најсуштественото – што неминовно треба да се направи за да се спасат македонските емигрантски организации во Бугарија од распаѓање?

1. Неодложна и задолжителна примена на духот и словото на општиот Устав, кој како во суштинските одредби, така и во второстепените, јасно го определува патот по кој ќе треба да се чекори и да се работи како во Бугарија, така и во странство; 2. Да се елиминира политичкиот карантин во кој е оградена целата емиграција, без разлика на политички убедувања, класи, пол и возраст, главно во лицето на интелигенцијата и да и се остави широк простор на македонската слободна мисла и критика. Нека не се вознемируваат и тормозат одделни претставници на емиграцијата или одделни лица за изнесени размислувања како за целите на организацијата, така и за нејзината тактика, туку да се овозможи да се борат и спротивстават идеи со идеи, а не идеи со парабели, каминети и други средства за борба; 3. Сите лица, кои во минатото биле од едни или други причини ангажирани со друга политика околу македонското прашање или доброволно или принудно се пројавиле со предавства против бугарскиот и инородни елементи, да се отстранат од раководните места во организацијата; 4. Прекинување на сите контакти со сегашната фашистичка влада во Бугарија како противнародна и борба, отворена борба по сите линии против неа. Прекинување со сите фашистички организации и групи, како „воената лига“, „Родна заштита“ и др. кои го компромитираат македонското ослободително движење како национал-револуционерно; 5. Исклучување од редовите на организацијата на сите македонски ренегати како владини емисари, кои по разни поводи и настани во Бугарија или на друго место, умешно ја играат улогата на подбуцнувачи и поттикнувачи и со тоа го попречуваат идејното и организационо обединување на Македонците; 6. Брзи и целесообразни контакти со сите сродни организации и партии, кои го признаваат правото на самоопределување на народите и во своите програми го прифатиле издвојувањето на Македонија во посебна политичка единица и се залагаат за Балканска федерација. Организациони контакти со сите инородни македонски емигрантски и др, организации и заедничка соработка со нив во рамки на можностите.

Ако сето ова искрено се прифати, целата емиграција ќе се потпали и за кратко време нејзините редови ќе се зголемат, средствата ќе се умножат, нејзиниот дух ќе заживее, ќе се охрабри и таа ќе надрасне со десетлетија. Во спротивно, и се-

гашната организирана емиграција ќе се изгуби или ќе остане безживотно тело. Пред да се применат „санкции“ да се размисли и води сметка за слободната македонска мисла и заедничката, колективна волја.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 37, 10 март 1927 г.*

# ОД ДРЖАВИТЕ ПОРОБИТЕЛКИ НА МАКЕДОНИЈА

## Штрајк со глад на политичките затвореници во Бугарија

Општонародното движење за амнестија на политичките затвореници и емигранти се манифестира во својата најостра форма: масовен штрајк со глад на затворениците од сите затвори во Бугарија. За првпат во историјата, заедно и истовремено и во името на една и иста парола, стапуваат во штрајк со глад над илјада души затвореници. Тоа спонтано движење за слобода се пренесе и во странство, па неговото ехо се слушна дури и во Женева, каде на заседанијата на Советот на Друштвото на народите Вандервелд крена глас за амнестија во Бугарија.

Се разбира, владата беше збунета и наместо да го послуша гласот на цел еден народ, на целото општествено мнение во Бугарија и да ги отвори вратите на затворите, таа презема репресалии против штрајкувачите. Но, наспроти тоа, штрајкот траеше скоро осум дена и претставуваше еден моќен и очаен протест против тиранскиот режим во Бугарија и стотиците строги пресуди над големи и мали.

Поради овој настан е забранет софискиот весник „Новини", а неговите уредници, според З.З.З., се изведени пред суд. Причина: давале детални информации за текот на штрајкот со глад и со тоа вршеле антидржавна дејност. Бескраен варваризам!

## Крвавите насилства на грчката реакција

Владејачката реакционерна и милитаристичка клика во Грција не избира средства во својата борба против народните маси. Неспособна да ја извлече земјата од страшната економска и финансиска криза, што ги фрли народните маси во невидена мизерија и беда, таа се мачи со куршуми и брутално насилство

да ги задуши нивните протести и незадоволство. Така, секој работнички штрајк и сите демонстрации на невработените, таа ги пресретнува со куршумите и бајонетите на војската и жандармеријата. Минатиот месец, во Солун, жандармеријата стрелаше за време на демонстрациите на тутунските работници, кои се без работа, и притоа уби еден работник. На 10 овој месец, врз демонстрациите на штрајкувачите занаетчии во Атина, војската стрелала и убила на место двајца и 15 души ранила. Демонстрациите поради тоа не запреле, туку напротив, продолжиле. Телата на убиените биле носени на раце од страна на демонстрантите, а знамето, потопено во крвта на убиениот знаменосец, се развеало на чело на демострантите, кои ги обиколувале улиците на Атина. Вознемиреноста меѓу народните маси, како последица на тие крвави насилства, уште не е стивната. Владата заплашува со брутални мерки, но со тоа само ќе налее масло на огнот.

Ете како во Грција се создаваат и созреваат условите за ослободувањето, како на грчките народни маси, така и поробениот од реакцијата и тиранијата македонски народ.

### Шовинизмот на белградските властодршци

Ние многупати сме се соочиле со дивиот шовинизам на Белград. Тој нема граници, особено кон нас, Македонците. Но, не само кон нас, туку и кон другите несрпски елементи во државата. Хрватскиот пратеник Базала, во својот говор околу буџетот за народното образование изнесе карактеристични примери. Тој наведе како во читанката за основните училишта од Л. М. Протиќ, од 139 раскази и стихотворби, само една стихотворба била од хрватскиот писател Вл. Назор. Во читанаката се споменува само српското име, а никаде, ниту со еден збор не се одбележува хрватското и словенечкото име. Само 9 извадоци се пишувани на латиница, а останатите се на кирилица. Во учебникот „Балкански Полуостров“ од Д. Радивоевиќ, напишаното за Србија опфаќа 46 страници, за Црна Гора пет ипол, за Босна и Херцеговина осум, за Далмација седум, за Хрватска осум ипол и за Словенија седум страници. Во учебникот се вели дека во Србија живеат само Срби, а Хрватска постојано се означува како „земље наше народности“.

Др. Базал изнесува уште многу такви примери и на крајот протестира против шовинизмот во Белград.

## Македонското прашање за сложната влада е романтизам

На 10 овој месец, во народното собрание, при дебатата околу буџетот за министерството за надворешни работи, министерот Буров, по повод барањата на некои пратеници за формирање на едно претставништво за поробените бугарски малцинства, изјави дека тој не сака да се воодушевува од романтизмот. Буров е совршено во право, зашто во природата на сите банкари е да бидат реалисти и тоа најголеми, посебно кога станува збор за нивните сметки и добивка. Нивниот прототип е шекспировиот Шејлок, кој не се откажува од фунта човечко месо, што му се должи. Но, кога тоа се парви на туѓа сметка, на таа на македонскиот и на бугарскиот народ, тогаш буровци си дозволуваат не само романтизам, туку и авантуризам од типот на оној во 1912 и 1913 година. Нели мастрафот друг ќе го плати...!

Едно време, кога постоеја какви-такви шанси за присоединувањето на Македонија кон Бугарија, истите тие патриотски средини го сметаа македонското прашање за едно од најреалните прашања на бугарската политика. Денес веќе се што е поврзано со Македонија е ... романтизам. Ете го односот на сложната влада кон судбината на поробените браќа во Македонија. Интересно е, меѓутоа, да се знае какво е мислењето за тоа прашање на сложните пратеници од петричко кои, за иронија на судбината, се нарекуваат македонски пратеници и кои најпослушно и сервилно гласаат за политиката на владата и за нејзиниот македонски „романтизам“.

## Кој ја насочува политиката на балканските влади?

И без многу приказни – тоа се знае: тоа се големите европски империјалисти, кои даваат насока во политиката на блаканските држави, во зависност од своите ограбувачки интереси. Сега, меѓутоа, се изнесува и еден документ, што ја потврдува таа вистина.

На 19.12.1926 година, грчкото министерство за ндворешни работи го задолжува својот претставник во Лондон, Какламанос, да ја праша британската влада какво однос да има Грција околу разните балкански проблеми. Како одговор на тоа, Какламанос соопштува:

**Одговор на No 11976 од 19.12.1926**

**2.1.1927, No.17**

**До Министерството за надворешни работи во Атина.**

**„Одговорот на Форин Офисот (англиското министерство за надворешни работи Б.Н.) е следен:**

**1.Спогодба или барем пријателски договор со Бугарија. Во тој правец треба да се насочи печатот и општественото мнение. Во истиот дух Велика Британија ќе работи и во Софија.**

**2. Со Турција. Да се обезбедат добри односи, и за таа цел, по можносат што поскоро, да се затворат сите неуредени прашања, што ги затегнаа добрите односи меѓу двете држави, дури и на штета на грчките интереси.**

**3. Да не се потпишува договорот со Југославија. Тоа прашање ќе биде уредено од Друштвото на народите, имајќи ги предвид ставот и интересите на Грција, а Велика Британија ќе го оебзбеди грчкиот став.**

**4. Треба да се избегнува секакво недоразбирање со Италија. Нерешеното прашање за Додеканеза, штом се постави на разгледување општата рамнотежа во Средоземното Море, ќе се разреши во полза на Грција. Тоа ќе се уреди со влијанието на Велика Британија.**

**5. Да не се интересирате за италијанско-албанскиот договор.**

**Влез. No 1247 4.1.1927**

**Какламанос“**

Се разбира, такви директиви има и во министерството за надворешни работи во Софија, дадени од Лондон и Рим, како и во министерството во Белград, што доаѓаат од Париз. Зашто, денешните балкански држави се само едни жални марионетки во рацете на Лондон, Рим и Париз, а тоа Ќе биде така се додека балканските народи се управуваат од реакционерни и фашистички клики.

**Буџетот на Југославија за 1927/28 година**

Според претставениот проект за буџетот, општата рекапитулација на државните приходи во 1927/28 година е следната:

| | редовни | вонредни | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Индиректни даноци | 1.628.309.100 | 200.000.000 | 1.828.309.100 | 15,64% |
| 2. Директни даноци | 3.531.030.000 | | 3.531.030.000 | 20,21% |
| 3. Монополи | 2.362.242.000 | | 2.362.242.000 | 20,21% |
| 4. Државни стопанства | 3.828.890.277 | 18.763.000 | 3.847.653.277 | 32,91% |
| 5. Разни приходи | 120.715.623 | | 120.715.623 | 1,03% |
| | 11.471.237.000 | 218.763.000 | 11.690.000.000 | 100% |

Вкупната сума од државните стопанства е 3.847.653.257 динари, а од фискалните приходи 7.842.346.723 динари. Вкупната сума од индиректните даноци и монополите е 3.990.551.100 динари, или околу 4 милијарди, значи 35,85% од сите приходи. Тоа значи дека широките народни маси – селани, работници и занаетчии, кои се мнозинство во државата, плаќаат најмногу даноци од сите останати слоеви. Општо земено, ако се сметаат само предвидените приходи, на секој човек се паѓаат по 1.000 динари, а всушност таа сума е уште поголема.

Според гореизложеното, најголем е приходот од државните стопанства и сразмерно се паѓаат по 349 динари на човек. Потоа идат директните даноци и се паѓаат 321 динари по лице. По нив доаѓаат приходите од државните монополи: тутунот, солта, петролот, кибритот, цигарите...

Ако се земат заедничките суми од приходите на директните даноци и монополите, по лице се паѓаат по 535 динари, значи повеќе од половината од општиот разрез на данок. Од монополите најголем приход дава тутунот 1.610.000.000 динари, а целиот расход за него е 406.504.971 динари, што значи дека соодносот меѓу расходите и приходите е 1:5! Се знае дека најмногу и најквалитетен тутун излегува од Македонија и државата грубо шпекулира со најглавната гранка од занимањата на Македонците. Државата, како што е познато, го купува тутунот евтино, по 8-10 или најмногу до 20 динари, а го продава скапо.

Ако направиме анализа на сите расходи ќе се види дека се доаѓа до апсурдни расходи на буџетските суми. Засега, тука ќе

посочам одделно само на неколку ставки: расходите за правосудството, полицијата, жандармеријата, просветата и војската.

Додека за правосудството се трошат вкупно 293.760.658 динари, за полицијата и жандрамеријата се тришат 431.795.295 динари, значи двојно повеќе, а за просветата – 873.126.923 динари или по човек излегува по 80 динари. Од таа сума, на основните училишта се трошат 543.960.580 динари, за средните 119.039.767, а за вишите 73.735.193 динари. Според овие бројки, за средните училишта се трошат 1/4, а за средните и вишите училишта речиси половината од тоа што се троши за основните училишта и тоа во една држава каде има 70% неписмени (во Хрватска и Словенија 32%, во Босна и Далмација 80% и др.). За военото министерство се трошат 2.350.486.583 динари или 20%. Им се плаќа на 167 генерали, 4.152 офицери и на околу 120.000 војници. По глава излегува по 194 динари, додека пред сеопштата војна, во моментот на најголемите подготовки во Франција на секој човек паѓале по 240 динари, во Австрија по 70, Унгарија 50, Италија 110 и Царска Русија по 90 динари.

Во таква економска и финансиска ситуација во Југославија, се гледа дека владетелите само поради сопствена лагодност сакаат да градат нови специјални касарни за кралската гарда и не еден, туку два нови двора, од кои едниот ќе чини само 20 мил. динари, без мобилизирањето.

Навистина „среќна“ држава!

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 38, 1927 г.*

# СОЛУНСКИОТ ЗАГОВОР
## Како легенда...

Прекршуваме еден завет на големите македонски покојници во Солун и во Сахара: тие се беа заколнале да не остават свои портрети, зашто сакаа да бидат служители на идејата, но не и на славата. Таму, при уривањето на македонската престолнина, во Солун, тие сакаа да ги затрат и своите тела и своите имиња, оставајќи врз урнатините да живее растечкиот македонски дух...

Историјата, меѓутоа, не почитува завети... Уште од моментот кога Орце застана да го запали фитилот, што требаше во лицето на Отоманската банка да го крене во воздух европскиот капитал, кој се крмеше врз градите на Хамидовиот деспотизам, уште од тој момент имињата на тие скромни безуемни младинци се понесоа како симбол на македонскиот хероизам и на македонската самопожртвуваност, та одекнаа во сите македонски души за да станат веќе, по 20 години, и првите светци на македонската револуција...Не само затоа што македонскиот идеализам, во лицето на солунските тентатори, ја беше достигнал својата кулминација, каква што ретко, па дури и воопшто не се среќ ава во историјата, туку и поради фактот дека на 28 април во македонската престолнина се судрија два револуционерни система: едниот на рускиот анархизам, присаден на македонска почва, што сакаше да победува со смели и страшни разурнувања, и вториот на Левски, кој сметаше да дејствува преку бавна револуционерна подготовка на масите. Првиот ги даде солунските и други атентати, а вториот – Илинденското востание. И за историјата ќе биде тешко да одреди кој од тие два настана бил поголем според значењето и кој од тие два система бил посоодветен – дали примерот на личната бестрашност или систематското воспитување во револуцијата. И ако ова второто им донесе една

самосвест на македонските маси, што продолжува да ја твори веќ е втората песна на македонската епопеја, тоа првото, пак, е оној стимул, што го создава македонскиот надчовек на револуцијата, во кого веќе се препознаваат вековите...

Така, солунските атентатори се највисоката пројава на човечкиот индивидуализам, кој покорува, крои судбини и создава гранитни поколенија. А делото, дојдено до кулминација, не умира... Зашто, од под урнатините на „Отоманската банка“ и залутано во темната солунска ноќ на 29 април, тоа воскреснува во пример и продолжува да свети во неугасливиот оган на Македонија. А, отсликано во телото на Мечето, делото, се вткаи во духот на поколенијата... Впрочем, по 500 години понижувања, на 28, 29 и 30 април 1903 година, кога Орцето го палеше фитилот на експлозивот против европскиот интерес, кога Мечето и Коста го гаснеа светлото во Солун за да блесне факелот на идејата, кога низ Карабурун гореше бродот „Гвадалкивир“, што ја изнесуваше ограбената пот на македонските селани, кога трештеа бомбите на македонските безумени за избезумување на европските умници – македонската разбудена свест за првпат го играше својот кошмарен танц пред избезумениот деспотизам и неговите поддржувачи.

Тоа беше делото на 12-мината, кон кое денес, по 20 години, со задоволство се навраќаме...

Не звучи ли таа храброст на подвигот, таа моќ на индивидуата како легенда, која е неверојатна, ама е примамлива, зачудувачка, волшебна...?

**Арсен Јовков**
**од в. „Илинден“ од 29 април 1923 г.**

* * *

Во почетокот на 1903 година, расположението на поголемиот дел од македонскиот народ, да се изразам со речникот на револуционерите, беше предреволуционерно. Уште со доаѓањето на пролетта, револуционерната борба беше во разгор. Во Македонија, по сите села и градови, бродеа агитатори, раководители, четници и терористи и речиси отворено агитираа, го подготвуваа и организираа народот на бунт и вооружено востание. Четништвото ги беше опфатило широките селски и делумно градски маси и беше ја достигнало својата апотеоза.

Сите македонски револуционери, наспроти нивните меѓусебни недоразбирања и разлики околу тактиката и методите во борбата, беа на своите места – меѓу народот. Моментот беше решавачки, зашто требаше да се заземе страна за едно од најважните и најсуштествени прашања, односно за животот или смртта на Македонија. Тоа прашање беше: да се крене ли општо востание или не? Околу тоа прашање сите македонски револуционери, раководители, војводи и општественици беа поделени. Едни беа за востание, а други, иако не толку многубројни, но далековиди и со широки револуционерни сфаќања, беа против. Аргументите на првите се сведуваа на следното: имајќи го предвид неподносливото политичко, национално и економско ропство, имајќи ја предвид смислата и карактерот на револуционерната пропаганда во последните 5-10 години и подготовките на населението, востанието треба да се крене. Зашто, ако не се истрошат сите живи и вистински револуционерни сили, тогаш тие ќе се насочат кон странични цели, а ќе се пропушти и моментот кога ако не може да се преземе, макар и привремено, политичката власт, барем ќе се предизвика една интервенција, па големите сили, според формално постоечките меѓународни договори, ќе треба да се вмешаат и да го разрешат македонското прашање. Аргументите на вторите беа дека, иако е добро организирано, населението сепак не е доволно подготвено и обучено. Тоа е, главно, вооружено само колку да издржи една подолга битка, па затоа само предвреме ќе се дадат излишни човечки и материјални жртви, без да се постигне каков и да е резултат. Зашто, големите сили, кои ги следат своите егоистички и груби интереси, нема да се вмешаат или ако го сторат тоа,, прашањето ќе го разрешат не според желбите на македонскиот народ, туку согласно своте империјалистички интереси. Според тоа, политичката власт, повторно привремено, би можело да се преземе само со едно општо и распространето вооружено востание. Меѓутоа, наспроти желбите, аргументите, авторитетот и влијанието и на едните и на другите, прашањето за востанието го беше решило самото население. Тоа фактички избувна дури и порано од определеното време, зашто го наложи самото население и пожестоко се пројави само во оние места во кои, поради географската положба, имаше услови за четничка борба – Пирин, Пелистер, Бабуна, Осогово и др.

Востанието не успеа да ја постигне својата директна цел, но има свое историско значење и даде извесни резултати. Меѓутоа, најважно е што ни донесе поуки од кои може да се разбере дека и кога се застанува врз принципот за распространета општа и масовна револуционерна борба, таа има свои правила, карактеристики и особености, посебно на Балканот каде ситуацијата е многу поспецифична и посложена, и во многу се разликува од револуционерните борби во светот и Европа. Кога се говори за општа вооружена масовна или распространета револуционерна борба на Балканот, постојано треба да се имаат предвид општите, специфични локални услови и уште претходно да се знае и сфати дека балканските – се земји и народи на кратковременоста! И таа карактеристика, заедничка за сите балкански народи, во никој случај не треба да се испушти од предвид, туку да се работи и дејствува во согласност со неа било при подготовките, било за време на агитациите, било во самата борба.

Солунскиот заговор, според неговите подготовки и реализацијата, беше еден чисто терористички акт. Еден жесток вооружен протест, како против турскиот апсолутистички монархизам и безличната тиранија на Султанот, така и против империјализмот на големите западноевропски држави, кои поради своите капиталистички интереси го поддржуваа хаосот и бесзаконието во тогашна Турција или, пак, во најмала рака го користеа бунтовното население за своите груби, капиталистички и империјалистички цели.

Која беше целта на солунските атентати? Меѓу останатото, најдиректна беше таа да се заплаши вложениот европски капитал во Македонија – банки, железници, бродови и др. кредитни институции, како единствено и најефикасно средство со кое можат да се обеспокојат и заплашат владите на заинтересираните европски капиталистички и империјалистички држави, а истовремено турската власт да се држи постојано напрегната и да се истошти од огромните материјални и човечки жртви. Атентатите беа дело на 10-12 души заговорници, кои без да прифатат и да имаат каков било ангажман со народните маси, ги организираа и подготвија по своја иницијатива и на сопствен ризик. Во името на слободата и правдата, речиси сите смело и самопожртвувано ги положија животите во отворена борба со претставниците на

тиранијата, со единствена надеж дека за македонскиот народ ќе настапат посветли денови. Но, ете, каква илузија, каква самоизмама...

Илинденското востание и солунските атентати не ја постигнаа својата директна цел. Наспроти сите човечки и материјални жртви и наспроти сите страдања и борби, македонскиот народ не ја стекна својата слобода. Напротив, уште повеќе се заостриja освојувачките апетити на Србија, Бугарија и Грција, кои шпекулираа со своите сонародници во Македонија за да ја остварат својата освојувачка и политика на поделби, а истовремено со тоа уште повеќе се ставија на услуга на големите европски капиталистички и империјалистички држави кои, пак, од своја страна шпекулираа, шпекулираат и ќе шпекулираат со интересите на балканските народи и држави за свои подалечни, чисто ограбувачки и империјалистички цели.

По солунските атентати и Илинденското востание, исто како и денес, балканските држави и заинтересираните големи сили, тогаш царска Русија и Австро-Унгарија, а по војната Италија, Франција и Англија, под разни љубезни изговори го раширија и го шират своето влијание на Балканот, за да ја заграбат и опустошат, пред се, Македонија. Војните и опустошувањата, грабежите, бесчестијата, жестокостите и предавствата, што следеа над сите балкански народи, а најмногу над Македонците, се најкрасноречивиот доказ.

Никој, во никој случај и никаде не може да ги оправда терористичките акти. Меѓутоа, историјата ни покажува дека речиси во сите национал-револуционерни и социјал-револуционерни движења, во извесни епохи имало терористички чинови. Во историјата на руското, ирското, индиското и др. револуционерни движења периодично имало терористички акти, што останале запаметени по нивната одлучност. И ако во историјата има едно единствено оправдување за нив, тоа е во примената на општото правило дека колку е посилна тиранијата, колку е посилен теророт и самоволието на власта, толку посилен е и отпорот кон нив, кога владите, државите и одредени лица изгубиле секаква мерка...Така што, терористичките акти не се и не можат да бидат само цел, тие се последица на секоја своеволна и произволна власт.

По сето преживеано досега, по сите поуки, што ги имаме од минатото, историјата и од искуството, и по променетата

општоевропска и меѓубалканска положба, денес кога Македонија е поделена и се наоѓа во потешко политичко, национално и економско ропство, македонскиот народ разбира дека наспроти сите напори и жртви, како во минатото, така и во иднина, тој самиот не ќе може да го постигне своето ослободување, па токму затоа ќе треба да ги бара своите вистински и природни сојузници. А тие се, пред се, сите останати национално угнетени народи на Балканот и економски угнетените и експлоатирани класи, главно селаните и работниците, со своите посебни революционерни организации и групи. Сојузот и соработката на национално угнетените народи со економски експлоатираните класи, тоа е најмоќниот фактор за ослободувањето на балканските народи и посебно на македонскиот народ. Лозунгот за независна Македонија и Балканска федерација останува единственото заедничко знаме под кое треба да се наредат сите балкански револуционери, а пред сѐ и најмногу, македонските револуционери.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 40, 25 април 1927 г.*

# ИТАЛИЈАНСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КОНФЛИКТ И МАКЕДОНИЈА

Откако фашистите ја заземаа власта во Италија и по кратко време фашизмот ги укина сите права и слободи на човекот и граѓанинот, шефот на фашистите, сегашниот диктатор Мусолини, јавно, дури во парламентот, почна да се поигрува и да го иронизира поимот слобода. Откако со невидена бриталност го протера сите пообразовани лица и речиси ги уништи сите легални политички партии, тој се мачи да ја преземе улогата на Јулие Цезар со амбиција да ја преуреди и „обнови" Италија, која, според него, требало да го заземе своето место во историјата и да ја замени „дегерерирана" Франција. Последниве години, кога целиот свет не сака дури ни да се говори за војни и освојувања, Мусолини држи апологија на војната и го оглуве светот со својата воинственост и агресивност. И се перчи на Франција, на Германија и се потсмева, ги заплашува Австрија и Југославија и др.

Фашизмот во Италија не е ништо друго, освен една нова форма, една експанзија на италијанскиот милитаризам и империјализам за освојувања.

Англо-саксонските лихвари-капиталисти и банкари, кои насекаде во светот бараат слепи орудија и слуги-сојузници, широко ги отворија касите за капиталистичка и фашистичка Италија, која сметаат да ја искористат како авангарда за идните свои подалечни цели и интереси. Како секогаш и секаде, и италијанскиот империјализам тргна кон најслабиот отпор, откако своите стрели ги насочи кон источните брегови на Јадранското Море, што сака да го претвори во едно италијанско езеро. Природно, најблиските целни точки се Далмација и Албанија, кои ќе треба да служат како прва етапа за натамошните освојувања на Балканот.

Конфликтот меѓу Југославија и Италија избувна поради премолченото одбивање на Југославија да ги ратификува таканаречените Нетунски конвенции, што Италија успеа да ги склучи со Југославија како резултат на кусогледоста на југословенската дипломатија, „достојно“ претставена од бившиот министер за надворешни работи Нинчиќ, и да си обезбеди доста големи економски придобивки во Далмација и Југославија, но на штета на Хрватите и Словенците. Конфликтот се заостри, откако фашистичката влада, повторно многу лесно, на 27 ноември 1926 година, склучи со Албанија еден договор за пријателство и безбедност, што според своите клаузули (чл.1, 2, 3) ја стави Албанија во позиција на вазална држава и под прикриен протекторат на Италија. Југославија тој договор го виде како средство со кое Италија ќе може да се вмешува во Албанија не само кога таа ќе се соочи со надворешна опаснот, туку и кога ќе се наруши внатрешниот ред или, пак, ќе се најде во опасност сегашниот режим на амбоциозниот и суетен диктатор Ахмед Зогу, кој засега е претседател на албанската „република“.

Нас не не иoнтересира каков е италијанскиот или југословенскиот став околу тој спор, нас не не интересира кога и како ќе се разреши, но сакаме да знаеме дали тој конфликт, макар и привремено, ќе се решава принципилено и суштински, со една или друга процедура. За нас, исто така, не е важно дали тој ќе се решава со директни преговори меѓу Италија и Југославија или ќе се разгледува од Друштвото на народите, кое според силата на самиот договор на Друштвото, засега не може да го разгледува. Ние поаѓаме од фактичката ситуација и дури дозволуваме, ако не сега, тогаш во иднина самото Друштво на народите можеби, при еден „свршен чин“, автоматски, односно без да биде дури ни повикано, да се обиде да го разгледа, без да може да го разреши. Тој конфликт, меѓутоа, ќе продолжи и покрај сите дипломатски формули, што ќе бидат изнесени од заинтересираните држави или од балканските и меѓународните фактори, зашто италијанскиот милитаризам и империјализам постојано ќе го заплашуваат мирот во Европа и на Балканот.

Според тоа, во даден момент, при еден вооружен италијанско-југословенски или југословенско-албански конфликт, што треба да прави македонскиот народ, кој денес фактички е под гнетот и јаремот на туѓи освојувачи, кои, пак, систематски го денационализираат, политички го угнетуваат и економски го

експлоатираат? Одговорот е јасен и категоричен. При таков вооружен конфликт на Балканот, целиот македонски народ, без разлика на вера и народност, како еден човек, треба да се крене против сегашните свои освојувачи и угнетувачи, за да го прокламира своето национално единство и како народ да ја извојува својата слобода.

Но, дотогаш, а особено уште во предвечерието на конфликтот, сегашните великосрпски милитаристи и политичари, како волци облечени во јагнешка кожа, ќе се појават пред македонското население и повторно ќе ја оплакуваат неговата зла судбина и тешка положба, ќе плачат со крокодилски солзи, ќе се обидат да даваат ветувања и ќе се закануваат со заплашувања. Меѓутоа, македонскиот народ не треба да верува во тие ветувања, ниту да се плаши од заканите, зашто во случајов станува збор само за да се искористи неговата крв и тој физички да се бори за туѓи, а не за македонски интереси. Македонскиот народ нема да остане сам во борбата. На Балканот има и други национално угнетени народи, кои исто така ќе ја искористат можноста за да се ослободат од ропскиот гнет и да ја извојуваат својата национална независност. Во конкретниот случај, тие ќе бидат искрените природни сојузници на македонскиот народ.

Ако уште од сега предупредуваме на опасностите од идните освојувања на италијанскиот империјализам, ние тоа го правиме: 1. поради едни опасни агитации, што се водат меѓу македонското население, со кои, всушност, свесно или несвесно се тргува на сметка на Македонија; 2. зашто опасноста од италијанскиот империјализам и од италијанското проникнување, под какви и да било слаткоречиви изговори, ќе биде голема не само за Македонците, туку и за сите останати балкански народи. Ако италијанскиот империјализам ги забие своите канџи на Балканот, фашизмот тука ќе се манифестира во тиранија пред која ќе бледнее тиранијата на бившите турски султани. Италија доаѓа на Балканот (Далмација, Албанија и Македонија) не како ослободителка, туку како освојувач. Изговорот дека Италија се стреми да проникне само економски и трговски и дека таа сака да понуди нова разрешница за македонскиот проблем, е една обична лага. Идното италијанско владеење, според својата природа, ќе биде многу опасно. Зашто, речиси сите балкански народи, меѓу нив и македонскиот, ќе бидат заробени како воено, така и политички, а особено економски. Типичен и доволно илу-

стративен пример за тоа е односот на италијанската власт спрема словенечкото и германското малцинство.

Македонскиот народ за примарна цел има да се ослободи од сегашните свои освојувачи, но истовремено тој секогаш и секаде треба да се спротивстави и на сите други странски обиди за освојување. Во настанатиот италијанско-југословенски конфликт, продолжувајќи да се борат против српската тиранија, Македонците во никој случај нема да се претворат во орудие на италијанскиот империјализам за неговото влијание и проникнување на Балканот. Паролата „Балканот за слободните балкански народи“, наспроти ставот на сегашните милитаристички и реакционерни влади на балканските држави, е најпопуларната парола прифатена од широките народни маси.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 44, 25 јуни 1927 г.*

# СЛАВЧО КОВАЧЕВ

Владислав Ковачев е роден во Штип. Неговите родители многу одамна се преселиле во Бугарија каде Славчо го стекнал основното и средното образование. Уште како јуноша тој пристапил во военото училиште, што успешно го завршил, а потоа, како млад офицер, целосно се предаде на македонското ослободително движење. Оттогаш Славчо Ковачев непрекинато работи меѓу македонското население и со пишувана и вербална агитација ја будеше македонската емиграција. Во 1902 година, откако острите расправии меѓу централистите и врховистите беа барем привремено прекинати, Славчо Ковачев замина како илегалец во Македонија, каде повеќе од една година престојуваше меѓу населението во Штипско и Светиниколско. За тоа време, Сл. Ковачев напорно, според строго определен план, се зафати со вооружувањето на населението во Штипско и Кочанско и беше иницијатор на неколку крупни револуционерни акции, одликувајќи се со својата демонстративност во нивното извршување. Во 1903 година, неколку месеци пред Илинденското востание, тој со една голема чета поделена на три одделенија, дејствува во Штипско и Кочанско, заедно со Кр. Блгаријата и други локални војводи и четници. Нејзиниот прв голем судир со турската војска се случи во текот на април во с. Карбинци.

По востанието, Славчо земал учество во сите борби меѓу македонските дејци и си беше обезбедил едно од првите места во редовите на македонските активисти, од кои сите го познаваа и почитуваа, наспроти нивните разлики во тактиката на борбата.

Од Хуриетот, па до Балканските војни, Сл. Ковачев не зема активно учество во борбите, зашто гледаше дека во новосоздадената ситуација, и по големата исцрпеност од Илинденското востание, беше настапила една преодна фаза во развојот на борбата за ослободувањето на Македонија. Во 1909-1911

година, тој ги заврши правните науки во Брисел и стана адвокат, а подоцна, пред смртта, и судија.

Впечатливиот, со голема иницијатива ентузијаст Славчо Ковачев, уште веднаш по сеопштата војна, со своидругари по идеја и оружје, започна една дејност меѓу емиграцијата за да се најдат нови патишта и методи за одбрана на правата и слободите на македонскиот народ, што беше резултат на неговото максимално разочарување како од врховизмот, така и од четништвото. По долги спорови и дебати на собири, на месечни собранија или на редовни конгреси, Сл. Ковачев заедно со своите истомисленици презеде иницијатива за формирање на Привремената комисија, што потоа се оформи во легална Федеративна организација, чиј идеолог беше Сл. Ковачев. Во почетокот на 1922 година, за време на обединувачкиот конгрес, Сл. Ковачев одигра една од главните улоги, зашто во најкритичниот момент, со една декларација, тој го објави конечното обединување на целата емиграција за што беше бурно и едногласно прокламиран од сите делегати и гости на конгресот.

По 9 јуни 1923 година, во услови на новонастанатата реакција во целата земја, потпомогната од предадената под наем автономистичка мафија, Сл. Ковачев ќе биде подло убиен од престапничка рака, во заседа на улица, среде бел ден, на 13 септември 1924 година. Физичкиот убиец ќе биде фатен и подоцна ослободен...

Сл. Ковачев, добар оратор и журналист, речиси целиот свој живот и целата своја дејност ќе им ги посвети на македонското ослободително движење и со полна свест за исполнет долг и голема самопожртвуваност ќе застане во првите редови на новото федеративно движење, што беше во зародиш. Верен на своите политички убедувања, фанатично ги штитеше своите идеи и сфаќања за разрешување на македонскиот проблем, што освен во своите беседи, статии и говори ги опиша и во својата книга оставена во ракопис: Политичкото веруjу на Македонците.

Нека му е мир на душата!

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 49, 10 сеӣшември 1927 ӷ.*

# ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И СОВЕТСКА РУСИЈА

Великата Октомвриска револуција од 1917 година е најкрупниот настан во човечката историја, која пред сè ги разбуди сите угнетени и поробени народи и ги оживеа и охрабри работниците и селаните во целиот свет, покажувајќи им го вистинскиот и правилниот, но истовремено тежок и трнлив пат за нивното ослободување.

Октомвриската револуција истовремено беше и буржоаско-демократска и социјална, пролетерска револуција. Буржоаско-демократската револуција целеше на уништувањето на феудализмот, на сталежите и на елиминирање на нивните институции, како и на ослободување на угнетените и онеправдани народи и народности. Социјалната и пролетерска содржина на Октомвриската револуција се состоеше во создавањето на еден нов систем, во организирањето на економските односи врз нови начела, а за прва и главна цел имаше да ја елиминира експлоатацијата на човек од човек. На тој начин, две револуции, така да се каже, беа слеани во една, која главно се понесе од работниците и целосно се прифати и поддрча од селаните.

Октомвриската револуција не само фактички, туку на дело воспостави нова форма на државно уредување врз основа на реална демократија на трудбеничките маси и на слободниот сојуз на националностите, а овозможи да се поставaт основите за сегашниот и иден социјалистички систем.

Придобивките и резултатите постигнати до крајот на 10-годишнината од Револуцијата на политички, економски, национален и културен план се доволен доказ и гаранција за иднот просперитет и благосостојба на сите народи и народности, 197 на број, кои го населуваат пространиот Сојуз, кој, пак, во пространство опфаќа 1/6 од целата земјина топка. Заклучок: борбата на светскиот градски и селски пролетаријат за заштита

на принципите на Октомвриската револуција е борба за сопствена самозаштита на пролетаријатот и на национално угнетените народи.

Во СССР, работниците и селаните, како и сите народи и националнсоти се господари и творци на нивната сопствена судбина. Само откако пролетаријатот ја презема власта и го надмина буржоаскиот систем беше можно принципите за слобода, братство и еднаквост да најдат своја практична примена во политичкиот и социјалниот живот на државата, а како логична последица се оствари и реализира и принципот на самоопределување на народите, кои живеат во Советска Русија, и се обезбеди нивниот национален и културен развој. Така што, СССР претставува една вистинска тврдина за заштита не само на пролетаријатот и народите, кои го населуваат Сојузот, туку и на сите економски експлоатирани класи и угнетени народи во целиот свет. Во меѓународен поглед, СССР се јавува како еден голем фактор, кој придонесува и ќе придонесува за конечното ослободување на сите експлоатирани класи и национално угнетени народи во целиот свет.

Откако работниците и селаните ја преземаа целосно власта во свои раце и по уредувањето и развојот на Советска Русија, се создадоа два различни света, два света различни по своите цели и стремежи: капиталистичкиот, империјалистички свет исполнет со внатрешни противречности и советскиот, социјалистички. Во таква состојба, наспроти сите дипломатски формули од типот на „западно, источно и балканско значење“, епохата на империјалистички војни не е завршена, а истовремено и епохата на Револуцијата не е запрена. Претстојат нови војни со неизбежни следни револуции во светот. Заклучок: секое директно или индиректно посегање од страна на империјалистичките, капиталистички држави против СССР и неговите органи е еден вистински престап и е против вистинскиот прогрес на човештвото. Ете зошто, при една евентуална империјалистичка војна или интервенција, во кој било дел од пространиот Сојуз, задолжителен долг не само на пролетаријатот, работниците и селаните, туку и на сите угнетени народи и националности, ќе биде да се кренат како еден човек против сопствените угнетувачи и империјалисти, претставени од соодветните реакционерни и фашистички влади. Тоа значи на една војна да се одговори исто така со друга внатрешна, социјална и граѓанска војна, со цел

светскиот пролетаријат и национално угнетените народи, како и колонијалните и полуколонијалните земји да не останат со векови далеку од своето ослободување.

Крајно време е сите постоечки национал-революционерни организации, легални и нелегални, да ја насочат својата дејност по тој пат, откако за почеток насекаде на Балканот се создадат групи, друштва и организации, кои групирани ќе формираат еден заеднички сојуз на пријатели на ССС Републики. Како прва и главна задача на сите групи, друштва и организации треба да биде борба против империјализмот и фашизмот, а исто така и против антагонизмот меѓу балканските народи. На тој начин, сите угнетени народи и националности и економски експлоатирани класи ќе се заштитат, пред се, себе си.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 57, 10 јануари 1928 г.*

# КРИЗИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И МАКЕДОНИЈА

Од основањето на Југославија, политичките и кабинетски кризи зачестија толку многу, што во управувањето досега се сменија повеќе од 36 влади, произлезени исклучиво од двете великосрпски политички партии – радикалната и демократската. И ако одвреме-навреме во одделните кабинети имало по еден или двајца министри од останатите политички партии или групации во државата, тоа беше колку да им се фрли праф во очите на останатите несрпски народи: Хрвати, Словенци, Црногорци, Босанци и др.

Последната министерска криза, што фактички постоеше од многу порано и најпосле се заостри и траеше повеќе од 15 дена, е најкарактеристична од сите досегашни кризи во Југославија и како според причините, што ја создадоа, така и според начинот, според кој се „разреши", е поучна и интересна за сите народи, вклучувајќи го и српскиот во Југославија, и е од особено значење за нас Македонците, останати привремено под великосрпскиот, милитаристички и шовинистички јарем.

Без да навлегуваме во деталите на последната криза, како неспорен и општопризнат факт ќе одбележиме дека министерската криза не беше кабинетска, не беше обична политичка криза, туку една општа, длабока, со ништо не инсценирана колку политичка, толку економска и во својата основа државна, па дури и социјална криза во Југославија. Една криза која наспроти сите искуствени, привидни решенија и мали поправки повторно си останува, зашто таа не се крие само во постоечките великосрпски и други клики, во партиите и групите, што според идеите и принципите во ништо не се разликуваат, а уште помалку во лицата, кои на еден или на друг начин се појавуваат на сцената, туку има длабоки корени во политичкиот и социјалниот живот на целата држава.

Со појавата на кризата, почнаа да се јавуваат и редат личности Вукичевиќ, Периќ, Радиќ, Давидовиќ, Маринковиќ, Корошец и др., но веќе не како во минатото само претставници, дејци и лица исклучиво од двете великосрпски партии, радикалната и демократската, туку и лица претставници на некои од останатите несрпски политички групации во државата, од таканарекуваните попречувачи, само што лицата од несрпскиот, попречувачки елемент се јавуваат како поддржани, како вистински опашки кон едната или другата великосрпска партија-клика. Овие, пак, засега, а можеби уште извесно време ќе се борат меѓу себе, која да го земе министерството за внатрешни работи, а следствено и поголемиот дел од чиновничкиот, главно административно-полициски апарат, што единствено ќе можат да и обезбедат мнозинство во Собранието и на тој начин да ги засили своите редови, но пред сè да ја има хегемонијата, да ги држи потчинети и политички и економски да владее со сите народи и националности во државата. Така што целата разлика меѓу двете споменати великосрпски партии не е во името на некои идеи, принципи или методи во управувањето, туку која од двете глутници да го преземе министерството за внатрешни работи, да се наложи во земјата, да си обезбеди мнозинство и да ги задоволи и нахрани своите приврзаници и сопартијци. Но, тоа е едната страна на медалот, а другата, задната е сосема поинаква. Истовремено со жестоката и непомирлива борба меѓу радикалите и демократите, поради постојаните финансиски, економски и општостопански кризи, во политичкиот и економскиот живот во Југославија се појави еден друг поголем, помоќен и непомирлив фактор, а тоа е таканаречениот попречувачки фронт, чии експоненти се Ст. Радич – Прибичевиќ, со нивната селанско-демократска коалиција, кон која за еден кус интервал од време се присоедини и Л. Давидовиќ со своите приврзаници. Последниот, на даден знак, се приклучи со назначувањето на еден-двајца министри од неговото крило, внатре во демократската партија, по што бргу, бргу, како вистински стаорец се сокри во своето засолниште, заборавајќи на своите „принципи“ и „идеи“ за вистински парламентаризам, за отворена борба против неодговорните фактори во управувањето и општата корупција. Со тоа, самиот Л. Давидовиќ, како шеф на демократската партија, ја покажа нејзината клика и докажа дека и таа не се бори за принципи и идеи во управувањето, туку за лични задоволства.

Бесната игра со изборот на Ст. Радич да состави коалициона влада на „поширока основа“, беше само една обична, ако не играчка, барем поигрување со самиот Ст. Радич како бивш селанско-републикански борец. Откако капитулира и фатен во плен од дворската камарила, тој заврши со својата „голема идеја“ – раководењето на кабинетот да му се довери на лице надвор од парламентот и тоа генерал, пред чиј мундир и чизми коленичи, само и само да му угоди на својот господар и да се претстави за помил и невин гулаб пред семоќната воена и дворска клика, која всушност ја регулира и диригира целата внатрешна и надворешна политика на Југославија. Но, самите Ст. Радич и Прибичевиќ, односно селанско-демократската коалиција, низ устата на Ст. Радич се изјаснија за таа „голема идеја“, тргнувајќи од своите егоистички и групни, повеќе сталешки интереси. Зашто тие, како натрапени претставници на попречувачкиот фронт, се обидоа да стекнат надмоќ во управувањето и да ги искористат придобивките од државната власт повторно од свои лични, партиски и сталешки интереси на српксо-хрватската крупна буржоазија, која преку крупниот банкарски и лихварски капитал сака да го задуши и да го експлоатира целото население во троименото кралство, вклучувајќи го и српскиот елемент. Ете зошто истовремено гледаме две слики. Во едната, како радикалите и демократите, како диви ѕверови, се борат кој да го преземе министерството за внатрешни работи. И во втората, како радикалите и демократите, заедно влечејќи се како кукли по Вукичевиќ или воопшто радикалот Корошец, од една страна, и селанско-демократската коалиција на Ст. Радич и Прибичевиќ од друга, се борат кој да го преземе министерството за финансии, преку кое ќе можат да ги засилат банкарските и другите кредитни институции, што во свои раце го држат крупниот и лихварски капитал. Токму со тој капитал, имено, финансиски и економски ќе го задушуваат и експлоатираат целото население во државата.

Се разбира, во тој двобој повторно надвладеаја и „победија“ великосрпските клики, зад кои, од познати причини од внатрешен и надворешен карактер, стои дворската камарила и великосрпската, чисто националистичка и шовинистичка тајна воена лига – „белата рака“.

Оваа анализа ја направивме со оглед на интересите на сите народи во Југославија земени во целина, а посебно поради последната министерска криза, што има огромно значење, осо-

бено за нас Македонците, зашто сегашните борби во Југославија, повеќе од кога и да било порано, добиваат поголем и посериозен карактер, а македонската трагедија уште појасно дојде до израз.

И додека двете великосрпски партии-клики, кон кои како опашки се прикрпуваат и играат второстепена улога некои други несрпски групации, па сите заедно се борат за власт, за корист и за своите специфични интереси, Македонија целосно е ставена на страна. За неа никој не се грижи, никој не говори и се е препуштено на милитаристичката, шовинистичка воена и дворска клика, за чиј типичен претставник се јавува скопскиот жупан, полковникот од редовната армија Наумовиќ. Според строго утврден план, тој систематски ги применува методите во управувањето на сите споменати политички клики во државата, денационализирајќи го така македонското население од бугарско потекло. Македонскиот народ политички, економски и национално се задушува и физички се уништува со поединечни или групни убиства на селани и граѓани. Сите села се блокирани, а населението во градовите е изложено на секојдневно малтретирање и постојано е опкружено со детективи, убијци и џелати, кои чекаат да им се даде знак за да ги забијат своите нокти и своите стрели во телото на македонскиот народ.

Во такви околности, македонскиот народ, пред се, треба да знае дека тој самиот ќе треба да најде излез од таа неподнослива ситуација. Секакви провокации, ефектни акции и убиства уште повеќе ќе ја влошат неговата положба, зашто со такви акти најмалку сега, во ваква општоевроспка и балканска ситуација, ќе може да му се помогне и да се направи што и да било.

Едно од најефикасните средства и спасот е во подготовка на заедничка масовна револуционерна борба, која координирана со борбата на останатите национално угнетени народи и економски експлоатирани маси, организирани во свои посебни национал-революционерни и социјал-революционерни организации и групации, ќе може да ја измени сегашната положба во Југославија. Се разбира, доколку нивното раководење и управување го преземат лица и организации, кои ги изразуваат и претставуваат вистинските општонародни интереси. На тој начин, сегашниот режим и сегашниот систем на управување ќе се надмине и ќе може да се пристапи кон преуредување на Југославија врз федеративни начела, што ќе биде и еден од првите чекори кон

оживотворување на идната Балканска федерација, во која сите народи, а меѓу нив и македонскиот, ќе се издвојат во одделни самостојни и независни политички единици. Тој пат е тежок, но не е далеку денот кога тој заеднички за сите балкански народи идеал ќе стане реалност.

Кој ќе остане жив, ќе види!

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело", бр. 61, 10 март 1928 г.*

# МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И ЗАЕДНИЧКИОТ БАЛКАНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ФРОНТ

По силата на насилничките и неправедни „мировни договори", наложени од победничките големи сили, Македонија е поделена на три дела од кои со 1/2 владее Србија, со 4/10 Грција и со 1/10 Бугарија. Но, наспроти тоа, Македонија се бори за својата слобода, за своето единство и независност. Македонскиот народ, иако е во потешко економско и национално ропство, отколку што беше за времето на турскиот апсолутизам, од искуството и од поуките од минатото има и ќе најде сили со кои коенчно ќе ги раскине веригите на своето политичко, национално и економско ропство.

Поради својата географска положба во центарот на Балканскиот Полуостров, Македонија е крстопат на големи стратешки и трговски патишта, што водат од Јадранот кон Егејот и од централна Европа кон Средоземното Море.

Западноевропските капиталистички држави, во нивните стремежи да ги остварат своите груби економски, материјални и политички интереси, кон сите балкански држави се однесуваат како кон свои вазали, ги држат политички, економски и финансиски потчинети и со нив се служат како со обични помошни орудија. Според системот и методите, политичкото и економско ропство под турските султани и феудални-бејови не може дури ни да се споредува со економскиот и со националниот гнет, што го манифестираат сегашните поробувачи. Крајниот национализам и шовинизам, што беснее во трите држави, само го разгорува антагонизмот, како меѓу сите балкански народи, така и меѓу народностите, кои ја населуваат Македонија. Следствено, по империјализмот на европските милитаристички и

капиталистички држави, истиот таков, но помал на балканските држави е најголемиот непријател, непријател на слободата и независноста на Македонија.

Во Македонија националното прашање се испреплетува со редица економски прашања, па економскиот гнет се прифаќа и повеќе се чувствува како национален гнет. Поради тоа, како во минатото, така и сега, Македонците, без разлика на вера, јазик и народност, се бореле, се борат и ќе се борат за своето ослободување служејќи се со револуционерни методи, зашто од искуството од минатото и од историјата се знае дека вистинска слобода може да се извојува само со народно востание и револуција. Уште повеќе што се знае дека сите можни патишта за една легална борба се затворени. Тоа не може да се негира и од најголемиот пацифист, револуционер или фашист. Но, се прашувам, како и со какви методи треба да се води борбата? Кој е патот по кој ќе треба да се чекори?

При сегашните околности, при сегашните меѓународни односи, при сегашниот политички, економски и национален гнет на Балканот, со поделбата на Македонија на три дела, може ли македонскиот народ, земен во својата севкупност од националности, самиот, изолирано, да се спротивстави и да влезе во вооружена борба истовремено против трите владетелки, кои располагаат со добро вооружена и екипирана редовна војска, со жандармерија, тајна и јавна полиција кои, пак, од своја страна ги поседуваат последните достигнувања на науката и техниката? Се разбира дека не. Во борбата за своето ослободување, Македонците сметаат, пред сè, на самите себе и на своите национално-револуционерни организации, но знаат дека тие во борбата не се сами. Останатите национално угнетени народи на Балканот: Хрвати, Црногорци, Добруџанци, Тракијци и Албанци се нивните сојузници. Освен нив, во сите балкански држави има политички, економски и класни организации и партии во кои се групирани најобесправените и економски експлоатирани маси, главно селани и работници, кои организирано се борат за своето политичко и економско ослободување. Така што, сите политички и економски угнетени народни маси (работниците, селаните, занаетчиите, ситните трговци) организирани во свои посебни социјал-революционерни организации и партии, заедно национал-револуционерните организации и групи го формираат заедничкиот балкански революционерен фронт за борба против

сегашните реакционерни, милитаристички и фашистички влади, во името на една идеја за вистинска демократија на работниците и селаните. Тие социјал-революционерни организации и политички партии се борат за слободата на сите социјално онеправдани класи и угнетени народи и народности на Балканот. Тие ги прифаќаат революционерните методи на борба, тие се за самоопределување на народите, за целосна слобода на националните малцинства, па следствено тие се природните сојузници, заштитниците и покровителите на национално угнетените народи: Македонци, Добруџанци, Тракијци, Албанци, Црногорци, Хрвати, Бошњаци, Бесарабци, Трансилванци и др. Ете зошто, единствениот пат по кој може и треба да се чекори е заедничката и координирана револуционерна борба на сите социјално онеправдани, економски експлоатирани класи и национално угнетени народи и национални малцинства. Колку побрзо и организирано се поврзат тие општествени сили, толку поскоро ќе дојде и нивното ослободување. Таа заедничка борба се води, таа чекори напред, таа има свои апостоли, таа ги има и своите жртви-херои. Социјално онеправданите, економски и национално угнетените маси со своите политички партии и социјал-революционерни и национал-револуционерни организации се единствената сила, што може да се спротивстави и да се бори против реакцијата и фашизмот на Балканот. При постоење на таа заедничка сила, борбата ќе се води посистемски и организирано. Тогаш рекционерните, милитаристичките и фашистичките влади нема да имаат работа со чети и четнички префрлувања, со изгорини терористички акти или атентати, со кои тие лесно се справуваат, туку ќе треба да се борат истовремено со сите социјал-революционерни и национал-револуционерни партии, организации и групи, чии кадри произлегуваат, пред се, од трудбеничките народни маси. Ете зошто заедничката, координирана, систематска и организирана борба на сите социјал-револуционерни и национал-револуционерни организации и групи е една неопходност наложена од новото време поради прегрупирањето на широките народни маси, особено по сеопштата војна, која со своите последици донесе длабоки промени во социјалниот живот на народите. Национално угнетените народи, со своите организации, ако не можат да ја сфатат оваа вистина, тогаш тие, пред се, сами си ги поставуваат ропските окови и свесно стануваат жртва на една самоизмама и им помагаат на своите поробувачи и експлоататори.

Заедничкиот балкански револуционерен фронт е против империјализмот на големите западноевропски капиталистички држави и освојувачката политика на поделби на балканските држави. Заедничкиот балкански ревлуционерен фронт е против италијанскиот фашизам и во отворена борба против неговите спроведувачи, против сегашните реакционерни и милитаристички влади и нивните слепи орудија, како и против неодговорните фактори. Заедничкиот балкански револуционерен фронт е против секоја привилегија на која и да било нација, на кој и да било јазик, а исто така е против секое ограничување, душевниот немир или неправедност кон кое и да било национално малцинство. Заедничкиот балкански фронт цели, пред се, да ги обедини напорите на сите вистински револуционерни групи, национални организации и партии и е за една вистинска демократија на работниците и селаните на Балканот, што единствено ќе може да ја уреди идната Балканска федерација, во која независна Македонија ќе биде рамноправен член.

Зборовите борба за цркви и училишта, за државно единство, за селска или буржоаска демократија, за некаква словенска солидарност, се обични фрази со кои би можеле да се залажат само наивните или да се успијат народните маси и полесно да се денационализираат и асимилираат посебните национални малцинства.

Забелешката дека во заедничкиот балканските револуционерен фронт, посебните национал-револуционерни организации ќе ја изгубат својата самостојност и независност и дека ќе им служат на туѓи интереси, е неоснована и претставува еден обичен софизам со кој се служат главно емисарите на сегашните реакционерни влади или некои нивни личности за да ги постигнат своите лични и егоистични интереси. Колку се посилни и помасовни национал-револуционерните организации и колку повеќе револуционерни елементи се групираат во нив, толку полесно ќе се борат со своите поробувачи. Во заедничкиот балкански револуционерен фронт не се негира правото на угнетените народи и националните малцинства да се организираат , да ги штитат своите идеи и интереси, да се борат и да востанат. Самостојноста и независноста на секоја група и организација се изразува во нивните принципи и методите на активностите. Анахронизмите, избрзаните активности и јуначките акции не се тие што можат да го засилат и зацврстат ослободителното

движење, туку заедничката, систематска и планирана според времето и условите, добро одмерена масовна револуционерна борба, што ќе го овенча со успех секое вистинско национал-револуционерно движење.

Македонското ослободително движење мина низ неколку етапи, што заповедно исфрлија и нови пароли: заеднички револуционерен фронт на сите револуционерни сили, без разлика на народност и вероисповед; сојуз со сите револуционерни организации, што имаат за цел ослободување и независност на Македонија; заеднички фронт со револуционерно настроените народни маси во лицето на работниците и селаните; заеднички фронт со сите угнетени народи и национални малцинства на Балканот. Тоа се паролите со кои може да се води борбата за слободата и независноста на Македонија и за основањето на идната Балканска федерација на слободните балкански народи.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 68, 25 јуни 1928 г.*

# БЕЗУМЕНИ...

По последните војни, со сите нивни катастрофални последици и разорувања, по поделбата на Македонија на три дела со сегашните неприродни и произволни граници, по невидените во историјата жестокости, колежи и општо разорување на Македонија – театар на воените дејствија и објект на освојување и ривалство на балканските држави, по масовниот прогон и „доброволното“ населување на македонското население оставено на самоволието на судбината да го преживува ужасот на бегалската судба, македонското прашање, како централна точка на балканскиот проблем, се отвори со сета сложеност пред очите на сите, се постави директно и го побара своето правилно разрешување.

До војните, мнозина наивни веруваа дека македонското прашање ќе се разреши само со силата на оружјето и долго време се хранеа со надежта дека дека балканските држави ќе ги ослободат нивните „браќа христијани“. Но, откако ги преживеаја сите разочарувања, останаа со надежта дека Македонија ќе се ослободи со вмешувањето на некои западно-европски големи сили преку Организацијата на народите, иако таа засега не е ништо друго, освен инструмент за поддршка на наложените насилнички мировни договори.

Некои од водачите на бившата ВМРО, како пред војните, така и по нив, се потпираа ту на татковинските владејачки партии и влади во Бугарија, ту на фашистичка Италија и во желбата да придонесат во разрешувањето на македонското прашање свесно се фрлаа во прегратките на бугарската реваншистичка политика и на империјалистичките стремежи на Мусолини на Балканот. Откако се наметнаа во организацијата со силата и теророт на новата фашистичка власт во Бугарија, тие водачи станаа

вистински слепи орудија, кои на еден безобѕирен начин ја користеа ту фашистичката диктатура во Бугарија, ту италијанските империјалисти и политиканти. Поддржани и охрабрени и од едните и од другите, тие лекомислено се препуштија на редица насилства, како спрема бугарскиот народ, во лицето на селаните и на работниците, така и против македонскиот народ, кого го колеа и „како Турчин што не го колел“. Истовремено со тоа, тие инспирирани започнаа со четнички префрлувања, поединечни убиства и терористички провокаторски акции, со кои нарочно се служеа натрапливите водачи, сметајќи дека македонското прашање ќе го држат оворено и ќе го загрозат мирот на Балканот. Жестоко разочарани и измамени во своите илузии, тие околу редица прашања, божем од чисто внатрешен карактер на организацијата, влегоа во долги меѓусебни спорови и расправии, следења и прогони, кои по убиството на Ал. Протогеров се манифестираа во вистински убиства, колежи и самоистребувања. Но, тоа не беше случајно. Тоа има свои длабоки причини, кои во недостиг на простор засега не ќе можеме објективно да ги анализираме и да ги истакнеме, зашто бугарската фашистичка власт, за да се зачува себе си и своите груби класни интереси, ги создаде, а потоа ги подели тие „борци за македонската слобода“, а сега лее крокодилски солзи врз разиграните крвави глетки.

Денес, мнозина, сè уште наивни и добродушни луѓе, се прашуваат зошто е сето тоа, што се случува меѓу „автономистите“? Има ли нешто идеолошко што ги дели? Сигурно не. Тие сите, според целите и методите на борбата, не се разликуваат. Тие се дренки од еден ист дол. Едни биле Михајловисти, а други – Протогеровисти... Значи, целата меѓусебна расправија се сведува на борба за надмоќ и амбиции, кој да биде „вождот“ и сатански да раководи со животот, имотот и трудот на локалното население и, главно, да го користи покровителството на државната власт.

Тие жални остатоци од бившата ВМРО, идејно пропаднати по сите линии и без секаква самостојна идеологија, без извлечени поуки од историското искуство во борбата на македонскиот народ, без да ја сфатат новосоздадената општоевроспка и општобалканска ситуација, наспроти новото прегрупирање на општествените сили и на народните маси, без никакво чувство за новото време, што неопходно налага и нови методи во борбата, се претворија во обична тајфа на користољупци и безидејници. Ако не, дури и во обични убијци, кои „го изгубиле секое чувство за

почитување на човечкиот живот и паднале во целосно душевно помрачување", неспособни да излезат од длабочината на тој лавиринт во кој влегоа благодарение на нивната кусогледост, честољубивост и непредвидливост,  па се натрапија врз целото македонско население под бугарска власт, како и врз целата македонска емиграција, и се ставија во улога на потпалувачи, слепи орудија и егзекутори, кои формираната со ноќен преврат фашистичка власт во Бугарија во лицето на В'лков, Цанков, Русев и други[17], уште од првиот момент ја искористија за својата чисто внатрешна политика, а подоцна и за целите на надворешната државна политика, што нема и не може да има ништо заедничко со интересите на целокупниот македонски народ, а следствено и со македонското националноослободително движење.

И што гледаме? Ако 9-јулските пучистибеа еднодушни околу внатрешната и надворешната политика на официјална Бугарија, со македонските садисти тие се послужија за да го убијат цветот на трудбеничкиот бугарски народ. Поимот Македонец-"автономист" стана синоним за мракобесник, убиец и џелат.

Но, еднаш тргнати по надолна линија, македонските „революционери-автономисти" не можеа да не стигнат до најдолната точка...Од убијци на бугарскиот народ, некои од нив несвесно, а други свесно, станаа и џелати и егзекутори на целиот македонски народ, бидејќи со четничките префрлувања и изолираните поединечни убиства ги вознемирија духовите и само им дадоа повод на српската и на грчката влада, со уште поголема жестина да се нафрлат врз македонското население и со исклучителни закони и мерки, со терор и убиства да ја затапат националната свест на македонскиот народ, ропски да го потчинат и да го денационализираат откако ќе ја испразнат Македонија. И како резултат на тоа, откако се вратија назад, повторно остана само македонскиот народ да се пржи на оган.

Нивната безидејноста околу целите и методите на борбата ги стави во уште потешка ситуација, па и самите увидоа и сфатија дека освен пакости и разурнувања, Македонија не може да добие ништо друго. Помрачени во умот, заслепени и обземени со

[17] Се мисли на 9-тојунскиот преврат во 1923 г. кога беше соборена владата на Бугарскиот земјоделски народен сојуз на Александар Стамболиски и за претседател на бугарската влада дојде Александар Цанков.

преголеми амбиции, тие почнаа меѓусебно да се напаѓаат како вистински човекојадци.

Ако тие заемни братоубиства беа само помеѓу нив, секој ќеречеше дека сосема заслужено треба да ги преживеат. Меѓутоа, жално, трагично и збунувачки е што жртва на нивната кусогледост, на нивното радување на туѓата несреќа и ништожност стана целото население во Македонија, особено населението во Македонија под бугарска власт, а истовремено и причестените мирни бугарски граѓани. Колежите и бесилките, убиствата и измачувањата по селата и градовите, по патиштата и по јавните места, се пренесоа и во Софија...

За цело време, како до 7 јули – денот на убиството на Ал. Протогеров[18], така и со години пред тоа, целиот бугарски патриотски печат, наместо уште во почетокот да ги осуди тие братоубиства, на секој можен начин вешто ги потпалуваше, скокоткајќи ги честољубието и болните амбиции, а ги користеше и самите инспиратори – водачи. Во моментот кога неговите разгалени деца, рожби на неговите желби и орудија на фашистичката диктатура, која пет години ја труе душата на целиот бугарски народ, истите весници одеднаш, на даден знак, извикаа: Што е тоа? Братоубиството е грев! Засегнати се името и престижот на Бугарија...

Фала Богу! Но, поговорката вели – подобро и подоцна, отколку никогаш. И ако тој жален и лицемерен печат даде знак за тревога во последен момент, тоа беше последица од општиот срам и под притисокот на европското општествено мнение. Иако директно не засегнато, само во името на општочовечката солидарност и во името на човечноста, тоа неколку месеци се вџашуваше и ги осудуваше крвавите бахaналии на новите крџалии, кои опиени од поддршката и заштитата на официјалната власт беа срамежливи и го подложија на поголем колеж и истребување невиното македонско население во Петричко, од кое еден дел од таму избега како од чума, за на друго место да побара заштита, спас, па дури и туѓо покровителство.

Македонските „јуначишта“ и од двете непријателски крила – Михајловисти и Протогеровисти, нема да ги сопрат нивните меѓусебни непријателства и прогони, по примерот и сличноста со

[18] Александар Протогеров бил убиен на 7 јули 1928 г.

двете сродни на нив племиња од денес владејачките со несреќна Бугарија – „Демокр[атскиот] Сговор“ на В’лков – Љапчев и Цанков – Русев.

Крвавите баханалии, невидените жестокости, убиствата и егзекуциите ќе продолжат... Наспроти сите предупредувања за смирување на „разгорените страсти“, наспроти сите протести и осуди од целото европско и од бугарското општествено мнение, наспроти сите „мерки“ и красноречиви епитети, што меѓусебно си ги припишуваат двете крила, по се изгледа дека братоубиствата, самоистребувањета и крвавите баханалии ќе продолжат и можеби, за срам пред историјата и идните поколенија, уште многу македонски селани, работници и интелектуалци ќе ги најдат своите гробови, уште многу мајки, жени и деца ќе паднат во траор и со години ќе ги оплакуваат своите рожби, блиски и познати. Бесот на обезумените и гневот на крвниците ќе ги поттикнува на нови злодела и на нови убиства, зашто тие веќе се плашат за сопственото постоење, а ќе почнат да се плашат дури и од сопствените сенки.

Ете зошто и во тој случај единствено македонскиот народ ќе може и ќе треба да си помогне самиот себе си. Како? Македонскиот народ во трите делови на Македонија и надвор од неа и целата емиграција во Бугарија, во Европа и во Америка треба енергично да го кренат својот глас и јавно да протестираат против се што се случува меѓу емиграцијата во Бугарија и во Македонија под бугарска власт, исто како што и досега не престануваа да протестираат против теророт и убиствата – тиранијата на српската и на грчката власт.

Македонската емиграција со сите свои културно-просветни и др. братства, друштва и организации на јавни собири, преку печатот и со резолуции да го крене гласот на протест и да ги осуди сите неспособни и натрапени водачи, како во легалните, така и во нелегалните македонски организации. По се што врз својот грб го претрпе Македонија, по сите самоволија, злодела и насилства, нема место за страв и малодушност. „Прокименот“ што го испраќа весникот „Македонија“ – македонската емиграција да не се интересира што се случува, туку да „зачува“ едно чувство на одговорност, е еден апсурд, што исто така треба да се осуди.

На секој Македонец, каде и да се наоѓа, му се налага задолжителен долг да протестира, да се бори кој со што може и да ги штити своите права и своите интереси, презирајќи ги

сегашните натрапени водачи, кои со престапничка кусогледост и незнаење го водат македонскиот народ кон отворена смрт и колеж. Секој поеднично и заедно, колективно, на собири и митинзи, на Национални Совети и на конгреси да побара слобода за македонската мисла и критика, слобода на размислувањата и убедувањата како единствено, во прво време ефикасно средство за да се изрази заедничката, колективна волја, што единствено ќе може да ги обезвредни, да ги **обузда** и отстрани сите **безумени,** кои како аргумент го знааат единствено куршумот и парабелумот. Па, наместо да се разменуваат истрели, да се бориме со мисли и идеи, кои раширени меѓу широките народни маси се посилни од ножот и куршумот.

**Пав. П. Шате**

*„Македонско дело“, бр. 77, 10 ноември 1928 г.*

# СОЛУНСКИОТ ЗАГОВОР

Не дели веќе четвртина век од солунскиот заговор. Овој период, релативно гледано, не е долг во историјата на еден народ, но не е ниту мал во животот на поколението. Во траење од 25 години солунскиот заговор се разгледува и критикува, зашто како настан тој му припаѓа на историјата...

Солунскиот заговор не беше резултат на некаков алтруизам, тој исто така не беше некакво младешко безумие или авантура, а уште помалку акција извршена од „љубов“ кон конспирацијата. Не, тој беше логична последица на тогашната тешка и неподнослива положба на македонскиот народ и посебно на тогашниот поредок во ВМРО, чие главно раководство беше зафатено од некои случајно истакнати лица, без револуционерна концепција, кои свесно или несвесно го туркаа револуционерното движење по патишта, што не водеа кон вистинска слобода на Македонија... Солунскиот заговор беше една неопходност наложена од апсолутизмот и обесправеноста во бившата Отоманска Империја, а исто така и поради чудното однесување на владите на големите и на балканските држави.

Македонија со векови поробена, политички и национално угнетена и онеправдана, стенкаше под тиранијата на бившите султани, а истовремено со тоа, како и самиот турски народ, беше подложена на едно невидено во историјата социјално и економско ропство, практикувано од тогашните феудалци и поткрепувано од локалните и од странските капиталисти, кои на секој можен начин ги експлоатираа трудбеничките народни маси, главно селското население.

Апсолутизмот и феудализмот во бившата Отоманска Империја се поддржуваше и крмеше од европскиот капитализам, кој во желбата да ги обезбеди своите груби материјални интереси

ги тераше владите на западноевропските капиталистички и империјалистички држави само да ги играат своите дипломатски игри или интриги, без сериозно да сакаат да му помогнат и да му ја олеснат положбата на македонскиот народ. Притоа, тие се правдаа дека, според зборовите на бившиот англиски министер за надворешни работи, сер Едуар Греј, „прашањето за македонските реформи беше нешто како жив песок и големите сили, кои зацапуваа, пропаѓаа до колреници и се мачеа да се извлечат една преку друга“?!

Така што, истовремено со апсолутизмот и феудализмот во државата, главен виновник за несреќата и трагичната положба на македонскиот народ беше и си остана, како и до денес, европскиот капитализам и империјализам. Ете зошто секој удар и секое посегнување против државната власт требаше да биде и против европскиот капитал вложен во разни банки, железнички патни линии, бродови и други кредитни и експлоататорски претпријатија.

Балканските држави не само со ништо што не можеа да придонесат за олеснување на тешката судбина на македонското население, туку на секој можен начин ја искористија ситуацијата, зашто свесно и вешто го потпалија и го разгореа верскиот, расниот и националниот антагонизам на народностите во Македонија, со единствена цел, да го подготват теренот за своите идни освојувачки планови и да обезбедат голем плен за грабежот, претставувајќи пред општественото мнение дека се работи „за ослободување на христијанското население во Турција“. Против сето тоа, тогашните македонски революционери требаше ефикасно да реагираат во името на еден голем за народот, општ македонски национален идеал.

Како учесник во солунскиот заговор не треба јас да спорам дали заговорниците се инспирираа од „туѓи заинтересирани фактори“ или, пак, верни на своите убедувања, служеа и се саможртвуваа во името на една идеа, во името на еден општонационален македонски идеал. Врз основа на факти и документи, тоа компетентно ќе го каже непристрасен историчар.

Вистина е дека солунскиот заговор се манифестираше со бомбашки и динамитски атентати и со пушкени истрели по солунските улици преполни со луѓе. Вистина е дека поради редица причини од чисто внатрешен карактер на револуционерната организација, на 1 мај 1903 година „во македонската престолнина

Солун се бореа два револуционерни система: едниот на рускиот анархизам и револуционерен социјализам, присадени на македонска почва, кои сакаа да победуваат со смели и страотни разурнувања, и вториот на Левски, кој сметаше да дејствува преку „бавна револуционерна подготовка на масите". Кој од тие два система беше прв, поцелесообразен и посоодветен за тогашното време, за тогашната заедничка психологија на народот и за објективните услови во кои се развиваше македонското национално револуционерно движење, поколението може веќе со поголема објективност да процени.

Но денес, во новосоздадената општобалканска и општоевропска ситуација, при новото прегрупирање на општествените и на социјалните сили како резултат на една долга еволуција, особено по општоевропската војна, се прашувам какво е значењето и каква е поуката од солунскиот заговор?

Во новата од корен изменета ситуација, безумно би било да мислиме и да поддржуваме дека методите на борба од пред 25 години треба да бидат исти и денес кога Македонија е во многу потешка положба, поделена со произволни и неприродни граници, што ја накрнуваат нејзината географска и економска целина, и кога нејзиното население пропаѓа како подготвен за продажба или за колење жив добиток. А притоа, сегашните поробувачи се служат со помодерни технички и други средства за побрзо и поефикасно задушување на секое револуционерно движење, како и за систематско угнетување, тиранизирање и денационализирање на македонскиот народ.

Како секое национално револуционерно движење, така и македонското, во период од последните две десетлетија мина во друга етапа, која истакна нови пароли, а следствено се наложија и нови методи на борба. Ако пред 25 години, четничките акции и динамитските и бомбашките атентати можеа и требаше да служат главно како средства за борба и револуционизирање на македонските маси, во уште поголема опасност во која потпадна и се наоѓа Македонија, се налагаат нови гесла во чие име може и ќе треба да се применат нови методи на борба.

Македонскиот народ може да изнајде сили и да тргне по новиот пат кон своето ослободување. Тоа е масовната револуционерна борба, единствениот пат посочен од жестоките поуки од минатото и потврден од историјата, чија исправност блескаво ни ја посочи Великата Руска Револуција, која откако ги надмина

сите институции и капиталисти, ја ослободи експлоатираната класа, селаните и работниците, и ја прокламираше и во пракса ја спроведе целосната слобода на сите народи и националности, кои живеат во пределите на Советскиот Сојуз, кој пак, како што се знае, зафаќа 1/2 од земјината топка.

Така што патот, вистинскиот пат за целосно ослободување е избран и посочен. Тоа се налага и од историско-економскиот развој на македонското национално револуционерно движење. А тој пат е во заедничкиот и единствен македонски и општобалкански револуционерен фронт за заедничка и координирана борба на сите постоечки национал-револуционерни и социјал-револуционерни организации и партии на Балканот. Зашто, денес македонското прашање не може одделно да се разгледува, а уште помалку – разрешува. Македонското прашање веќе целосно се слева со општобалканскиот проблем. Македонија како одделна политичка единица ќе може да се оспособи во рамките на една идна Балканска федерација, што ќе се создаде само по револуционерен пат.

Јас не се сомневам дека сегашното поколение е подготвено со уште поголем ентузијазам и самооткажувања да се бори за слободата и независноста на Македонија. Не се сомневам дека како во минатото, така и сега, македонскиот народ ќе изнајде сили и можности за ги раскине веригите на своето ропство. Но, прашањето е како, по каков пат, со какви методи на борба? Дали ќе се оди по стариот пат или тактички, посмело ќе се тргне по нов пат, откако ќе се усвојат и новите методи.

Навистина, тој нов пат е потежок, можеби и подолг, а ќе се најдат луѓе, кои ќе речат дека тој пат е трнлив и опасен, дека тоа е „авантура“ или „предавство“, но во никој случај не треба да се заборави дека нема вистинско политичко и национално ослободување без економска слобода и поправедна социјална правда.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 89, 1929 г.*

# ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
## – По повод 7 години од неговото убиство –

Една од најкрупните фигури во македонското ослободително движење беше Ѓорче Петров. Да се опише биографијата на Ѓорче Петров, тоа значи да се напише речиси целата историја на македонските революционерни борби. Тоа е задача на историчарот. Тука ќе се осврнеме само на најглавните моменти од животот на Ѓорче Петров за да се види како тој, како вистински народен водач постојано се наоѓа на чело и презема иницијативи за сè што тој го смета за суштествено во ослободителното движење.

Ѓорче Петров е роден во с. Тројаци, Прилепско. Откако се стекнал со солидно образование се враќа во Македонија за да му служи на својот народ. Во период од неколку години, како учител тој се посветува и на научна работа, а резултат од тоа се неколку студии за географијата и етнографијата на Македонија[19]. Ѓорче ја беше минал речиси целата земја и со непосредни набљудувања и со опстојни проучувања одблизу ги познаваше условите и неволјите на македонскиот народ... Ѓорче Петров со своите блиски другари Г. Делчев, Д. Груев, П. Тошев, П. Арсов и други го означи почетокот на ВМРО и тие со право се првите апостоли на македонската револуција.

Уште со основањето на револуционерната организација, Ѓорче со жив збор и со дела, во период од неколку години обиколи села и градови за да создаде, закрепне и да им даде упатства на веќе создадените месни раководни тела – градските и селските револуционерни комитети.

Самите основачи на револуционерната организација уште на почетокот се соочија со редица пречки од заинтересирани,

[19] Се мисли на трудот на Ѓ. Петров: „Материали по изучуването на Македония“, София, 1896.

туѓи на движењето фактори, против кои Ѓорче Петров внатре во Македонија се бори со еден редок такт и умеење. Осомничен од локалните власти, тој беше принуден да емигрира во Бугарија, каде останува првиот и единствен претставник на ВМР Организација. Како таков, во период од неколку години тој застанува на чело и со уште поголемо умеење и снаодливост се бори против бесните чекори на врховистите.

Ѓорче Петров со својот голем ум, здраво расудување и голема остроумност, од почетокот до последниот момент со една ретка упорност го застапуваше ставот за неопходност од револуционерни методи во борбата. Иако веќе емигрант, кој живее во друга средина и во сосема други услови, како и во постојан контакт со лица и фактори, кои на секој начин се труделе да влијаат врз него или да го заведат, тој со една посакувана цврстина останува и го застапува своето гледиште, односно самостојноста и независноста на револуционерното движење и неговиот внатрешен општонароден карактер.

Ѓорче се одликува со борбата против врховизмот и со право се смета за негов најголем непријател, како во Бугарија, така и внатре во Македонија. Надарен со голем ум и силна волја, постојано остроумен и снаодлив, тој ги одбиваше најсилните и најопасни чекори на врховизмот.

Во предвечерието на Илинденското востание во 1903 година, Ѓорче Петров вложи огромни напори да го спречи неговото предвремено објавување. Но, тоа ќе биде предизвикано и наложено од редица околности, против кои и првенците на револуционерната организација, меѓу нив и Ѓорче, не можеа ефикасно да реагираат. Како еднаш веќе наложено востание, Ѓорче Петров со оружје в рака, на чело со една голема востаничка чета, влегува во Македонија, заминува во Битолско и за цело време учествува во општото востание. Како што се знае, наспроти величествениот подвиг на македонскиот народ, востанието не успеа и предизвика големи и страотни разурнувања и последици, како кај народот, така и кај револуционерната организација. Ете зошто Ѓорче Петров и по востанието долго време, речиси повеќе од една година, остана во Македонија, крстосуваше села и градови, одржуваше средби со повидните раководители, се информираше, набљудуваше, проучуваше и замисли една реорганизација. Но, херојската епоха беше веќе завршила и македонскиот проблем се истакна со сета своја сложеност, а

истовремено реакцијата на султанската власт и чекорите на засилениот врховизам, како од Софија, така и од Атина и од Белград, го попречуваа возобновувањето на организационата активност внатре во Македонија.

Ѓорче одново заминува за Бугарија и се зафаќа со активности за канализирање барем на заострените борби, како меѓу емиграцијата, така и меѓу внатрешните дејци. Работа колку сложена, толку и тешка, особено имајќи ги предвид произлезените идејни разлики и апетити за лидерство меѓу многуте активисти.

Во тој момент дојде до младотурскиот преврат, што создаде една нова ситуација. Ѓорче Петров повторно меѓу првите се отповикува и станува веќе легален во Солун, кој во тоа време беше станал центар на политичкиот живот не само во Македонија, туку и во цела Турција.

Во Солун, Ѓорче, без да падне во сентименталност или да подлегне на страничните влијанија, соодветно на новосоздадената ситуација најде решение како и на кој начин максимално да се искористат создадените легални услови, зашто уште претходно знаеше дека се налага да се заврши со претходната епоха...

Заедно со познатиот писател Ант[он] Страшимиров, Ѓорче во Солун започна со издавањето на културното списание „Културно единство“, чие име беше и една цела програма околу која требаше да се обединат водечките и свесни македонски дејци. Меѓутоа, поради нетактичноста и крајностите до кои одеа, како некои војводи и четници инспирирани од туѓи фактори, така и младотурските дејци, тие придонесоа за побрзо компромитирање на новиот режим во Турција, а со тоа веќе беше отворен и патот за претстојната Балканска војна...

По војните, наспроти големите разурнувања и опустошувања на цела Македонија, наспроти општата депримираност, што ги опфати македонските маси и веќе многубројната емиграција во Бугарија, Ѓорче застанува на чело на „Привременото претставништво”[20], кое си постави за цел да го охрабри и да го обедини поголемиот дел од емиграцијата и да го поведе во борба за автономија на Македонија во рамките на една Балканска Федерација. Но, врховизмот како идеја, иако беше веќе погребан, сè уште имаше свои поддржувачи во лицето на сите тогаш владејачки партии во Бугарија.

[20] Се однесува на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО.

Уште на самиот почеток врховистите се насочија против Ѓорче Петров и тој ќе биде принуден, поради редица причини и мотиви, да се пасивизира и да чека поблагопријатен момент. Во таква ситуација, тој веќе во поодмината возраст и физички слаб, со речиси изгубен вид, се обиде да биде корисен барем со својот ум. Постојано зафатен со секојдневна работа за да извади парче леб, тој по цели ноќи, наместо да се одмори, ги пишуваше своите спомени, подготвувајќи една поопстојна историја на македонските револуционерни борби.

Токму во тој момент, новите врховисти, Тодор Александров и неговите истомисленици, ги насочија своите стрели против последниот од првенците. Преку еден наемник, Реџеп, тие го убија во заседа, во темнина...

Ѓорче ќе биде убиен, но неговиот дух е жив! Тој ги буди и ги крепи сите свесни Македонци, зашто со своите идеи и со своите дела Ѓорче Петров е гордост на Македонија.

**П. П. Шатев**

*„Македонско дело“, бр. 92, 25 јуни 1929 г.*

# ГЕОРГИ ПЕТ. БОГДАНОВ

Роден во 1879 година во Велес, син на ситуирани родители од една од првите семејства во Велес – како јуноша Г. П. Богданов поминал во богатство и задоволство.

Прогимназијалното образование го стекнал во Велес каде во општењето со своите блиски другари уште како младинец срасна со размислувањата и копнежите на времето, кога организацијата сè повеќе ја проширувашe својата мрежа по градовите и селата, а честите афери, проследени со самоволија и жестокости на властите, уште повеќе бунтовнички ја настројуваше младината.

Во 1897 година, тој своето гимназиско образование го продолжи во Солун, каде без да ја заврши Солунската бугарска гимназија се вработи како трговец кај својот зет Илија П. Стефанов, посредник од родољубиво и угледно семејство од Солун. Во својата желба да биде полезен за македонското ослободително дело, во 1901 година Георги П. Богданов влезе во кружокот на „Гемиџиите", во кој членуваа и неговите блиски другари– врсници, Орце П. Јорданов, Коста Ив. Кирков и др. – сите од Велес. Во текот на неколку години Георги беше, така да се каже, постојаната врска со Солун.

Карактерно тивок, скромен, па дури и срамежлив, но многу упорен, единствената желба на Георги П. Богданов беше да избере момент и начин за да се жртвува за своите блиски и за својот народ. Постојано молчалив, тивок и спокоен, тој подготвено ги извршуваше сите задачи проследени со голем ризик.

При извршувањето на атентатите во Солун, тој по сопствена желба се нафати и потпали една бомба во една од најзначајните јавни установи, самиот наоѓајќи се во неа. Наредниот ден, на 17/29 април 1903 година, во обидот да активира уште една бомба, тој ќе биде фатен и заедно со другите атентатори ќе биде изнесен пред воениот суд, кој сите ги осуди на смрт. Во 1905 година, со

56 души политички затвореници од Македонија – сите со тешки пресуди на доживотен затвор или на смрт – тој ќе биде испратен на заточение во Либија, во областа Фезан, во градот Мурзук.

По општата амнестија (1908 година), тој се вработи како трговец во Солун – Драма. По војните, материјално конечно исцрпен и со нарушено здравје, тој со своето семејство ќе биде принуден да се пресели во Бугарија, каде дваесетина години беше чиновник.

Георги П. Богданов како граѓанин, добар сопруг и чиновник, според сопствените можности, го исполни својот долг спрема семејството и Татковината и на 12 јуни годинава, по подолго боледување, се пресели во вечноста.

Бог да го прости и спокој на душата!

**П. Шатев**

*Сп. „Илустрация „Илинденъ“, София, книга 7, стр. 13.*

# ОДЗИВИ ЗА „МАК[ЕДОНСКИ] ВЕСТИ“ НА СТАРИ МАКЕДОНСКИ ДЕЈЦИ

**До господинот редактор на списанието „Македонски вести“, Софија**

Внимателно ги прочитав сите броеви на Вашето списание. Тоа иако мало според форматот, сепак според содржината опфаќа многу. Неговото појавување е знак дека македонското национал-ослободително движење, наспроти сите пресврти, врви и ќе врви напред, строго по патот зацртан од првите апостоли и борци на движењето.

„Македонски вести“ во актуелниот миг се јавува како една ѕвезда водилка, што ни го осветлува патот кон вистинското ослободување. Објективноста со која ги разгледувате прашањата и животот на водечките дејци во движењето е најдобрата пофалба и реклама.

Бидејќи вистината се изнесува објективно, неминовно ќе ги разгоре младите, кои ослободени од сите досегашни предрасуди во целта и тактиката на национал-револуционерното движење, единствени ќе ја понесат борбата до крај, зашто народ кој знае што сака, нема да загине, а иднината е во строгото зачувување на скапите за нас завети оставени од старите и во волјата, самопожртвуваноста и ентузијазмот на младото поколение.

Примете ги, молам, моите поздрави и искрени желби за целосен успех.

**12. III. [1]935 год.** **П. П. Шатев**

*„Македонски вести“, София, март 1935, I, бр. 9, стр. 8*

## Одговор на анкетата
## ПАВЕЛ ШАТЕВ
## (август 1936 година)

**До господинот уредник на**
**„Македонски вести“ – овде**

За да се одговори на поставените прашања во Вашето писмо ќе треба да се напише цел третман по македонското прашање и неговото правилно решавање. Тоа, во сегашни услови не може.

Македонија по својата географска положба е на раскрсница каде што поминуваат големи патишта што водат кон три континенти – Европа, Азија и Африка. Главно заради тоа, таа во текот на цели векови била предмет на освојување од страна на големите и малите држави. Во последниот век, Македонија наместо да биде обединувачка алка меѓу балканските народи, беше и си остана „јаболко на раздорот“. Но и покрај сите пресврти на нејзината судбина, Македонија земена во целост, претставува една географска и економска целост. Со своите високи планини, плодородни полиња, реки и езера, со својата умерена клима и надземни и подземни богатства, таа може економски и културно правилно да се развива, ако не беше разделена на три дела со произволни и неприродни граници, што пред сѐ го сопираат нејзиниот правилен развој.

Во текот на неколку десетолетија, македонското прашање помина низ неколку етапи, при што за секоја одделно се издигнуваа соодветни пароли за борба. Денес борбата, макар при нова, значително променета положба, продолжува. Но се прашуваме како и кога ќе се ослободи од притисокот на угнетувачите и се издвои во одделна слободна политичка единица? Одговорот е

еден – преку борба. Каква треба да биде таа за да се оди напред? Едноставно масовна, исклучувајќи ги сите стари методи и средства на борбите во минатото, како противречни веќе со променетата општоевропска, општобалканска положба, а уште повеќе заради прегрупираните општествени и социјални сили во балканските држави. Методите и средствата на неодложната масовна борба ќе се најдат и ќе се определат од самото население, што ќе се бори според локалните состојби при конкретните услови во кои живее, сообразно со националното ропство. Никој претходно не може да знае и да определи кога и како македонскиот народ ќе најде можност и начин по кој ќе се ослободи.

Но, за да успее, пред сè се налага Македонците да бидат организирани во свои посебни организации. Последните да бидат што може помасовни, ама дисциплинирани, за да можат да издржат една систематска борба за вистинско ослободување. Колку што се помасовни, подисциплинирани македонските организации, каде и да се, толку поефикасно ќе се изрази и борбата за ослободување и последното ќе дојде побрзо.

Тука да подвлечеме дека масовните организации е неопходно да сфатат и прифатат сфаќања и гледишта што одговараат на епохата и објективните конкретни услови во земјата и Балканот. Без точно определени идејни услови и ставови по решавањето на македонското прашање како балкански проблем, не може да се замисли било каков реален резултат. Ете зошто и групирањето, обединувањето на разделените македонски сили може и треба да стане во името на определени идеи и принципи.

Идејата за ослободувањето на Македонија го налага и принципот за самоопределување на народите. Тој термин не е сува правна формула, туку е една идеја – што се наложува по силата на конкретните услови во сите држави каде што има угнетени народи и национални малцинства. Ете зошто, во општата борба, главната цел е да се осигури демократизам во умовите и управувањето на државите, при што сите етнички групи, национално угнетени народи, паралелно со сите експлоатирани маси поведат организирана, систематска општа борба за да управувањето во одделните држави се довери на лица и партии што се целосно за демократизам во управувањето и на дело го прифаќаат принципот на самоопределувањето, зашто не може да има во една држава слобода, во која има национално

угнетување и ропство. Кој што не се бори за самоопределувањето на угнетените народи, тој свесно или несвесно ги подржува привилегиите на господаречката нација.

Еве ја патоводната ѕвезда што ни го посочува патот, најлесниот и кус пат за ослободувањето на Македонија.

**Павел Шатев**

*„Македонски вести“, София, август 1936, II, бр. 64, 1-2.*

# ИЛИНДЕН – 1903 ГОДИНА

Македонското национал-ослободително движење се појави кон крајот на 19 век врз почвата на црковно-ослободителното движење, што ги имаше своите корени во тогашниот општо-стопански развој на областа со својата крупна индустрија, што главно ги опфаќаше градовите.

Апсолутизмот во државата и полуфеудалните услови во областа беа создале такви аграрни односи меѓу селаните и феудалците-бегови, сопственици на големи пространства земја во најплодните места и долини, што доволно беше една мала иницијатива за да се појави национал-ослободителното движење и за кусо време да опфати голем дел од населението.

По ослободувањето на Бугарија, македонското прашање беше станало централен пункт за борбите околу наследството на „болниот човек" – бившата Отоманска империја.

Од 1893 до 1903 година, за десетте години се подготви едно големо, масовно востание, кое според својот размер е единствено меѓу сите народи на Балканскиот Полуостров. Во првите месеци на 1903 година речиси во сите револуционерни окрузи средбите на четите со редовната турска војска станаа почести и речиси преку ден доаѓаше до судири. Повеќе од 132 судири и 7 експлозивни атентати се набројуваат до Илинденското востание, кога започнаа формални дејства од поголеми размери. Во 1903 година, во април месец (28, 29 и 30), се случија атентатите во Солун, каде една група Македонци, оформени во еден кружок „Гемиџии", по примерот на руските револуционери-терористи, со директна цел да се нападне вложениот западно-европски капитал во разни трговски и кредитни установи во Македонија, влегоа во отворена борба со турската власт. Во солунското пристаниште го запалија францускиот трговски брод „Гвадалкивир", со динамит ја минираа филијалата на Отоманската банка, ја разурнаа гасоводната и водоводната мрежа и се обидоа да го кренат во воздух

резервоарот за светлечки гас, со цел да ја оштетат железничката станица од каде се упатуваа возовите кон Скопје и Битола. Во борба со бомби, повеќето од заговорниците беа убиени од редовната војска, а заробените беа осудени на смрт и заточени во Триполитанија, во областа Фезан, во градот Мурзук.

Општото, наречено Илинденско востание, започна на 20 VII (2 август) и продолжи до крајот на месец ноември, а во тој период во Македонија и Одринско се случија 240 судири меѓу 26.500 востаници и 351.000 души војска; беа убиени 1.000 востаници и 5.330 војници.

Илинденското востание во 1903 година е најкрупната револуционерна акција во историјата на македонското ослободително движење. Тоа не беше распространето востание, како што се посакуваше и подготвуваше од Внатрешната македонска револуционерна организација, но таму каде што тоа се случи, беше масовно и притоа организирано и раководено од Организацијата. Тоа беше во вистинска смисла на зборот народно востание, зашто во него учествуваа македонските маси, кои обземени од нечуен револуционерен ентузијазам, пројавија величествено херојство и самопожртвуваност, и зашто тоа беше организирано дело на револуционерната организација. По тоа, имено, тоа се разликува од редицата одделни партизански судири на револуционерните чети, што се случија по цела Македонија пред и по тоа востание, често потмогнати и од селската вооружена милиција, но кои не секогаш добиваа масовен карактер.

Околноста што востанието не беше сеопшто и распространето, што заврши неуспешно и не му донесе слобода на македонскиот народ, не го намалува неговото значење. Грешки во изборот на моментот и уште други се случија, но тоа се грешки на водачите, а не на македонските маси, кои докрај го исполнија својот долг. За тоа има и причини, што лежат во сонот за волјата и револуционерните можности на боречкиот македонски народ.

Ете зошто Илинденското востание ги носи сите својства на еден величествен и крупен револуционерен настан, што останува единствен во историјата на македонското ослободително движење.

Илинден беше епилогот на романтичната и херојска епоха на македонското ослободително движење. Маките почнаа по востанието, кога сите можеа да ја видат сета сложеност на македонскиот проблем во неговите општобалкански, па ако сакате и меѓународни размери.

Од тогаш изминаа 36 години, а за тоа време се случија големи настани. Се измени општо-европската, а исто така и општо-балканската положба, се создаде нова политичка ситуација. По војните на Балканот, дојде до прегрупирање на општествените сили, се појавија нови сили и фактори – воопшто, се изменија политичките, економските и социјалните услови.

Но, сепак, наспроти сета променливост на судбината, политичката линија беше проверена и се потврдува од револуционерното искуство на балканските и вонбалканските собития. Наспроти променетите меѓународни и меѓубалкански односи и новата политичка ситуација, денес ние воодушевени од значењето, целта, воопшто од духот на Илинден, можеме да го поврземе идеализмот со реализмот. Меѓутоа, неопходна е, пред се, заедничка врска, единство, со што ќе се одговори на големите промени, како и на убедувањето и расположението на македонскиот народ, внатре во самата Македонија и надвор меѓу многубројната емиграција расprснaта на двата континента-Европа и Америка. Вистина е дека меѓу емиграцијата има противречности околу идната идеологија, но со спокојна и методична работа и борба, тие ќе се надминат покрај постоењето на новосоздадените културно-економски, социјални сили и македонската традиција.

Заедничкиот идеал, што Илинден ни го остави како завет, бара пред сè со уште поголем умствен напор да го искористиме тешкото искуство во животот и да се создаде неопходниот кадар од луѓе, кој ќе го поддржува и ќе го буди народното самосознание и ќе го развива политичкото самообразование. Тоа е задолжителниот долг на младината, која ја зачувала свежината на својата мисла и младешката енергија. Се разбира, со одамна настанатите промени, со новите услови, се наложија промени и во методите на работата, зашто остануваме со истиот материјал и луѓе, со кои не поврзала судбината.

Така што, нам ни останува да бидеме верни на заветот на нашите знајни и незнајни претходници, маченички загинати како вистински национални херои и со сите сили и со сета енергија, според новото време и месни околности и услови, со верба и ентузијазам да го продолжиме нивното дело.

**Павел Шатев**

*Зборник „Илинден 1903“, София, 2 авīусūī 1939 ī.*

# МАКЕДОНСКА ДРЖАВА, НАЦИА И КУЛТУРА[21]

Македониа води продолжителни и големи епични борби за својата слобода. Она, после решението на II-то заседание на АВНОЈ и решението на АСНОМ, е веке слободна како равноправен член во пратската обштност на југословенските народи, како Федерална држава во нова демократска Федеративна Југославија. Това е еден историски завој во животот на Македонскиот народ. Оти Македониа едвај сега најде условиа да развие своите творчески сили и да создава своја книжевност и наука. Сега веке македонскиот народ може да покаже својот национален индивидуалитет и сам да решава својата садба, да се управјава како тој најде за добро. Ммакедонскиот народ сега удари темелите и на својата национална култура, со која ке се доближи уште повеке со сите југословенски народи.

Македониа во продолжеие на векови е била под тугјо црно робство – римско, византиско-турско. А последните 100 години, она беше поставена от владеештите нацији – турска, србска, грчка и бугарска, на една нечуена денационализациа и асимилациа. Но на сето това она ги запази своите вековни традицији и својата самобитност. Това е еден факт от голема важност, затова со това она покажа да е жива дејствителност, на кој живнениот дух е во решителната упорната волја да биде слободна.

Како по старото поколение, така и младината преку сите скапи на македонските револуциони борби и жертви покажа едно неизмерено себеотрицане и геројство.

Денеска имаме македонска држава и македонски кижовен јазик. А со това веке се формира и ке се развивуе македонска националост – нациа, најлладата от сите други нации на Балканот. Но со това не се приврשува македонската национална револуциа.

[21] Текстот го пренесуваме во оригинал, без лекторски интервенции.

Не, оти со горните две добиваниа, македонскиот народ и со слободата и со равноправноста, во условијата каде е поставен да живее и да се развивуе требе да направи уште поголеми сили за да создаде своја, самобитна – национална култура. А това ке стане и може да стане ако сите добри, честни и надарени синои на Македониа, без разлика на пол, вера и народност се зафанат да работат и на културното поле, давајки сила и простор на своите способности, за да се развие и подигне македонската национална литература, живопис, музика, скулптура и други. Македонскиот народ држи во себе си живи сили, има надарени качества и може да создаде добри литературни, художествени, научни и други произведениа, за да можеме во едно сравнително кратко време да достигне својте балкански бракја. Това ке биде во условија да се развива правилно во економско и културно отношение како сите југославјански и балкански народи, а не да биде јаболка на раздор на Балкаот.

Никога националото сознание на македонскиот народ не е било толку издигнато. Никога родолјубието не е било толку големо како сега. Денеска во македонскиот патриотизам се соединујат сите национални традиции от далекото и близко минало. Македонското родолјубие ги соединуе сите националности: Турци, албанци, власи, евреи и др. Оно поставуе крај на секој национален и верски антагонизам и решително се противи на секој империализам и завојуванје. Тука е животворната сила на македонскиот сознателен патридотизам, зашто само така ке може да загине секо чувство на омраза, на мегјусобно недоверне, а ке се развивуе само чувството на мегјусобна дружба и сотрудност. Равноправноста на сите национални малцинства и дружбата на националостите ке најде заклон на своите национални традиции, а корените на тија традиции во националната историја и во борбите за своја држава, права и независност.

От успехот на економските и културни придобивки ке зависи и по-големо благостојанје на македонскиот народ.

Македониа е жива. Она, по своите народни, масови организации води и ке води борбата за својата слобода, равноправост и соедниение.

**Павел Шатев**

*„Нова Македонија“, Скоӣје, 17 декември 1944, I, 18, сӣр. 6.*

# ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1872-1903)[22]

Гоце Делчев е најкрупната фигура во македонското ослободително движение. Тој, по своите плитички и револуционерни замисли, разбниранја како убеден револуционер и последователен на себе си човек, е „првиот мегју првите“ иницијатори, основатели и крепители на идеите и принципите на Македонската Внатрешна Револуционерна Организација. Како агитатор апостол и организатор, Делчев нема равен на себе си, во миналото. Уште за животот тој беше едно блестјашто, популарно име и едно знаме.

Сега се навршуат 42 години од трагичната смрт на тој народен герој кој како беше во миналото, така и сега, така и во иднината ке остане како кумир и пример за последуенје на младото поколение.

Гоце Делчев е роден во град Кукуш, од една видна фамилија а известно е, оти Кукуш беше еден центар од каде излегува ред борбени иницијативи во народниот отпор како против феудализамот и апсолутистичко-теократското управление, така и против духовното фанариотско ропство.

После свршеното основно образование, изучуе V клас во солунската гимназија, а по тоа постапуе во војното училиште во Софија. Но уште втората година Гоце Делчев го исклјучујат од тоа училиште како лице „заразено со социјалистички идеји“... Тоа не само што не го изненадуе Гоце Делчев туку му дава возможност исцело да се одаде на вистинска полезна за народот револулционерна работа и тоа во Македонија, каде го влечеше се и за која уште на младите години мислеше да работи со својте блиски другари. И навистина Гоце Делчев, скоро во едно време со напуштанјето на училишниот праг уште во првиот момент во својот живот, тој влегува во македонската историја. Скоро во

[22] Текстот го пренесуваме во оригинал.

истото време, 1893 година Д. Груев со својте блиски почувства и идеи со отечественици – Македонци; ги тури темелите на ВМРО и образува првиот ЦК. Г. Делчев го назначуват за учител и со својот другар и сограгјанин, исто родом од Кукуш, Туше Делииванов, заминават за Македонија. Во Ш‘тип се собират со Д. Груев и заедно го обмислуват плаот како да се соживи и засили веке создадената ВМРО. Беше наложено да се состои општо совештание мегју првите дејатели во Македонија. И 1896 година во Солун се состои такво собрание, на кое беше решено да се изработи нов устав и програма на ВМРО, а во ЦК да влезат Гјорче Петров, Г. Делчев и Т. Делииванов. И тие изработиа ов устав според кој во редовите на ВМРО се примат сите Македонци без разлика на вера, народост и јазик, а на самата организација се дава демократска насока. Организацијата, макар и да е строго централистичка во неја се воведуе и последователниот демократски децентрализам.

Уште во това време, Г. Делчев, благодарение на својот революционерен усет, можеше да ги одбие некој погрешни, пакосни потхвати кој идеја од средини туги на македонската сашност и заедно со Г. Петров да го насочат движението по еден вистински правилен революционен пат, удушувајки го уште во началото секаков верски и национален антагонизам, кое сите надворешни и внатрешни фактори го ползуваја за својте грабителски и разбивачки цели и тенденции.

Гоце Делчев физички здрав и пргав „левент јунак“, сецело се предаде на ослободителната работа, се нафакја на нелегален живот и става четник-војвода. Како таков оди по сите пособудени населени места – градови и паланки – за да создава мрежа од месни комитети и да ги подготвуе и избира лица со силни оформени карактери, смели и самопрегорни, кој ке служат во првите революционерни чети, натоварени со најразниообразна делова работа. Така Г. Делчев во продолжение на 1 година непрекинато ја обиколуе цела Македонија за да формира или да ги соживуе месните комитети, да ги изглади месните спорови и недоразуменија и на тој начин да ја гради ВМРО, која за 10 години успе да изведе едно такво величаинствено востание какво беше Илинденското 1903 година прво по родот си, по своите размери и интензивност на Балканот.

Делчев беше по принцип против наложилото се Илинденско востание, за диганје на кое уште во месец јануари истата година

ЦК, заедно со понапред определени делегати од повекето револуциони окрузи, беше земал решение да се прогласи за прво време кон први мај истата година како и првите водачи на ВМРО – Г. Петров, Јане Сандански, Д. Гуштанов и др. беа со инакви схатања за тоа така актуелно и важно прашање. Со цел да повлиаје на ЦК, убедуејки ги членовите му во тоа, дури ако востанието се наложи, тоа да се води по еден особен начин за да можат да се зачуват излишните човечки и материјални жертви, Делчев тајно успеја да влезе во Солун за да се сретне со членовите на тогашниот ЦК.

Вооружението беше сѐ уште слабо, а материјалното положение неблагопријатно, дури лошо за побрзото разрушуење на македонскиот вопрос, Г. Делчев сакаше и настојаваше востанието да се води така како да има бунт, но не да се каже оти има општо востание, предимно застрашуејки ги со атентати вложените европски капитали во разни општествени кредитни учрежденија во Турција, да се прават предимно атентати против ж. п. линии, мостови, банки и др.

На враќањето од Солун токмо во надвечерието на конгресот на серскиот револуциони округ, кој требаше да земе становиште и решение за предстоештото, вооружано востание, Г. Делчев со својата чета беше откривен во село Баница, серско, и по продолжително стражение со турската редовна војска, засегнат со еден куршум во градите падна убит на 21 април или 4 мај 1903 година. Така трагично, предвреме загина тој народен герој во најрешителниот момент од историјата на македонското револуционо движение.

Димо Хаджи Димов, неговиот близок другар и соучесник во сражението од неколку чекори го е гледал Г. Делчев како ранет, целиот облеен со крв, паднал ничком како да плаче... И на вистина тој плачеше – вика Д. Х. Димов, плачеше, оплакуеше лошата садба која за напредц ја чекаше Македонија, на чија територија се водеја неколку војни, која бидна разделена со неп;иродни и производлни граници.

Гоце Делчев загина сравнително млад, во цветот на својата младост. Тој не ни остави писани дела, но остав и дела кој ке ги изучават и раскачујат поколенијата, за пример и подржаванје од сите

Мир на правта му!

**Др. Павел Шатев**

*В. „Нова Македонија“, Скопје, 4 мај 1945, II, 103, стр. 2.*

# СЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ КИРИЛ И МЕТОДИ[23]

Великото историско дело на безсмртните браќја Кирил и Методи, може да се разбере само во оквирот на тогашната груба дејствителност. Времето во кое живееја тие, се бореја и умираја беше време на голема борба меѓу Византија и Рим, за влијание на Балканот. Таја борба имаше религиозна форма; ама во исто време имаше и определени политички задачи. После духовното заробуење на некоја држава идеше и политичкото. За тоа секоја држава за да ја запази својата политичка независност е била принудена да се бори и за самостална црква за свое духовенство. Тука се крстосаја интересите на Цариград и Рим. Папството тогај беше не само религиозно но и првостепена политичка сила. Папството беше еден од најголемите феудали и го противопоставаше своето меѓународно единство и својот авторитет на несогласието и борбата која се водеше во распарчена и феудална Европа. Државите кои се образуваа после распаднуењето на Римската империја беа малутрајни зошто немаа иста економска основа. Европа беше распарчена на многу оделни економски единици, а економската распарчаност ја влечеше со себе и политичката. При такво положение папството лесно ја налагаше својата волја на сите феудални монарси и стана господар на запад.

Византиската политика беше поеластична во тоа одношение. При распространуењето на христијанството, со кое го спроведуеше и нејното влијание Византија ги употребуеше сите средства за да успее во својата политика. Таја позволуеше да се служи литургија на сите јазици, со кое го засилуеше

[23] Текстот го пренесуваме во оригинал.

своето влијание на секаде. Со тоа таја помогна за духовното пробудуење н а народите кои примија од неја христијанство. Типичен е случајот со славјанските народи, кои благодарение на Кирил-Методиевата азбука создадоа свое духовенство своја самостална црква и самобитна култура станала во днешно време еден најголем принос во општочовешката култура.

Кирил и Методие работеле во времето кога на запад внуците на Карл Велики си ги поделиле неговите земји, кога во Унгарија бил Кнез Стефан, а меѓу него и Лудвиг Немски било потиснато великоморавското кнежевство на Растислава. Во Бугарија бил кнез Борис, во Византија император Михаил III. Најблизу до срцето на Византија биле македонските славјани, кои долго време се бореле за запазуењето на својата самостојателност. Тие се запознале со христијанството уште при првиот додир со Византија.

Кирил и Методи по порекло се македонски славјани. Татко им Лев бил генерал-губернатор на Солун, на византиска служба. Неговото семејство било културно и многодетно – Кирил бил седмото и најдаровитото дете (роден во 827 година во Солун).

Кирил се учил во прочутата императорска школа во која се учил и императорот Михаил III. После учењето Кирил станал монах и библиотекар при библиотеката на патријаршијата. Кирил бил многу културен човек и конкурирал со патријарх Фоти. Тој бил силен особено по филозофија и религиозните прашања а е бил и красноречив, пламенен оратор. Како таков извршвал со успех многу дипломатски мисии. Тој бил при Хазарите, при Арабите, при Евреите во Палестина. После тоа, во еден манастир во Мала Азија со брат му Методие започнале да се готват за големата мисија во славјанските земји. За азбуката тие одбрале 38 букви.

Методи бил постар за 7 години. По характер бил тврд, постојанен. Околу 809 година Методие одлично го застапил христијанското учење во Арабија, а после тоа двајцата браќа се настаниле во манастирот „Полјихрам“ и таму го превеле на словенски јазик светото писмо. После тоа императорот ги испратил во Кавказ меѓу казаците а по враќањето им од Кавказ тие написале книга за византиската култура. Ама најплодната работа тие ја извршиле во М оравија и Панонија. Тие ја примијле поканата на моравскиот кнез Растислав, кој го основа Моравското кнежество и се борил храбро против Лудвиг немски за запазуењето

на политичката независност на својата држава. Во неговата борба му помагал и кнез Борис. Тој исто склучил военен и политички сојуз со Византија. После политичката независимост тој почнал да мисли на црквена независност. Моравските славјани до тогај биле духовно во зависност на Салцбургскиот епископ – Немец. Растислав решил да оснуе нова црковна архиепископија на народносно начало. Ползуејки се од несогласието мегју синовите на Лудвиг немски, тој го обезсилил кралот, ама било нужно да се обезсили и латино-немското духовенство, најревносниот и опасен проводник на немската асимилаторска политика. За тоа тој се обрнал кон византискиот император да му испрати уште лугје да го подготват славјанското духовенство нужно за самосталната моравска црква. Изборот паднал на Кирил и Методие. Во крајот на 863 година тие заминале за моравската престолница Велеград, каде биле посретнати со голема радост. Цели четири години тие работиле таму распространјуеле славјански книги и ракополагале духовници. Тогај немското духовенство гледајки ја опасноста која им прети од дејноста на бракјата Кирил и Методие ги обвинило во лажни ученја како еретици, зошто се служеле со „варварскиот“ славјански јазик. Им го оспоравале правото да го уредуат духовниот живот зошто биле јпод ведомството на Рим, а не на патријаршијата. Требело едниот да биде епископ за да создаде здрава моравска црква зошто без тоа не било возможно да осветуе цркви и да ракополага. Тие посакале заштита од Цариград каде во тоа време станала промена – на престолот дошол Василиј I Македонец. Новите управници воделе компромисна политика и го побарале благоволението на Папа Николај I, и поради тоа Кирил и Методие требело да одат во Рим за да бидат ракоположени за епископи. Тие во Рим стигнале 868 година и таму биле добро пречекани од Папа Адриан I I. Тука после долго болуење умрел Кирил на 14 февруари 869 година, а Методи продолжил да работи на создавањето на самостална моравска црква. За него се застапил и панонскиот кнез Коцелј. Папата се плашел ако не го ракоположи Методие за епископ оти и Панонија би могла, како порано Бугарија, да се сврти кон Цариград и за тоа го ракоположил Методие за епископ и разрешил да се служи литургија на славјански јазик. „Папството дејствувало така како што му диктували неговите црковно-политички интереси и поради тоа биле сите тие противоречиви распоредби со кои се позволјавала славјанската служба, а пак

му се забранјавала и се предавала на анатема“. Салцбургскиот архиепископ го затворил Методие во затвор и тој во затвор бил две и пол години. Папапта во тоа време си молчел, дури Панонија на Коцелј почнала да се совзема. Наскоро Коцелјовата држава била разгромена од Каролман внукот на Карл Велики. Методие одново заминал при Светоплук во Моравија. Таму со големи маки работел 11 годиниј. Управата на Светоплук била благосклона кон Немците, зошто тие го помогнале да дојде на власт, после предателството кое тој го извршил кон Растислав. Славјанската партија дејствувала енергично но го немала веке понапрешното влијание пред кнезот. Тоа го исползувало немското духовенство и се дигнало против Методие, кое го принудило Светоплук да се обрне кон Папата тој за да го разреши спорот мегју двете духовенства – славјанското и немското. Папапта Инокентие VIII го повикал Методие во Рим и го оптужил оти го заблуждават моравскиот народ и оти се служел со забранениот „варварски“ славјански јазик. Положението на Методие станало тешко. Тешко обвинен, тој требело да оди во Рим за да биде суден. Но Папата бидејки во голема опасност од Сарацените јпротив кои воена помокј му давал византискиот император не само да не го казнил Методие ами му одобрил целата негова работа. Папата исто се плашел оти ако го забрани славјанскиот јазик ке ги загуби сите славјански земји. Но и покрај разрешението од Папапта Методи пак немал мир во Моравија. Неговиот најголем враг бил немскиот архиепископ Вихинг кој започнал наново да го гони. Во таја борба која се водела најенергично од 801 година Папата со ништо не му помагал на Методие, а исто и Светоплук не го подржавал. При тоа положение Методие тргнуе за Цариград да бара совети и напатствиа. Во Цариград императорот и патријархот го пречекале убаво. Но како во тоа време одношенијата мегју Цариград и Рим се биле влошили поради Бугарија, не можеле да му помогнат ништо. Методие се вратил во Моравија кога војната мегју Немците и Моравците престанала и бил склјучен мир. Светоплук се ослободил од немското влијание и почнал да работи самостојателно. Тој му објекјал подкрепа и на Методие. Ама Методие веке изморен од долгата и тешка работа во 885 година на 6 април умрел во Велеград после 22 години упорита работа, кажуејки ги знамениниte зборови: „Славјаните да бидат тврди, упорити и да се борат со сите средства и возможности без колебание и страв итн.”

После неговата смрт Немците се осилиле и сите ученици на Методие биле изгонени, а некои биле продадени како робје...

Еден од нив Климент се установил во село Девол, охридско и го продолжил големото славјанско дело на југ во Македонија, од каде славјанската писменост се разнесе по сите славјански земји главно во Русија. Долги години во таја голема држава се развиваше славјанската кписменост и книжнина, славјанската култура, за да се врати пак кон останалите братски славјански народи на запад и на Балканите, ама веке со нова општочовечна култура.

Долго време великото славјанско дело на Кирил и Методие беше објект на фалсифицирање од страна на официјалната бугарска и српска политика и пропаганда. За нас денеска е основното, дека македонските славјани браќата Кирил и Методие дадоја азбука не само на македонскиот славјански народ, но и на многу славјански народи.

**Д-р Павел Шатев**

*В. „Нова Македонија“, Скопје, 24 мај 1945, II, 119, стр. 1.*

С О Д Р Ж И Н А

ПРЕДГОВОР - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 5

ПРВ ДЕЛ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 11
НОВАТА ИСТОРИЈА- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 13
ДВЕ ПРАШАЊА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 22
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 24
ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ИСТОРИЈАТА- - - - - - - - - - - - 26
ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ИСТОРИЈАТА- - - - - - - - - - - - 38
МАКЕДОНСКОТО ДВИЖЕЊЕ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 47
ВЕЛИКОТО ДЕЛО НА БРАЌАТА КИРИЛ И МЕТОДИЈ- - - - - - - 54
КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ СЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ - - - - - 59
ВОЈНАТА НА ХИТЛЕР И СОРАБОТКАТА НА
СЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 63
НАЦИЈАТА И НАЦИОНАЛНАТА СВЕСТ - - - - - - - - - - - - - - - - - - 69
ПЕТГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО
ВО Ф.Н.Р.Ј. - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 74
НОВАТА ПОЛОЖБА И МЕСТОТО НА СЕЛАНИТЕ ПО
ВОЈНАТА КАЈ НАС И НА БАЛКАНОТ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 79
ПОЧЕТОКОТ НА ГЕРМАНСКОТО ОСВОЈУВАЊЕ
НА ЗАПАДНИТЕ СЛОВЕНИ- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 94
ЈУГОСЛАВИЈА – ЗЕМЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВОЕНИ ТРАДИЦИИ 135
ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОМЕНИ- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 141
ЛЕНИНИЗАМ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 148
МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРИРОДНИ БОГАТСТВА - - - - 156

ВТОР ДЕЛ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 179
ПО ОБЕДИНУВАЊЕТО - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 181
СОЛУНСКИОТ АТЕНТАТ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 185
ОД ОДИСЕЈАТА НА НАШИТЕ ЗАТОЧЕНИЦИ - - - - - - - - - - - - 192
МАКЕДОНСКО ДЕЛО - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 194
МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО
ДВИЖЕЊЕ- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 198
ХРИСТО БОТЕВ КАКО ПОЕТ И РЕВОЛУЦИОНЕР - - - - - - - - - 203
НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО СССР - - - - - - - - - - - - - - - - - - 211
ИСТАПИТЕ НА СРПСКИОТ И БУГАРСКИОТ ВРХОВИЗАМ - 216
Д-Р ЕДВАРД БЕНЕШ И МАКЕДОНЦИТЕ - - - - - - - - - - - - - - - - - 218

КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО I---------------------- 221
ЕДНО ДОБРО НАЧЕЛО-------------------------------- 225
ЗАЕМОТ ЗА БЕГАЛЦИТЕ ------------------------------ 226
ЧЕТНИЧКИОТ КОШМАР -------------------------------- 229
КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО II---------------------- 232
ОДГОВОРОТ НА КОЛЕКТИВНАТА НОТА ---------------- 237
КОН НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО III -------------------- 239
КОНГРЕСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ БРАТСТВА ВО БУГАРИЈА 244
ОД ДРЖАВИТЕ ПОРОБИТЕЛКИ НА МАКЕДОНИЈА -------- 250
СОЛУНСКИОТ ЗАГОВОР-------------------------------- 256
ИТАЛИЈАНСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КОНФЛИКТ И
МАКЕДОНИЈА ---------------------------------------- 262
СЛАВЧО КОВАЧЕВ ----------------------------------- 266
ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И
СОВЕТСКА РУСИЈА ---------------------------------- 268
КРИЗИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И МАКЕДОНИЈА ------------ 271
МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И
ЗАЕДНИЧКИОТ БАЛКАНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ФРОНТ 276
БЕЗУМЕНИ... --------------------------------------- 281
СОЛУНСКИОТ ЗАГОВОР-------------------------------- 287
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ -------------------------------------- 291
ГЕОРГИ ПЕТ. БОГДАНОВ------------------------------ 295
ОДЗИВИ ЗА „МАК[ЕДОНСКИ] ВЕСТИ“ НА СТАРИ
МАКЕДОНСКИ ДЕЈЦИ --------------------------------- 297
ОДГОВОР НА АНКЕТАТА ПАВЕЛ ШАТЕВ ---------------- 298
ИЛИНДЕН – 1903 ГОДИНА ---------------------------- 301
МАКЕДОНСКА ДРЖАВА, НАЦИА И КУЛТУРА ----------- 304
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (1872-1903)-------- 306
СЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ КИРИЛ И МЕТОДИ ------ 309

**Павел Шатев**
**ЗАПИСИ ЗА НАЦИЈАТА И ДРЖАВАТА**
**Том 5**

---

*Издавачи*
**Државен архив на Република Македонија**
**Македоника литера**

*За издавачите*
**Д-р Зоран Тодоровски**
**Ленче Тосева**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Избор и превод*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**Д-р Зоран Тодоровски**

*Лектура*
**Александра Тимковска**

*Обликување на корица*
**Кочо Фиданоски**

*Компјутерска обработка за печат*
**Снежана Бошковска**

*Печат*
**Европа 92**
Кочани, 2013

*Тираж*
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

325.83-05Шатев,П.(081)
94(497.7)"1893/1951"

ШАТЕВ, Павел
Записи за нацијата и државата. Т. 5 / Павел Шатев ; избор и превод Предраг Димитровски ; предговор и редакција Зоран Тодоровски. - Скопје : Македоника литера : Државен архив на Република Македонија, 2013. - 318 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4614-38-8 (Македоника литера)
ISBN 978-9989-622-91-5 (ДАМ)

а) Шатев, Павел (1882-1952) - Зборници б) Македонија - Историја - 1893-1951

COBISS.MK-ID 94967306